# БУГАРСКАТА КУЛТУРНО-ПРОСВЕТНА ПОЛИТИКА ВО ~~МАКЕДОНИЈА~~ СКОПСКАТА И БИТОЛСКАТА ОКУПАЦИОНА ОБЛАСТ ВО ВРЕМЕ НА ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА

Докторска дисертација

РАСТИСЛАВ ЉУБОМИРОВ ТЕРЗИОСКИ

# С О Д Р Ж И Н А


П Р Е Д Г О В О Р . . . . . . . . . . . . . . . . I стр.

У В О Д . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 1 "

ГЛАВА ПРВА

ВОВЕДУВАЊЕ НА БУГАРСКИОТ ШКОЛСКИ СИСТЕМ ВО МАКЕДОНИЈА

- Организирање на наставата во првите месеци по окупацијата во Македонија . . . . . . . 12 "
- Отворање на разни видови училишта во учебната 1941/1942 година . . . . . . . . . . . 22 "
- Вечерни и стручни курсеви и народни универзитети . . . . . . . . . . . . . . . . . . 37 "
- Запишување на редовни ученици во учебната 1941/1942 година . . . . . . . . . . . . . 47 "
- Учителскиот кадар . . . . . . . . . . . . 54 "
- Посебни привилегии за командируваните учители . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 61 "

ГЛАВА ВТОРА

ИДЕЈНАТА СТРАНА НА БУГАРСКИТЕ УЧИЛИШТА ВО МАКЕДОНИЈА И УЧИЛИШНАТА ПРОГРАМА

- Цели и задачи на бугарскиот просветен апарат 66 "
- Училиштето и учителот во служба на фашизмот 76 "
- Наставните програми и наставата во бугарските училишта во Македонија . . . . . . . . . 86 "
- Наставата по предметите од национално-воспитен карактер . . . . . . . . . . . . . . 92 "
- Отворање на бугарскиот универзитет во Скопје . . . . . . . . . . . . . . . . . 109 "
-

## ГЛАВА ТРЕТА

### ФОРМИ, МЕТОДИ И СРЕДСТВА ЗА БУГАРСКО НАЦИОНАЛНО ВОСПИТУВАЊЕ НА ШКОЛСКАТА МЛАДИНА

- Форми и методи за бугарско национално воспитување надвор од наставата . . . . . . 119 стр.
- Создавање на тесни врски меѓу училишната младина во Бугарија и Македонија како средство за национално воспитување . . . . 131 "
- Дисциплината како средство за национално воспитување . . . . . . . . . . . . . . . . . . 142 "
- Училишни институции за контрола врз учениците надвор од училиштето . . . . . . . . . . 148 "
- Училишната дисциплина и комунизмот во бугарските училишта во Македонија . . . . . . . 154 "

## ГЛАВА ЧЕТВРТА

### ДЕЈНОСТА НА "БРАНИК" И ДРУГИТЕ ФАШИСТИЧКИ И ПРОФАШИСТИЧКИ ОРГАНИЗАЦИИ ВО БУГАРСКИТЕ УЧИЛИШТА ВО МАКЕДОНИЈА

- Создавање, идеологијата и структурата на "Бранник" . . . . . . . . . . . . . . . . . . 161 "
- Дејноста на "Бранник" во бугарските училишта во Македонија . . . . . . . . . . . . . . 167 "
- Организацијата "Бранник" во борба против антифашистичката младина во Македонија . . 180 "
- Дејноста на други младински профашистички организации во бугарските училишта . . . . 188 "
- Дејноста на други организации во бугарските училишта . . . . . . . . . . . . . . . . . 202 "

## ГЛАВА ПЕТТА

## КУЛТУРНО-ПРОПАГАНДНА АКТИВНОСТ НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА НАЦИОНАЛНА ПРОПАГАНДА ВО ОКУПИРАНА МАКЕДОНИЈА

- Организација и задачи на Дирекцијата за национална пропаганда во Македонија . . . . . 209 стр.
- Печатот во служба на бугарската национална пропаганда . . . . . . . . . . . . . . . . . 216 "
- Културно-просветни установи во служба на големобугаризмот и фашизмот . . . . . . . . . 233 "
- Бугарската пропагандна активност преку радиото, театрите и кинематографијата . . . . . 249 "
- Професионални организации во служба на Националната организација . . . . . . . . . . 262 "
- Културно-пропагандната дејност на Бугарската православна црква . . . . . . . . . . . . 271 "

## ГЛАВА ШЕСТА

## НЕУСПЕХ НА БУГАРСКАТА КУЛТУРНО-ПРОСВЕТНАТА ПРОПАГАНДА ВО МАКЕДОНИЈА

- Првите манифестации на отпор против бугарската културно-просветната пропаганда . . . . . . 279 "
- Ширењето на отпорот на македонскиот народ против бугарската културно-просветна пропаганда . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 293 "
- Распаѓање на бугарската просветна мрежа во селата поради вооружениот отпор на македонскиот народ . . . . . . . . . . . . . . . . . 304 "
- Мерки против напредните учители и ангажирање на сите службеници во служба на полицијата . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 317 "
- Санкции против напредната училишна младина во Македонија во 1943/1944 година . . . . . 329 "

З А К Л У Ч О К . . . . . . . . . . . . . . . . 342 стр.

Ф У С Н О Т И

Б - Белешки кон уводот . . . . . . . . . . . . 347 "
- Белешки кон глава Прва . . . . . . . . . . 349 "
- Белешки кон глава Втора . . . . . . . . . 363 "
- Белешки кон глава Трета . . . . . . . . . 375 "
- Белешки кон глава Четврта . . . . . . . . 382 "
- Белешки кон глава Петта . . . . . . . . . 395 "
- Белешки кон глава Шеста . . . . . . . . . 411 "

ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА

И З В О Р И
- Необјавени архивски материјали . . . . . 422 "
- Мемоарски материјали . . . . . . . . . . 424 "
- Објавена архивска документација . . . . . 424 "

Л И Т Е Р А Т У Р А

- Книги . . . . . . . . . . . . . . . . . 425 "
- Списанија и зборници . . . . . . . . . . 427 "
- Весници . . . . . . . . . . . . . . . . 433 "

# П Р Е Д Г О В О Р

Во трудот "Бугарската културно-просветна политика во Скопската и Битолската окупациона област во времето на Втората светска војна" направен е обид да се прикаже во општи црти воспоставувањето на бугарскиот културно-просветен апарат и неговата дејност во Македонија во односниов период.

Ограничувањето само врз територијата на Скопската и Битолската окупациона област се наложи по објективни причини. Пред се бугарската окупација не ги опфатила сите области на Македонија. Од друга страна од окупираниот дел бугарската власт издвоила административно три околии од Скопската област и ги приклучила кон Горноџумајската област, така што поголемиот дел од архивскиот материјал што се однесува на тие околии не е достапен за истражување. Треба да се истакне, дека во темата не е опфатена дури ни целата тогашна Скопска област, бидејќи бугарската власт вклучила кон неа и околии од окупираната српска територија, кои не се предмет на овој труд.

При компонирањето на овој труд користени се многубројни материјали, сочувани во бројните архиви на територијата на СРМ, потоа објавена архивска документација, печатот на Народноослободителното движење и бугарскиот окупаторски печат, разни зборници и списанија, како и службени документи на окупаторските власти. За општа оценка на предметот драгоцени податоци ни даваат многубројните извештаи на окупаторските власти, кои недвосмислено ги покажуваат целите на окупаторската културно-просветната политика во Македонија. За најразлични ситни податоци ползувани се и многубројни-

ни мемоарски извори, кои некогашните учесници на настаните ги изјавувале или пишувале. Поголем дел од тие извори се уште во ракопис, додека извесен дел се печатени.

Меѓу изворите од времето на окупацијата важно место по обем и значење се документите на окупаторските културно-просветни институти, организации, друштва, клубови и сл. Меѓутоа, бидејќи во нашите архиви такви документи не преставуваат целина, тие делумно се надополнуваат од дневниот весник "Целокупна Б'лгарија", официалниот орган на бугарската Дирекција за национална пропаганда во Македонија.

Треба да се нагласи дека научната литература по проблемот што е третиран во овој труд е многу оскудна. За сега не е подобра положбата и со централната архивска документација на Министерството за народна просвета и Министерството за внатрешни работи на Бугарија. Таа документација се наоѓа во Централниот државен историски архив во Софија и немав можност да ја консултирам.

При давање синтеза на бугарската културно-просветна политика во времето на окупацијата на Македонија настојував распределбата на материјата да ја извршам така за да можат да се согледаат акциите попрегледно, а во врска со нив и целите кои окупаторската власт сакала да ги постигне. Секако натамошното истражување ќе донесе повеќе материјал, можеби и нови поконкретни докази за целите на бугарската културно-просветната политика во Македонија. Затоа сметам дека усилбите на натамошното иследување треба да бидат насочени кон согледувањето на целосната архив-

ска документација и со тоа да се осветлат сите недоизјаснети прашања.

Треба да се нагласи и тоа дека поради тесните рамки на темата, не сум навлегувал во други области на окупацијата, ниту сум се задржувал врз отпорот на македонскиот народ, а во прв ред на македонската младина против бугарската културно-просветната политика. Тоа претставува интересен проблем за посебно истражување. Доколку е посветен извесен простор на таков отпор, тоа е правено само за објаснување на некои конкретни акции на бугарскиот културно-просветен апарат.

За да ја олеснам работата при прегледувањето на работата, како прилог е даден список на необјавената и објавената архивска граѓа, како и список на ползуваната литература. Од практични причини при куцањето на соответните белешки во текстот извршена е и транскрипција на бугарските извори од стариот на новиот бугарски правопис.

# У В О Д

Бугарската културно-просветна пропаганда во Скопската и Битолската окупациона област во времето на Втората светска војна, која е предмет на оваа работа, претставува всушност продолжување на дел од една долгогодишна бугарска асимилаторска политика кон Македонија, којашто во поволните услови на окупација на Македонија од Бугарија доби полн замав.

Ќе истакнеме само неколку позначајни моменти од историјатот на бугарската пропаганда во Македонија во минатото, за да може полесно да се сфати бугарската окупација во 1941-1944 година, која фашистичките владеачки кругови на Бугарија ја објавија своевремено како ослободување на Македонија и остварување на "санстефанските идеали".

Бугарската пропаганда во Македонија и нејзиниот стремеж да ги прикаже Македонците пред светот како Бугари, а Македонија како интегрален дел на Бугарија, датира уште од средината на XIX век и се базира врз некакви "историски" права, односно врз владеењето на Македонија од страна на бугарската феудална држава во времето на Првото и Второто бугарско царство. Потоа, врз искажувањата на некои странски извори, кои македонските Словени ги разликуваат од Грците и другите несловенски народи и ги наречуваат Бугари. И на крајот, врз искажувањата на некои Македонци, кои со желба Македонците да се ослободат од грчкото влијание и немајќи државно-правна традиција под македонско име, се наречувале Бугари, како и оние, коишто биле опфатени од грчкото влијание и продолжиле да се наречуваат Грци.

Објективниот фактор што спомогна во минатото да се дојде до забуна во имињата за Македонците е секако задоцнувањето на процесот на создавањето и развитокот на македонската нација, задоцнувањето на националниот развиток на македонскиот народ[1/]. Особено важен фактор што го успорил процесот во создавањето нација на територијата на Македонија бил сосем бавниот капиталистички развиток во неа. Процесот на националниот развиток на македонскиот народ особено бил отежнат од ривалството меѓу балканските држави околу осигурувањето на своето политичко влијание во Македонија и нивната национална пенетрација, што би овозможила да се исполнат нивните стремежи за полесно завладување во Македонија.

Засилувањето на бугарската пропаганда, а во врска со неа и распространувањето на бугарското име во Македонија, особено се засилува по основањето на бугарската Егзархија и по присоединувањето на еден дел македонски епархии кон неа[2/]. Бугарската национална пропаганда со тоа добива еден силен инструмент, кој преку црквата и школството настојувал да развие кај Македонците бугарско национално чувство под јурисдикција на Егзархијата. Низ цела Македонија биле основани низа егзархиски училишта кои припомогнале многу за ширењето на бугарскиот јазик и за проникнувањето на бугарското име. Од повисоките егзархиски училишта, како и од училиштата во сама Бугарија, во кои биле испраќани македонски деца, се исшколувала интелигенција од која еден доста голем дел била главен спроводник на бугарското влијание и главен поддржаник на бугарската национална кауза[3/].

За проникнувањето на бугарското име во Македонија и засилувањето на бугарската национална пропаганда настапил

поволен момент по ослободувањето и создавањето на Бугарското кнежество во 1878 година. Вистина руската замисла за создавање на Санстефанска Бугарија не успеала поради отпорот на другите големи сили, меѓутоа, идејата за неа упорно била подгрејувана не само кај бугарскиот, туку и кај македонскиот народ. Во тоа исто време создаденото македонско националноослободително движење, израснало врз базата на незадоволството на селаните од неиздржливите аграрни односи и на незадоволството на градското население од имотно-правната несигурност, почуствувало големо влијание на оваа големобугарска шовинистичка национална пропаганда. Во неговата средина се сформило и врховистичкото крило, кое му нанесло тешки удари на делото на национално ослободување на македонскиот народ.

Бугарското влијание во Македонија било спроведено од Софија, чии конци ги држел самиот кнез Фердинанд. Низ цела Бугарија се создале, главно, од редовите на македонската емиграција и од најфанатизираните националисти Бугари таканаречените "македонски братства" и "македонски комитети", што си поставиле за задача пропагандно да дејствуваат меѓу Македонците и во самата бугарска држава да ја подржуваат непрекинато политичката акција за "ослободување" и присоединување на Македонија кон Бугарија. За "национален идеал" била поставена краткотрајната визија на Санстефанска Бугарија[4].

Црквата била силен инструмент за проникнувањето на бугарското влијание во Македонија. Исполнувајќи ја специјалната одредба од султанскиот ферман за формирањето на бугарската Егзархија од 1870 година, бугарските дипломатски кругови и трговски агенти заедно со бугарските професори и учители собирале потписи од македонското население за барање

на бугарски владици во македонските епархии. Така дошле седум души бугарски владици во Македонија и со особено заложување го ширеле бугарското име и влијание меѓу македонскиот народ.

Бугарската окупација на Македонија во текот на балканските војни и особено во текот на Првата светска војна биле искористени со железо и со огин да се постигне се она што порано било пропуштено да се направи од бугарската национална пропаганда во Македонија. Меѓутоа, со решенијата на мировните договори по Првата светска војна вардарскиот дел на Македонија влегува во Југославија, пиринскиот дел останува под Бугарија, а Егејскиот потпаѓа под Грција, прекинато е и бугарското влијание во поголем дел од Македонија, освен во прнинскиот дел, каде што Бугарија се напнува да изврши полна асимилација на македонското население.

Големосрпската буржоазија во вардарскиот дел на Македонија своите империјалистички апетити во однос на Македонија ги задоволувала на највулгарен начин, воведувајки инквизиторски методи во својата денационализаторска политика и колонијални методи во експлоатацијата на македонскиот народ и македонските природни богатства. Македонија преку нок била прогласена за "Јужна Србија" и во неа буржоаските кругови управувале со специјални уредби и наредби[5/].

Против големосрпската денационализаторска и експлоататорска политика во Македонија се јавувал се поголем отпор на македонскиот народ. Од друга страна, Комунистичката партија на Југославија водела борба меѓу двете светски војни за признавање на македонска националност, водејки едновремено борба и за правилно марксистичко решавање на националното

прашање во Југославија. Поради тоа најсвесните Македонци се вклучувале во редовите на Партијата и се бореле за урнување на капитализмот, а воедно и национално ослободување на својот народ.

Бугарската буржоазија настојувала по секоја цена да го искористува отпорот на македонскиот народ во вардарскиот крај кон големосрпската буржоазија за својата национална афирмација и рамноправност и се стремела пред светот да го прикаже како отпор во полза на Бугарија. За тоа придонесувала и самата буржоазија на стара Југославија, која отпорот на македонскиот народ често го квалификувала како бугарофилство. Бугарската буржоазија од идејата за Санстефанска Бугарија не се откажала за целиот период меѓу двете светски војни, макар што Бугарија и Југославија заклучиле дури и спораѕуми за "вечно пријателство".

Своите претензии кон Македонија, што не можела да ги реализира со свои сили, Бугарија успеала да ги реализира во време на Втората светска војна, со помош на фашистичка Германија. Влошувањето на односите меѓу Хитлерова Германија и кралството Југославија поради настаните од 27 март 1941 година, кога југословенските народи го раскинаа спораѕумот за приклучување на Југославија кон Тројниот пакт, искористувано е од бугарските владеачки кругови за оживување на идејата за создавање на "Сан-Стефанска Бугарија" со помошта на Германија. Бугарската буржоазија била уверена дека во новосоздадената ситуација во односите меѓу Германија и Југославија и разгромувањето на последната, Македонија може да биде заграбена од Бугарија. Овие претензии на бугарската буржоазија биле дотолку поостварливи, бидејки биле

поттикнати од самиот Хитлер на советувањето на 27 март 1941 година, кога навестил дека германските сојузници можат да добијат извесни територии од Југославија, посебно истакнувајки дека Бугарија може да ја добие Македонија. Ова свое решение Хитлер му го соопштил и на бугарскиот полномоштен министер во Берлин Драганов[6]. Бугарската буржоазија полакомена да ја приграби Македонија и Добруџа, која била под Романија, без многу размислување ги пуштила германските воени единици во Бугарија и им послужила како база за напад на Југославија и Грција, а подоцна и на Советскиот Сојуз[7]. Покрај тоа, бугарската влада го прифатила барањетона на Хитлера да преземе под воена и административна окупација и еден дел од териториите на Југославија.

По распаѓањето на југословенската војска Југославија била окупирана од германските, италијанските и унгарските воjни единици. Територијата на Македонија била окупирана од Германците и Италијаните. Врз основа на поранешниот договор германскиот Рајх уште на третиот ден од војната, на 8 април 1941 година, ја повикал Бугарија да го окупира поголемиот дел од Македонија и Јужна Србија и со тоа да се ослободат германски воени единици за натамошни војни дејствија. Бугарската влада го прифатила ова барање и веќе во втората половина на април 1941 година, иако не била во војна со Југославија, ја упатила во Македонија, Јужна Србија и Косово својата Петта армија, додека во Тракија испратила друг окупационен корпус[8].

Бугарските војски ја окупирале готово цела Вардарска Македонија, со исклучок на западниот дел кој бил окупиран од италијанските војски а потоа приклучен кон Албанија. Со окупи-

раната од германските војски Грција се задржала старата југословенско-грчката граница.

Под Албанија останале околиите: Дебарска, Струшка, Кичевска, Гостиварска, Тетовска и дел од преспанските села[9/]. На тој начин бугарската фашистичка влада се здобила со најголемиот дел од дораспарчената Македонија и "без да води сметка дека населението не се чувствува ниту сантиметар за бугарско, дека македонскиот народ водел долга и херојска борба и со тоа дебело потцртал дека сака да живее самостоен политички и национален живот"[10/], актот на окупацијата го празнува како големо тржество на долго очекуваното обединување на поробените браќа, како празник на божем остварените национални идеали на македонскиот народ, објавувајќи го бугарскиот цар Борис за цар ослободител.

Во првата фаза од окупацијата на Македонија дошло до извесни појави што претставувале радикални промени во државно-правната положба на Македонија. Заедно со германските војски од Бугарија во Скопје пристигнала една група бивши македонски емигранти, кои веднаш пристапиле кон организирање на наречениот Централен акционен бугарски комитет. Во овој комитет влегле и некои претставници од домашната буржоазија. Во својот весник "Македонија" овој Комитет се обрнал до населението во Македонија со проглас, во кој ја објаснувал "ослободителната мисија" на германскиот Рајх и навестувал перспективи во поглед на ослободувањето на Македонија од големо-српската хегемонија.

Првите прокламации што ги донесол Комитетот покажувале дека тој е сврзан со задачата да помогне полесно да се извршат промените што следеле по интервенција на бугарската фашистичка влада. На иницијатива на овој Комитет

во Скопје биле формирани слични комитети и во другите градови на Македонија. Со создавањето на мрежа од вакви комитети се целело, покрај другото, пред германските команди да презентираат докази за историското право на Бугарија кон териториите на Македонија[11].

Веднаш по бугарската фашистичка окупациона армија од Бугарија во Македонија пристигнал посебно подготвен комплетен полициски апарат. Тој организирал две обласни полициски управи /Битола и Скопје /, потоа три градски полициски команди /Скопје, Битола и Прилеп /, 21 околиски полициски управи, со вкупно околу 2.750 полицајци, а во одделни акции овој број бил зголемуван со доведување на други полицајци од Бугарија.

Преземањето власта на територијата на Македонија од страна на административно-полициските органи на власта одело брзо. Веднаш по доаѓањето на полициските органи уследило именувањето на највисоки функционери во организираните обласни дирекции, кои претставувале највисока управно-извршна власт во државниот систем на власта во Бугарија.

Во територијален поглед Македонија најнапред била разделена на две области: Скопска и Битолска. Подоцна, на ново-основаната Горноџумајска област биле придодадени три околии од Скопската област. Областите во административен поглед биле разделени на околии и општини.

Откако била воведена административно-полициска власт во Македонија, започнало потполното воведување и организирање и на други институции: граѓански судови /околиски, обласни и апелациони /, финансиски органи, централно ко-

месарство за снабдување, обласна "сметна" палата, инспекциски служби и др. Особено во овој политички систем на окупационата власт значајна улога и била дадена на институцијата кметство, разделено на повеќе кметски намесништва. Преку оваа институција бугарската фашистичка влада сакала да создаде цврста потпора за спроведувањето и одржувањето на окупацијата.

Карактерот на политичкиот систем на окупацијата можел да се согледа и од фактот што раководниот кадар и најголемиот дел на службениците бугарската фашистичка влада го регрутирала од Бугарија. Ваквата своја политика таа ја објаснувала на различни начини, но еден од основните аргументи бил, што на домородците не можеле да им се доверат одредените служби, наводно поради непознавањето на државното устројство на Бугарија.

Со преземањето суверенитетот над Македонија, бугарската фашистичка влада целокупното бугарско законодавство и правниот систем на Бугарија го проширила и на окупираното подрачје. Меѓутоа, окупаторскиот систем на бугарските власти во Македонија во извесна степен бил ограничен поради мешањето на германскиот Рајх, кој задржал војни командатури. Имено, некои германски институции, што постоеле во окупираниот дел на Македонија, биле во привилегирана положба, а со ова дефакто се намалувале и делумните ограничувања на суверените права на Бугарија. Така, на пример, Германија имала неограничени права за експлоатација на рудниците и другите богатства на Македонија. Нивното комесарство за руди и комесарството за тутун ги имале сите права на "повластена нација", а со посебни законодавни акти Германија била

ослободена од сите давачки, царини и други такси за извоз на рудното богатство и други производи од Македонија[12/].

Меѓутоа, воспоставувањето на административно-политичкиот апарат во Македонија и проширувањето на сите државноправни институции не биле доволни да обезбедат остварување на целите на бугарската буржоазија за потполно инкорпорирање на окупираното подрачје со Бугарија. Бугарската фашистичка влада настојувала со сите сили да го прикаже окупирањето на Македонија како природно проширување на Бугарија врз територија која етнографски и припаѓа, а окупацијата на Македонија како преземање на свои национални територии. Затоа во таа смисла бугарската влада правела големи напори и преземала смислени и далекосежни мерки. Таа создала силен пропаганден апарат во Македонија со задача да го преземе на себе остварувањето на политиката за заземање на туѓи територии, кои ќе бидат прикажани не како окупација, туку да има карактер на "ослободителната мисија на Бугарија". Затоа во прво време национална бугарска пропаганда во Македонија добила централно место, а напоредо со неа бил донесен еднострансен акт на бугарската влада за промена на националноста. Донесувањето на овој едностран акт требало да ја оправда и образложи пред јавноста /"образложено" да ја оправда / бугарската окупација.

Идеолошката агресија бугарската влада ја спроведувала со помош на разновидни културни, просветни и други институции , каде пропагандата за наводната бугарска национална припадност на македонскиот народ претставувала основа за целокупната агресивна политика на бугарската буржоазија и нејзината влада кон окупираниот дел на Македонија. Ова

претставувало силен притисок, на кој особено била изложена македонската младина. Целокупниот школски систем на бугарските окупаторски власти во Македонија претставувал пропаганда акција на фашистичка Бугарија. Всушност, школскиот систем на бугарските окупаторски власти во Македонија претставувал рафиниран дел од пропагандата и агресија на фашистичка Бугарија за спроведувањето на окупаторскиот систем во Македонија[13/].

Како испробан денационализаторски инструмент на бугарската држава од минатото, копирајки ги модерните фашистички средства и методи за пропаганда, обезбедувајки се со огромни материјални и кадровски средства ефикасно потпрепувани од сите фактори на државната власт, културно-просветниот систем, од свој аспект "научно" и затоа најубедливо требало да ги докаже историските права над Македонија. Со тоа да даде "правна" тежина и обезбеди трајна вредност на правото за присоединување на Македонија кон "мајката родина", што нестабилно и сомнително и го обезбедуваше единствено нејзината определеност кон тројниот пакт на база самодонесениот "правен" инструмент за воведување нов ред во Европа спротивен на меѓународното право во кое бугарските власти иако со голема верба во победата на своите сојузници не без причина за цело време на окупацијата несомнено се сомневаа.

# ГЛАВА ПРВА

## ВОВЕДУВАЊЕ НА БУГАРСКИОТ ШКОЛСКИ СИСТЕМ ВО МАКЕДОНИЈА

### 1. - Организирање на наставата во првите месеци по окупацијата во Македонија

Познавајќи ги културно-просветните прилики во Македонија во периодот меѓу двете светски војни, кога големосрпската буржоазија водела политика на културно-просветното запоставување на македонскиот народ, со цел да ја спроведе полесно денационализаторската политика во Македонија, бугарската буржоазија избрала други патишта за спроведување на својата политика во окупирана Македонија. Бугарската влада развила уште во првите месеци на окупацијата широка пропаганда против бившата големорпската просветна политика во Македонија. Пред народот истапувала така како да сака да го надомести сѐ она што било загубено на културно-просветниот план, при кое не пропуштала преку својата пропагандна машина да го истакне бугарскиот карактер на Македонија.

Уште со стационирањето на своите војски во Македонија бугарскиот државен апарат развил широка активност на "културно-просветното" поле. Бугарската фашистичка влада уште во првите денови на окупацијата му определила на своето Министерство за просвета посебна задача за дејствување во Македонија. Тоа веднаш пристапило кон проочувањето на положбата за организирање на пропаганден културно-просветен апарат. Во Македонија биле испратени посебни комисии и

личности кои имале задача да направат точен увид на бившите српски училишта, бројот на учениците, училишните имоти, како и да определат приближно колку учители се нужни за испракање во Македонија од Бугарија.

Врз основа на поднесените извештаи од теренот од страна на Министерството за просвета бил набележан и разработен планот за школството и културната пропаганда во Македонија. По прашањето за школството од страна на Министерството биле поставени следниве задачи: а/ администрирање со училиштата; б/ регулирање положбата на учителите; в/ регулирање положбата на учениците; г/ подигнување на народносниот дух кај младината во Македонија и создавање на тесни врски меѓу учениците од Македонија и тие од Бугарија; д/ отпуштање на извесен број стипендии за ученици и студенти од "бугарско" потекло; е/ отварање на читалишта и испракање на учители од Бугарија; ж/ ремонт на постојните и изградба на нови училишни згради и набавка на училиштен инвентар за учителите[1/].

Меѓутоа, додека бугарското Министерство за просвета вршело испитување за наредните задачи во Македонија, за да не се губи во време, се пристапило кон организирање на провизорна настава во постојните училишта за учениците поради војната не ја завршиле до крај учебната година. Провизорните курсеви започнале уште веднаш по окупацијата, односно по втората половина на мај 1941 година, во повеќе градови во Македонија[2/]. Програмата предвидувала изучување на бугарскиот јазик и бугарската национална историја за сите ученици, како подготовка за започнување на редовната учебна 1941 година[3/].

Со оглед на тоа дека уште не било регулирано прашањето за редовни учители, за потребите на провизорните курсови биле исползувани поедини специјално за таа цел определени учители од Софија[4], како и поголем број интелектуалци кои се наоѓале во составот на окупационите војски во Македонија што за таа цел биле ослободени од редовните војни задолженија. Тие биле задолжени да приберат што повеќе ученици од сите основни училишта, прогимназии и гимназии[5]. За да им се даде поголема тежина и публицитет на курсовите , по нивното свршување во почетокот на јули 1941 година во сите школи каде што се одржувале биле организирани свечени прослави во присуство на поканетото граѓанство и највисоките административни, војни и полициски власти[6].

Пред бугарското Министерство за просвета искрснувале ред проблеми во школството, кои требало да бидат разрешени пред почнувањето на новата учебна 1941/42 година. Особено итно требало да се реши прашањето за признавање на незавршените поради војната класови во српските училишта.

Сите ученици, кои бугарската власт ги маркирала дека се од бугарско потекло и коишто биле затечени на 6 април 1941 година како ученици во училиштата на бивша Југославија - како основни така и гимназијални - од I до VII клас преминувале во погорен клас, независно од успехот што го покажале во учебната 1940/41 година. Оние ученици што биле неоценети по некои предмети поради тоа што учителите биле мобилизирани преминувале во погорен клас без тие оценки. За крајната годишна оценка се земала оценката од второто полугодие, а не средната аритметичка од двете полугодија. Доколку ученикот не бил оценет во второто полугодие, тогаш се земала оценката од првото полугодие.

Кај сите ученици маркирани како Бугари, од сите степени на училиштата на бивја Југославија, оценката од српски јазик, српска историја и српска географија не се земала под внимание и не се запишувала[7].

Доколку некои ученици не можеле да достават документи за образование поради уништувањето на југословенските архиви во време на војната, запишувањето се вршело условно[8]. Се разбира, ваквата великодушност не доаѓала поради некаква сентименталност, туку со определена цел: во бугарските училишта да се најде што поголем број ученици, кои ќе бидат воспитувани во големобугарски дух. Оваа констелација ја искористувале многу пропаднати ученици, кои прескокнувале по некој клас /каде се запишувале направо во VIII клас /, на што школските власти не реагирале. Учениците кои учеле VIII клас во учебната 1940/1941 година, доколку имале слаба оценка само од еден предмет, исклучувајќи ги оценките по српски јазик, национална историја и географија, се сметале дека го завршиле класот и биле должни да полагаат матурски испит по бугарски јазик со литература, бугарска национална историја и татковинска географија. Оние ученици кои во учебната 1940/1941 година имале слаб успех од два или три предмети полагале матурски испит освен од посочените предмети и од предметите по кои имале слаб успех. Доколку некој ученик во VIII клас покажал слаб успех од повеќе од три предмети, го повторувал класот. Инаку, успехот на матурското свидетелство се пресметувал според средната оценка од предметите: бугарски јазик со литература, бугарската национална историја, татковинска географија, еден модерен странски јазик, мате-

матика, физика и хемија.

Министерството за народна просвета на 10 јули 1941 година издало окружна наредба, со која се регулирала положбата и на учениците од бившите југословенски педагошки училишта /учителските школи /. Сите затечени ученици можеле да го продолжат своето образование како редовни ученици во погорен клас на гимназиите[10/]. Учениците од V-те класови на учителските школи, независно од тоа дали цело време биле во нив или пристапиле по свршувањето на гимназијата со матурски испит, поради тенденцијата сите да минат курсови по бугарски јазик, бугарска национална историја и географија, биле задолжени да полагаат матура /зрелостен испит / по тие предмети. По успешниот положен матурски испит добивале дипломи за основни учители[11/].

Дирекциите на трговските гимназии го регулирале и статусот на учениците затечени од Југословенските средни трговски училишта. Сите лица од "бугарско потекло" затечени на 4 април 1941 година како ученици во бившите југословенски трговски училишта преминувале во погорен клас, независно од успехот што го покажале во учебната 1940/1941 година. Оние ученици кои се затекнале во последен клас, а имале слаба оценка по еден предмет /без оглед на белешките по српско-хрватскиот јазик, национална историја и географија / се сметало дека го завршиле класот и требало да полагаат матурски испит по трите национални дисциплини. Доколку некој ученик имал повеќе од три слаби оценки, а едната од нив била од книговодство, го повторувал класот[12/].

Општо сите ученици требало да ги посетуваат курсовите што биле организирани во поголемите Македонски градови.

Меѓутоа, за матурантите курсовите биле задолжителни. Тие траеле 15 дена и потоа се полагал матурски испит. Оние матуранти што не ги посетувале курсовите не биле пуштани на матурски испит[13/]. Курсовите започнале со работа на 10 јули 1941 година и биле бесплатни[14/].

Курсовите по посочените предмети важеле и за учениците од трговските средни училишта, како и за учениците од земјоделските училишта. Меѓутоа, поради немање на земјоделски училишта во Македонија, за матурантите се предвидувал посебен пропис за полагање зрелостен испит. Нив им се советувало да подадат документи преку околискиот агроном и да посетуваат едномесечен курс по бугарски јазик во некое земјоделско училиште во Бугарија и дури тогаш ќе бидат пуштени на матурски испит[15/]. Истото им се советувало и на оние ученици од земјоделските средни училишта, кои сакале да се запишат во погорен клас[16/].

По свршувањето на курсовите за матурантите, на 23 јули 1941 година започнале матурските испити[17/]. Треба да се напомне дека сите ученици на матурски испит биле пуштени и се здобиле со матурски свитеделства. Писмените испити по бугарски јазик сами по себе зборуваат какваа тенденција се крие зад самите испити. Како теми за писмените испити биле давани: 1/ Како се разбуди бугарскиот народ"; и 2/ "Слободата опеана од нашите поети и писатели"[18/]. По завршувањето на матурските испити во сите гимназии во Македонија биле организирани специјални прослави со програми, разни матурански балови и сл., на кои присаствувале највишите претставници на бугарската воена и цивилна власт, како и

претставници на германските воени команди. На тие прослави по некој ученик /обично од бугарофилско семејство / "од името на матурантите рецитирал тиради за Бугарија и германскиот Рајх[19/]. Бугарскиот печат не пропуштил да даде поширок публицитет со илустрации и фотографии на матуранти, посебно цитирајки ги изјавите на говорниците[20/]. Од своја страна претставниците на цивилните, полициските и воените власти отпуштале за "побудните" матуранти извесни суми, со кои се купувале пропагандни книги, во кои се величала Бугарија или германскиот Рајх[21/].

Сметајки ги сите преземени мерки околу изучувањето на бугарскиот јазик за недоволни, Министерството за просвета преземало и други чекори. Тоа ангажирало во сите поголеми градови во Бугарија повеќе станови во кои сакале да сместат поголем број ученици од Македонија и Поморавје во време на летниот распуст да да се најдат меѓу учениците од Бугарија и по таков начин "полесно да го поправат својот јазик", расипан од "Србите и Грците во време на ропството". Покрај тоа, се предвидувало одделни бугарски семејства да земат преку летото на гости извесен број ученици од Македонија и Поморавје[22/].

Бугарскиот министерски совет настојувал да го зацврсти бугарскиот дух и кај матурантите кои се здобиле со матурски свидетелства. Сметајки дека посетуваните курсови пред матурскиот испит не се доволни за усвојување на бугарскиот јазик, тој решил да ги повика сите завршени матуранти во бугарската војска. Наредбата се однесувала за сите матуранти од Македонија без исклучок[23/]. За овие матуранти

што сакале да одат во војно училиште биле отпуштани специјални парични средства од бугарската воена командатура[24/].

Базирајќи се врз Законот за брзо уредување на неодложните прашања во ослободените земји, донесен во првата половина на мај 1941, и Законот за осигурување на редот во новоослободените земји, донесен во исто време, бугарската влада добила генерално овластување од страна на бугарското Народно собрание да може да донесува наредби и други одлуки со законска сила за регулирање на разни прашања од сите области на општествениот и економскиот живот на окупираните подрачја[25/]. Во таа смисла бугарското Министерство за народна просвета издало окружно упатство за регулирање на прашањето за затечените училишни имоти и згради. Во упатството од 3 јуни 1941 година стои дека сите градови и села во "новоослободените земји" имаат повеќе или помалку запазени подвижни и неподвижни училишни имоти и згради. За да се запазат тие од ограбување, им се наредува на сите кметови, кои биле по службена должност и председатели на училишните настојателства, да направат опис на сите видови училишни имоти, да ги приберат и чуваат сите училишни архиви, документи, скици и слично. Сите подвижни имоти да бидат запазени и заклучани сè додека не дојде во местото бугарска училишна власт[26/].

Еден од проблемите што требало да го реши Министерството за народна просвета бил регулирањето на статусот на затечените учители во Македонија по потекло Македонци. Со оглед на тоа што тие учители не го знаеле бугарскиот јазик,

биле предвидени таканаречените "опреснителни" курсови, кои требало да се завршат пред започнувањето на новата учебна 1941/1942 година. Уште во почетокот на мај 1941 година бил организиран "опреснителен" курс по бугарски јазик во Скопје, кој го посетувале од 95 основни учители, меѓу кои 20 бивши егзархиски учители и 43 гимназиски професори. Предавачите биле доведени од Софија, еден по бугарски јазик и иден по бугарска национална историја. Истовремено биле отворени курсови за службеници по потекло Македонци, додека слични курсеви за граѓанството се предвидувале за подоцна. Освен во Скопје и во другите македонски градови во двете училишни области - Скопје и Битолска - биле испратени учители и лектори од Бугарија, кои организирале курсови за основно запознавање со бугарскиот јазик и другите национални предмети, а на коишто учествувале затечените учители, ученици и граѓани. Такви курсови биле организирани во 15 македонски градови[27/]. За одржување на тие курсови обласните училишни инспекции побарале од Министерството и добиле голем број книги и учебници за сите одделенија и класови. Тие веднаш биле распоредени по градовите и селата на Скопската и Битолската училишна област[28/].

Изгледа дека учителските "опреснителни" курсови во Скопје и останатите градови во Македонија не го дале очекуваниот успех, поради што Министерството за народна просвета во јули 1941 година организирал нов "опреснителен" двомесечен курс во Софија за учителите од Македонија, на кој се изучувал бугарскиот јазик со литература, историја и географија[29/]. Курсот бил проширен и за учителите од Јужна

Србија, наречена од Бугарите "Моравско". Учителите од Македонија и Моравско биле повикани со специјална заповед и биле третирани како командировани. Специјална комисија при Министерството повикала на курсот околу 600 учители[30]. Со претходен церемонијал на кој биле присутни највисоките претставници на државната власт на чело со претседателот на Владата Богдан Филов курсот започнал со работа на 12 јули 1941 година[31].

Покрај редовната настава по предвидените предмети, програмата на курсот предвидувала и групно посетување на софиските музеи, градските библиотеки и други историски места во Софија и околијата, а Просветниот сојуз организирал разни вечеринки. Музичката академија повремено организирала специјални концерти, а одделни бугарски писатели организирале специјални литературни читања. Сите курсисти добиле како подарок голем зборник "Родни слова" од изданијата на "Сан-Стефанска Бугарија"[32].

Курсот за македонските учители во Софија немал некаква цел за стручно оспособување на учителите, туку исклучиво денационализаторски и фашистички пропаганден карактер. Затоа во него на посебен начин зел учество и општобугарскиот сојуз "Отец Паисиј", Македонскиот научен институт и други кои организирале посебни предавања на учителите за постигнувањата им на националното поле и при тоа на посетителите на курсот делеле бугарска национална литература[33].

Учителите од Македонија и Јужна Србија биле искористувани од бугарската влада за докажување на бугарскиот карактер на Македонија и Јужна Србија, наречена Моравско.

Од нивно име бугарската пропаганда изнесувала во јавноста декларации и протести во кои се докажувало дека Македонците се Бугари[34]. Потоа биле искористувани бугарофилски настроени учители за организирање на разни прослави[35].

Опреснителниот курс за учители од Македонија и "Моравско" свршил на 23 август 1941 година. По тој повод главниот раководител на курсот поднесол отчет за постигнатите резултати, а претседателот на Македонскиот научен институт Никола Стојанов одржал беседа пред курсистите за бугарско национално дело на Македонците во време на ропството. Еден претставител на бугарскиот воен министер зборувал за "славното историско минато" на бугарската војска и нејзиното учество во ослободувањето на Македонија во Втората светска војна[36]. Секретарот на Министерството за народна просвета, проф. Б. Јоцов, пред да им ги предаде дипломите, ги повикал учителите и во иднина да бидат носители на бугарскиот дух и бугарските идеали, сплотени околу престолот на Н.В.Царот Борис III[37]. Вечерта министер-претседател и министерот за просвета Богдан Филов во чест на курсистите приредил вечера, а разни женски друштва приредиле приеми[38]. Од големата публикација и укажаната посебна чест на учителите курсисти јасно се гледа дека бугарската фашистичка влада сметала од нив да направи вистински пропагатори на бугаризмот во Македонија.

## 2.- Отворање на разни видови училишта во учебната 1941/1942 година

Врз основа на првите проучувања Министерството за народна просвета на Бугарија преземало конкретни мерки за организирање на школството во Македонија. Тоа требало да се вклучи во општиот бугарски школски систем што го имал следниот пирамидален состав. Се состоел од таканаречена "Централна управа", во која влегувал Кабинетот на министерот /министерот, главниот секретар и секретарот на министерот /. Оваа Централна управа имала своја а/ надзорно-наставничка служба составена од главни инспектори, б/ учебен кабинет на чело со претседател, в/ служба за личен состав и г/ служба за статистика. Потоа била создадена посебна служба под името Дирекција за предучилишно и основно образование. Таа имала: а/ одделение за предучилишно и основно образование, б/ одделение за прогимназијално образование и в/ инситутити за слепи и глуво-неми. Дирекцијата за средно, институтско и више образование имала: а/ одделение за средно образование и б/ одделение за институтско и више образование. Дирекцијата за културно творештво и народно воспитание располагала со: а/ одделение за културно творештво, б/ одделение за народно воспитание и в/ одделение за учебен филм. Посебно одделение имало за телесно воспитување, потоа буџето-контролна и таканаречена општа служба.

Министерството училиштата со редовната класна настава ги делело на три категории: 1/ народни основни

училишта, 2/ прогимназии и 3/ гимназии. Освен нив имало: 1/ институти за слепи и глуво-неми, 2/ воспитни, учителски и медико-педагошки институти, 3/ народни музеи и библиотеки; 4/ музички академии и 5/ уметнички академии, во ранг на средни училишта[39/].

Окупираната територија на Македонија била разделена на две училишни области како и административната власт - на Скопска и Битолска училишна област[40/]. На чело на училишните области се наоѓале обласните училишни инспектори[41/]. Потоа, сите околиски места, каде што имало околиска управа, станале и околиски училишни центри, на чело со околиските училишни инспектори[42/].

Сметајќи ги училиштата за најважен фактор за ефикасно денационализирање и асимилирање на македонскиот народ, бугарската влада настојувала уште во првата учебна 1941/42 година да отвори што поголем број училишта, опфаќајќи ги при тоа скоро сите поголеми населени места. Со оглед на тоа што затечените од стара Југославија училишни зграци биле недоволни[43/], се пристапило кон адаптирање на селски општествени и приватни згради. Истовремено бугарското Министерство за народна просвета подготвувало голем план за подигање на училишта, главно гимназии во градовите[44/]. Се разбира, дека правените и широки публицираните грандиозни планови за изградба на училишни згради имале и друга цел - пропагандистичка. Користејќи го незадоволството кај македонскиот народ спрема бившата големосрпска просветна политика /за помалку просвета / во Македонија, бугарската влада со ветувањето на широка училишна мрежа сакала да го придобие тој народ, докажувајќи со тоа дека се работи за еден единствен бугарски народ. Всушност го-

лемите планови за изградба на училишта не имале реална база, а тоа го покажува и фактот што за време на окупацијата не е изградено готово ниедно училиште. Од друга страна и самото инвестирање за изградба на училишта во Македонија и Моравско се покажало како нерентабилно, поготово кога се согледувало дека се работи за една привремена окупација. Доколку нешто и започнувало да се изградува, тоа останувало недовршено. Така уште во првите месеци на окупацијата започнало градење на 19 училишта во Македонија и "Моравско"[45]. Освен тоа се предвидувала и обнова на некои стари егзархиски училишта со цел да се даде историска врска меѓу нив и новите училишта, која била прекината во периодот меѓу двете војни[46]. Затечените училишта бргу биле преименувани со имиња на разни бугарски или сметани за бугарски револуционери, царови, писатели, политичари, и сл.[47]. Колку на овој акт се полагало се гледа од фактот што некои коишто не го преименувале училиштето биле земани на одговорност.[48]

Според некои податоци на бугарското Министерство за народна просвета во учебната 1941/1942 година во Македонија и Моравско биле отворени околу 1000 основни училишта, кад 200 прогимназии, 15 смешани гимназии и една женска и две машки гимназии во Скопје[49]. Само во Македонија биле отворени 800 основни училишта, 160 прогимназии, 10 гимназии и 7 гимназијални клонови. Гимназии имало отворено во Скопје -2 машки и 1 женска, и по една мешовита во Битола, Охрид, Велес, Куманово, Прилеп, Струмица и Штип. Гимназијални клонови имало во Берово, Гевгелија, Кавадарци, Ко-

чани, Кратово, Радовиш и Ресен[50/].

Од непотполните податоци со кои располагаме се гледа дека во Скопската училишна област во учебната 1941/1942 година имало 505 основни училишта и 98 прогимназии, додека бројот на гимназиите останал исти. Овој број во учебната 1942/1943 година се изменил, бидејки биле намалени основните училишта, а нешто зголемени прогимназиите. Така основните училишта биле намалени на 386, додека прогимназиите се зголемиле на 113. Тоа покажува дека во првата учебна година се тргнало во ширина, без оглед дали имало објективни услови за отварање на основни училишта во малите населени места. Од друга страна, зголемувањето на прогимназиите станало во поголемите населени места, што довело до концентрирање на училиштата и знатна заштеда во учителскиот персонал[51/]. Оваа тенденција за концентрирање на училиштата во поголеми или само посигурни населени места станувала и поради опасноста за учителите, која им претела од сѐ позасиленото народноослободително движење во Македонија[52/].

На Битолската училишна област се паѓа останатиот број училишта. При отворањето на гимназиите во оваа област Министерството се раководело од начелото да создаде средни школи таму каде што имало и во стара Југославија, потполни или непотполни. Но затоа во целата област биле отворени нови прогимназии, на број 45. Во првата учебна година се почнало со отварање на првите класови, со намера да се отвораат следните во другите години[53/].

Министерството за народна просвета паралелно со отварањето на реални гимназии донесло решение за учебната 1941/1942 година да отвори и класични одделенија во не-

кои гимназии. Тие биле отворени во градовите Скопје, Штип, Битола, Велес, Охрид и Прилеп /Македонија / и Врање /Моравско/[54/]. Покрај тоа на 13 јуни 1941 година во Скопје пристигнал началникот на професионалното образование со група политички работници и преставници на Министерството за народна просвета со цел да ги проучат возможностите за отворање на професионални /стручни / училишта во Македонија[55/]. По нив, на 22.VIII.1941 година во Скопје пристигнал преставник на Министерството за трговија , кој обиколил некои градови во Македонија за да испита можности за отворање на трговски гимназии[56/]. По разгледувањето на положбата било донесено решение за отворање на две трговски гимназии - во Скопје и Битола[57/]. Министерството предвидувало отворање на средно техничко училиште во Скопје во учебната 1941/1942 година. Ова училиште требало да има две одделенија : градежен и земјоделски. Според условите за прием на ученици се предвидувал VI клас, а училиштето да трае три години. Свршените ученици требело веднаш да се вклопат во државни и општински служби[58/].

Во учебната 1941/1942 година во Скопје било отворено и Музичко училиште, кое имало две одделенија: инструментално и вокално. Учители на училиштето биле гимназијални учители по музика и пеење, додека директорот бил од Бугарија[59/]. Ова музичко училиште во учебната 1943/1944 година, по наредба на Министерството за народна просвета, станало Музичка гимназија, која траела 5 години. Гимназијата покрај редовни ученици имала и вонредни, кои учеле по специјална програма. По свршувањето на ова училиште се признавало средно музичко образование[60/].

Отворањето на средни земјоделски училишта во Македонија било разгледувано уште во текот на 1941 година. Меѓутоа, поради немање на учителски кадар, кој освен стручната подготвеност требало да има други квалитети, нужни за Македонија, припремата продолжила и во 1942 година. Немање на кадрови министерот на земјоделството го објаснувал со тоа што земјоделските училишта во Македонија "треба да допринесат да се издигне нацијата", а постојаниот земјоделско-учителски кадар во моментот преставувал само "осполнител на шаблонска програма, без да води сметка за денешната велика епоха на националното обединување, кое бара беспримерна служба за народот и државата"[61/]. Затоа се пристапило кон правење на нов план, кој предвидувал отворање само на едно земјоделско училиште и повеќе непотполни земјоделски училишта. Во учебната 1941/1941 година биле отворени 15 земјоделски непотполни училишта и 3 практични училишта. Освен тоа биле отворени поголем број краткотрајни и долготрајни курсови по земјоделство[62/].

Средното земјоделско училиште било отворено во Битола во учебната 1941/1942 година и започнало со работа на 15 септември 1942 година. Првиот клас започнал работа со учениците кои го свршиле третиот клас во практичното земјоделско училиште во градот. Училиштето било предвидено како четиригодишно, во ранг на средно образование, со право учениците да продолжат образование во вишите школи за агрономи, шумари и ветеринари. Во првиот клас биле примени и 40 ученици со завршен III клас, со тоа да учат пет години. Што се однесувало до учениците што посетувале земјоделски училишта во стара Југославија, можеле да го продолжат своето образование во погорни класови само во сред-

ните земјоделски училишта во Бугарија, односно во училиштето во с. Садово /Пловдивско /. Ова ограничување доаѓало и по објективни причини, бидејќи бројот на такви ученици бил недоволен за отворање на цели класови, а како причина се земало и тоа, што при нив било поизразено српското влијание во јазикот. И на крајот, Министерството за земјоделство имало намера да отвори и еден машки учителски институт со задача да подготвува учители за земјоделските училишта во Македонија и Моравско[63/].

Настојувајќи да ја прикаже својата окупација како ослободување, бугарската фашистичка влада се погрижила да отвори во 1941 година во Охрид државно резбарско училиште и да ја "продолжи традицијата на бугарската охридска школа во минатото". Во ова училиште имало три оддели: резбарство, иконопис и ѕидарство. Школото било предвидено како четиригодишно, во ранг на средно училиште. Училиштето во тек на две години вистина покажало завидни резултати, а бугарската влада организирала изложби на трудовите по бугарските градови, потоа во Берлин и Будимпешта[64/].

Есента 1941 година се предвидувало отворање на државно училиште за милосрдни сестри, со траење од 2 и пол години. Училиштето со задоцнување, на 15 ноември 1941 година, било отворено во Скопје и во него се примале девојки со завршен VI клас гимназија, на возраст помеѓу 18 и 25 години[65/]. При отворањето на училиштето зеле учество директорот на народното здравје и претседателот на бугарскиот лекарски сојуз[66/]. Ова училиште било под покровителство на женското благотворно друштво "Кнегиња Марија Луиза" и од истото помагано материјално[67/].

За да се скрати редовното школување и да создадат поскоро кадрови во Македонија, проникнати со бугарска национална свест, бугарската влада пристапила во летото 1942 година кон избор на "даровити" деца и отворање во Софија на училиште за тие деца. Ова училиште, под раководство на Министерство за народна просвета, започнало со работа на 15 септември. Еден од условите за примање бил децатади да се од родители со осведочено бугарско сознание[68].

На 1 јануари 1942 година било отворено во Скопје уште едно училиште - Државното полициско училиште. Ова училиште требало да подготвува кадрови за полицајци од редовите на македонскиот народ, а со цел да бдее над бугарскиот фашистички поредок и окупацијата во Македонија[69].

Освен училиштата со денационализаторски и асимилаторски карактер во Македонија, бугарската влада пристапила и кон отворање на едно германско училиште во Скопје, кое имало за задача да го велича германскиот Рајх и да го шири фашизмот меѓу македонската младина. Ова училиште било отворено есента 1941 година[70]. Германското училиште во Скопје за учебната 1941/1942 година предвидувало да има: 1/ подготвително одделение за деца родени 1935 г, 2/ во I одделение да се запишуваат деца родени 1934 г., 3/ во специјален клас да се запишуваат деца кои со успех свршиле во претходната година основно училиште /четиригодишно /. Тие ученици по свршувањето на специјалниот клас имале право да поминат во I прогимназијален клас во следната учебна 1942/1943 година. Веќе за 1945 година се предвидувало училиштето да се развие во полна прогимназија[71]. Бидејќи ова училиште било под управа на германските просветни власти, бугарската влада донесла "закон за отстапување бесплатно

на германската држава државно место од 6.000 кв.м, заедно со зградата во него, на ул. Цар Симеон бр. 16 за германското училиште во Скопје"[72/]. Бидејки германските училишта во Бугарија биле признати како полноправни со соодветните бугарски училишта, учениците од ова училиште можело да го продолжат своето образование во средните бугарски училишта. Од своја страна, бугарската влада им препорачувала на германските и бугарските власти во Скопје, на офицерите од германската и бугарската војска да агитираат меѓу македонското население во Скопје да испраќа деца во ова училиште за да се пополни бројот од 50 ученици за започнување на училиштето. Истовремено Министерството за надворешни работи на германскиот Рајх го снабдило училиштето со германски учебници и фашистичка литература, преку кои во "училиштето да се подготвува едно поколение, воспитувано во сознание дека неговото родољубие ќе биде градител и носител на големо-бугарската и германската иднина". Во својот повик до народот бугарскиот министер за просвета вели дека "велика обединета Германија и велика обединета Бугарија ќе бидат патоводни звезди на германското училиште во Скопје"[73/].

Од една страна, како што се гледа, бугарските власти покажуваат особени грижи за прибирање во училиштата што поголем број ученици од родители Македонци - одн. за низ Бугари.- Од друга страна пак тие се однесуваат најнезаинтересирано по однос на школувањето на децата од националните малцинства. Во тој поглед тие водат отворено дискриминаторска просветна политика за малцинствата во Македонија опфатени под еден општ знаменател - инородно или иноверно население. За турското и шиптарското население во Македонија, бидејки не спагале во доменот на бугарската на-

ционална пропаганда, не се пристапило кон отворање на нови училишта, туку се задржала, доколку не и влошила, положбата од стара Југославија[74/]. До колку се задржале некои малцински училишта по селата, тие имале верски карактер и се одржувале на приватна иницијатива на самото население. Таквите школи имале наставен јазик турски или арапско-турски, во кои предавале оџи. Со тоа, бугарската влада недвосмислено покажала дека широката мрежа на школството за македонското население не била создадена за општо просветни цели, туку со исклучиво пропаганден карактер.

Бугарската просветна власт водела дискриминаторска политика и спрема учениците од турското и шиптарското малцинство во Македонија, кои сакале да го продолжат образованието, започнато во стара Југосравија. Независно од тоа што таквите ученици биле готови да посетуваат бугарски училишта, по секој начин се правеле пречки да бидат примени во училиштата.

Со специјална наредба бугарското Министерство за просвета уште во почетокот на 1941/1942 учебна година ги укинала сите постојни муслимански училишта од време на стара Југославија. Повеке делегации од турското и шиптарското малцинство се правеле провали постапки кај обласните директори во Македонија, како и во самото Министерство за просвета и дури тогаш биле повлечени поранешните декрети за укинување на приватните турски училишта и било дозволено тие да се створат. Единственото училиште, створено под покровителство на државата, била таканаречена Исај-Беговата медреса во Скопје. За директор на медресата бил назначен учител од Бугарија, а професорскиот колегиум го сочинувале

наставници од Бугарија и затечените наставници од старата медреса. Администрацијата во ова училиште се водела на бугарски, а неофицијалната /интерната / на турски јазик. Училиштето било осумоддленско со интернат, односно во ранг на прогимназија. Сместено било во просториите на Исај-беговата џамија, а издржувано од буџетот на Софискиот главен муфтија[75/].

Ваквиот став кон малцинствата во Македонија бугарската окупациона власт го правдала со недоволен број ученици, кои сакале да посетуваат малцински училишта. Меѓутоа, од преписката меѓу одделните околиски управители со областните директори се гледа дека тоа не е точно. Така, кумановскиот околиски управител Калќпов направил една анкета меѓу младинците од шиптарското и турското население во околијата и констатирал дека само во градската кумановска општина 90 турски младинци посетувале приватно турско училиште. Слична положба била во општините: Бединска, Клечовска, Орашечка, Градишка, Романовска и Опајска[76/].

Меѓу другите институти, концентрирани главно во Скопје, треба да се споменат институтите за глуво-немите и слепи, основани во 1943 година. Во нив се прибирале дефектни деца од цела Македонија, Тракија и Моравско. Тие биле уредени по образец на германските институти и биле задолжителни за сите слепи и глуво-неми , кои биле сместувани во пансион. Меѓутоа, бидејќи овие институти немале можност да ја исполнуваат програмата на националната пропаганда, го ограничувале и отежнувале уписот. Учениците при уписот биле задолжени да плаќаат такси сообразно на нивната материјална положба и сл.[77/]

Во Скопје во 1943 година бил отворен и обласен медико педагошки институт со здравствени и научно-здравствени цели. При овој институт била придодадена ученичка поликлиника[78].

И најмалите граѓани на Македонија не биле изоставени од грижата на бугарската просветна пропаганда. Во сите поголеми места биле отворени детски игралишта, детски јасли, и др. Тие биле под грижа на специјални учители, кои поминувале по цел ден со децата од предшколска возраст и ги учеле на бугарски јазик. Овие детски јасли и игралишта потпагале под управа на Службата за општествено потпомагање. Јаслите прибирале деца до 5 години, детските домови деца од училишна и предучилишна возраст, детските градини деца од 5-7 години и ученички општежития наменети за планински општини, каде што селата се распрснати и оддалечени. Обично имало бесплатни ученички трпезарии и се создавале летни и зимски детски колонии. Само во Скопје биле отворени осуму детски градинки и два детски дома[79].

Освен грижата за отворање на основни, прогимназијални и гимназијални училишта, бугарската окупациона власт била поставена пред проблемот за настава од III степен. При окупација на Македонија бугарската власт имала и известни број студенти, кои студирале во југословенските или грчки факултети. Уште кон крајот на мај 1941 година Академскиот совет при Софискиот универзитет решил да им дозволи на таквите студенти да го продолжат своето академско образование на соодветни факултети на Софискиот универзитет, доколку дадат декларација дека се од "бугарско" потекло[80].

Меѓутоа, допуштањето на малубројните затечени студенти од југословенските и грчките универзитети имало привремен карактер, односно санкционирање на една затечена

положба. Бугарската влада целела Универзитетот да го исползува исклучиво во своите денационализаторски цели во Македонија. Стручната наобразба во софиските факултети не била најпогодна форма за создавање на бугарски дух кај македонските студенти. Затоа сé повеќе превладувало становиштето во Македонија да се отвори таков универзитет, односно историско-филолошки факултет, кој ќе создава учителско-професорски кадар за прогимназиите и средните училишта. Се застанало на становиште дека факултетот треба да се отвори во Скопје, како најголем град во Македонија[81/]. Прашањето за отворање на факултетот во Скопје било предмет на разгледување од Академскиот совет во почетокот на јули 1941 година, и тој ја потврдил итноста за отворање на факултетот, поготову што таков факултет имало и во стара Југославија. Втората важна причина за отворање на факултетот имало политичко-национален карактер, зашто факултетот ќе го забрзал процесот на изедначување разликите во јазик меѓу македонското население и "старите предели"[82/].

Некои кругови од Софискиот универзитет, тргнувајќи од потребите на националната пропаганда, предлагале упорно да се отворат некои факултети и во Охрид[83/]. Изборот на Охрид не бил случаен, бидејќи во минатото бугарската историографија го прогласила овој град за "лулка на старата бугарска култура". Така, група професори од Софискиот универзитет предлагајки отворање на некои факултети во Охрид пишувале дека во овој град младите поколенија полесно ќе се придобијат за бугарскиот народ и држава и ќе ги оформат своите карактери за "големите и одговорни задачи, кои стојат пред Бугарија". Своите предлози професорите ги базирале и врз името што го носи Софискиот уни-

верзитет - Климент Охридски и поради тоа оделе и понатаму, предлагајки секој бугарски студент да слуша предавава на Охридскиот факултет барем еден семестар[84/].

Големите мачнотии што се јавиле во организирањето на широката школска мрежа во Македонија попречиле да се реализира стварањето на универзитетот во Скопје и Охрид сè до 1943 година. На своето 79 заседание /на 31 декември 1942 година / Министерскиот совет решил во идната учебна 1943/1944 година да се отвори Државен универзитет во Скопје. Овој универзитет потпагал под врховен надзор на Министерството за народна просвета. Во прво време Универзитетот предвидувал да отвори само историско-филолошки факултети, а понатаму, доколку ќе има потреба, да се отворат и други факултети.

Историско-филолошкиот факултет се предвидувал со три специјалности: словенска филологија, историја и географија, сите со одделни катедри. За факултетот биле предвидени и редовни лектори и тоа: а/ лектор за старогрчки и латински јазик; б/ лектор по германски јазик, в/ лектор по француски јакик и г/ лектор по италијански јазик.

На истото заседание Министерскиот совет донесол одлука Софискиот универзитет да распише конкурс за редовни наставници и лектори за Скопскиот универзитет, со краен рок за пријавување 1 септември 1943 година.

Имајќи ги предвид само големобугарските цели што треба да се постигнат во Скопскиот универзитет, Министерскиот совет не бил многу заинтересиран за другите катедри,

кои не биле исцело поврзани со главната цел. Затоа, уште со отворањето на Универзитетот во Скопје Министерскиот совет ја донесол и клаузулата, со која се ополномоштува Министерството за народна просвета да се произнесе за другите катедри/освен за бугарски јазик, историја и географија/ дали се целеобразни со потребите на Скопскиот универзитет.

За потребите на новиот Универзитет во Скопје се определила зградата на бившата Трговска академија, која требало да ѝ се предаде на Универзитетската управа најдоцна на 15 јули[85/]. Самото отворање на Универзитетот било предвидено за 3 октомври 1943 година. По тој повод Академскиот совет на Софискиот универзитет на 2 јануари 1943 година објавил конкурс за редовни доценти и лектори на историско-филолошкиот факултет во Скопје, кој бил именуван "Државен универзитет Цар Борис III Обединител"[86/].

Самото отворање на Скопскиот универзитет, всушност Историско-филолошкиот факултет задоцнило од предвидениот рок. Тоа станало на 19 декември 1943 година во присуство на регентот Кирил Преславски и Министерот за народна просвета д-р Борис Јоцев[87/].

Историско-филолошкиот факултет во Скопје паднал на терет на Министерството за народна просвета, кое само во редовниот буџет за 1943/1944 година ја предвидело сумата од 6,420.000 лева, не сметајки ги вонредните давачки, кои ја надминувале далеку редовната буџетска ставка[88/].

3.- Вечерни и стручни курсеви и народни универзитети

Бугарската национална пропаганда сфакала дека со отворањето на редовните училишта не може да се опфати мнозинството од македонскиот народ во предвидената денационализаторска програма, затоа уште со окупирањето на Македонија организирала вечерни курсеви, наречени "курсеви за описменување". Во текот на 1941 година при редовните училишта биле отворени голем број такви курсеви, кои имале две насоки: а/ елементарно описменување /читање и пишување / и б/ надополна на основното образование за оние лица што минале низ бившите училишта на стара Југославија. Првиот вид курсови не претставувал тешкотија за бугарската национална пропаганда, бидејки се работело само за елементарно описменување. Мегутоа, далеку поголемо внимание се обрнувало на вториот вид курсови поради разновидноста на материјалот, предвиден во програмата на националната пропаганда. За изведување на вечерните курсови се предвидувале редовни учители.

Целта на вечерните курсеви за описменување била:

1/ Да се воведат во читање и пишување неписмените луѓе без оглед на возраста и полот;

2/ Да се преориентираат описменетите во бившите југословенски училишта во бугарска народносна култура;

3/ Да им се дадат на курсистите елементарни познавања и поуки по однос на бугарското законодавство и управа.

Имајќи ја предвид особеноста на селската стопанска дејност, се водело сметка курсевите во селата да работат кога се селаните најслободни од полска работа, односно од 15 ноември до 31 март. Според тоа, вечерните курсеви, или како уште ги наречувале училишта, работеле во границите на тоа време.

Наставата во такви курсови се водела обично четири пати неделно, по два часа во работната вечер, односно 8 часа неделно. Притоа се оставала извесна слобода за случаи, кога се работело со курсистите и повеќе пати во неделата, со што предвремено ја минувале програмата. Во наведеното време учителите биле должни да имаат 16 работни недели, со 64 работни вечери и 128 учебни часа. Селата со поголем учителски кадар можеле да развијат и поголема дејност, ако за тоа имале можности. Во такви случаи самиот учителски совет ја конкретизирал својата работа.

Бидејќи се предвидувал пообемен материјал за минување на вечерните курсови, а со цел да се осигури подолготрајно влијание врз курсистите, курсовите биле предвидени како двегодишни, макар што секој едногодишен курс претставувал една целина.

Освен по селата вечерни курсови се организирале и по градовите. Меѓутоа, градските курсови биле наменети исклучиво за всадување бугарски дух кај луѓето, па затоа се предвидувале и националнии предмети, како што се: бугарски јазик, бугарска национална историја и бугарска географија. Часовите се одржувале секоја вечер наизменично по историја и географија, додека по бугарски јазик имало секој ден

по една лекција. Курсовите започнале во повеќе градови кон крајот на јули 1941 година[90/].

За потребите како на селските, така и на градските вечерни курсови Министерството за народна просвета отпуштало бесплатно учебни помагала и други потреби, додека на учителите им била давана посебна парична награда, според вложениот труд и одржаните часови.[91/]

Вечерните училишта, односно курсови, како по селата, така и по градовите ги опфаќале сите мажи до 50-годишна старост[92/].

Освен курсови со општообразовни цели бугарската национална пропаганда пристапила кон отворање на повеќе стручни курсови, кои покрај стручна настава имале и општообразовна настава, којашто во крајна линија се сведувала на изучување на бугарскиот јазик, бугарската национална историја и географија.

Уште во 1941 година во повеќе места во Македонија /села и градови / биле отворени домаќички курсови. Овие курсови обично ги воделе по две учителки, една за миење, а друга за домаќинство. За изведување на наставата како помош од Министерството за земјоделство за зимата 1941/1942 година била отпуштена сума од 100.000 лева. Покрај тоа имало и подвижни домаќички курсови, кои траеле од 20 до 40 дена и заедно со инвентарот минувале од село на село. Овие курсови биле бесплатни, додека учителките биле плаќани од Министерството за земјоделство[93/].

Веќе во 1943 година било отворено постојано Женско професионално училиште "Екатерина Симитчиева" во Скопје, кое имало три класа, а било посетувано од 120 ученички.

Ова државно училиште имала три смера и тоа: за шиење, готварство и домаќинство. Во дополнителните предмети влегувале по обичај: бугарскиот и германскиот јазик, бугарската национална историја и географија[94/].

Домаќичките курсови биле организирани од Дирекцијата за национална пропаганда и обично биле прикрепени кон таканаречените женски благотворни друштва[95/]. Во нив биле опфатени жени од 18 до 30 години. Лекциите се слушале двапати неделно и се предавале следниве предмети: бугарски јазик со литература, бугарска историја, бугарска географија, домаќинство, општо-културни прашања, здравствени совети и готварство[96/]. Во наставните предмети нешто се разликувал домаќинскиот курс во Скопје, на кој биле застапени и предметите хигиена и материнство[97/].

Меѓу стручните курсеви, отворени уште во текот на 1941 година, треба да се споменат и вечерните занаетчиски курсови. Целта и на овие курсови иб била да им се даде на чираците и калфите во занаетчиството општо образование по предмети "неопходни со сознавање на своето бугарско потекло и заполување со бугарска национална свест". И тука биле најважни предметите бугарскиот јазик, бугарската историја и географија. Откако бил установен во секој град точниот број на чираците и калфите, биле организирани поголем број такви курсови, кои траеле различно, според месните услови, од три месеци па до четири години. Курсовите биле задолжителни за сите калфи и чираци, бидејки без нив не можеле да полагаат калфински, односно мајсторски испит[98/].

Освен општи имало и специјални курсови за поодделни занаети. Тие биле раководени од трговско-индустриските комори, а по одобрение на Министерството за трговија. Во текот на 1942 година во Македонија бројот на овие курсови се зголемил на 24 курса: чевларски, строитело-столарски, мебело-столарски, оксигено-заварувачки, тутуно-технички, пекарски, електро-инсталатерски, графички, машиноплетачки, ~~пекарски, електро-инсталатерски~~ водоинсталатерски, фотографски, берберо-фризерски, ѕидарски, млекарски, каменорезачки, слаткарски и др. За изведување наставата по овие специјални занаетчиски курсови се плакале такси од страна на слушателите, пресметани според одржаните часови. Таксите не се плаќале само од општо-образовните предмети: бугарски јазик, бугарска историја и географија[99]. По свршувањето на овие курсови се давале свидетелства[100].

Бугарската окупациона власт била принудена во државна служба да прими извесен број затечени службеници од стара Југославија, по потекло Македонци. Со оглед на тоа што тие не го знаеле бугарскиот јазик, по наредба на бугарската влада уште во почетокот на август 1941 година во сите македонски градови и поголеми села биле организирани таканаречени подготвителни чиновнички курсови, кои биле посетувани од чиновничкиот персонал. Курсовите имале за цел да ги запознаат чиновниците, по потекло Македонци, со бугарскиот јазик за да можат да работат во своите канцеларии, а од друга страна и со бугарското законодавство[101]. Курсовите се одржувале четири часа неделно од прогимназијални и гимназијални учители. Курсовите од првата учебна година завршиле кон средината на март 1942 година со посебен це-

ремонијал[102].

Општиот сојуз на бугарските земјоделци од своја страна изработил во 1941 година посебна програма за културно-просветната дејност мегу земјоделците. Со помош на Министерството за земјоделство се пристапило кон отворање на курсови, кои предвидувале просветно издигнување на селаните од Македонија[103]. Курсовите биле наречени "Културно-просветни стопански курсови" и заеднички за 3-4 соседни села. За успешно нивно изведување биле ангажирани околиските и општинските власти, околиските училишни инспектори, полициските началници и др. претставници на властите на теренот[104].

Освен општообразователните курсови, организирани од страна на училиштата, имало и такви курсови што биле организирани од страна на разни друштва, а под покровителството на Дирекцијата на националната пропаганда. Овие курсови, водени од разни женски друштва, друштвото "Јунак", од "Младите червенокрсци" и др. имале единствена цел: што побргу да се совлада бугарскиот јазик од страна на македонците, како и да се влее во нив бугарски национален дух преку величање на бугарско историско минато. И во овие курсови предаватели биле учителите од месните училишта[105].

Мегу останатите курсови, што биле отворени од страна на бугарската национална пропаганда во Македонија, треба да се споменат летните седмодневни курсови за учителите, на кои се изучувале бугарски ора и потоа учителите во училиштата создавале играорни групи. Такви курсови биле одржани во сите македонски градови во текот на 1942 година[106]. Курсистите што ќе покажале одличен успех биле

испракани по околиските центри, од каде организирале слични курсови во помалите градови и поголемите села.[107/]

Бугарското воено министерство, со оглед на воената положба во 1942 година, пристапило кон организирање на два обласни санитетски курса, за која цел биле ангажирани учителки и помлади жени и девојки. Министерството за просвета истата година организирало два курса, во Скопје и Битола, за санитарни советнички. Задачата и на двата курса била да подготвуваат помошнички на лекарскиот персонал во време на војна[108/].

Бугарската полициска власт не останала пасивна по однос на отворање на разни курсеви. Имајќи го предвид одбивањето на Бугари да служат како полицајци по селските општини, обласните полициски управи пристапиле во 1942 година кон отворање на повремени курсеви за општински полицајци. Во текот на годината биле отворени неколку курса во околиските центри под покровителство на Министерството за внатрешни работи. Трошоците за облеклото и оружувањето на новите полицајци ги носело Министерството, додека одржувањето на курсовите паѓало на терет на општините[109/]. Веќе во почетокот на 1944 година, кога бугарската власт била од темели разнишана под ударите на НОВ и ПОЈ, Министерството за внатрешни работи пристапило кон отворање на еден централен курс во Скопје. Бидејќи од Македонија не се јавувале кандидати за полицајци, а според нуждите требало да се јават 400 кандидати, било решено полицискиот курс во Скопје да се пополни со кандидати од Софиската, Плевенската и Врачанската област, додека останатите да го посетуваат курсот во Серез[110/].

Многубројните фашистички и националистички организации што делувале во Македонија во склопот на нивната фашизаторска и денационализаторска пропаганда исто така организирале чести курсови за своето членство со цел преку нив да воспитуваат дисциплинирани членови и раководители за овие организации што перспективно требало сѐ повеќе да се масовизираат.

Изразита активност во тој однос пројавувале таканаречените јунашки друштва[111/], организацијата "Труд и радост"[112/], организацијата "Црвен крст"[113/] и пред сѐ фашистичката организација "Бранник"[114/]. Познат е курсот за браннички раководителки одржуван во Германија есента 1941 година. На него се испратени по една ученичка од гимназиите во Скопје, Битола и Охрид[115/]. Бидејќи овие браннички раководители требало да бидат првите борци за бранничката идеја како и во други слични случаи биле бирани "ученички што се одликувале со будно национално сознание и пројавен организационен дух и дејност"[116/]. Овој курс се водел од раководителите на една школа за воспитување на хитлеровата младина во Германија. За цело време на престојот курсистите имале одлични услови за живот и работа и работеле според определена програма[117/].

Слични курсеви за раководители на "Бранник" под раководството на главниот штаб на бранничката организација биле организирани и во Бугарија[118/].

Некаде кон крајот на 1943 година и во почетокот на 1944 година во Битола бил организиран курс за бранници-раководители, специјално за ученици од битолската област[119/], а во 1943 година во Скопје бил отворен таканаречен браннички

санитетски курс низ кој требало да поминат сите браници и бранички од скопската област и во него да се оспособат како санитети за потребите на војно време[120/].

Во стремежот да му се додвори на својот покровител и сојузник-германски Рајх,во Македонија биле организирани и курсеви за германскиот јазик, и посебно за фашистичката ~~организација~~ идеологија. Кон крајот на 1941 година во Скопје се одржувал шестомесечен курс по германски јазик и култура, посетуван од граѓани, учители, чиновници и некои студенти. Таков курс се предвидувал секоја учебна година и бил наречен "Германска академија"[121/]. Слични курсеви по германски јазик биле отворени и уште во неколку македонски градови, а на најдобрите ученици Минхенската академија на науките им давала специјални награди[122/].

Кон средината на 1944 година Министерството за народна просвета издава посебно окружно писмо до обласните и околиските училишни инспектори за отворање на летни вакациони курсеви по германски јазик. Отворањето на вакви курсеви дошло по барање на Германскиот научен институт во Софија, кој се придржувал до склучената германско-бугарска културна спогодба.

Курсеви по германски јазик биле предвидени:

а/ За учителите по германски јазик во гимназиите и средните училишта;

б/ за учителите по германски јазик од прогимназиите и основните училишта;

в/ за учителите по германски јазик од сите професионални училишта;

в/ за учителите по германски јазик од сите професионални училишта; и

г/ за учители по други предмети и др.

Целта на овие курсеви била опреснување на знаењето по германски јазик, запознавање со германската култура и духот на германскиот народ.

Раководители на курсевите по германски јазик биле лекторите од германската академија во Бугарија[123/].

Треба да се напомене и за отворањето на таканаречените народни универзитети во Македонија, бидејќи нивната дејност се испреплетува со порано спомнатите курсеви. Уште во ноември 1941 година биле основани во македонските градови народни универзитети. Такви имало во Прилеп, Кавадарци, Скопје, Серез, Неготино, Куманово, Велес, Врање, Драчево, Штип, Струмица, Кочани и др. Како покровители на народните универзитети се јавуваат разни организации и установи, најчесто читалишта, црквата, училиштата идр.[124/] Обично во неделни и празнични денови бугарските просветни работници држеле циклусни предавања од бугарската литература и бугарската национална историја[125/].

И на крајот, како форма за денационализација на македонскиот народ ќе ги споменеме и литературните кружоци, основани во повеќе места во Македонија. Овие кружоци биле наменети за младата македонска интелигенција и се состоеле во разни литературни читања на творби од бугарски автори[126/].

## 4. - Запишување на редовни ученици во учебната 1941/1942 година

Како што беше и порано речено, бугарската пропаганда настојувала да вклучи во својот школски систем што поголем број ученици, истакнувајќи ја таа своја "грижа" како сериозен елемент во докажувањето на ослободителниот карактер на бугарските власти во Македонија. Поради тоа не е чудно кога и кај најзваничните статистичките искажувања на бугарските одговорни фактори по однос на бројот на запишаните ученици во Македонија сретнуваме чести непоклопувања и очигледни претерувања. Треба однапред да се каже дека учениците, а особено нивните родители, ја ползувале привилегијата за запишување во училиштата во настојување да се продолжи образованието кое во бивша Југославија било на најразлични начини оневозможувано. Меѓутоа, треба да се разликува желбата за школување од тенденциите на бугарското школство да се исползува тоа за големобугарски цели. Ако учениците масово се запишувале во училиштата, кои дотогаш ги немале, не значи дека тоа го правеле од некакви сентиментални чувства кон бугарските училишта, како што тоа обично се толкувало од бугарските државни и просветни власти[127/].

Од друга страна, бугарските окупациони власти својата широчина ја покажувале само кон Македонците, бидејќи кај нив сметале да постигнат определени цели. Затоа просветните органи имале строга наредба да водат контрола за националното потекло на учениците и да имаат всушност два критериума, еден за Македонците, а друг за другите националности. Директорите и училишните совети биле задолжени

да даваат точни статистички податоци за националното потекло на учениците[128].

Најдобар пример за толерантноста на бугарските окупациони власти кон Македонците, односно дискриминаторската просветна политика кон другите националности во Македонија се покажува во односот на бугарската државна и просветна власт кон Евреите, Циганите, Турците, Шиптарите и Власите. Во законот за народна просвета стоел текст, со кој задолжително е образованието на бугарските граѓани до 14 години. Меѓутоа, ова се однесувало во Македонија само за Македонците, за кои се настојувало да се побугарат. Малцинствата сознателно се сопирале од училиштата и не им се дозволувало да отвораат свои училишта, додека Циганите биле сосема заборавени и никој не ги сметал дека постојат. Во резултат на таа непријателска политика кон малцинствата, илјадници од таа средина останале и натаму неписмени[129].

Дека училиштата биле наменети главно за спроведување на големобугарските цели сведочи и ставот на бугарските просветни власти кон учениците, пребегани или домамувани од Егејска Македонија. Бидејќи поголем дел од Егејска Македонија останал под германска окупација, а настојувајки да создаде услови за нејзиното приклучување кон Бугарија,бугарската државна власт организирала агенти, кои со примамливи понуди ги префрлувале учениците во вардарскиот дел на Македонија и ги запишувале во бугарски училишта, Биле создавани и посебни комитети кои преку префрлувањетона ученици имале за цел да создадат услови за приклучување на егејскиот дел на Македонија кон Бугарија[130].

Масовното пребегнување на учениците од егејскиот дел на Македонија имало свои оправдани причини. Дотогашните грчки училишта со драстични мерки вршеле денационализација на Македонците, така што понудата да се учат на бугарски јазик, близок до македонскиот, била прифатлива.

Со пребеганите ученици, сместени главно во Битола, бугарската власт водела особено внимателна политика. На такви ученици им се правеле севозможни олеснувања во училиштата. Биле запишувани без формалности, врз основа на обични маалски свидетелства. Посебна грижа се водела за нивното сместување и прехрана. Биле создадени специјални трпезарии од страна на Обласната дирекција[131/]. Во основните училишта, прогимназиите и гимназиите биле отворени посебни паралелки, во зависност од бројот на учениците, во кои се обрнувало посебно внимание при изучувањето на бугарскиот јазик, бугарската историја и географија[132/].

Немаме сигурни статистички податоци за бројот на учениците запишани во учебната 1941/1942 година, бидејки засега не располагаме со податоците на бугарското министерство за просвета. Разните бројчани податоци од официјални и полуофицијални извори и печатот често не се слагаат, така што не може да се даде точен број на запишаните ученици. Меѓутоа, треба да се напомене, дека бројот на учениците е далеку поголем отколку во училиштата на стара Југославија, со оглед на зголемениот број училишта во Македонија и олеснувањата при запишувањето.

Според податоците земени од "Месечни известия на Главната дирекция" во Скопската област во учебната 1941/1942 година биле запишани 67.346 ученици, и тоа: а/ во основните училишта - 56.091; б/ во прогимназиите - 8.413; в/ во полните и непотполните гимназии - 2.125.

Во истата учебна година во Битолската област имало запишани вкупно 28.233 ученика и ученички, од кои: а/ во основните училишта - 22.845; б/ во прогимназиите 3.9Ж6; в/ во полните и непотполните гимназии - 1.032. Од нив од Егејска Македонија биле 111 ученици и ученички.

Во специјалните и професионалните училишни установи, кои ги имало 8, од коишто 3 средни, биле запишани 450 ученици[133/].

Бројот на студентите што се запишале на соодветни факултети во Бугарија изнесувал 211[134/].

Како што забележивме, запишувањето на учениците бугарските окупациони власти сакале да го искористат во пропагандни цели, докажувајки со уписот дека учениците со радост сакаат да учат во бугарскиту училишта. Затоа Министерството за народната просвета барало од училиштата телеграфски да соопштуваат секој ден за бројот на запишаните ученици и во посебни емисии на радиото и во печатот тоа било особено истакнувано. Се инсистирало учебната година да почне секаде без задоцнување и се преземале сите мерки за отстранување на пречките во тој поглед[135/].

Во 1941 година наставата во сите училишта започнала на 15 септември со специјално подготвени свечености. По

тој повод во сите училишта бил организиран "водосвет" на кој биле задолжени да присуствуваат како учениците така и нивните родители[136/].

За да се успее во политиката на прибирање што поголем број ученици во Македонија; бугарската просветна власт при уписот на учениците вовела најразлични олеснувања. Таков е случајот со уписните такси кои за македонските ученици се спроведувале по таксеникот којшто отстапувал од оној што важел за Бугарија. Биле одредени следните категории такси за учениците: 1/ училишна такса, 2/ дополнителна такса, 3/ втора дополнителна такса, 4/ фондова такса. Општо земено, сите тие изнесувале 70 лева, што не претставувало некакво големо оптеретување.[137/] Меѓутоа, таксеникот предвидувал и ослободување на поедини ученици од такси. Поготову кога се јавил отпорот од страна на учениците и ученичките родители против плаќање на такси, Министерството препорачило масовно ослободување од таксите[138/]. Но истовремено на кметовите им било наредено да во редовните даноци да се вклучат и училишните такси, така што ослободувањето од такси било само привидно[139/].

Исто така олеснување за школување се правело со тоа што на извесен број ученици од Македонија им се доделувале стипендии и друг вид помош. Уште во 1941 година - летото од вонредниот буџет на Министерството за просвета биле предвидени 2,000.000 лева коишто требало да бидат дадени на ученици и студенти од "новоослободените земји" што сакале да го продолжат образованието. Министерството внимателно го проучувало прашањето на кого да се даваат стипендии и во врска со тоа на просветните органи во Македонија им биле давани упатства како да ги определуваат

кандидатите[140/].

Додека се вршеле овие припреми министерот на просветата Богдан Филов покрај споменатата сума од 2,000.000 лева подготвувал и еден проект според кој во редовниот буџет на министерството за наредната 1941/1942 учебна година се предвидувало зголемување на тој кредит на 6,000.000 лева.

Како е тоа конечно решавано и што од предвиденото било исползувано не ни е познато. Меѓутоа, според податоците со кои располагаме за следните учебни години можеме да претпоставиме дека со растењето на несигурноста на ефикасноста од вака вложуваните трошоци поради развојот на меѓународната ситуација и настаните во Македонија, сумите предвидувани за горните ставки биле користени само делумно[141/].

Учениците од стручните училишта биле стипендирани од министерствата под чија надлежност спагале. Така Министерството за земјоделство во учебната 1943 година отпуштило 12 стипендии што требало да бидат распоредени во три земјоделски училишта во Скопската област и 6 стипендии за три земјоделски училишта во Битолската област[142/].

Освен соодветните министерства стипендии отпуштале и најразлични националистички и фашистички друштва и организации, како и некои други заинтересирани фактори[143/].

Покрај редовните стипендии за учениците са предвидувале и други помошти коишто биле обезбедувани по најразлични патишта и со единствена задача - да ги привлечат македонските ученици кон бугарското училиште. Во првите месеци на учебната 1941/1942 учебна година училишните инспектори во Македонија од раководителите на училиштата барале да

поднесат точни податоци за потребните средства за потпомагање на ученици во првата учебна година[144/] да направат список на учениците во секој клас што требало да бидат потпомогнати со книги, учебници и други учебни помагала[145/].

Под формата "помош за бедни ученици во Македонија" со голема гласност на пропагандата испракани се и поголеми суми од највисоките просветни органи и други високи државни личности[146/].

Организирана е акција за прибирање на помош во пари, книги и учебници преку раководителите на училиштата во Бугарија кои преку Министерството за просвета биле плански испракани во одредени училишта во Македонија[147/].

Видни трговци и други македонски емигранти во Бугарија учествувале со давање на парични и други помошти[148/].

Покрај помошти од овој вид биле отпуштани и прилично големи средства со кои се отворале трпезарии и пансиони во коишто се прибирале на бесплатен стан и храна голем број македонски ученици. Поради тешките услови за прехрана во годините на војната ученичките трпезарии и пансиони требало да претставуваат "најсилни крепости на бугарштината кај учениците"[149/]. Поради тоа веке до есента 1942 година биле отворени 500 бесплатни ученички трпезарии, 28 дневни детски домови, 35 таканаречени јуначки општежитија, детски клубови и друго[150/]. Спрема една изјава на обласниот директор на Скопската област Раев за тие иницијативи до февруари 1942 година државата потрошила 44,500.000 лева[151/].

Покрај горните видови давачки на учениците им биле давани привилегии за добивање на ефтини продукти , пред

се добиваље на ефтини штофови за ученички униформи и сл.[152/]

Сето тоа требало да го направи бугарското училиште примамливо за македонските ученици, а бројките на успехот во таа смисла да ја потврдува тезата на бугарските власти за преголемата "жед на македонските деца од родна бугарска просвета".

## 5.- Учителскиот кадар

Бугарската окупација во Македонија станала точно пред крајот на учебната 1940/1941 година. Како што беше речено порано, летните месеци 1941 година поминале во изведување на разни курсеви за ученици и учители во Македонија со цел да го научат поскоро бугарскиот јазик, со тоа да се обезбеди поуспешно изведување на редовната настава во следната учебна ~~годи~~ 1941/1942 година.

Паралелно со извршените подготовки за воведување на бугарскиот школски систем во Македонија за следната учебна 1941/1942 година се пристапило и кон расчистување на прашањето за учителскиот кадар. Како прв проблем во таа смисла пред Министерството за просвета је јавило прашањето за затечените учители во Македонија по потекло Македонци. Посетуваниот од нив двомесечен курс по бугарски јазик, бугарска национална историја и географија не можел да даде некои поголеми резултати при изучувањето на бугарскиот јазик. Освен тоа, учителите - курсисти не можеле да бидат во толку кратко време политички проверени, а уште помалку можело да им се повери исполнувањето на бугарската дена-

ционализаторска програма и исполнувањето на таканаречените "национални идеали на бугарскиот народ во Македонија". Затоа нивното назначување за учители во Македонија било непожелно.

Отстранувањето на домородните учители од Македонија, меѓутоа, можело да доведе до многу непожелни последици. Поради тоа, по завршувањето на двомесечниот курс во Софија се пристапило кон извесна градација на домашните учители. Пред сè, за назначување на домороден учител во Македонија било потребно да се добие од полициска власт гаранција за "благонадлежност", односно дека семејството на односниот учител во минатото било бугарофилско. Потоа, како втор услов бил кандидатот во училишното свидетелство да има најмалку општа оценка многу добар[153/].

Назначувањето на домородни учители во Македонија било и натаму комплицирано поради недовербата на бугарските просветни власти спрема учителите Македонци. Непосредна контрола за нивното назначување водело Министерството за народна просвета. Доколку некој од тие учители бил назначен во Македонија, тој имал второстепена улога. Со посебно окружно писмо Министерството дало директива на домородните учители и професори да не им се даваат должности на администратори и раководители на училиштата, освен ако се работи за некое лице, за кое се убедени дека е "здрав Бугарин"[154/].

Министерството за народна просвета настојувало месните учители да се испратат барем за една година во Бугарија, каде што ќе имаат можност да го научат бугарскиот

јазик, а истовремено да бидат под поголема контрола. Тоа, главно, се однесувало за помладите учители, кои свршиле учителски школи и биле учители во училиштата во стара Југославија. Сосема поинаков бил критериумот за егзархиските учители од Македонија, кои ги имало вкупно 120 души. И покрај тоа што станувало збор за луѓе со напредната возраст тие уште веднаш по окупирањето на Македонија биле назначувани за учители. Така, на пример, во Скопската област за учители биле назначени 25 души, додека останатите поради откажување биле распоредени по општините како кметски намесници или чиновници[155/]. Од Битолската училишна област биле назначени 17 егзархиски учители[156/].

Испраќањето на домородните учители на едногодишно учителствување во Бугарија се покажало прилично мачно, бидејќи се работело во поголем број случаи за семејни учители, економски поврзани со своите места. Првите назначувања за поодделни места во Бугарија предизвикале редица жалби и откажувања. Тоа веќе претставувало отпор на кој бугарската влада морала да смета, доколку и сакала да ја прикажува окупацијата на Македонија како ослободување. Затоа поголем дел од жалбите ги решила поволно за молителите. По таков начин, од вкупниот број 529 домородни учители, во Македонија биле назначени 305 основни учители, 46 прогимназијални и 76 гимназијални[157/]. На едногодишна "командировка" во Бугарија биле испратени 102 учители[158/].

Назначувањето на 427 учители и професори Македонци во Македонија претставувало за Министерството за народна

просвета отстапување од поставената порграма за побрзо и непречено бугаризирање на македонскиот народ. Од друга страна, било потребно да се води и строга контрола врз домородните учители. Министерството за народна просвета во таа смисла побарало од директорите и училишните инспектори да обрнат посебно внимание на домородните учители и при ревизиите да водат сметка за јазикот на кој тие ги држат своите предавања[159].

Големиот број училишта во Македонија барал и соодветен број учители и професори од Бугарија. Се разбира, на државната власт не и било сеедно кои учители ќе испрати на така важна мисија, особено на кои луѓе ќе им ги повери раководните места во училиштата во Македонија. Уште на 18 мај 1941 година со "царски указ" биле назначени обласните училишни инспектори во Скопје и Битола. За инспектори биле назначени личности по потекло Македонци, кои целокупната своја животна дејност ја провеле во служба на Бугарија. За областен училиштен инспектор на Скопската училишна област бил назначен Христо Вл. Зографов, бивш секретар на Македонскиот национален комитет во Софија, инаку родум од Велес, додека за областен училиштен инспектор на Битолската училишна област бил назначен Косто Црнушанов, македонски емигрант во Софија, родум од Прилеп[160].

Веднаш потоа во Македонија биле испратени околиските инспектори и тоа: Аспарух Кралчев од Јамбол во Куманово, Гаврил Русков Хрисанов од Котел во Крива Паланка, Божин Врбанов од Пештера во Кочани, Цветан Спасовски од Пловдив во Скопје, Михаил Пешин од Попово во Скопје, Никола Рангелов од Ловеч во Велес, Владимир Симеонов од Плевен

во Штип, Коьо Чернокочиев од Тројан во Струмица, Васил Савов од Луковид за Битола, Денчо Генев од Севлиево во Охрид, Крум Генев од Борисовград во Прилеп, Најдан Зембилев од Новоселци во Крушево, Христо Христов од Шумен во Кавадарци, Маьо Димитров од Смортаг за Гевгелија[161/].

Во почетокот на јуни Министерството за народна просвета назначило и училишни директори за Македонија. Така биле назначени: за директор на I машка во Скопје Д. Мојаџиев, за II машка гимназија М. Христов, за женска гимназија - Г. Расолинов, за Велешката смесена гимназија - Ив. Коев, за Прилепската смесена гимназија - Јосифов, за Штипската смесена гимназија - Несторов, за Кумановската смесена гимназија - Хараламбиев, за Охридската гимназија - Измирлиев, за Битолската смесена гимназија - Тодоров[162/]. Истовремено биле назначени и првите 25 учители, кои биле должни да се јават во Софија најдоцна до 5 јуни[163/].

Назначувањето на другите учители било одложено за подоцна. Од Министерството бил распишан конкурс за основни и прогимназијални учители, како и за гимназиски професори, со важност до 10 јуни 1941 г.[164/]. Меѓутоа, одзивот на бугарските учители бил мал. Од друга страна и оние што се јавиле на поканата, не ги исполнувале бараните квалитети, или не сакале да останат во Македонија цела учебна година. Донесеното решение /уредба / за назначување на учители во Македонија и "Моравско" било ставено на повторно разгледување. Поранешното искуство при приклучувањето на Јужна Добруџа кон Бугарија покажувало дека е

нужно учителите да останат во училиштата барем една учебна година, а тоа можело да стане само по пат на мобилизација /командирување / на редовни учители, првенствено мажи, со оглед на тешката подготвителна работа во Македонија. Истовремено, командируваните учители требало да бидат добро подготвени учители и општествени работници, да би го зел целиот пропагандно-културен живот во Македонија во свои раце[165/]. На 12 август заседавал Министерскиот совет и потоа од страна на тогашниот министер претседател и воедно министер за народна просвета Богдан Филов била потпишана заповед за назначувањето на основните, прогимназијални и гимназијални учители во Македонија за редовната 1941/1942 година[166/]. При изборот на командируваните учители се водело сметка за личностите. Министерството за внатрешни работи побарало од полициските власти по околиите да дадат за секој кандидат политичка карактеристика со указание дали некој од предвидените учители за Македонија не се пројавил во комунистичка, анархистичка или друга противдржавна дејност согласно чл. 20 од Законот за заштита на државата[167/]. Откако добиле сведенија од теренот Министерството пристапило кон избор на такви лица, за кои било убедено дека не се провиниле против чл. 20 од Законот за заштита на државата[168/]. Биле испракани само проверени учители, учители што пројавувале големобугарски и профашистички сфакања. Виснот функционер на Министерството за народна просвета Киселинов по однос на изборот на учителите вели: "Учителите не се пракаат тука /во Македонија -б.м./ од Министерството случајно, туку по избор и тоа добар избор. Долго се мислеше кој да биде испратен во новоослободените земји

и едвам по опстојно размислување се реши да се пракаат достојни синови и ќерки, способни работници од теоријата и практиката во областа на учебното дело во сите степени на училиштето,и проверени родољуби"[169].

По направениот нужен подбор во Македонија биле испратени во учебната 1941/1942 година вкупно 1608 учители од Бугарија, од кои 87 биле гимназијални, 226 прогимназијални и 1295 основни. Вкупниот број учители во Македонија заедно со домородните изнесувал: 163 гимназијални, 272 прогимназијални, 1600 основни учители[170]. По потекло имало три вида учители: 1/ еден дел месни, главно млади учители, кои служеле и во стара Југославија; 2/ еден дел месни, стари егзархиски учители-реактивирани; 3/ и најголем дел учители дојдени од Бугарија. Последниве се делеле на учители дојдени по желба и назначувани како постојани учители, и учители командирувани за една година[171]. На сите учители се паѓале 86.975 ученици, од кои: 72.406 основни, 11.677 прогимназијални и 2.897 гимназијални[172]. Учителите биле распредели во двесте училишни области како што следува: во Скопската област имало: 1.151 основни, 210 прогимназијални, 113 гимназијални учители , а во Битолската: 547 основни, 87 прогимназијални и 66 гимназијални учители. Во специјалните и професионалните училишта имало 43 учители[173].

Во следната учебна година бројот на учителите се зголемил за 102 и вкупно имало 1.170 учители дојдени од Бугарија[174]. Веќе во учебната 1943/1944 година овој број се покачил за уште 110 учители, сите дојдени од Бугарија[175].

Од цитираните бројки на учителството во Македонија се гледа јасно и соодносот меѓу домородните и командируваните учители. Меѓутоа, очигледната диспропорција во полза на командируваните учители била нужна да се прикрие по некаков начин. Сметајки дека македонскиот народ не може да го знае вкупниот број на командируваните службеници, министерот на внатрешните работи Петар Габровски од највторитетно место, бугарското Народно собрание, се послужил со давање неточни податоци. Известувајки го бројот на домородните и командируваните службеници во проценти, изјавил дека домородните службеници , сметајки го во нив и просветните работници, сочинуваат 75 % од целокупниот број службеници во Македонија[176/]. Се разбира, бугарските пратеници, кои ја слушале изјавата на Габровски ја знаеле правата положба, меѓутоа, таа изјава не била наменета да ги убеди нив, туку да го заблуди јавното мислење на македонскиот народ.

## 6.- Посебни привилегии за командируваните учители

Уште со командирувањето на просветниот апарат во Македонија, со оглед на извонредните задачи што се поставувале пред него, како и поради ненормалните услови за живеење /одвоеноста од фамилијата, немање удобни станови и извонредни трошоци за исхрана /, Министерството за народна просвета обмислувало план за посебни привилегии. Најнапред, додека одењето за учители во Македонија се поставувало на доброволна основа, за да привлече во Македонија поспособни учители што ќе работат со воодушевеност, се

предвидувале извесни привилегии. Така, на пример, било предвидено на основните учители, кои ке поминеле во Македонија најмалку две години, а коишто ке покажеле успех поголем од оценката "добар", им се дозволувало да се јавуваат на испит за прогимназијални учители. Прогимназијалните учители при исти услови имале право да конкурираат за средни директори или извонредни околиски инспектори. Истовремено се предлагало, зголемување на платите на учителите во Македонија преку давање на повишици без оглед на тоа дали тие имале право на редовна повишица[177]. Со давање на такви привилегии се сметало дека многу учители ке бидат придобиени, а имајки ја предвид и нивната слаба материјална положба во Бугарија.

Но бидејки бројот на пројавените учители - доброволци бил мал, Министерството за просвета, како што видовме, било принудено да врши еден вид мобилизација на учители. Со тоа се јавило и прашањето за нивното наградување, што било многу важно и за активирањето при извршувањето на деликатната мисија - што им се возложувала. Затоа Министерството донесло посебна уредба "Измени и надополни во Правилникот за назначување, преместување, сократување, отпуштање и конкурсен испит за учителите во училиштата во новоослободените земји"[179]. Според оваа уредба, поради улогата што ја имал бугарскиот учител во "новоослободените земји" и поради други специфични услови, биле предвидени извесни предимства за такви учители. Врз основа на чл. 38 од Законот за Врховната сметна палата, Врховната сметна палата решила да им ја зголеми платата од 20-35 % на сите просветни

работници командирувани или доброволци во Македонија и "Моравско", сметајки од 1 август 1941 година. Со истата одлука двојно биле зголемени за овие учители и дневниците[180/]. Ова решение на Врховната сметна палата Министерството за народна просвета го публикувало во "Државен весник" соопштувајки дека тоа е само времено зголемување на платите, согласно чл. 3 од Законот за дополнителен буџетски кредит, по буџетот на Државата за 1941 година, што значи дека за следната 1942 година исцело да се очекува и натамошно зголемување на платите[181/]. И навистина во почетокот на 1942 година платите на командируваните и доброволците учители биле зголемени до 50 % [182/]. На оние учители, кои стапиле на должност во "новоослободените земји" до 15 септември, Министерството им исплатило зголемени плати за проведеното време. Општата сума на таа исплата изнесувала 3,000.000 и била земена од предвидениот дополнителен кредит со кој располагало Министерството во висина од 20,600.000 лева наменет за "новоослободените земји"[183/]. Овие вонредни надоместоци, како и зголемените редовни плати, биле исплатувани по наредба на Централната банка од банковите клонови, од сметката на државната каса за исплаќање на државните службеници, дојдени од Бугарија[184/]. Платите биле исплаќани врз основа на времени расписки.[185/].

За учителите од Бугарија, назначени на служба во "новоослободените земји" Министерството за народна просвета издејствувало на железниците две бесплатни патувања, односно одење во местото на службувањето и враќање дома[186/]. За учителите Македонци командирувани во Бугарија привиле-

гијата на железниците изнесувала 75 % [187/].

Со оглед на специфичната улога што ја имале учителите во "новоослободените земји", согласно со строго поверливата наредба на Министерството за народна просвета од октомври 1941 година , им било дадено задача на инспекторите на обласните и на околиските да направат мобилизационен план за своите околии. Меѓутоа, согласно со наредбата на Дирекцијата за граѓанска мобилизација, по чл. 46 од Законот за вооружените сили, биле ослободени од воена служба учителите и службениците во просветата во "новоослободените земји", бидејќи нивната служба била рамна на воената служба[188/].

Привилегиите на бугарските учители во Македонија, со оглед на тешкотиите во работата, растеле секоја година. Со цел да се задржат учителите подолго време во Македонија, уште во почетокот на 1942 година биле дадени нови привилегии. На учителите им било одобрено да патуваат повеќе пати бесплатно во Бугарија и назад. Поминатото време во Македонија се сметало за пензија двојно[189/]. Истовремено се предвидувало за учителите што ќе поминеле три години на служба во "новоослободените земји" и коишто ќе биле оценети со "многу добар" да имаат право да конкурираат за учители во Софија. Тоа важело и за гимназијалните учители. Во сите други места во Бугарија, каде што ќе изјавеле желба да бидат назначени, назначувањето ќе станува без конкурс. Редовните околиски училишни инспектори, кои ќе прослужеле во "новоослободените земји" две години, ако изјават желба за учителски места во кој било град во Бугарија, ќе бидат претпочитани пред другите кандидати. Доколку има повеќе околиски

училишни инспектори и кандидати, се претпочитувале наградените со орден за храброст или учесниците во војните. Учебната 1941/1942 година се сметала како прва за командируваните учители[190].

За службувањето и покажаните успеси во Македонија учителите биле наградувани и со други награди. За останување во местото на службувањето во летните ваканции учителите добивале освен редовната плата и награда, која изнесувала 50 % од платата. Потоа, командируваните учители ги ползувале училишните градини или пак од општинскиот кмет им била доделувана "бездопанствени земји на користење"[191].

Веќе во учебната 1942/1943 година учителствувањето во "новоослободените земји", особено по селата било ризично поради засилените акции на НОВ и ПОЈ. Да ги задржи и понатаму учителите, Министерството за народна просвета ги зголемувало и привилегиите. Така, во 1943 година на учителите им се давала фиксна награда од 700-1000 лева месечно. На селските учители им давале штофови за алишта, а на учителките штофови за фустани[192]. Во приложениот закон-проект, поднесен од председателот на бугарската влада Добри Божинов, внесени се измени и надополни на Законот за олеснување на материјалната положба на учителите во "новоослободените земји". Од 1 јануари 1944 година биле зголемени платите и биле предвидени семејни додатоци[193]. На учителите им било олеснето купувањето на бестопанствени куќи по градовите /еврејски и српски /[194]. Во 1944 година Комесарството за снабдување им отпуштало на учителите посебни контингенти стока за широка потрошувачка, која била во недостиг на пазарот[195]. Овие учители имале и [illegible] привилегии[196]. им биле гарантирани [illegible] учителски [illegible] во Бугарија на ним

# ГЛАВА ВТОРА

## ИДЕЈНАТА СТРАНА НА БУГАРСКИТЕ УЧИЛИШТА ВО МАКЕДОНИЈА И УЧИЛИШНАТА ПРОГРАМА

### 1.- Цели и задачи на бугарскиот просветен апарат

Поради своите нескриени аспирации за Велика Бугарија, што бугарските владеачки кругови ги подгрејувале кај бугарскиот народ со децении, бугарската влада ја поврзала иднината на Бугарија за германскиот Рајх, очекувајки со германската помош да се добере до Македонија. Затоа и својот просветен апарат го ориентирала да работи во две насоки: да го воспитува бугарскиот народ во барање на реваншизам и обединување на бугарскиот народ, а истовремено да го воспитува во фашистички дух, бидејки само преку фашизмот можела да се реализира првата цел. Особено во деновите пред сломот на стара Југославија бугарскиот просветен апарат бил ангажиран да го подготви бугарското младо поколение за реализирање на бугарските идеали, а истовремено да му укаже дека тие идеали можат да се постигнат со помошта на фашизмот. Во разни списанија под контрола на Министерството за народна просвета почнале да се појавуваат и разни статии, кои недвосмислено ги повикувале бугарските учители да се подготвуваат за работа во Македонија. Списанието "Просветно единство" во март 1941 година ги повикувало учителите да се подготват за "утрешниот ден" на Бугарија и да ги "впрегнат националните сили за создавање капитал за утрешна Велика Бугарија". Бугарското учителство се повикувало да создаде жива сила, која ке има за најглавна

задача да го оствари националното обединување на бугарскиот народ. Улогата на бугарскиот учител била да ги собудува духовните сили кај секој младинец, да ја насочува бугарската младина во определените патишта во согласност со интересите на државата и времето. Учителот се повикувал да излезе од рамките на просветата и да се вклучи во државната политика, бидејки тој претставувал во моментот политички инструмент и одличен орган за спроведувањето на државната политика, која имала за цел да го обедини бугарскиот народ. "Бугарската политика треба да создаде национални сили за утрешната Велика Бугарија"1/.

По окупацијата на Македонија од страна на бугарските окупациони власти се сметало дека главната цел, присоединувањето на Македонија кон Бугарија, е свршена и со тоа се исполниле и големобугарските идеали. Меѓутоа, физичката окупација на Македонија требало да се брани и натаму, а тоа зависело од исходот на Втората светска војна. Затоа било нужно и понатаму да се продолжи сојузот со фашизамот, односно да се поврзува судбината на Велика Бугарија со победата на фашизмот. Од друга страна, ориентацијата на бугарската политика кон Македонија била физичката окупација во потполност да се искористи во денационализација на македонскиот народ и со тоа да изврши трајна асимилација меѓу Македонците и Бугарите во бугарски народ. Затоа целокупната бугарска просветна политика во окупирана Македонија била свртена кон бугаризирање на македонскиот народ, а во прв ред на македонската младина.

По извршениот подбор на командируваните учители во Македонија Министерството за народна просвета пристапило кон исполнување на поставените цели, поставувајки

им на учителите во таа смисла смерници и задачи во нивната дејност. Во својство на министер за просвета министерот-претседател Богдан Филов се обрнал до сите инспектори, директори и главните учители изјавувајќи: "Бугарскиот народ е ослободен и обединет во својата држава... Пред бугарскиот учител, носителот на возвишениот идеализам и апостолски дух во земјата стојат нерешени народни задачи - големи општествени и општонационални, чие решавање зависи од правилното сфаќање на неговите должности... Еден нов идеал ни поставува историја - да ја создадеме и изградиме Велика Бугарија"[2/].

Министерството за народната просвета се обрнало со посебно писмо до обласните инспектори во Македонија. Сметајќи го инспекторскиот институт за контролен орган во просветниот апарат во Македонија, тоа им налагало да водат посебни грижи за одот на поставените задачи, односно за поскорешното вклучување на Македонците во бугарската национална култура. Со тоа сакало да ја согледа физиономијата на првата учебна година во Македонија и да постави за идни на конкретни програми. Точното изнесување на положбата во учебното дело во Македонија - според Министерството - ќе даде извонреден придонес кон историјата на бугарското училиште во Македонија"[3/].

Со окружно писмо од 12 септември 1941 година Министерството определувало посебни задачи за просветните работници, а посебно за училишните инспектори во Македонија. Инспекторите биле должни да се грижат за духовно издигнување на своите учители. При педагошките и административните ревизии тие требало да им даваат упатства на учителите, да

организираат и да раководат со службените конференции.

Инаку, конференциите се предвидувале како средишни и околиски. На нив се разгледувале прашањата од педагошки и административен карактер, општествени и народносни прашања, имајки го притоа предвид приклучувањето на Македонија кон Бугарија. Посебно од обласните инспектори се барало на крајот од учебната година да поднесуваат до Министерството колку конференции со учителите се одржани, како и местото на одржувањето и темите на обработката.

Околиските училишни инспектори биле задолжени во почетокот на секоја учебна година да прават опстојни планови за работа. Тие како претседатели на комисиите за назначување на учители биле должни да водат сметка за политичката ориентација и способноста на учителите, бидејки се знаело дека многу од учителите биле расколебани во иднината на Бугарија и бугарската држава поради нејзиното поврзување со фашистичкиот блок. Министерството барало од директорите да ги пријавуваат политичките штетни појави кај учителите до обласните инспектори, а овие да го известуваат Министерството, кое ке презема остри мерки против таквите учители.

При вршење на ревизии инспекторите биле должни да ги следат не само учителите, туку и учениците и нивните родители и да известуваат за нивните политички погледи и сфаќања. Пред инспекторите се поставувала задача "кај сите граѓани, возрасни и млади да создаваат се поздрав и поздрав бугарски дух, да изградуваат бугарски добродетели, да бараат што потесни врски меѓу учителите и граѓаните, предупредувајки ги последниве да не влијаат штетно на училиштето, да соработуваат за заздравување на бугарскиот дух и

да одржуваат ред и дисциплина кај учениците. За својата работа во таа смисла инспекторите биле должни да ги известуваат обласните училишни инспектори, а овие Министерството.

Инспекторите всушност претставувале надзорни органи на државата во извршувањето на посебната задача - денационализација на македонската младина. Како органи на државата биле должни да одржуваат и тесни контакти со другите бугарски административни органи, посебно со полицијата. Сметајќи ја оваа задача за многу важна, Министерството за народна просвета предвидувало голема одговорност за нејзиното неисполнување[4/].

Со оглед на поставените задачи "за национално преобразување на младината во Македонија" инспекторите и учителите биле задолжени за заздравување на населението, за културно издигнување на селото, за воведување на современо земјоделство и за национално воспитување на населението. Од нив се барало да говорат: 1/ за улогата на учителот за националното единство, 2/ за бугарскиот народ и неговите вековни идеали, 3/ за создавањето и развитокот на бугарската држава, 4/ за услови за јакнењето на државата, 5/ за улогата на учителот за резултатно остварување на разни државни мерки по однос на заштитата на Бугарија, и 6/ за учителот како неуморен работник за општествениот развиток и поборник за јакнењето на државата.

Меѓу изнесуваните тези од педагошки карактер треба да се истакнат: 1/ Духот на училиштето како важен услов за односите меѓу учителите; 2/ воодушевување на учителите кон постигнување на поставените задачи и чувањето на при-

добивките на бугарското единство; 3/ учеството на учениците во училиштето и општо-народните празници; 4/ односите мегу домот и училиштето; 5/ суштината и изградбата на бугарското сознание кај учениците: а/ врз поимот за бугарскиот народ, неговото обединување и неговите општи задачи и идеали; б/ во врска со народносното бугарско сознание во минатото, сегашноста и иднината: в/ врз поимот држава; г/ за улогата на државата во современиот живот; д/ врз државните и етничките граници на Бугарија, со оглед на "неослободените уште територии"; ѓ/ во врска со условите за изградба на народносно и граѓанско сознание кај македонското население, преку познавање на минатото, сегашноста и иднината; е/ за народниот бит и народните идеали како услов за народносно осознавање на Македонците; и ж/ за народното творештво како услов за народносното осознавање.

Во врска со темата "Грижи за точен и правилен израз на бугарскиот говор" биле предвидени следниве тези: 1/ Родниот јазик -скап аманет, оставен од татковците и дедовците како ризница во која се чуваат битните особености на бугарскиот творечки дух; 2/ грижи за книжовниот бугарски јазик и потреба од повисока јазичка култура при пазењето на јазичната сопственост од туѓинските јазички влијанија; 3/ бугарските народни говори и книжевниот бугарски јазик како белег на целиот бугарски народ; 4/ одговорноста на учителот за усвојување на бугарска јазична култура, говорот и писмото од македонското население; 5/ учеството на учителите по другите предмети во совладувањето на бугарскиот јазик од учениците[5/].

На конференциите во сите места најжива дискусија се одвивала по темата околу усвојувањето на бугарскиот ја-

зик од учениците. Во таа смисла биле донесувани и резолуции. Меѓу другото било констатирано дека една од најважните задачи на учителите во Македонија е да ги учат учиниците на правилен бугарски јазик и да ги одвикнуваат од "србизми", опфаќајки со изразот "србизми" често и најтипично македонски јазични белези. На една конференција одржана во Скопје донесена е следната резолуција:

- Конференцијата на учителите во Скопје и околијата дава пред сè израз на сознание дека највисок долг на бугарскиот граѓанин во Македонија е запазувањето на целокупноста и независноста на бугарската држава;

- Учителството смета за свој долг да биде проводник на духот на едномислие, договор и спокојство меѓу бугарскиот народ во Македонија;

- Учителството ќе насадува сè посилно верба во бугарскиот народ во Македонија кон државните раководители и ќе се бори против тенденциозните слухови и влијанија спроведувани од издајниците, односно ќе се бори со сите средства против туѓинските пропаганди, кои настојуваат да посегнат врз единството и високиот дух на бугарскиот народ;

- Учителот ќе биде носител на бодрост и вера во победата на нескршливите сили на бугарскиот народ и ќе ја пропагира мислата за победата на големите сојузници, а за големата и светла иднина на целокупна Бугарија[6].

Смерниците и задачите дадени на конференциите изгледа не се одвивале задоволувачки за бугарската власт. Уште во почетокот на првата учебна година обласните директори констатирале дека учителството, а посебно домородните учители, не се залежувале за исполнување на поставените задачи. Затоа пролетта 1942 година се пристапило кон орга-

низираве на повремени неколкудневни курсеви. Потоа, учителите биле укорувани за неактивност во нивната "апостолска дејност" и незалагање "брзо и енергично да ја прообразуваат младината во Македонија кон родниот говор и писмо, кон бугарската историја и просвета" и за нивната слаба национална дејност "да ги придобијат и возрасните за да можат и тие да ја усвојат својата бугарска култура"[7/].

Директорите на гимназиите како непосредни раководители биле задолжени да ја спроведуваат програмата за денационализација на македонската младина во живот. Од нив се барало да ја подигаат меѓу широките народни маси верата во силата на бугарската држава и верата во бугарската влада. Биле должни да направат сè за да ги оневозможат негативните влијанија, "кои имаат за цел да го поткопаат единството и целоста на Бугарија, да го пореметат внатрешниот ред во земјата, да ги разложат духовните сили и да го поткопаат моралниот фронт, што штетат на бугарската држава и нејзините институции, особено на бугарската армија". Директорите биле должни да ги разобличуваат сите слухови штетни за бугарското единство и едномисленост и во таа смисла да издадат наредби на сите учители под страв на одговорност да се придржуваат кон упатствата за работа[8/]. Министерството со посебно окружно писмо им дало на директорите и посебни директиви, искажувајќи дека образованието на учениците во моментот претставува само средство за постигнување на основната цел - бугарско национално осознавање на учениците во служба на голема Бугарија[9/]. Барајќи од директорите да се залогат за брзо бугаризирање на македонската младина, тоа советувало да се започне прво со сиромашните ученици, кои

имаат потреба и од материјална помош од државата. Доколку во таа мисија ќе се сретнат штетни појави, против таквите ученици се барало да се преземат брзи и решителни мерки и да се разбијат во самиот никулец сите негативни влијанија и тенденции. Во таа смисла на директорите им се давала полна власт, но истовремено за неуспехот во постигнувањето на поставените цели се предвидувала голема одговорност[10/].

Министерството организирало со директорите и посебно советување на 20.III.1942 година, на кое учествувал лично и министерот за просвета Б.Јоцов. Во своето излагање тој ги изнесол важните задачи што стојат пред учителите во Македонија, додека по него директорот за средно и више образование Глигор Христов зборувал конкретно за школската и вонишколска дејност на учителите, за националното и граѓанското воспитување на учениците и нивните родители, за родителско-учителските комитети и нивното значење за "бугарските национални идеали". Началникот за средно образование Петар Иванов своето излагање го концептирал врз дејноста на бугарскиот просветен апарат во исполнување на програмата на културниот живот. Сите говорници, меѓутоа, потцртале дека исполнувањето на програмата треба да води кон една единствена цел: бугарското училиште преку воспитувањето на македонската младина треба да помогне во зајакнувањето на бугарската национална свест и величењето на бугарската држава[11/].

Иако целокупната дејност на бугарскиот просветен апарат била сведена исклучиво врз денационализацијата на македонскиот народ, а во прв ред на македонската младина, не биле постигнувани очекуваните резултати. Не сакајќи да се соочи со вистинските причини на неуспехот, бугарското

Министерство за народна просвета вината ја префрлувало исклучиво врз учителите. Тоа се обрнало до директорите и раководителите на училиштата и барало по секаков начин да се натераат учителите да ја засилат својата општествена и воспитна дејност меѓу народот и да станат вистински вдахновители на младината во новоослободените земји кон светлите идеали и да создадат кај неа сознание за служење на бугарштината". Посебно од учителските совети и класните раководители се барало да ги исполнуваат доследно задачите поставени од Министерството. Преку психофизички посматрања и проучување тие требало да преземаат потребни мерки за враќање на сомнителните по мироглед ученици од лошите идеи, или тие да бидат отстранувани од училиштата. Во таа смисла се препорачувала активна соработка со другите државни фактори, кои исто така работеле за национално осознавање а засилување на моралните квалитети кај учениците. Се советувало да се проучуваат личните карактери на учениците и истите да се искористуваат во постигнувањето на националните идеали[12/].

Министерството за народна просвета се погрижило да даде опширни упатства за дејноста и на учителите. За таа цел издало посебна брошура под наслов "Општи упатства за службениците во служба на Министерството за народната просвета". Во брошурата се разработуваат упатствата и советите за учителите во врска со нивните претстојни дејности во "новоослободените земји" и се препорачува да бидат во полна услуга во националните акции[13/].

Учителските совети пристапиле уште со започнувањето на првата редовна учебна година кон приготвување на

посебни планови за постигнување полна контрола врз учениците, особено врз оние што давале отпор против бугаризирањето, како и против оние, коишто биле "опфатени од социјалната болест - комунизмот". За нив се предвидувало преземање мерки за праќање на "прав пат" со помош и содејство на нивните родители. Доколку родителските совети не би помогнале, директорите биле должни да се обрнат на властите за помош[14/].

Покрај инструкциите давани до целиот просветен кадар Министерството посебно полагало надеж во командируваниот учителски кадар и барало од учителите извонредно залагање во нивната мисија македонската младина да ја подготват за предана служба на царот и Бугарија, да создадат кај младината мисла дека бугарскиот народ е определен од бога да има историска мисија на Балканскиот Полуостров и да биде подготвена за извршување на таа историска мисија[15/]. Определувајќи ја поконкретно улогата на командираните учители во Македонија, од нив барале да имаат освен квалитети како добри педагози и одредени квалитети на специјални функции, одредени од бугарската влада. Пред сè, командируваниот учител требало самиот да биде правилно ориентиран во сите национални аспирации на државната политика и нив умешно да ги пренесува врз учениците; да биде запознаен со сите внатрешно-политички проблеми и да се стреми да создаде кохезија меѓу надојдените Бугари и Македонци[16/].

## 2.- Училиштето и учителот во служба на фашизмот

Поврзување на Бугарија со Германскиот Рајх и остварувањето на големобугарските идеали со помошта на фашизмот не претставувало само обичен воен сојуз, во кој Бугарија ќе

ги реализира своите "национални идеали". Во својата суштина големобугарската политика, водена од бугарските владеачки кругови со децении, секогаш во себе криела фашистичка идеологија. Бугарското училиште со децении воспитувало ученици во историската мисија на бугарскиот народ на Балканот, што всушност претставува идеал на фашистичка воспитна система. Насекаде тоа гледиште се спроведувало во бугарските училишта од страна на бугарските фашистички идеолози и општественици како педагошка максима, макар што во практика ја одречувале својата теорија. Тие на дело го принудувале и го задолжувале бугарското учителство да работи за идеалите на голема Бугарија, за месијанската улога на бугарскиот народ на Балканот. По таков начин прикриениот фашизам во Бугарија создавал од учителите агенти и спроводници на својата фашистичка политика подмаската на беспартијност. За да го прикријат тој парадокс, прикриениот фашизам го терал учителството да се занимава со "чиста" наука и да ги докажува историските права на Бугарија кон Македонија, наречена уште "лулка на бугарштината"[17].

Со особена ревност фашизмот во Бугарија проведувал шовинистички патриотизам и религиозен мистицизам. Учебниците по историја и географија, по бугарскиот јазик /разни христоматии и др. / биле полни со дух на изопачено родољубие, кое во себе криело никулец на желба за конфликти и неизбежни војни. Празниците на "народните будители" на Кирил и Методи, на Климент Охридски, на детето на трендафилите и др. биле обрнати во гнезда и расадници на големобугаризам и тесен бугарски шовинизам. Песни, говори, игри, декламации, сите дишеле со воинствен дух, распалувале омра-

за, сееле непријателство и носеле смут. Новите востановени празници на "победите" , на "хероите"; празникот на "христијанизирање на бугарскиот народ" и др. носеле нови бранови на земири. Се нижеле изложби, филмови, конференции, опресни-телни курсеви и др. во кои секогаш главна тема била војната, маскирана со превезот на неостварените национални идеали. Од сето тоа се добил агресивен шовинизам измешан со религиозна мистика. Децата и учителите биле запоени со духот на фашизмот и тој станал цел во просветата и воспитувањето[18].

Недозреаната и заблудената бугарска интелигенција, оптоварена со големобугарските неостварени идеали барала место да ја пласира својата жед за дејност. Таа во 1940 година сè помасовно се поставала во услуга на бугарското просветно дело. При редакцијата "Учител" бил создаден идеен кружок, кој меѓу другото си поставил за цел да создава "религиозно, морално и политичко единство на бугарскиот народ и да работи на проширување суверенитетот на бугарската држава врз сите земји на кои Бугарија има историски права[19]. Во статијата "Војната и училиштето" во споменатово списание пишува дека училиштето е за мир, против војната, но војната е постојанен сопатник во животот на народите, таа е неизбежна и според тоа останува само едно - да се направи да биде помалку штетна и побезопасна за човечкиот живот. Според списанието, штом не може да се избегне војната, тогаш треба да се работи таа да се добие. Според тоа секој Бугарин треба да работи за своја лична подготовка и за военa подготовка на својот народ со цел да ја спечели победата. Затоа, бидејќи се живее во психоза на нова војна, задачата на училиштето би била: 1/ да го подготви психолошки делото

на идната војна, 2/ да го подржува духот на војниците на фронтот и по таков начин да придонесе за успешен крај на војната, и 3/ да ги успокојува духовите во внатрешноста[20/]. Во истото списание на друго место пишува дека на хоризонтот се јавува перспектива за "Велика Бугарија"[21/], а во друга една статија се потцртува декретот на Хитлера до германскиот народ и се застапува максимата дека врховната цел на училиштето е да ја воспитува младината во служба на народот и државата и тоа во духот за национализам. Се што пречи на таа цел е забрането и се гони[22/]. Во друга статија во "Учител" се изложува начелото "дека националистичката воспитувачка система по свое потекло не е дело на педагошки планови, туку на политичка борба и нејзините закони" Во статијата се заклучува дека во таа система имало правда, бидејќи пред за се зборува за ново воспитување, треба да се создаде нов општествен поредок и дека секое образование , кое е по страна од таа националистичка воспитна стварност, останува апстрактно и туѓо на народот. Според статијата, само таква строга политичка школовка може да роди вистинско образование. Статијата притоа ја зема за поука германската национал-социјалистичка идеологија и му препорачува на бугарскиот народ да ја земе за пример Хитлеровата "нова држава", која ги остварила преку национал-социјализмот "националните идеали".

Воената подготовка, започната уште пред војната од училишната зграда, продолжила и по остварување на големобугарските идеали, односно по окупирањето и присоединувањето на Македонија кон Бугарија. Бугарското училиште продолжило да култивира почит и слепа верба во монархот, царот. Во педагошките списанија се барал "силен човек", "цврста ра-

---

ка", што ќе води и управува. Министерството за народната просвета ја издало книгата од Атанас Илиев "Национално сознание" во која го разгледува прашањето "народ и раса" како две сили за националното сознание, кои ја пазеле физиономијата на единството на националниот карактер и културата. И во таа смисла авторот поставувал прашање: "Ако се запрашаме која форма на управата би била најцелисходна за нашиот народ, не е мачно да одговориме... најцелисходна форма е конституциона монархија". Овој педагог го советува бугарското учителство да издигне национален дух како кинески ѕид против брановите на меѓународната култура, да тргне назад кон националното, кое во својата суштина значело пробудување на самобитниот творечки дух на народот. На крајот упатува апел, изјавувајќи дека од особено значење е да се создаде пат во душите на учениците кон личноста на царот, под чие раководство бугарскиот народ успеал да ги оствари националните идеали. Разгледувајќи го прашањето за територијално раширување на државата, им препорачува на учителите пред учениците окупацијата на Македонија да ја објаснат како нужност за бугарската држава. Според таа теза, "народот постојано расте, се множи, прескокнува државни граници". Тоа особено јасно се покажува кај експанзивните народи, како што се германскиот, јапонскиот, па и бугарскиот народ, кој бргу се зголемувал[23]. Истава мисла искажана е и во списанието "Учител" во статијата "Национален активизам", во која стои дека бугарскиот народ е повикан да биде голем народ и му се паѓа бесмртна чест да биде родоначалник на големи дела... да се воодушевува за една голема Бугарија. На бугарскиот народ му е потребно не само тоа што го загубил,

туку нешто повеќе. Тој треба да поврати сѐ што е загубено, и дури и да извојува нешто ново, бидејќи "со повратеното ќе стане силен , а со новопридобиеното - голем"[24/].

Методот во спроведувањето на фашистичките идеи во училиштата во Македонија и во училиштата во Бугарија се разликувал до толку,што учениците во Бугарија биле воспитувани да бидат освојувачи на туѓи територии и потоа да го чуваат освоеното врз база на остварените национални идеали, додека учениците во Македонија биле воспитувани да ја примат окупацијата како нешто природно, како ослободување. Од друга страна, и едните и другите ученици биле воспитувани да имаат верба во водачите на бугарската држава и иднината на Бугарија да ја согледуваат во победата на фашизмот.

Целиот бугарски просветен апарат, целата школска система била подредена на бугарскиот национал-шовинизам, измешан со религиозен мистицизам и парадна церемонијалност. Со нивната помош се настојувало да се загуби кај учениците самостојната мисла и активност, критичната способност на младиценот да се замени со туѓа заповед, а сѐ во интерес на бугарската држава[25/].

Фашизмот се стремел да всадува во бугарските училишта дух на покорност и затоа задушувал и наказувал уште во никулец секоја појава на отпор. Од учениците се барало да бидат беспрекорно покорни, и училиштето се претворувало во завод за создавање на автомати. Затоа биле создадени посебни програми и разработени методи и средства за работа со македонската младина, согласно со спецификностите во врска со окупацијата. Се организирале опишаните курсеви за учители, прилагодени на новиот дух за просветна дејност, се создавале правилници, кои до најмали подробности пред-

видувале како и во која насока да се движи животот во бугарските училишта во "новоослободените земји". Затоа биле мобилизирани сите интелектуални сили и им се давале задачи што требало да ги извршуваат. Сé се сливало во општо крито на големобугарскиот шовинизам и оправдување пред прогресивното мнение на светот дека со завладувањето на Македонија се исполниле националните идеали на Бугарија[26/].

Уште во основното училиште бугарското учителство настојувало да ги запои македонските деца со големобугарскиот дух и со тоа да ги приврзе за Бугарија. Разните игри, песни, рецитации требало да го зајакнуваат патриотизмот, а со тоа да ја засилуваат воинственоста. Како четива за големобугаризмот биле употребувани текстови во кои се истакнувало херојството на бугарскиот војник. Националните свечености се обрнувале во шовинистички и провоени демонстрации по улиците и плоштадите, каде што задолжително учествувале сите деца[27/].

Младината во времето на окупацијата и фашизмот полека била подложувана на постојанен психички терор. Ова го констатира подоцна, по ослободувањето на Бугарија од фашизмот и списанието "Училиштен преглед", каде што се вели при една прилика: "Што фактички станувава со таа младина во време на фашизмот? Таа расне во условијата на терор, се учеше, т.е. ги смокаше соковите на фашистичката теорија и практика низ школските системи. Затоа училиштето беше смукачки апарат низ кој фашизмот предаваше отровна награда на младите поколенија и тие станувaa рахитични, умираа. Тоа беше нашата интелигенција"[28/].

Се разбира, спроведувањето на големобугарските идеали и фашизирањето на македонската како и бугарската младина му беше поверено на учителството, како авангарда во воспитниот систем. Затоа бугарската влада преку Министерството за просвета, најголемо внимание обрнувало на учителите во Македонија. Учителот во Македонија, според бугарската логика, бил поставен во една нова состојба, која му наложувала нови задачи. Пред се, тој требало да работи во една поспецифична средина, да работи меѓу младина, која "сосема малку или ништо не знае за бугарската историја и минатото на својот народ". Затоа и една од главните задачи на учителите била да ја поврзат окупацијата со историските права на Бугарија кон Македонија, а особено да се стремат да создадат од Бугарија и Македонија една државна целина, откако ќе му го наложат бугарскиот дух и бугарскатамисла на македонскиот народ. Тие требало да создадат кај македонската младина сознание дека државата и народноста се единствени и неразделно сврзани. Кој сака да ја пази народноста, треба да ја пази државата, односно државниот управен апарат. Како уфикасни средства за постигнување на тие задачи се препорачувало организирање на разни поклонувачки излети до местата, каде што бугарските војски во минатото однесувале победи, украсувањето на гробовите на бугарските војници кои се бореле за остварување на "општобугарскиот идеал" обединување на деловите од бугарското племе во единствена бугарска држава"29/.

Со оглед на воената положба и несигурноста во исходот на војната и во согласност во фашистичката ориентација на бугарскиот државен апарат и тесно поврзување на големо-

бугарските идеали со победата на фашизмот, пред бугарското учителство во Македонија се поставувало како задача да ја ориентира македонската младина кон фашизмот и да влее во неа верба во победата на германскиот Рајх, односно на фашистичките сојузници од силите на Оската. Во статијата "Патот на Бугарија", објавена во списанието "Просветно единство" од 20.XII.1941 година јасно се формулирани тие задачи: "Од три години наваму се води војна на живот и смрт меѓу луѓето од Нова Европа и сојузот на плутокрацијата со комунизмот. Сојузните германски и италијански војски ги ослободија европските народи од еден кошмар... И кај нас, во Бугарија, се кова денес судбината на нашиот народ за векови напред... Ако биде поставено прашање како треба да мисли бугарското учителство по тоа може да има само еден одговор: Бугарскиот учител е верен син на својот народ и тој е таму, каде што е и неговата држава". Според статијата, учителите се убедени дека Бугарија во моментот може да има само една политика - политика на верност кон Оската... "Ние денес благодарејќи на победоносните војски на Германија ги добивме скапоцените за нас бугарски земји. Затоа нашата отплата треба да биде само една: верност"30/. Посочувајќи му ги новите задачи на учителот во Македонија во истото списание, во статијата "Месијанската улога на учителот во Обединета Бугарија" стои дека Голема Бугарија има потреба од полно единство на народот околу тронот на бугарските цареви. Остварување на тоа единство може да го помогне учителството преку воспитувањето на македонската младина. "Учителот е тој кој ќе биде на предна линија со својата месијанска дејност за изградување на единствени

национални, просветни и културни основи на обединета Бугарија... Тој е што ги вложи сите усилија да биде наполно полезен за изградба и процут на богата сестрана култура во граѓаните на обединета Бугарија - определена од Провидението да биде месијанска држава во новото устројство на Европскиот континент"[31/]. Во статијата "Учителот и денешното време" објавена во [redacted] споменатото списание обрнувајки се кон учителството, командирувано во Македонија, се велича борбата на германскиот фашизам за Нова Европа и притоа го определува и местото на Бугарија". "Наша судбина е тесно сврзана со тристраниот блок. Тркалото на историјата се обрна неочекувано брзо и го разреши среќно нашиот национален проблем... Под раководството на умните бугарски државници, бугарскиот учител во Македонија ќе ги развие своите творечки сили да изгради една голема и моќна Бугарија, која ќе биде достоен член на новиот Европски блок. Тоа ќе биде и нашата најголема отплата на синовите на Големиот Рајх, кои со своите херојски подвизи го довршија делото на нашето обединување". Исполнувајки ја таа своја мисија, дадена од "Провидението" бугарскиот учител треба да се одаде на упорна работа во исполнувањетона својата апостолска мисија во "новите земји", а тоа ќе го постигне, ако се стави во услуга на власта против сите оние што би направиле обиди против "неразрушивото единство и сплотеноста на бугарскиот народ"[32/].

И навистина поголем дел од учителите командирувани во Македонија исцело се заложиле да ги спроведат сите инструкции на фашистичката бугарска власт за денационализација на македонскиот народ. Учителството во Македонија - "армија

на несреќници, проколнати од судбината хулигани, лишени од образ и општествена грижа, исфрлени од животот и стварноста" се фрлиле на работа во Македонија, доскоро поробените Македонци да ги усреќат со фашистичкиот нов ред. За нивната улога во Македонија Самодумов вели: "Од тие огромни легиони на злосреќниста /учителите, б.н./ се регрутираа смелите апаши, платените детективи и продадени агенти. За нив понекогаш судбината ги одредуваше најголемите награди: благоденствието, богатството и почитот. Калени во животот, смели до глупост, самоодречени до смрт, тие плукаа на својот образ"[33/].

## 3.- Наставните програми и наставата во бугарските училишта во Македонија

Бугарските наставни програми и самата настава во Македонија во сите степени во бугарските училишта биле насочени кон две основни цели: 1/ бугаризирање на македонската младина, односно целиот македонски народ и 2/ создавање приврзеници за "новиот ред" во Европа на чело со фашистичка Германија. Сите донесувани планови, програми и упатства за изведување на наставата биле подредувани во таа смисла, макар што во самата разработка се настојувало сето тоа да се прикрие[34/]. Преку специјалните програми за бугарските училишта во Македонија требало да се стесни умствениот видокруг на учениците за да се даде простор на големобугаризмот, преувеличен и изопачен, прераснат во големобугарски шовинизам. Преку програмите требало да се создаде омраза и презир кон соседните народи, кон антифашистичките идеологии, и да се создаде милитаристички дух и верба во герман-

скиот фашизам и неговата победа[35]. Во таа смисла биле издавани и посебни наредби, според кои секој учебен предмет во училиштето да биде пред сѐ орудие за "воспитување на национални, граѓански, семејни и лични добродетели"[36].

Како најцелисходни предмети за постигнување на поставените задачи се сметале оние кои зборуваат за бугарското минато, култура и битот. Потоа предметите што можат со својата содржина да се искористат за одгледување на младината во духот на времето, односно фашизирање на образованието. Такви предмети се сметале за најсилни фактори за делување врз душите на младите во создавање на големобугарски и фашистички мироглед[37]. Таква група предмети требало исклучиво да се доделуваат на учителите дојдени од Бугарија, бидејќи на домородните учители се немало верба[38]. Групата предмети избрани како најпогодни за бугарско национално воспитување биле поставени на преден план во бугарските училишта од сите степени[39] сѐ додека македонската младина не се израмни по дух и погледи со бугарската младина. Дотогаш сите такви предмети требало да служат исклучиво во всадување на "здрав народносен дух". Според Дирекцијата на националната пропаганда во Македонија, "во душата и срцето на секој питомец на народното училиште требало преку наставата на предметите од "бугарознанието" да се собуди и развие активен однос кон Бугарија и секој ученик да биде готов да го посвети својот живот и понесе жртви за остварување на народните идеали". Се предвидувало на секој учебен час по тие предмети да се всадува дух на бодрост и вера во иднината на Бугарија. Тоа можело да се постигне најмногу преку изучувањето на бугарскиот јазик, бугарската на-

ционална историја и географија, како и други предмети сродни со овие[40].

Училишниот управен апарат во Македонија ги прифатил општите смерници дадени од бугарската државна власт и пристапил кон правење на сопствени планови, кои биле во согласност со односното подрачје. Обласните училишни инспектори пристапиле кон правење на планови за секоја година, и во тие планови била опфатена дејноста на учителите и наставната програма. Во моментот располагаме со една таква програма издадена од Обласната училишна инспекција во Битола, издадена за учебната 1942/1943 година. Бидејки таквите програми не се разликувале многу од оние што биле издавани од Обласната училишна инспекција во Скопје, ке изнесеме некои поважни моменти од оваа програма. Пред се Битолската обласна инспекција констатира дека во "новоослободените земји" не се измениле условите за една учебна година и специфичностите во Македонија наложувале и натаму учителите да ја изведуваат наставата по групи предмети по "бугаризирање" не само како општообразовни, туку и национално-воспитни. Предвидувајки посебни цели за учителите во Битолската учебна област Обласната училишна инспекција наложила:

1/ Постоечкото народносно бугарско чувство во ученикот и во целото население да стане сознателно, или поколенијата да се вклопат во на односната и државната целина преку потенцирањето на минатото и културата на бугарскиот народ;

2/ Да му се објаснува на населението, особено на учениците дека кај нив не е зацврстено бугарското национално чувство и сознание за бугарската народност и држава поради долгото ропство. Да им се укажува дека народноста и држа-

вата се неразделни и дека жртвите за државата треба да се даваат еднакво, како што се давани и порано за бугарската народност;

3/ Да се објаснува дека сите културни средства за единството на бугарскиот народ биле во минатото уништени во Македонија. Бугарската книга, училиштето, цлквата, друштвата, споменициите, народните празнувања, особено бугарската народна песна, обичаите, традициите, преданијата биле терани од туѓинската власт, поради што дошло до губење на бугарското сознание кај еден дел од населението во Македонија;

4/ Да се потенцира дека во резултат на такви услови дошло до губење на секакво познавање на минатото на бугарскиот народ во Македонија, а напротив дошло до големи постигнувања во слободниот дел на бугарскиот народ во пределите на бугарската држава;

5/ Да се обрне внимание во наставата за противреакција на националното воспитување, во врска со некои "разбојнички појави од страна на непријателите на Бугарија". Да се објаснуваат воjните дејствија на фронтовите и да се всадува верба во нејзиниот успешен крај.

Обласната училишна инспекција предвидувала и средства што требало да се применат во наставата. Меѓу другото таа предвидува: 1/ Настава за општобугарското минато,со посебно навлегување во борбите од поновата историја: црковните, преродбенските, револуционарно-ослободителните, месните револуционерни борби и војните за ослободување и обединување на бугарскиот народ; 2/ исполнување на месната почит кон хероите од тие борби, особено кон револуционерите од

македонско потекло; 3/ почит кон лобните места на хероите и местата на херојските подвизи, а особено почит кон местата во кои во време на Европската војна бугарскиот војник пројавил своја борбена големина; 4/ револуционерната македонска песна, гонета од Србите, да се научи и да се искористува во училиштето како средство со воспитно дејство; 5/ да се украсуваат училиштата и училниците со слики и портрети на бугарски и месни дејци со посебен текст, а нивниот живот и дејност да се вклучат во наставата; 6/ да се организираат екскурзии до местата каде што станале големи настани од револуционерните борби и војните; 7/ да се води грижа за создавање на култ кон историските места: војнички гробови, гробови на хероите од востанието, споменици и др. 8/ инспекцијата понатаму предвидува да се создадат национални олтари во училиштата и да се поставуваат ликовите на бугарските херио; 9/ особено да се одбираат и помитуваат оние херио, кои учествувале во борбите за ослободување и приклучување на Македонија кон Бугарија. Притоа да не се забораваат оние луѓе од Бугарија, кои работеле и загинале во Македонија, како на пр. капетанот Томо Давидов од Ловеч, поручникот Папанчев од Сливен, Крсто Асенов од Сливен, Пешо Паша и Марко Лерински од Котел, Лука Иванов од Панагурипте, Парашков Цветков од Плевен и др.; 10/ да се изучува историјата на секое место и неговата заслуга за општобугарското дело, како и да се изучуваат народните обичаи и традиции, кои ќе се споредуваат со таквите во Бугарија; 11/ да се формираат ученички хорови-световни и црковни; 12/ да се формираат ученички и учителски театрални трупи кои ќе даваат пиеси од бугарското револуционерно минато; 13/ да се исползуваат спомени на живите дејци за настаните во кои биле учесници;

14/ да се чита националната молитва веднаш по религиозната;
и 15/ да се ползува специјална литература, која се однесува за Македонија, особено изданијата на Македонскиот научен институт[41/].

Плановите давани од обласните училишни инспекции биле разработувани од околиските училишни инспектори спрема специфичностите на теренот, како и плановите од директорите и раководителите на поодделни училишта. Тие планови опфакале, главно, изведување на наставата со оглед на националновоспитната цел. Тежината на тие планови пагала врз предметите: бугарски јазик, бугарска историја и национална географија, но исто така [illegible] за национално воспитување биле ползувани и другите предмети. Плановите предвидувале секој учебен час да биде истовремено и час по национално воспитување.

Посебно внимание плановите обрнувале на методиката на наставата. Секој учител бил должен да го прилагоди своето предавање кон месните психолошко-социјални и битови услови[42/].

Министерството за народна просвета за да ја уедначи наставата и за да биде таа поефикасна особено инсистирало да се употребуваат само оние учебници што биле одобрени за наставата во Македонија. Со оглед на тоа дека имало учители кои употребувале неодобрени или непрепорачани од Министерството учебници, воа /Министерството / издало посебна наредба до обласните училишни инспектори, со која под закануване на кривична одговорност барало од учителите да ги користат само одобрените учебници и учебни помагала, и списокот на тие учебници бил објавен на 2 мај 1941 година[43/].

4.- Наставата по предметите од национално-воспитен карактер

Министерството за народна просвета за изведување наставата по групата предмети наречена "бугарознаење" предвидувало зголемен број часови во училиштата во Македонија. Со својата заповед од 14 октомври 1941 година тоа бара: 1/ да се зголеми бројот на часовите по бугарски јазик во I и II одделение со јазички вежби по еден час неделно и тоа од 9 до 10 часа; 2/ да се зголеми бројот на часовите по бугарски јазик во III и IV одделение со јазични вежби по еден час неделно и тоа од 6 до 7 часа; 3/ да се намалат часовите по сметање во сите одделенија со по еден час неделно, односно од 4 на 3 часа; 4/ да се зголеми бројот на часовите по "родинознаење" во III и IV одделенија со по еден час неделно, односно од 1 на 2 часа; 5/ да се намали бројот на часовите по природознаење во II и IV одделенија со по еден час неделно, односно од 3 на 2 часа; 6/ да се намали бројот на часовите по рачна работа и ракоделие по еден час неделно, односно од 2 на 1 час; 7/ да се изведува телесно воспитување по 20 минути пред започнувањето на редовната настава во деновите кога нема редовен час по овој предмет; 8/ секој ден да се пее барем по половина час, претпочитувајки ги при тоа бугарските национални песни. Министерството барало воведување на пропераката во сите основни училишта во Македонија[44/]. Врз основа на наредбата од Министерството обласните училишни инспектори, правеле посебни распределувања на неделните часови и ги испракале

на теренот[45].

Зголемување бројот на часовите со групата предмети од "бугарознаењето" се однесувало и за прогимназиите, гимназиите и гимназијалните клонови. Административниот совет при Министерството за народна просвета на своето заседание од 23 октомври 1941 година /Протокол бр. 219 / го донел следново решение:

1/ За сите ученици од I и II прогимназијален клас и во IV и V, VI, VII, и VIII клас на гимназиите и гимназијалните класови во Македонија, "Моравско" и Тракија, во учебната 1941/1942 година да се зголемина изучувањето на национална географија со по еден час неделно;

2/ Во сите наброени класови да се зголеми и наставата по национална историја. Оценката по бугарска и општа историја во I и II прогимназијални класови и IV и V и VI класови на гимназиите да претставува средна аритметичкаю оценка од двата предмети.

3/ Оценката по бугарска и општа географија во I и II прогимназијален клас и во V, VI и VII клас на гимназиите да претставува средна аритметичка оценка од двата предмета[46].

Зголемувањето бројот на часовите по посочените предмети се оправдувало заради тоа, што учениците од Македонија и "западните покраини", кои порано посетувале српски училишта, немале можност да го учат бугарскиот јазик, бугарската литература, бугарската историја и националната географија, кои по својата суштина имаат огромно значење за зацврснувањето на бугарското национално сознание и бугарски мироглед. Со тоа зголемување Министерството целело учениците од "новоослободените земји" да се вклучат побргу во

бугарската просвета и култура и да се запознаат со народносните пројави и духовните цености на бугарскиот народ[47].

Учебната програма требало да биде сообразена не само со особените објективни услови, туку истовремено и со тенденциите за денационализација на македонската младина. Прво место во програмата на училиштата во "новоослободените земји" имал предметот бугарски книжевен јазик. Преку него се целело да се создаде "загубеното" бугарско национално сознание, да се всади бугарски дух и да се "пречисти месниот јазик". Преку знаењето на овој учебен предмет можело да се даде бугарска насока во тие краишта и да се постави основа на една обука и воспитување, кое ќе има за задача да изврши "преродбенски" подвиг и да го оцрта идниот развој на народот во Македонија, Моравско, Тракија и Добруџа[48].

Учењето на бугарскиот јазик требало да ја опфати не само младината во училиштата, туку и возрасните - мајките татковците, браќата и сестрите така што преку познавањето на бугарскиот јазик сите да претставуваат бугарска целина. Ова било дотолку попотребно што бугарската окупациона власт јасно сфатила дека луѓето во окупираните области во секој поглед претставуваат посебни народности[49]. Според тоа, учењето на бугарскиот јазик во училиштата во "новоослободените земји" требало да се постави на најголема висина и да се осмисли до таква степен да даде најголем резултат, односно да претставува почеток и крај на секакво учење, а посебно на обуката по бугарознаењето[50]. Со еден збор, учењето на бугарскиот јазик, толку важно за големобугарските идеали во дадениот момент, требало да биде спроведено на таков начин и при една определена програма, со која треба да се ангажираат учителите, повикани својата мисија да ја извршат

со воjничка дисциплина. Тие своjата "историска" задача требаше да ја извршат "некаде - за народносното бугарско осознавање, а некаде со калемење на бугарското сознание за народна припадност"[51/].

Учењето на бугарскиот jазик во првите одделениjа требало да биде полно и на висина. Пред се, првачињата требало да бидат ослободени од каква било настава во првиот месец во учебната година, а не една недела, како тоа било пракса во Бугариjа. За тоа време учителот би го воведувал ученикот во бугарскиот jазик и би го вовел кон мисловниот бугарски говор. Децата би имале можност да го изменат своjот jазик и полека да преминат кон усвоjување на особеностите на бугарскиот, со коj натаму треба да се служат во училиштето и на улицата. Периодот од неколку недели, нужен за усвоjување на наjелементарните знаења по бугарскиот jазик во програмата за основните училишта бил претставуван како наjважна етапа.

Програмата по бугарски jазик за вторите одделениjа во "новоослободените земjи" претрпела извесна промена во врска со специфичните услови. Промената била извршена во смисла на скратување односно проширување на учебниот материjал од поедини наставни предмети, со оглед на поставената цел: побрзо изградување на народносното сознание каj учениците за да "можат да растат во светлината на тоа сознание и да живеат со чувствата за целокупноста на бугарскиот народ".

Работата во третите и четвртите одделениjа требало да биде поразнообразна и поголема. Покраj задачите за усвоjување на бугарскиот jазик, бугарското сознание и љубовта

кон Бугарија, учениците требало да се подготвуваат за усвојување на бугарската литература.

Учењето на бугарскиот јазик и јазичната култура во прогимназиите по своите цели и методи се поклопувало со програмата за основните училишта. Пред се, требало да се започне со изучување на програмниот материјал. Учениците требало да ги усвојат бугарските букви кои се разликувале од српските и преку вежби да свикнат да читаат и пишуваат на бугарски јазик. Таква работа одземала доста време од редовната настава во секој клас, но таа во моментот се јавувала како неизбежна, бидејки претставувала прв чекор за усвојување на бугарскиот јазик. Истовремено требало систематно да се врши корекција на говорот кај учениците, како на часовите по бугарски јазик така и на часовите по другите наставни предмети. Особено големо значење за бугарско сознание и воспитување требало да им се даде на учениците од првите одделенија, бидејки децата на таа возраст почнуваат со повеќе разбирања да ја усвојуваат материјата што им се предава. Со зголемување обемот на материјалот во ист правец требало да се одвива наставата и во вторите и третите одделенија во прогимназиите. За третите класови се предвидувало и нешто повеќе. Се сметало за многу неопходно учениците од третите класови да го усвојат сосема бугарскиот книжевен јазик, бидејќи без тоа не можело да се пристапи кон изучување на останатиот материјал по литература. Целиот учебен материјал по бугарска граматика, предвиден да се изучува во првите два класа, требало да се мине и во третиот клас во најскратена форма, а потоа да се мине кон изучувањето на останатиот материјал, определен за третите класови[52/].

Од изложеното по наставата и усвојувањето на бугарскиот јазик се гледа дека процесот на "приопштувањето" на македонската младина одел во широчина. Учењето на бугарскиот јазик "тргнувало од основата на македонскиот јазик и неговото чистење од србизми". Потоа се пристапувало кон дотерување на бугарскиот јазик, стремејки се да се привикне ученикот да ги совлада сите тешкотии што произлегувале од јазичната разлика на двата јазици. Учителот требало да ги убеди учениците дека бугарскиот јазик е живни роден јазик, на кој пишувале браката Миладиновци, Григор Прличев, Рајко Жинзифов, Кирил Пејчиновик и други македонски преродбеници. Што се однесувало за зборовите кои учениците не можеле да ги изговараат или ги грешеле при читањето на бугарскиот текст, уште на часот учителот со молив акцентирал. Доколку и натаму се јавувале тешкотии, учителот одржувал и посебни часови, на кои се совладувале тие тешкотии[53/].

Општите смерници, давани од разните јазични педагози за усвојување на бугарскиот јазик од училишната младина, биле посебно разработувани на многубројните учителски конференции. Уште во септември 1941 година, согласно со едно окружно писмо од Министерството за народна просвета, било препорачано да се одржат специјални учителски конференции за сите основни, прогимназијални и гимназијални учители по бугарски јазик, на кои би била разгледана програмата и формите за усвојување на бугарскиот јазик од учениците[54/]. Посебно било истакнато дека учителите треба да вложат грижи за истакнување на најглавните карактерни особености на бугарскиот јазик, кои "го издигнуваат над сите други словенски јазици", односно да се изнесуваат неговите аналитички елементи, кои го прават за најкултурен јазик и рамен на другите

културни јазици на Западна Европа. Учителите требало да развијат кај учениците цврдост дека бугарскиот јазик во својот историски развиток отишол многу понапред од другите словенски јазици, дури "за 200-300 години" и дека рускиот и српскиот јазик ке дојдат до рамниште на бугарскиот јазик по два до три века[55/].

Истовремено Министерството за народна просвета во помош на учителите по бугарски јазик донесло решение во сите училишта да се создадат комисии од филолози, кои ке имаат во задача да направат списоци за најкарактеристичните бугарски зборови што треба најнапред да се усвојуваат од учениците. Исто така се препорачувало при секое училиште да се организираат специјални курсеви за правилно читање и правилен израз по бугарски јазик[56/].

Министерството им препорачувало на сите предметни учители да обрнуваат посебно внимание врз писмените, домашните и школските работи и да ги предупредуваат учениците дека при оценувањето на писмената работа ке се има предвид и значењето на бугарскиот јазик[57/]. Сите учители во таа смисла биле должни да испракаат до Министерството најмалку по една писмена работа за увид[58/].

Првите искуства и првите тешкотии што ги сретнале учителите во совладувањето на бугарскиот јазик од учениците во Македонија ги принудиле бугарските просветни власти да бараат нови форми во натамошната работа и да ги отстрануваат слабостите во методиката. Министерството за народна просвета испратило во почетокот на втората учебна 1942/1943 година окружно писмо до учителите по бугарски јазик, во кое барало од нив на бугарскиот јазик да не гледаат како на обичен предмет, туку како на основа за бугарската национална

кауза[59/]. Со оглед на тоа дека во првата учебна година не се постигнале очекуваните резултати, се барало да се прошират формите на работа преку форсирање на учењето на разни бугарски стихотворби, раскази, повести и романи. Било препорачано во сите гимназии да се читаат и да се разгледуваат одбрани состави од бугарско народно творештво и поезијата, во кои се изнесувала силата на бугарскиот народ. Со тоа се целело да се создаде кај учениците емоционално расположение кон бугарската литература. Но за да можат таквите творби да оставаат трајни траги во сознанието на учениците, требало да се учат напамет. Кога учениците ќе ја свршат гимназијата, тие да можат да располагаат со знаења што никогаш не се заборавaат, бидејки се научени напамет[60/]. Споменатите и други форми за усвојување на бугарски јазик од учениците биле предмет на разгледување на постојаните учителски конференции, одржувани во присуство на високи функционери на Министерството за народната просвета или обласните училишни инспектори. По овие конференции претставниците на просветните власти барале да се одржуваат часови со учениците во нивно присуство[61/]. Констатирајки ред слабости и незадоволителен неуспех во наставата, просветните власти барале да се организираат вонредни часови по бугарски јазик и да се обрнува поголемо внимание на формите и методите на наставата[62/]. Истовремено им била дадена сугестија на учителите по бугарски јазик да ги оставаат на поправен испит сите ученици кои покажувале слаб успех по бугарски јазик за да бидат ангажирани да учат и во летните месеци.[63/] Во замена на тоа се препорачувало да им се

доделуваат посебни награди во пари и книги на учениците што ке покажат добар успех по бугарски јазик, како и од предметите бугарска историја и национална географија[64].

И покрај целата ангажираност на наставата и даваниот приоритет на предметот бугарски јазик, бугарското Министерство за народна просвета не можело да биде задоволно со резултатите, макар што пропагандата трубела дека во наставата по бугарски јазик се постигнати големи успеси[65]. Во сите годишни извештаи на училиштата во Македонија се констатира дека најслаб успех учениците постигнувале по предметот бугарски јазик и тоа во сите класови во гимназиите[66].

Вториот предмет на кој бугарската просветна власт во Македонија полагала надежи за воспитувањето на македонската младина во големобугарски дух била националната историја. Во своите упатства по овој предмет Министерството за народна просвета укажува дека преку националната историја ке се разбијат сите сомневања и резерви кај учениците во натамошната иднина на Бугарија, определена од "Провидението" да одигра првостепена улога на Балканскиот Полуостров. Од секој учител се барало да ги исползува сите средства и начини за постигање што поголем успех по овој предмет во училиштата во Македонија[64].

Со окружно писмо Министерството за народна просвета уште со започнувањето на првата учебна 1941/1942 година дава упатство за ползување на бугарската национална историја како наставен предмет за изградување на бугарско национално сознание кај учениците во Македонија и Моравско. Притоа се поставувал посебен критериум за овој предмет и се пропишувала посебна програма за овие краишта[68].

Основната концепција во наставата по бугарска национална историја била обојување на македонската национална историја како бугарска и нејзиното соединување со бугарската национална историја. Во таа смисла бугарскиот учител по национална историја бил упатуван на целокупната бугарска историографија, која со децении вршела фалсификати во историската наука. И доколку во дотогашните учебници по бугарска национална историја се поткраднувале моменти во кои се манифестирала македонската индивидуалност, тие биле исфрлувани и биле прилагодувани во духот на национална асимилација[69/].

Општите упатства за предавање на бугарската национална историја ја зафаќале материјата од доаѓањето на Бугарите на Балкан па сѐ до Втората светска војна. Притоа од учителите се барало да навлегуваат во потенцирањето на "бугарскиот" лик на Кирила и Методи, Климента и Наума, на цар Самуил и Охридската архиепископија, на македонските преродбеници и револуционери, на бугарскиот карактер на Илинденското востание, на учеството на Македонците во Балканските војни и Првата светска војна во редовите на бугарската армија и слично[70/].

За разгледување на специјалната програма по бугарска национална историја Министерството наредило да се свикаат посебни научно-педагошки конференции со учителите по историја од 1 до 9 мај 1942 година и да се разгледаат резултатите од првата учебна година. На тие конференции било констатирано дека програмата по историја, доколку се однесувало за националното воспитување на младината, била помината успешно. Меѓутоа, се констатирало и тоа дека било

недоволно обрнато внимание на современите настани, односно на поврзувањето на Бугарија со фашизмот како логична историска неминовност, доколку бугарскиот народ треба да го продолжи патот на својата историска мисија[71/]. Поврзувањето со германскиот Рајх и Јапонија требало да се правда пред учениците дури со откажување на Бугарите од словенско потекло и прогласување на бугарскиот род за потомци на Хуните и Монголите, што значело и роднини на Јапонија. Со тоа требало да се правда сојузот со далечна Јапонија[72/].

Бугарската национална историја, како и бугарскиот јазик, имала приоритет во учебната програма. Министерстово советувало таа да биде предмет на дискусии и на часовите по другите предмети. Сите учители независно од својата специјалност биле должни да разгледуваат и расправаат со учениците прашања "од светлите страници на бугарската историја..."[73/]

Третиот предмет од групата по "бугарознаење" била национална географија. Додека овој предмет во училиштата во Бугарија се изучувал само во третите класови на прогимназијата и во седмите класови на гимназијата, поради своето национално-воспитно значење бил воведен во сите класови на прогимназиите и гимназиите во Македонија. Административниот совет при Министерството за народна просвета во врска со воведувањето на овој предмет во сите класови донесло решение , во првите прогимназијални класови да се воведе национална географија по еден час неделно за сметка на аритметика, во вторите прогимназијални класови по еден час за сметка на природознание, во третите класови неделниот број часови по овој предмет да се зголеми уште со по

еден. Во гимназијалните класови национална географија се воведувала со по еден час за сметка на општа географија, цртање, логика или модерните јазици.[74/]

За нагледна настава по национална географија Министерството за народна просвета на поголем број училишта им доставило мали киноапаратури со кои се прожектирало пред учениците филмови за природните убавини на Бугарија. Учителите од селата биле задолжени да ги водат своите ученици во соседните градови за прожектирање на такви филмови[75/].

Тежината на предметот национална географија требало да падне врз создавање на претстави кај децата за Бугарија како добро уредена и организирана земја, која прилича на "цветно уредена бавча" обработена од народот, во која секој граѓанин ја врши својата работа. Учителот требало пред учениците да ги открива убавините и богатствата на Бугарија, да зборува за нејзините граници и да создаде во детските души оптимизам и вера во силата и моќта на Бугарија[76/].

Министерството за народна просвета од 1 до 8 мај 1942 година одржало редица конференции за гимназијалните учители по историја и географија во Скопската и Битолската училишна област, на кои биле разгледувани прашања искрснати во текот на изминатиот училиштен период. Посебно внимание било обрнато врз методските единици по двата предмета. Биле прочитани и повеќе реферати со големобугарска содржина. Така проф. Иван Батаклиев зборувал за "Географското единство на бугарските земји", Симеон Радев зборувал на темата "Бугарија и нашите соседи од Берлинскиот конгрес наваму"[77/], проф. П. Мутафчиев за "Српските проникнувања во Македонија", проф. Иван Дуjчев на темата "Бугарија при

цар Самуил", Коста Црнушанов за "Илинденското востание" и "Учители-револуционери", Г. Велев за "Град Охрид во минатото" и др. Сите предавања имале како основна тенденција да го докажат "историското " право на Бугарија на Македонија и дека "обединувањето" на Македонија со Бугарија е резултат на такво историско право, кое се исполнило во моментот поради создадените поволни политички услови. Во сите такви предавања не се пропуштало величењето на германскиот Рајх[78].

На овие учителски конференции биле донесувани заклучоци кои обично се сведувале на давање смерници за натамошна асимилација на македонскиот народ. Меѓу другото, биле донесени решенијата: 1/ Во "новоослободените земји" да се предаваат и во следните учебни години во сите одделенија и класови предметите бугарска национална историја и национална историја по специјална програма на Министерството за народна просвета, наменета исклучиво за тие краишта; 2/ да се набележат и истакнат сите поважни настани од историјата на Македонија; 3/ да се издадат книги за бугарската историја и геогпафија спрема потребите и интересите на Бугарија во "новоослободените земји"; 4/ да им се овесни на учениците од "новоослободените земји" да посетуваат историски места во Бугарија; 5/ да се продолжи праксата за зголемениот број часови по историја и географија[79].

Меѓу наставните предмети од групата "бугарознаење" спаѓале и предметот пеење и музичка култура. Наставата по овој предмет се состоела, главно, во учење на песни со бугарска национална содржина, како и во учење на македонски народни песни, прогласувани за бугарски. На предметните наставници им се препорачувало на македонските песни да им

даваат бугарска ритмика и по таков начин да се изедначуваат со бугарските народни песни. Од своја страна Министерството за народна просвета се погрижило да испрати во Македонија добро подготвени учители по музика, давајки им при тоа посебни упутства и пораки[80]. Министерството истовремено барало од учителите по пеење и музика да одржуваат тесни врски и со учителите по другите предмети, односно учителите по другите предмети да одделуваат по десетина минути од своите часови за исполнување на песни. Особено им се препорачувало на учителите по рачна работа своите часови да ги комбинираат со песни. Во својот план за работа учителот по пеење бил должен да определи и време за религиозни песни, кои придонесуваат да се зајакне религиозното чувство кај учениците. Тие песни требало да се ползуваат во време на забави, организирани од учениците - членови на христијанското друштво.

Се сметало дека учениците сакаат да слушаат и да исполнуваат мелодии, кои имаат маршов ритам, поради што требало да се учат бугарски војнички маршови. Потоа, се препорачувало организирање на хорови, коишто ќе исполнуваат песни со национална содржина[81]. Преку исполнувањето на песните, како "Шуми Марица" и химната на Царот, песните за Кирил и Методи - пишувани во големобугарски дух, маршовите "Велик е нашиот војник", "Титане Калемански", "Велик завет" и др. требало кај учениците да се засилуваат национални бугарски чувства и такви песни често повеќе ја постигнувале целта отколку друг предмет од областа на "бугарознаењето"[82]. Во едно свое окружно писмо Министерството за народна просвета констатира дека во Македонија "низ ис-

полнувањето на народните песни и други музички творби по емиционален пат се постигнува приближување на младината кон бугарската култура, се всадува бугарски дух и бит и се засилува бугарско национално сознание[83/].

Телесното воспитување исто така спагало во групата предмети од "бугарознаење". Комбинирано со пеењето на разни големобугарски маршови тоа придонесувало да се создава војнички дух кај учениците и љубов кон Бугарија. Во рамките на телесното воспитување спагале и ученичките спортски натпревари, кои имале за цел не само да помогнат за физичкиот развиток на учениците, туку и да ги "култивираат нивните душевни добродетели-мажественост, боречки дух, љубов кон државата, и да ги пазат од разни непријателски пројави". Според Министерството за народна просвета телесното воспитување во својата работа не треба да ја испушта и основната задача: да ги придобие младинците за бугарските национални идеали и да ги подготви за подвизи и дела"[84/].

Меѓу предметите со национално-воспитно значење спагал и предметот цртање. Наставата по цртање претставувала не само целосен и правилен развиток на младината во Македонија, туку и зацврстување на родољубиви чувства кон Бугарија. Поради тоа Министерството за народна просвета издало уште кон крајот на 1941 година упатства за изведување на наставата по предметот наречен со општо име "уметност". Според Министерството Наставата по цртање, моделирање, рачна работа и ракоделие во сите училишта требало да се насочува не само кон неговата формална и општовоспитувачка и образовна цел, туку да развива во душите на децата љубов

кон убавините и богатството на Бугарија, кон убавото и ценетото во творбите на бугарските мајстори и уметниците. Тоа барало да се даде широка можност да се развијат нови сили во уметноста, кои од Македонија ќе го подигаат реномето на Бугарија во таа смисла. За постигнувањето на тие цели Министерството ги предвидувало следните средства: 1/ Учениците да изработуваат или да цртаат слики и предмети од бугарската природа, настани и појави поврзани со бугарското минато - или современиот живот; 2/ да им се сервираат творби и други изработки првенствено од бугарските уметници и мајстори, да се користат сите возможни и удобни случаи учениците да посетуваат изложби, музеи, фабрики и др. во придружба на учителот, кој ќе го насочува нивното внимание кон бугарските постигнувања; 3/ на учениците да им се даваат кратки но содржајни знаења од историјата на бугарската уметност, а при сите случаи да се насочуваат кон општевоспитна цел[85].

Во годините 1943 и 1944, кога несигурноста во опстанокот на бугарските окупатори во Македонија станувала сѐ појасна, а во тие услови училишната организација во голема мера се распаѓала /многу училишта било затворени а останатите работеле нередовно /, на таканаречените наставни предмети по "бугарознаење" им се давало сѐ поголемо значење, Во врска со тие нови насоки за работа од Советот на околиските училишни инспектори и директорите на гимназиите во Битолската учебна област бил изработен специјален план за дејност, спрема кој од училишните власти од областа се барало без одлагање да извршат ревизија на годишните распределенија на учебниот материјал и да направат уште поконкрет-

ни планови за користење на овие наставни предмети[86].

Независно од тоа што другите стручни предмети не спагале во групата предмети по "бугарознаење" тие не биле исклучени од програмата за постигнување на национално-воспитни цели. Според едно окружно писмо на Министерството за народна просвета "патот по кој се движи наставата во современата држава е строго определен, бидејки целта што треба да се постигне е јасно определена. "Воспитувањето во новите услови имало за задача во Македонија да создаде личности кои со својата култура ке и служат на бугарската држава. Затоа училиштата имале задача да ги оформуваат идните граѓани не само силни по дух туку и сознателно приврзани за Бугарија. Учителот бил должен да го насочи своето внимание пред се кон оние елементи во наставата што би му помогнале да ја исполни таа нова задача во Македонија. По однос на класичните јазици се предвидувало во читанките да се земаат хероите од античката историја, кои ке создадат кај учениците интерес и ке ги воспитуваат во духот на барањата кои се наложуваат за иднината на Бугарија[87]. Наставата по класичните јазици требало да помогне во разрешување и на други задачи. Спомениците на славните дела требало да се искористуваат во современата настава и да ги повикуваат учениците на нови подвизи за Бугарија. Од наставниците по класичните јазици се барало да создаваат од учениците прво добри Бугари, а после добри класици[88].

И по однос на другите наставни предмети пред стручните учители се поставувале двојни цели. Училишните програми по тие предмети биле прилагодувани да послужат и за бугаризирање на македонската младина[89].

## 5.- Отворање на бугарскиот универзитет во Скопје

Како што беше и порано речено, бугарската влада имала намера да отвори посебен универзитет во Македонија, сметајки преку него да создаде високи стручни кадрови од редовите на македонскиот народ за кои сметале дека ќе бидат далеку поавторитетни и затоа попогодни за ширењето на бугарштината во Македонија отколку испраќањето од Бугарија наставници. Но под терминот универзитет всушност се подразбирал само еден факултет - историско-филолошкиот, кој бил предвиден да помогне во бугаризирањето на македонскиот народ. Меѓутоа, до отворањето на факултетот не можело да дојде веднаш од повеќе причини. Една од тие причини била и таа, што превладало мислењето дека студентите од Македонија за извесно време треба да се упатат на школување во Софија, каде што ќе го научат побргу бугарскиот јазик. За следните неколку години се сметало дека средните училишта ќе им помогнат на учениците да го совладаат јазикот и во Македонија, па ќе можат да го продолжат факултетското образование во Скопје[90].

Организирањето на историско-филолошкиот факултет, наречен со името Државен универзитет "Цар Борис III обединител", во Скопје почнало уште во почетокот на 1943 година со систематизација на професорскиот кадар. Било предвидено по едно редовно доцентско место за следните предмети: Словенска филологија, историја на бугарскиот јазик, бугарска и словенска литература, општа историја, бугарска историја, стара историја и археологија, средна и нова историја,

стара историја, стара историја и археологија, средна и нова историја, географија, антропогеографија, западноевропска литература /германистика /, историја на романските народи, филозофија и педагошка, како и лектори по латински, грчки, германски, француски и италијански јазик. Бил објавен конкурс за пополнување на посочените места со срок до 21 јуни 1943 година[91/]. По свршување на конкурсот академскиот совет на Софијскиот универзитет "Севит Климент Охридски" на 15 септември 1943 година пристапил кон изборот на професорите и доцентите на Скопскиот универзитет, односно на историско-филолошкиот факултет[92/]. Со царскиот указ № 70 од 12.X. 1943 година Регенството по предлог од Министерството за народна просвета врз основа на направениот избор од страна на Академскиот совет на Универзитетот "Свети Климент Охридски" во Софија, биле назначени следните редовни наставници на историско-филолошкиот факултет во Скопје: 1/ Александар Колев Бурмов, за редовен доцент при катедрата по средна и нова историја; 2/ Христо Милошев Данов, за редовен доцент при катедрата по стара историја и археологија; 3/ Цветан Тодоров Белчев, за редовен доцент при катедрата по историја на бугарскиот јазик; 4/ д\р Димитар Иванов Кърџалиев, за редовен доцент при Катедрата по бугарска историја; 5/ д-р Георги Димов Шоптрајанов, за редовен доцент при Катедрата за литература и историја на романските народи; 6/ Атанас Илиев, за редовен доцент при Катедрата по филозофија[93/], 7/ Никола Мавродинов, за приватен хонорарен доцент по средновековна и нова црковна бугарска историја[94/], 8/ Георги Киселинов, за хонорарен лектор по руски јазик[95/].

За одбележување е дека сите назначени наставници на Историско-филолошкиот факултет во Скопје по потекло биле Бугари, освен двајца кои биле од Македонија. Меѓутоа, предметите што ги предавале двајцата Македонци не спагаат во групата предмети од национално-воспитен карактер[96].

Наскоро, за ректор на Државниот универзитет во Скопје бил назначен доцентот Атанас Илиев[97]. Истовремено бил формиран и Совет на Скопскиот универзитет кој го сочинувале: Александар К. Ѓурмов, Атанас Илиев, д-р Георги Шоптрајанов, д-р Димитар Иванов Ќрцалиев, д-р Христо И. Данов и Цветан Белчев. Покрај ректорско звање Атанас Илиев добил и звање декан[98].

Изборот на наставничкиот кадар станувал врз основа на научните квалитети на кандидатите, а пред се врз основа на нивната големобугарска национална дејност. Во своите рецензии предлагачите професори секогаш на прво место ја опишувале националната дејност на кандидатот, ементуално учеството во војните, одликување со ордени и сл. Исто се потцртувал и неговиот моментен политички став[99]. Опишувајќи го подоцна ликот на голем дел од бугарските професори, академикот Тодор Павлов вели дека тие подлегнале на фашизмот и не нашле "доволно граѓанска чест, сили и смелост" да се спротивстават на фашизирањето. "Многу од професорите потклекнаа и во една или друга форма и степен соделствуваа на фашискиот настап" - вели Павлов[100].

Државниот универзитет во Скопје за учебната 1943/1944 учебна година определил да се застапат следните специјалности: словенска филологија, историја и географија. За тие групи бил одобрен упис на неограничен број студенти,

кои завршиле класичен оддел на гимназијата. Тие што завршиле реални гимназии, доколку ке запишеле словенска филологија, во тек на две години биле должни да достават дипломи за класично образование. Запишаните студенти на групата географија биле должни да достават дипломи за полукласично образование во рок од една година.

При запишувањето секој студент бил должен да ја плати пропишаната такса. Извесен попуст на таксите имале децата на борците од фронтот, кои плаќале смалена такса за 30 % и децата на Кавалериите на орденот за храброст, кои плаќале намалени такси за 50 % [101/]. Меѓутоа, и покрај настојувањата на бугарската окупациона власт да се запише што поголем број студенти од Македонија и со тоа да се овозможи редовно започнување на наставата по споменатите предмети, немало голем одзив за упис. Универзитетот преку дневниот печат повикувал студенти да се запишат, па дури се служел и со неточни изнесувања на поднесените молби самода привлече што поголем број. Така во в. "Целокупна Бългаија" било објавено дека поднесле молби 130 матуранти, додека целокупниот број на запишаните студенти од Македонија и Моравско изнесувал 52 [102/]. За да го пополнат нужниот број на Скопскиот универзитет биле доведени 72 завршени матуранти од Бугарија[103/].

Незапишувањето на Историско-филолошкиот факултет од страна на студентите од Македонија и Моравско се должело, главно, на три причини. 1/ Во тоа време ПК на КПЈ дал директиви за бојкотирање на бугарските училишта. 2/ Македонските матуранти не биле заинтересирани за студии на споменатите предмети од националната група /бугарски јазик, на-

ционална историја и географија/ [104]. Тоа може донекаде да се констатира и од соодносот на запишаните студенти во одделни групи- Додека на групата географија, во која е вклучена и општа географија, се запишале 75 студенти, на групите историја и славјанска филологија се запишале вкупно 45 студенти. Во тој број спаѓале и студентите од катедрите на романските јазици[105]. 3/ Студентите од полициските власти биле маркирани како не многу сигурни елементи за режимот и над нив се водела поголема контрола[106]. Во врска со последново Министерството за внатрешни работи пред почнувањето на учебната 1943/1944 година испратило до обласните директори, полицијата и кметовите "брзо поверливо" писмо, во кое се барало посебен надзор за студентите. Со оглед на исклучителното време во кое се наоѓала Бугарија, се барало содејствие на полициските и административните власти, што така тоа побарало до 1 октомври 1943 година да се испратат проверени податоци до Министерството за народна просвета за секој студент, дали се провинил во нешто пред Законот за заштита на државата или потпаѓа под некакво сомневање. Оние кандидати за упис на факултетот, што биле окарактеризувани негативни, не можеле да се запишуваат. Во истата наредба на Министерството за внатрешни работи се барало полициско-административните власти да издаваат уверенија за политичката исправност на сите лица кои имале намера да се запишуваат на факултет[107].

Универзитетскиот наставен кадар поради специфичноста на службувањето во Македонија уживал ред привилегии. Располагал со бесплатни карти на железницата за патувањев во Бугарија и по Македонија, доколку се патувало со задача да се

држат предавања по другите градови[108/]. Бил ослободен од секаква војна и граѓанска мобилизација[109/]. За олеснување околу настанувањето во Скопје, согласно со наредбата на Министерството за народна просвета, на наставничкиот персонал му било дозволено да живее во универзитетската зграда[110/]. На наставниците им биле определени повисоки плати од тие на Софијскиот универзитет за 50 %, како и посебни парични помошти, наменети за научно-истражувачка работа во Македонија и Моравско[111/].

За привлекување на студенти на Скопскиот универзитет, особено на оние кои припаѓале на осведочени бугарофилски семејства, Министерството за народна просвета отпуштало стипендии[112/]. Од своја страна Универзитетската управа побарала Министерството за народна просвета да отпушти сума од 100.000 лева како еднократна помош за студенти за зимскиот семестар[113/]. Наводно Министерството не располагало со таква сума и побарало од Ректоратот на Универзитетот список на студентите за кои се предлагала помошта[114/]. Универзитетот го испратил списокот на предложените 27 студенти и по полициjската проверка Министерството им отпуштило помош по 3.000 лева[115/]. Бугарската просветна власт се погрижила и за сместување на студентите за да"не се компромитира универзитетското дело во Скопје, за кое што државата направила многу расходи и на кое се гледа не само како академско, но пред сè како на национално дело", просветните власти побарале помош од службата на Државните имоти да определи две поголеми згради од 10-20 соби што ќе се адаптираат за сместување на студенти и студентки[116/].

Редовната настава на Историско-филолошкиот факултет во Скопје започнала на 22 октомври 1943 година со уводно предавање одржано од ректоратот на Универзитетот на тема "Народност и култура"117/.

За да се даде возможност и на граѓанството да учествува на уводните предавања, кои по својата суштина и содржина биле со изразит големобугарски карактер, Академскиот совет предавањата ги распределил по едно предавање неделно. Уводни предавања се одржале на следните теми: 1/ "Народност и култура", 2/ Епохата и идеите на Александар Велики", 3/"Потекло и развиток на бугарскиот јазик", 4/ "Историјата како општа и национална наука", 5/ "Методите и литературните барања на ново време", 6/ "Западноевропско-бугарската преродба", 7/ "Паисиј Хилендарски", 8/ "Почетокот на бугарската писменост". Предавачи биле универзитетски наставници од Скопскиот универзитет. Освен тоа, по покана на Академскиот совет, пред војската, студентите и учителите предавање одржал генерал-лајтантот Васил Болдев на тема "Военото искуство на Александар Велики"118/.

Историско-филолошкиот факултет во Скопје поради извршување на главната мисионерска задача во Македонија излегувал од рамките на висока школска установа и се претворил во пропагандна установа за ширење на големобугарската идеја во Македонија. Професорите биле должни да ги обиколуваат македонските градови и да држат предавања во таканаречените "народно универзитети". Во некои поголеми градови биле организирани циклусни предавања со однапред направен план на теми. Планот на Битолскиот народен универзитет предвидувал теми кои ги "засегнувале на-

родносните белези на Македонците; херојските моменти од бугарската историја; исправка на некои заблуди и лаги на бугарските непријатели". Посебно се инсистирало да се одржат циклусни предавања за "основните разлики мегу српскиот и бугарскиот јазик и положбата на македонско-бугарските наречја", потоа темите : Македонија во бугарската поезија, Македонија во историјата на бугарскиот народ и други[119].

Првата обиколка на професорите од Историско-филолошкиот факултет по македонските градови била направена во периодот од 16 март до 4 април 1944 година, согласно со наредбата на Министерството за народна просвета. Прв посетен град бил Велес, каде што биле одржани следниве три предавања: 1/ "Интелегенцијата и народ" - од ректорот Атанас Илиев, 2/ "Единството на бугарскиот јазик" од Цветан Тодоров, и 3/ "Етнографскиот облик на бугарските земји" од д-р Игнат Пенков. Потоа бил посетен Прилеп со следниве предавања: "Македонија како бугарска земја" од д-р Д.К'рнцалов; "Географското единство на бугарските земји" од Васил Маринов; "Бугарската народна песма" од д-р Емил Георгиев. Во Битола биле одржани предавањата "Единството на бугарскиот јазик" од Цветан Тодоров и "Народност и култура" од Атанас Илиев. Во Ресен д-р Д. К'рнцулов по повторил предавањето "Македонија како бугарска земја, а Васил Маринов "Географското единство на бугарските земји"[120]. Во Охрид ~~географското единство на бугарските земји~~ Цветан Тодоров држел предавање "Св. Климент Охридски", Емил Георгиев "Македонија лулка на бугарската и словенската писменост" и Игнат Пенков

"Етнографски облик на бугарската земја"[121/].

Во рамките на планот предавањата на професорите ги посетувале и историските споменици /цркви, манастири, средновековните тврдини и др. /. При тоа тие направиле описи на подвижни предмети од историска вредност. Филолозите при посета на разни места собирале јазичен материјал и вршеле историско-литературни проучувања. Биле собирани податоци со револуционерните борби во Македонија. Наставниците по литература од постарите граѓани и селани бележеле податоци од преродбенскиот период, ги нотирале старите книги од епохата на турското владеење, запишувале податоци за дејноста на Јордан Константинов Џинот, преданија за Цар Самуил и др. Професорот по философија прибирал податоци за општествениот живот во Македонија.[122/].

Изборот на темите како и научната дејност во време на обиколувањето на македонските градови јасно ја покажува целта на бугарските професори од Скопскиот универзитет. Тоа не го крие ни самиот Универзитет, изнесувајки пред Министерството дека определената мисија за "зајакнување на бугарското чуство кај месното население е извршено со успех". По однос на прибраните нови материјали се вели дека ќе придонесат за натамошно зацврстување на бугарскиот карактер во Македонија[123/].

# ГЛАВА ТРЕТА

## ФОРМИ, МЕТОДИ И СРЕДСТВА ЗА БУГАРСКО НАЦИОНАЛНО ВОСПИТУВАЊЕ НА ШКОЛСКАТА МЛАДИНА

### 1.- Форми и методи за бугарско национално воспитување надвор од наставата

Бугарските училишта во Македонија си поставиле за цел да подготвуваат нови генерации за сочувување на придобивките од 1941 година и одбрана на бугарската држава проширена со сите новоокупирани територии. Тоа можело да се постигне преку бугарските училишта, кои имале задача да создадат бугарско национално сознание кај македонската младина и кај неа да предизвикаат вера во силата и моќта на Бугарија, да ја придобијат за големобугарските цели.[1] Пред бугарските училишта се поставувале определени задачи во таа смисла, познати под името "морално воспитување" на учениците. Создавањето на таканаречена "национална култура", како главен белег на "моралното воспитување" се одвивало во четири главни насоки: 1) национално сознание; 2) религиозно сознание; 3) сознание за дисциплина; 4) сознание за морални квалитети. Обработувајќи ги поставените насоки на "националната култура", Министерството за народна просвета сметало дека освен учебните предмети, голем придонес за "моралното воспитување" на учениците преставувало воннаставната дејност.[2] Преку вонучилишната дејност учениците во училиштата се здобивале со бугарско национално сознание, преку неа училиштето имало можност "да ја распали основната стихија во нивниот дух и да ги приготви за апостолска служба и херојска саможртва во

името на царот, народот и државата".[3)]

Уште порано беше речено, дека од часовите по секој предмет се одделувале десетина минути за "моралното воспитување" на учениците. Во одделните училишта се применувале и разни методи во тоа кратко време да се предизвика кај учениците интерес за бугарската национална култура. Главно, како метод за постигнување на таа цел служеле разговори меѓу учителот и учениците по разни прашања, кои со определени заклучоци вршеле врз учениците извесно влијание во национален дух. Се разбира, таквите разговори се изведувале ненаметливо. Обично се засегнувале актуелните настани, се зборувало за моментната положба на Бугарија, а потоа дискусијата се насочувала кон определена цел.[4)]

Освен изведувањето на "морално-воспитните" задачи во време на предметната настава во следната 1942/1943 учебна година биле воведени и посебни часови по "моралното воспитување", меѓутоа, тие не спаѓале во предметната настава, туку се изведувале посебно, а често и во други згради.[5)] Овие часови биле изведувани од сите учители наизменично и обично се изведувале во вид на разговори. Теми на дискусија, според препорака на Министерството за народна просвета, биле: Семејството како основа на државата; бугарскиот јазик како роден јазик на бугарското население во Македонија; национален труд; народна техника; национално училиште и др. Тезите на темите се движеле во овие рамки: 1) Бугарското дете родено од бугарска мајка носи во себе бугарски наследни белези; тие белези се предаваат од семејството преку мајката; штом родителите, браќата и сестрите се чувствуваат и наречуваат Бугари, и детето штом ќе дојде на свет во бугарско семејство се наречува, чувствува и осознава како Бугарин; 2) преку читање на книги од бугарски класици се гради литературен бугарски

јазик, меѓутоа, од мајката се учи основниот бугарски јазик; децата пред одење во училиште зборуваат народно-бугарски, а во училиште учат литературно-бугарски јазик; 3) народната техника произлегува како резултат на здрав бугарски рационален ум; таа се одликува од другите по својот национален белег; вредноста на народот се огледа низ неговите сопствени технички достигнувања и т.н.[6)]

Како што се гледа, на часовите по "морално воспитување" немало точно определена програма. Прашањата кои биле третирани од разните области носеле белег на определена цел: денационализација на македонската младина и всадување на бугарски дух. Таква цел имале и другите материи што биле предмет на овие часови. Затоа Министерството за народна просвета сметало дека воведените часови по "морално воспитување" треба да се продлабочуваат врз база на постигнатите искуства од прво време. Согледувајќи ги и слабостите што се јавиле во првата учебна година тоа наредувало:

1) Часот на класниот наставник, одржуван еднаш неделно, да се продлабочи и осмисли за да остане во иднина час по национално воспитување;

2) Во основните училишта и прогимназиите да се воведе неделно час по национално воспитување и во него да се работи во духот на општите упатства за "морално воспитување";

3) За начинот на изведување на часовите по моралното воспитување и за постигнатите резултати директорите на учителските институти, гимназиите и гимназијалните клонови да испраќаат до Министерството извештаи кон крајот на првото тромесечје, а потоа редовно на крајот на секоја учебна година;

4) Во исто време општи извештаи од поверените области да испраќаат во таа смисла и обласните училишни инспектори.[7)]

Часовите по "моралното воспитување" во текот на 1942/1943 година се збогатиле и содржински. Учителите разгледувале со учениците редица прашања по однос на "судбината на Бугарија и нејзините вечни стремежи за создавање на Санстефанска Бугарија", потоа за задолженијата на учениците кон бугарската држава во моментот, како и за местото на младината во новите услови. За изведување на разговори по оваа материја од учителите се барало да имаат однапред определен план и да бидат добро подготвени. Бидејќи како помошно средство за наметнување разговор служеле одбрани четива со бугарска национална содржина, Министерството за просветата барало од учителите однапред да ги определуваат четивата, кои по својата природа го наметнуваат интересот кај учениците за Бугарија, бугарскиот народ и држава. Такви четива по свршувањето на часот по "морално воспитување" учителите требало да ги препорачуваат на учениците за читање дома и потоа да се приготват за следниот час да дискутираат. Читање на одбрани четива по домовите било дотолку понужно, што до учениците доаѓала литература со антибугарска содржина. За да можат учениците да се снабдат со такви одбрани четива, се наредувало да им бидат ставени на располагање училишните библиотеки, кои од своја страна требало да направат список на книги препорачени од Министерството.[8)]

Освен часовите по "моралното воспитување", изведувани по определена програма, се создале неброени форми и се употребувале севозможни средства за да се постигне всадување бугарска национална свест кај македонската младина. Поради спецификата на своите предмети, особено голема задача во "моралното воспитување", имале учителите по бугарски јазик, историја и географија. Пред нив се поставувале најкрупните задачи за всадување кај учениците државно-граѓанско и бугарско воспи-

тување. Учителите по тие предмети биле должни да изработат опстојни планови за постепено и пошироко запознавање на учениците со географските граници на Бугарија, со историјата и битот на Македонија како интегрален дел на Бугарија, со границите на бугарскиот јазик. Посебно учителот бил должен да се запознае со сите тие елементи во околијата во која работел да ги запознаат сите поважни настани во околијата, сврзани со бугарските војни. Потоа, учениците под раководството на учителот ги одбележувале таквите места и се правела програма за посета. Секоја гимназија како целина одбирала поважно историско место во својата околија и со средствата од училиштето се градел скромен паметник, околу кој во определени денови се правеле тржества.[9)]

Најбогат извор за бугарско национално воспитување на учениците преставувало фалсификуваното македонско револуционерно минато, бидејќи во борбите за свое ослободување секое место во Македонија имало свои херои и свои подвизи, особено во времето на Илинденското востание. Прикажувајќи ги македонските револуционерни како борци за присоединување на Македонија кон Бугарија, бугарските учители ја ползувале живата традиција поврзана со имињата на таквите борци и настојувале да ја пренесат како бугарска врз македонската младина. Борбите што ги воделе македонските револуционери за ослободување на Македонија биле прикажани како борби за остварување на големобугарските идеали за создавање на Санстефанска Бугарија. Повикувајќи ги учениците да ги следат патиштата на своите дедовци и татковци, учителите настојувале да создадат бугарски дух кај учениците и да ги приготват за одбрана на "обединета" Бугарија.

Едно од средствата за докажување на бугарскиот карактер на македонското револуционарно минато биле разни искажувања на полуписмени луѓе, странични учесници во револуционерните борби на македонскиот народ. Подготвувајќи ги нив да ја прикажуваат револуционерната борба пред учесниците како борба за присоединување на Македонија кон Бугарија, учителите ја докажувале "вистинитоста" на македонското минато. Овој метод се сметал за успешен педагошки принцип и идеална форма за потенцирањето на бугарскиот карактер на Македонија од самите Македонци.

Обично учителите ги запишувале таквите спомени од луѓето и тие претставувале суров материјал за натамошна обработка на револуционерното минато на Македонија во целост.

Покрај учителите со таква работа се занимавале и некои организации и културни институции кои издавале разни брошури, што служеле како четива за учениците.[10)]

Како средство за национално воспитување на учениците служеле посети на гробовите на македонските револуционери, почитувани од народот. Со оглед на тоа што многу вакви гробови во стара Југославија биле запуштени, учителите изведувале со учениците акции за уредување на тие гробови. Потоа, во определени денови се правеле посети со бугарски национални програми.[11)]

Посебно внимание од страна на учителите требало да се посвети во истражување гробовите на загинатите бугарски војници во време на војните. За ваква акција било заинтересирано и Министерството на војската, кое преку Министерството за просвета за таа цел отпуштило и материјални средства. Посебно учителите во разни градови во Македонија организирале вечерни забави и прослави и со приходите подигну-

вале скромни паметници на загинати војници или ги кителе гробовите со цвеќиња.[12)]

Ваков почит им се укажувал и на живите македонски револуционери. Се препорачувало на бугарските национални празници да се повикуваат такви луѓе и пред учениците да се претставуваат како "живи паметници на бугарското херојско минато".[13)]

Македонската историја, македонското револуционерно движење, како средство за всадување на бугарски дух кај македонската младина се ползувале и во самите училишта. Заедно со ликовите на бугарските револуционери, биле истакнувани во училиштата и ликови на македонските револуционери. Под нив следувале текстови со опис на животот и дејноста на револуционерот, а доколку имало испеано народна песна за него, се поместувала и таа. Се поставувале и ликови на македонските и бугарските преродбеници третирани сите како бугарски. Така по ѕидовите биле поставувани ликовите на Отец Паисиј, Неофит Рилски, како и на македонските преродбеници Јоаким Крчовски, Партенија Зографски, браќата Миладиновци, Рајко Жинзифов, Јордан Константинов-Џинот и др.[14)]

Централно место во секое училиште, а потоа и во секој клас земал ликот на патронот на училиштето, односно на класот. Тие места биле наречени "национални олтари". Создавање на такви олтари било поврзано со именувањето на секое училиште или клас со името на некоја национална личност. На денот од патронот пред ваквите "олтари" се правеле големи тржества, ползувани од училиштето за национално-пропагандни цели.[15)] Учениците за ваквите тржества покрај рецитации читале и свои состави. Според една одлука на Министерството за народната просвета, сите подобри ученички

состави се препорачувале да се читаат во време на радиочасовите, уредувани од Министерството и наменети за бугарско национално воспитување на македонската младина.[16)]

Минатото на македонскиот народ се ползувало и за создавање на мали училишни музеи. Како експонати во тие музеи служеле: знамиња, пушки, ножови, архиви, хектографирани весници, разни записи, односно се она што можело да послужи како доказ за бугарскиот карактер на Македонија. За создавање на такви музеи биле организирани ученички акции по околијата.[17)]

Во рамките на бугарското национално воспитување спаѓале и разни ученички посети на местата каде што бугарската армија водела борби за „присоединување" на Македонија кон Бугарија. Особено биле посетувани: Завојот на Црна, Црвените Стени, Котата 1050, Котата 1212, Кајмакчалан и др. Учителите преку раскажување на борбите и храброста на бугарската војска настојувале да предизвикаат кај учениците бугарско национално чувство и стремеж да ја бранат Бугарија во нејзините проширени граници.[18)]

Песната се сметала како едно од најефикасни средства за бугарско национално воспитување на македонската младина. Пеењето се ползувало во сите прилики за постигнување на национално-воспитни цели и всадување бугарски дух кај учениците. Особено револуционерните песни, кои во својата содржина немаат определеност во македонска национална смисла, или може да им се даде толкување што им конвенира на голембугарските интереси, се сметале за незаменливо воспитно средство. Однапред потенцирани како бугарски таквите песни биле постојанен репортоар на ученичките забави, тржества, маршови и сл. Препорачувајќи ги овие песни, Мини-

стерството за народна просвета укажува: 1) дека со нив ќе му се докаже на македонското население оти револуционерните песни како бугарски биле забранувани од бившите српски власти; 2) дека бугарските училишта ги негуваат токму оние песни, кои ги пее самиот народ; 3) песните ќе се исползуваат и како работна дисциплина во совладувањето на бугарознаењето и др.[19)]

Освен револуционерните песни се препорачувале и месните народни песни, кои поради љубовта на населението кон нив можеле да предизвикаат определен ефект, кога ќе ги пејат нивните деца. Министерството сметало дека Македонија, позната како музикална земја, ќе ги прифати песните и од Бугарија и ќе ги смета за свои, особено ако тие песни се пејат од учениците во маршов такт. Во таа смисла се препорачувале бугарските национални песни "Гордеј се мајко Бугарijо", "Жив е тој жив е", разни национални бугарски маршови "Велик е нашиот војник", "Титане Калемански", "Еден завет" и др. Со мешањето на македонските и бугарските песни се постигнувало бришење на територијалната разграниченост и создавање на единство меѓу населението од Македонија и Бугарија.[2o)]

Ефикасен начин за ползување на песната како национално-воспитно средство биле ученичките хорови. Се препорачувало секое училиште да организира ученички хор, а особено селските училишта, бидејќи преку хорските настапи пред селаните можело единствено да се делува воспитно, со оглед на тоа што другите форми имале малку влијание поради ниското културно ниво на селаните.[21)]

Разните вечеринки, литературни музички утра, организирани од училиштата,биле исто ефикасни средства за

национално воспитување на учениците и граѓанството. Програмите за вакви приредби се определувале од страна на учителските совети и секогаш биле подредени за национално-воспитна цел. Такви литературно-музички приредби се давале и надвор од училиштето, а често пати и преку радио.[22)]

При секое училиште во Македонија биле организирани театрални групи од учениците, кои групи својот репортоар го подредувале со национално-воспитната цел. Даваните пиеси од бугарски автори на бугарски јазик служеле како средство за совладувањето на бугарскиот јазик, а содржината за национално воспитување на учениците и граѓанството. Вакви тратрални групи ги обиколувале градиштата и селата, давале приредби пред месните гарнизони на војската.[23)]

При училиштата биле организирани и разни играорни групи, кои со своите програми вклучувале месни и типично бугарски ора. Потоа биле создавани разни собирачки групи за собирање на фолклорни материјали, кои биле остапувани на разни музеи во Бугарија и Македонија. Учениците собирале, односно запишувале народни македонски песни, кои ги преземале бугарските фолклорни институти. За собирање на фоклорен материјал од страна на учениците биле задолжени главно учителите по бугарски јазик, музика и фискултура.[24)]

Во услуга на бугарската национално-воспитна програма во училиштата во Македонија се јавувал и Сојузот на друштвата на сликарите во Бугарија. Уште за првата учебна 1941/1942 година овој Сојуз за учениците отпечатил и распратил пригодни календари со истакнување на разни уметнички слики од бугарското минато. Така календарот ја имал насловната слика "народно посретнување на Царот Симеон во

Преслав". Календарот бил препорачен од страна на Министерството за народна просвета како воспитно средство, со барање секој ученик да се снабди со него и да ја украси својата соба.[25)]

Во рамките на националното воспитување на учениците влегувале и собирните акции за воениот потенцијал на бугарската војска и помошти за германските војници на фронтот. Министерството за народна просвета има упатено распис до сите училишта во Бугарија и Македонија со кое се бара учителите да се ангажираат во организирање на такви собирни акции. Преку предавања пред учениците требало да се изнесува големото значење на акциите за помагање на германските војници, "кои јуначки се борат сред дебелите руски снегови и лутата зима". Се препорачува пред учениците да се потенцира дека Бугарија е поврзана со силите од Оската на живот и смрт поради што секоја помош на германските војски "ќе се одрази врз боречкиот дух на германската војска и вниманието што во пројавуваат кон неа младинците од бугарските училишта благотворно ќе делува". Од учениците се барало да подаруваат за германските војници на фронтот по еден чифт волнени чорапи и ракавици, или волнен материјал за плетење на такви нешта. Се советувало на часовите по ракоделие, или во домовите, ученичките да плетат чорапи, џемпери, ракавици и сл. Својата наредба Министерството ја сршува со тирада за германските војници: "Оние кои не ослободија од црното српско ропство, заслужуваат не само волнени чорапи и ракавици, туку нешто повеќе нашето вечно признание пред се признание на младите поколенија"[26]

Поради недостиг на железо, што го почуствувала германската воена машина во 1943 година, кога настанала и прекретница во војната на штета на Германија, бугарската влада се погрижила да ги помогне германските фабрики со железо. Согласно решението на Министерскиот совет од 24 август 1943 година на Министерството за народна просвета му се наложува да организира ученички акции за собирање на старо железо. Од Министерството се бара да определи од учениците најмалко 10 работни денови во годината за собирање на старо железо. Од своја страна Министерството бара од учителите да ги исползуваат акциите за собирање на старо железо во национално воспитни цели, објаснувајќи им на учениците дека победата на силите од Оската е победа и на Бугарија. Од друга страна, собраното железо се продавало во откупните магазини, така што и примените пари можеле да се исползуваат од училиштето во пропагандни сврхи. Така било предвидено да се искористи 30% од средствата за ученичките трпезарии, за помагање на поедини ученици, за библиотечен фонд и сл.[27)]

Акциите за "зимната помош" и тие за собирање на старо железо имале општограѓански карактер, во кои учествувале и училиштата. Затоа при секоја општина постоел специјален комитет, кој раководел со тие акции, а училиштата се јавувале како организирана сила за реализирање на тие акции. Разделени во групи, наречени технички комисии, учениците и ученичките обиколувале домови и собраните материјали ги носеле во општините.[28)]

Набројаните, како и други форми, методи и средства за национално воспитување на учениците во Македонија, се сметале за ефикасно средство во постигнување на големобугарските цели. Затоа во оценувањето на учениците се водела

сметка за строго оценување на национални појави кај нив, одбележени во ученичките книшки како "морално воспитување". Оценката од "моралното воспитување" не влегувала во оценките по другите предмети и се состоела од следниве елементи: 1) оценка по трудољубие; 2) оценка за ред, точност и исполнителност; 3) благовоспитност; 4) народносни појави.[29)]

Оценувајќи го значењето за "моралното воспитување" на учениците во Македонија, Министерството за народна просвета меѓу другото заклучува: "Излишно е, меѓутоа, да се докажува, дека сѐ треба да се стави во служба на основната цел: народносното осознавање на младината во Македонија. Сите предмети, целата наставна програма, материјалите што се изучуваат, сето тоа треба разумно да се испреплете со главната цел: подигањето на бугарски дух кај учениците. Тоа испреплетување треба да се врши по таков начин, во душата на младината па и возрасните да се всадува чувство за единството на Бугарија и неразделноста на бугарскиот народ во Бугарија и Македонија. Тоа е сигурна основа за зацврстување на еден единствен, силен и победнички бугарски дух-кој што преставува гаранција за светлата иднина на бугарската држава и за напредок на голема и силна Бугарија".[30)]

## 2.- Создавање на тесни врски меѓу училишната младина во Бугарија и Македонија како средство за национално воспитување

Меѓу средствата и формите за воспитување на македонската училишна младина во бугарски дух спаѓа и воспоставувањето и на потесни врски меѓу учениците од Бугарија и Македонија. Остварување на такви врски се изведувало

преку голем број екскурзии и заемни посети. Преку создавање на познанство меѓу учениците, преку запознавање со бугарските градови и бугарската култура се сметало дека се зајакнува и бугарското сознание кај учениците од Македонија. Такви екскурзии и посети се изведувале секогаш со определен план и програма: се држеле говори, предавања, се посетувале историски места, се одржувале приредби и концерти, литературно-музички забави, се читале литературни творби на бугарски писатели и секогаш содржината била длабоко национално-пропагандистичка.

Како средство за зближување на учениците од Македонија и Бугарија служела и коресподенцијата, организирана и под контрола на учителите. Разгледувајќи ги елементите што треба да ги сочинуваат ученичките писма Министерството во декември 1941 година определува рамки за кореспонденцијата: опишување на историското и географското минато на својот крај, стопанските и културните настани и постигнувањата на бугарската држава. Ученичките писма со таква содржина придонесувале за бугарско воспитување и национални осознавање, за совладување на бугарскиот јазик и создавање на територијално и етничко единство. Се сметало дека по присоединувањето на Македонија кон Бугарија кај учениците од "старите предели" било засилено националното чувство и тие ќе успеат да предизвикаат и кај учениците од Македонија такво чувство. Од друга страна, преписката меѓу учениците ќе покажала и на надворешен план "дека звучниот бугарски збор е еден исти и за Бугарија и Македонија, дека љубовта кон историското минато на Бугарија и Македонија е еднаква за сите".

Допишувањето меѓу учениците од Македонија и Бугарија требало да станува по определен план и при полна контрола на училиштето:

1. Секој учител бил должен да определи, кои ученици ќе разменуваат писма со ученици од Македонија и обратно

2. Учителот на одделението или класниот наставник бил должен со учителите од училиштата, со кои неговите ученици требало да се допишуваат, да побара имиња, односно адреси и нив да ги раздели на своите ученици;

3. Учениците кои сакале да се допишуваат со ученици од Македонија можеле своите адреси да ги соопштуваат и преку ученички весници и списанија, но откако ќе добиеле одобрение од директорот или главниот учител на училиштето;

4. Се сметало за пожелно, учениците во текот на една учебна година да разменат барем по неколку писма, водејќи сметка да се направи правилна распределба и да се опфатат сите училишта во Македонија, а не само некои, кои привлекувале внимание поради своето историско значење;

5. Прашањата што биле третирани во писмата требало да бидат разнообразни. Меѓутоа, содржината воопшто требало секогаш да биде подредена на основна цел-бугарско национално воспитување и сознание. Во таа смисла учителот бил должен да води полна контрола, писмата од учениците да ги прегледува јазично и пред испраќање да ги исправува, да ги испраќа лично на пошта, за да не дојде меѓувремено до некаква измена на текстот;

6. За водење преписката учителот бил должен најнапред да ги подготви, а потоа и да ги придобие учениците, како иницијативата да произлегува од самите нив а не од училиштето;

7. Писмата што се добивале, доколку имале поголемо воспитно значење, се читале при разни случаи на часовите по бугарски јазик, национална историја или географија.

На крајот од учебната година обласните училишни инспектори и директорите на гимназиите биле должни да поднесуваат до Министерството за народна просвета извештаи за постигнатите резултати.[31)]

Упатствата дадени од Министерството стрикно биле спроведувани во живот. Учителите од сите гимназии, гимназијални клонови, прогимназиите и основните училишта веднаш расипратиле ученички адреси.[32)] Истовремено се пристапило кон дописмување и меѓу класови.[33)]

За создавање на потесни контакти меѓу учениците од Македонија и Бугарија и за нивно зближување, служеле и разни подароци, првенствено книги од бугарски автори со национално-воспитна содржина. Учениците од разни училишта во Бугарија испраќале и поголеми количини книги, наменети за училишните библиотеки. На такви подароци се давала обично голема гласност и биле поврзани со разни пригодни свечености. Учениците од Бугарија, во вид на подароци испраќале до учениците во Македонија и разни списанија, наменети за школската младина. Испраќани биле разни албуми и одделни фотографии на бугарски преродбеници, на бугарски царови, на тогашниот цар и неговото царско семејство. Групни албуми и фотографии им се давале обилно како награда на добрите ученици при свршувањето на учебната година. До учениците во Македонија биле испраќани и разни бугарски сувенири, додека бугарските училишта од свое име испраќале на училиштата во Македонија училишни знамиња, посветени на училишниот патрон (покровител). Така, уште во почетокот на ноември 1941 година Ќустендилската гимназија и подарила знаме на Кумановската гимназија. Во поретнувањето на знамето учествувале највисо-

ките административни, просветни и војни претставници во градот, како и разни$ бугарски организации, на чело со војната музика. Знамето било осветено в црква од страна на свештенството и потоа од директорот му било предадено на определениот знаменосец.[34] Во почетокот на декември истата година Плевенската гимназија и подарила знаме на Скопската женска гимназија, со ликот на кнезот Симеон Трновски, патронот на гимназијата. Знамето го донесла специјална делегација и било предадено со големи помпезности, при учество на црквата.[35] Кон крајот на декември 1941 г. IV Софиска машка гимназија "Иван Вазов" на Битолската прогимназија ѝ подарила знаме и специјална ученичка делегација го донела во Битола, каде што било предадено на најтржествен начин.[36] Во мај 1942 г. станало осветување на знамето од Штипската гимназија "Јосиф Ковачев", подарок од една Софиска гимназија.[37] Во јули истата година дошло до осветување на знамето на прогимназијата "Григор Прличев" во Охрид, подарок од Старозагорската прогимназија.[38] Сливенската гимназија ѝ подарила знаме на Битолската гимназија. Во него било дометнато парче од знамето на Сливенската гимназија "како симбол на крвно родство меѓу двете гимназии". Знамето било донесено од учители и ученици од Сливен, на чело со ученичката музика.[39] Пролетта 1943 г. со големи свечености било осветено знамето на Велешката гимназија, подарок од II Пловдивска машка гимназија. На осветувањето учествувале ученици од Пловдив, Скопје и Штип.[40] Осветувањето на знамињата на сите останати училишта било завршено на празникот Кирил и Методи (24 мај) 1943 г. Сите тие биле подарени од училиштата од Бугарија.[41]

Сепак, Министерството за народна просвета претпочитало да се создаваат потесни врски меѓу учениците од гимназиите во Македонија и гимназиите во Софија, бидејќи софиските гимназии се сметале за поквалитетни и со поголем авторитет. По заповед на Министерството, Директорскиот совет на софиските гимназии во декември 1941 година направил план за поврзување на одделните софиски гимназии со гимназиите во Македонија. Определено било:

I Софиска машка гимназија да се поврзе со I Скопска машка гимназија; II Софиска машка гимназија со II Скопска машка гимназија; III Софиска машка гимназија со Битолската смесена гимназија; IV Софиска машка гимназија со Штипската смесена гимназија; V Софиска машка гимназија со Кумановската смесена гимназија; VI Софиска машка гимназија со Прилепската смесена гимназија; VII Софиска машка гимназија со Ксантиската смесена гимназија; I Софиска женска гимназија со Скопската женска гимназија; II Софиска женска гимназија со Пиротската смесена гимназија; III Софиска женска гимназија со Охридската смесена гимназија; IV Софиска женска гимназија со Велешката смесена гимназија; V Софиска женска гимназија со Струмичката смесена гимназија.

Притоа Директорскиот совет на софиските гимназии сметал дека треба да им се препорачи и на другите гимназии од Бугарија да стапат во поблиски контакти со неопфатените училишта во Македонија, откако и тие ќе набележат план за работа и ќе определат форми за соработка.[42)]

Покрај поврзувањето со софиските гимназии, дошло и до создавање на врски со училиштата од другите градови на Бугарија. Министерството за народна просвета, сметајќи ја

меѓуучилишната соработка како едно од најсилните средства "за насадување духот на симпатија, братска љубов и единство меѓу младината на Бугарија и Македонија", им наредило на просветните власти учителите да внесат поголем интерес и разбообразност во својата дејност во училишниот живот. Се барало од сите прогимназиски и гимназиски учители по бугарски јазик и основните учители од горните одделенија (III и IV-одделенија) да дадат иницијатива за коресподенција меѓу учениците. Притоа учителите биле должни да следат и какви одговори на писмата се добивале и дали со преписката меѓу учениците се постигнувала саканата цел.

Кон крајот на мај секој главен учител бил должен да поднесе извештај за направеното и да даде податоци колку писма се испратени од неговото училиште, до кои места, колку писма се примени, дали преку писмата се создала другарска врска меѓу учениците. Учителите биле должни да цитираат и делови од некои карактеристични писма. Директорите од своја страна ги посочувале учителите кои вложиле посебен интерес и постигнале најдобри резултати.[43)]

Покрај допишувањето меѓу учениците од училиштата во Македонија и Бугарија се практикувало од страна на поодделни училишта да испраќаат до училиштата во Бугарија убаво изработени кутии, обично симболично обмотани со бодлив тел од мрежи, останати од фронтот од време на Првата светска војна или украсувани со ножови, делови од пушка, човечки коски и слично, што им припаѓале на бугарските војници на фронтот. Таквите кутии училиштата во Бугарија ги ставале во своите училишни "национални олтари". И обратно, слични симболични кутии со разни реликвии испраќале и училиштата од Бугарија. Такви реликвии обично биле придру-

жувани со одбрани текстови.[44)]

Како форма за национално воспитување се практикувало испраќање земја од историските места од Македонија или Бугарија, која се мешала со земјата од местото каде што била испраќана. Се практикувало и испраќање вода од реките и се исипувала од една во друга река. Такви симболични акти се правеле со најголеми тржества. Познат е примерот, кога ученичките од Пловдивската женска гимназија, во присуство на ученичките од Скопската женска гимназија излиле вода од реката Марица во водите на Вардар,[45)] или гимназиите од Битола и Прилеп испратиле вода од Црна Река, која била исипана во Јантра.[46)]

Одржувањето на тесни врски меѓу учениците и училиштата во Македонија и Бугарија се однесувало, како што беше речено, и за основните и прогимназијалните училишта, само што во случајов содржината на писмата биле спрема возраста на учениците. Постојаните комисии при секое училиште изработувале програми за одржување на контакти и барале соответни форми, што можеле "во младата детска душа да предизвика восхит кон Бугарија".[47)] Притоа, секогаш иницијативата доаѓала од училиштата од Бугарија, пропратена и со извесни подароци. Обично се искажувала желба за задлабочување на врските, за подобро запознавање меѓу учениците од "старите предели" со своите "братчиња од новоослободените земји", бидејќи биле "жадни да имаат другарчиња од Македонија". Такви врски овозможувале да се оствари во блиска иднина единство, "за да може да се почуствува Македонија како неразделена целина од голема обединета Бугарија, која за такво единство полагала во историскиот момент најголеми усибли".[48)]

За запознавање меѓу учениците и запознавање на учениците со Бугарија, односно со Македонија, како ефикасно средство се сметале ученичките екскурзии во двата правца. Екскурзиите за учениците од Македонија биле главно бесплатни, на сметка на бугарската држава, односно на сметка на Дирекцијата за национална пропаганда. Секое училиште по правило требало во текот на секоја учебна година да реализира по една екскурзија во Бугарија и притоа да ги посети знаменитостите, историските места и други културни установи, кои придонесувале за национално воспитување. Се разбира, екскурзиите на учениците биле искористувани за пропагандни цели и по повод пречеците се правеле разни тржества.[49)]

Иако и натаму екскурзиите се изведувале со средства на Дирекцијата на националната пропаганда, тие се камуфлирале како самоиницијативни, изведувани од учениците и со сопствени средства. При Дирекцијата на националната пропаганда била организирана таканаречена "Заемно-спомагателна каса", во која учениците биле должни да внесуваат свои влогови за изведување на екскурзии. Влоговите на учениците биле толку мали, што со нив не можело да се изведе ни најмала екскурзија, доколку таа каса не била полнета од Дирекцијата на националната пропаганда, односно од државната каса. Затоа мнозинството од учениците биле ослободувани од такви влогови врз основа на сиромашни уверенија. Доколку некои родители од политички причини не сакале да внесуваат за своите ученици определени суми, училиштето испраќало список до општината и таму се наплатувале заедно со другите даноци.[50)] Дирекција на националната пропаганда за летните екскурзии во 1943 година отпуштила: за Скопската област -

680.000 лева и за Битолската област - 450.000 лева.[51)]

Освен екскурзиите, Министерството за народна просвета организирало во време на летниот распуст бесплатни летувања за ученици и ученички од Македонија во летните колонии во Бугарија. Учениците летувале бесплатно во две смени, заедно со учениците од Бугарија и ученици од германскиот Рајх. Капацитетот на тие летувалишта изнесувал 170 ученици-Македонци во една смена.[52)]

Освен општите ученички екскурзии се практикувале и гостувања на ученички хорови од Македонија во Бугарија и обратно. Во најголемите сали во градот при посета на најголемите претставници на градските власти биле одржувани концерти, се изменувале официјални поздрави меѓу гостите и домаќините. Хоровите често правеле посети и на војничките касарни и пред војниците давале концерти. Другото време на престој било искористувано во разни посети на бугарски национални паметници и културни установи, полагани биле венци и сл.[53)]

Ученички екскурзии изведувале и учениците од Бугарија. Било да правеле посета на училиште со кое одржувале врски, било да изведувале екскурзии со посета на поголем број македонски градови, тие секогаш биле со определена бугарска национално-воспитна цел.[54)] Во мај 1941 година Скопје било посетено од 240 души ученици од VII Софиска машка гимназија. Од нив една група заминала во Охрид. Во исто време во Скопје пристигнала група ученички од I Софиска женска гимназија, на чело со ученичката музика.[55)] Во почетокот на јуни 1941 година во Скопје пристигнале 50 ученици и ученички од Ќустендил, на чело со ученичката музика.[56)]

Ваквите екскурзии зачестиле во време на летните распусти во следните години. Притоа се практикувало да се изведуваат разни концерти за учениците и граѓанството и преку Радио-Скопје со разни творби на бугарски писатели, композитери и др.[57)]

Екскурзии биле организирани и за учителите. Тие биле ползувајќи за пропагандни цели. Обично посетувале историски места или пак оние места што биле поврзани со историјата на Бугарија, како местото каде што загинала Мара Бунева, гробот на потполковникот Дрангов и др. Обично учителите носеле со себе извесен контигент книги што им биле давани како подарок на училишните библиотеки во Македонија.[58)]

Независно од тоа што егејскиот дел на Македонија не бил бугарска окупација, претендирајќи и на него како на бугарска земја, со помош на германските окупациони власти во некои македонски градови биле отворени бугарски училишта, во кои биле запишувани македонски деца. Особено бугарската просветна власт полагала на своето училиште во Солун. Затоа таа организирала екскурзии за учениците со цел да го посетат окупираниот дел на Македонија и Бугарија. Првата екскурзија предводена од еден свештеник и претставник на бугарскиот клуб во Солун била изведена со 45 ученици. Посетено било Скопје, каде што учениците биле дочекани од највисоките преставници на власта од Скопската област. Во одржаните говори при посетата на Скопје бугарските преставници отворено ги изјавувале своите претензии на егејскиот дел на Македонија, заедно со Солун. Учениците биле разведени по градот, а потоа дале неколку концерти, од кои и по Радио-Скопје. Дирекцијата на националната пропаганда покло-

нила на солунското училиште разни книги, нотни текстови и др.[59] Друга група учениците од Солун на пат за Бугарија од 13о души го посетила Скопје кон крајот на август 1942 година,[6о] а трета група од 18 ученици и 5 ученички во октомври 1942 гд Програмите за престој во Скопје и Бугарија биле направени од Дирекцијата за националната пропаганда.[61]

### 3.- Дисциплината како средство за национално воспитување

Изведувањето на денационализаторската и асимилаторската програма во бугарските училишта во Македонија во многу зависела од создавање на поволни услови и непречена работа на учителите. Затоа училишната дисциплина преставувала еден од најголемите задачи на бугарската просветна власт, дотолку повеќе, што училиштата во Македонија имале пред себе далеку потешки задачи, а учениците не биле свикнати на војничка дисвиплина на бугарските училишта. Ова не го криела бугарската просветна власт, заклучувајќи дека затекнала во Македонија слаба училишна дисциплина. Обвинувајќи ја за тоа бившата југословенска училишна власт, која, наводно, тенденциозно и со намера да "ја одвои од Бугарија" македонската училишна младина, допуштала преголема слобода за учениците.[62] Сакајќи да ја воведе потполно дисциплината од училиштата во Бугарија, Министерството за народна просвета барало од училишните власти "системно и упорно да да се работи со учениците за да се постигнат свесни навики

во исполнувањето на барањата, а учениците да ги управат своите сили за пазење ред и непречен живот во училиштата, а едновремено да се пробуди желба и волја за сознателна и искрена служба на бугарската држава".[63)]

За да се создаде цврста дисциплина во училиштата во "новоослободените земји" и да се подготват учениците "за утрешни сознателни и дисциплинирани граѓани на обединета Бугарија" се предвидувале повеќе мерки:

1. При наставата од секој предмет да се одделува малку време за изнесување значењето на школската дисциплина, откако на учениците ќе им се сугерира дека само дисциплиниран човек и дисциплиниран народ може да ја "гради сигурно и правилно својата судбина";

2. Да се исползуваат и други средства за создавање на самодисциплина кај учениците, односно да се постигне кај нив свест да го прифаќаат и чуваат создадениот ред не само во училиштето, туку и во општеството, без да ја принудуваат школската власт да интервенира по присилен пат;

3. Со помош на дисциплина и разни ограничувања што ги наложува училишниот ред учениците да се насочуваат кон мислење, желби и стремежи, кои се во склад со таквите на државата, а истовремено без отпор да ги примаат сугестиите на своите учители, во името на општобугарските интереси.[64]

Воведувањето на дисциплината од училиштата во Бугарија започнало со применување на форми, кои биле во пракса во училиштата во Бугарија. Во односите учител-ученик се применувала војничка дисциплина. При влегувањето на учителот в клас се командувало војнички: "стани", "мирно" и сл.[65)] Учениците пред почетокот на наставата влегувале во

војнички строј во училиштето, а и по свршување на наставата класовите излегувале по војнички строј. Во пракса било да се формираат такви строеви и вон училишта, кога учениците оделе групно.[66] Слично на бугарските касарни за зајакнување на дисциплината во училиштат било воведено дежурство: а) дежурните ученици носеле на левата рака бугарска тробојка; б) поднесувале по војнички рапорти пред учителите; в) ги изведувале учениците во строј; г) му ги доставувале на класниот наставник провинетите ученици; и д) воделе строга контрола за движењето на учениците по улиците.[67]

Првиот час од наставта започнувал со "националната молитва" специјално составена и одобрена од Министерството за народна просвета.[68] Со слична молитва свршувала и наставата. Класниот наставник водел посебна тетратка за секој ученик и поодделно бележел за неговото молитвено расположение.[69] Во тие тетратки се пишувало податоци и за други национални projави, како и за семејната и материјалната положба на ученикот.[70]

Во рамките на дисциплината спаѓале и ученичките униформи со бројни ознаки на левата рака. Униформите сами по себе создавале војнички дух, а истовремено преставувале видливо обележје за ефикасна контрола врз учениците надвор од училиштето. Уште со запишувањето на учениците во првата 1941/1942 учебна година Министерството за народна просвета издало наредба за воведување на ученички униформи во средните училишта во Македонија.[71] За снабдување со униформи на учениците биле ставени во трговијата доволни количини штофови,[72] а уписот во училиште биле условен со набавка на униформа.[73] Училишните управи придржувајќи се строго до наредбата на Министерството извршиле притисок врз учениците

да се снабдат со униформи, што во многу гимназии дошло до остри судрувања, дури и до напуштање на наставата од страна на цели класови. И по извршениот притисок врз учениците родители, не се постигнал успех, бидејќи тие се правдале дека немаат финансиски средства за купување униформи на своите деца.[74)]

Министерството пред општиот револт на учениците и ученичките родители воведувањето на реформите го одложило за подоцна, сметајќи дека тоа побезболно може да се изведе постепено. За моментот од учениците се барало задолжително носење на ученички капи, меѓутоа, воведувањето на капите да се изведе по пат на убедување, отколку со притисок.[75)] Краен рок за воведување на капи бил поставен 1 јануари 1942 година.[76)] Класните наставници биле задолжени да соберат до тоа време од учениците по 70 лева и самите да набават капи за учениците.[77)]

Откако учениците биле снабдени со ученички капи, Министерството сметало дека ќе може да пристапи кон воведување на ученички униформи, а класните наставници ги задолжило да најдат најефикасни начини да ги убедат учениците.[78)] И повторната наредба за воведување на ученичките униформи претрпела неуспех. Затоа во текот на март 1942 година Министерството за народна просвета, согласно чл.230 од Правилникот за гимназиите им заповедало на учениците и ученичките на цивилната облека да поставаат ученички броеви на левата рака над лакетот. Спроведувањето на таа наредба било условено со исклучување на ученици кои даваат отпор.[79)] Задолжителноста за носење униформа останала само за дојдени-

те ученици од Бугарија.[80]

За зајакнување на училишната дисциплина и поефикасна контрола врз учениците, согласно Правилникот за гимназиите, биле воведени вечерни часови за движењето на учениците. Вечерните часови за движењето биле ограничени: летно време до 20 часот, а зимно време до 18, некаде до 19 часот. За контрола на движењето биле определени дежурни учители, кои запишувале ученици, најдени по вечерниот час на улица или јавно место. Такви ученици биле земени на одговорност.[81]

Во почетокот на секоја учебна година секој ученик бил должен да се снабди со ученичка лична карта, на која била залепена фотографија, а заверена и потпечатена од училиштето. Потоа секој ученик имал ученичка книшка, потпишана од директорот, класниот наставник и самиот него. Кон таа книшка се додавала и специјална надзорна книшка. Во последната имале право да ги пишуваат прекршоците на ученикот и државните органи.[82]

Според Правилникот за гимназиите во Македонија на учениците им било забрането:

- Да организираат и посетуваат разни журови;
- да посетуваат без одобрение на училиштето разни публични собири, предавања, говори, изложби и др.;
- да штрајкуваат или демонстрираат против училишниот ред и наредбите на училишната власт;
- да распространуваат слики или литература со неморална содржина;
- да посетуваат библиотеки и читалишта и да земаат книги од нив без одобрение на класниот наставник;

- да пишуваат по весници без знаење на директорот;
- да собираат пари меѓусебе за било каква цел;[83]
- да отсуство од црква, тржества и други свечености на учениците да им се пишува отсуство, кое повлекувало намалено поведение.[84]

Со оглед на тоа дека учениците често наоѓале и разни значки, кои се сметале за штетни по воспитувањето, Министерството издало наредба, со која било определено кои значки можат да ги носат учениците на своите ревери. Пред се, во време на разни национални тржества, а со препорака и во секое време, учениците требало да носат бугарско национално знаме. Носењето на знамето било задолжително и за учителите. Потоа, се препорачувало носење на значката "V" како симбол за германската победа во војната. Со организирањето на државната младинска организација "Браник" се дозволувало носење и на нејзината значка. Дозволено било носење на значки од разни христијански друштва. Носење на сите други значки било најстрого забрането. Посебно било забрането носење на ликот на Христо Ботев, бидејќи него го носела предимно комунистичката младина.[85]

Министерството посебно внимание посветило во инсистирање да се носи знакот "V". Со посебно окружно писмо упатено до училишните управи, тоа препорачувало во сите пригодни случаи да се популаризира меѓу учениците и граѓанството значката "V", која треба да се носи на видно место на реверите.[86] Истата значка само во големи размери се поставувала во сите училници, потоа на челно место во време на разни забави, манифестации и сите случаи, кога училиштето доаѓа во допир со граѓанството.[87]

## 4.- Училишни институции за контрола врз учениците надвор од училиштето

Според Правилникот за гимназиите во "новоослободени земји" (чл.6) училишните власти биле должни да водат контрола и навреме да ги попречуваат сите појави и туѓи народносни влијанија и пропаганди врз учениците. За ефикасна контрола над учениците бил организиран целиот училиштен и државен апарат и создадени посебни учителско-родителски институции како помош на училишните власти.[88)]

За одржување на училишниот ред и дисциплина најголема одговорност носел директорот или главниот учител на училиштето. Затоа тој бил должен да ги презема сите ефикасни мерки во таа смисла и да бара од потчинетите учители полно содејство. Директорот на останатите тела во училиштето им определувал конкретни задачи и барал од нив да вршат ефикасна контрола во нивното спроведување во живот.

Покрај директорот со запазување редот и дисциплината во училиштето бил ангажиран и наставничкиот совет, кој бил должен да изготви план за строг и сестран надзор врз учениците во училиштето и надвор од него.[89)]

Класниот наставник бил директно одговорен за дисциплината и редот во својот клас и одговарал за поведението и држањето на учениците од класот во училиштето, домот и во општеството. Преку создавање на примерна дисциплина тој бил должен "да организира колку може подобро колективен дух меѓу учениците и да го обрне класот во национално огниште и расадник на национални и патриотски идеи. "Кон крајот на годината поднесувал извештај за секој ученик и неговите негативни појави во текот на годината.

Учителскиот персонал исто така бил одговорен за дисциплината и редот во училиштето и водел надзор над учениците и надвор од училиштето. Доколку некој предметен наставник ќе забележел негативни појави кај некој ученик надвор од училиштето, бил должен веднаш да го извести училиштето, а доколку се работело за престап против државата бил должен да ги известува и државните органи. Од друга страна, на учителите им се забранувало пред своите ученици и пред народот да проповедаат противрелигиозни, неморални и противдржавни идеи, да се критикуваат меѓу себе пред учениците или општеството, да се расправаат преку печат по прашања во врска со нивната учителска дејност, да спроведуваат во наставата какви и да било партијнополитички или секташки тенденции.[90)]

Контролата од страна на училишните власти се сметала за неефикасна, со оглед на времето, кое учениците го минувале надвор од училиштето, и со оглед на негативниот однос на поголем број ученици кон бугарската окупација. Затоа директорот бил должен да организира контрола над учениците и со граѓанството. Биле организирани таканаречени родителско-учителски комитети, во кои влегувале често лица што немале деца во училиштата и коишто најчесто соработувале со властите. Овие тела во текот на учебната 1942/1943 година добиле име "Родителско-учителски здруженија", и тие одржувале повремени средби. Овие здруженија имале свои редовни членови, определени од гимназиските управи и потврдувани од полициските власти. Тие имале свој управен и надзорен совет, кои заседавале по неколку пати во годината

Родителско-учителското здружение на крајот на годината свикувало општо учителско-родителско собрание на кое учествувале и највисоките државни, црковни, војни и полициски претставници. На тие собранија се правела рекапитулација за редот и дисциплината во училиштето и антидржавни прojави на учениците[91].

Покрај редовните учителско-родителски здруженија се одржувале и повремени учителско-родителски средби[?]ѓавања, на кои учествувале ученичките родители или старатели[92].

И на крајот, како контролен орган за училиштата биле организирани таканаречени другарски судови, за секој клас поодделно. Според податоците со кои располагаме, другарските судови имале задача да ги изведуваат на одговорност пред класот провинетите ученици и солидарно да ги осудуваат нивните грешки.

Сите насочени тела при едно училиште имале за цел да го одржуваат редот и дисциплината како во училиштето, така и надвор од него. Движењето на учениците во градот било ограничено по определени улици и биле определени гостилниците и слаткарниците што можеле да ги посетуваат. Учителските совети определувале специјални комисии од учители што го проверувале народносното сознание на гостилничарите односно слаткарите и врз основа на тоа ги определувале слаткарниците и гостилниците дозволени за учениците[94]. Потоа, учителите определени за вечерно дежурство ги обиколувале недозволените за посета локали и прекршителите ги давале на одговорност[95].

Во рамките на училишната дисциплина спаѓала и строгата контрола на становите на оние ученици, кои не живееле

кај родителите. Согласно заповедта на бугарската полиција, секој наемодател во чија куќа живеат ученици бил должен пред Дирекцијата на училиштето да приложи станбена пријава, со податоци на учениците што живеат кај него. Меѓутоа, училишните власти не биле рамнодушни и при изборот на станови од учениците. Пред започнувањето на учебната година специјална комисија по извршените проверки правела список на становите, во кои можат да живеат ученици. Тој список бил прегледуван од началникот на месната полициска власт и одобруван и дури и тогаш се истакнувал јавно во гимназијата со предупредување дека ниеден ученик нема право да живее во непрегледан и неодобрен стан од училишните власти. Истовремено, на станодавците им било наложено да присуствуваат задолжително на родителско-учителски средбавања, како што им биле давани посебни задолженија за контрола врз учениците[96/].

Учениците, по прашањето за надзор, не биле поштедени ни во родителските домови. Министерството за народна просвета водејќи сметка за вонучилишен надзор ги задолжувало директорите да вложат повеќе грижи за животот на учениците и во родителските домови. Тоа можело да се постигне, ако учителите повремено ги посетувале учениците дома и одржувале потесна врска со нивните родители. Посебно учителско-родителските комитети требало да бидат ангажирани да го контролираат движењето на учениците, да ги проучуваат условите за домашна работа и да контролираат дали учениците

правилно се воспитуваат во родителскиот дом. На редовните учителско-родителски срекавања се изнесувале забелешките во врска со домашното воспитување на учениците и се барало од родителите да го засилат надзорот врз движењето на учениците за да не паднат под туѓи , непријателски за државата влијанија[97/].

Бугарската просветна власт настојувала да има полн надзор врз учениците и во време на школските распусти. Уште во март 1942 година Министерството за народна просвета се обрнало до училишните инспектори, директорите и главните руководители и побарало од нив, во време на распустите, преку училишните органи да ја засилат контролата на движењето на учениците, да водат сметка за нивните народносни пројави, а потоа во вид на извештаи да изнесуваат мислења за секој ученик поодделно. Доколку некој орган на училишната власт би забележал некакви негативни пројави кај ученик тој бил должен на лице место да му запише во надзорната книшка. Доколку органот сметал дека пројавата е од потежок карактер и опасна за државата, без да запише во надзорната книшка бил должен да го извести директорот на училиштето со строго поверливо писмо[98/].

Како средство за ефикасен надзор врз учениците што живееле одвоено од родителите се практикувало отворање на интернати, каде што контролата била целосна. Посебно внимание им се обрнувало на учениците-бегалци од егејскиот дел на Македонија и за нив во Битола бил отворен посебен интернат во кој биле задолжени да живеат[99/]. Во интернатот биле сместени 50 ученици и 30 ученички[100/].

Како ефикасно средство за надзор над учениците

што живееле вод родителскиот дом, се сметало ученицките трпезарии, створени при училиштата. Дирекцијата на секое училиште било должна да ги разгледа можностите за отворање на такви трпезарии со кооперативна исхрана, откако ќе обезбеди за таа цел нужен инвентар, создаде специјален фонд и избере управа. По таков начин учениците не морале да одат по разни гостилници, каде што можеле да паднат под разни влијанија[101/].

За да се држат учениците и во слободното време поблиску до училиштата и да се обезбеди ефикасен надзор, Министерството за народна просвета ги задолжувало учителите да организираат акции за уредување на училишните дворови во слободното време. Доколку училиштата располагале со училишни бавчи или овошници, учениците ги саделе со зеленчуци, ги чистеле дрвјата жод гасеници и сл. За работа во дворовите можеле да се користат и неделните денови. Секој клас можел да има своја одредена парцела и се закажувал натпревар меѓу класовите. Приходот од такви градини и овошници можел да се исползува за потребите на трпезариите[102/].

И на крајот да се спомне и за надзорот на учениците и сутедните што биле испракани во странство. Според законот, а потоа и според правилникот на Министерството за народна просвета, најнапред се вршела строга проверка кои ученици и студенти требало да бидат испракани во странство /во случајов во Германскиот Рајх /. Испратените ученици и студенти во странство биле должни да членуваат во соодветни бугарски студентски друштва. Нечленувавето во соодветно друштво го одземало правото на учење во странство во след-

ната учебна година. Тие студентски друштва претставувале всушност клонови на Бугарскиот национален студентски сојуз, кој бил под надзор на Министерството за народна просвета. Управите на таквите студентски друштва во странство воделе полна контрола за движењето и дејноста на студентите во странство и во вид на извештаи го известувале Министерството[103/].

Правилникот за гимназиите предвидувал и награди за оние ученици кои во текот на годината биле примерни по прашење на училишната дисциплина и чување редот во училиштето. Министерството за народна просвета издало до сите училишни раководители упатства за наградување на такви ученици. Тие награди требало да се доделуваат од учителските совети и по таков начин да имаат позитивен одглас кај останатите ученици. Министерството препорачувало на такви ученици училиштето да им возложува важни задачи во животот на училиштето, а списокот на истите да го испраќа до него[104/].

## 5

## Училишната дисциплина и комунизмот во бугарските училишта во Македонија

Бугарската просветна власт при спроведувањето на својата денационализаторска и асимилаторска политика во училиштата во Македонија наишла на сериозен отпор од страна на македонската младина. Тој отпор бил двоен - против денационализацијата на македонскиот народ и против фашизмот.

Првиотт отпор против денационализаторска политика се манифестирал во разни форми кај огромното мнозинство ученици од сите степени на училиштата и се јавувал претежно кај учениците од вишите класови. Тој се движел од неприфаќањето на бугарскиот јазик како туѓински до свесен национален отпор против денационализација. Отпорот против фашизацијата бил свесен отпор и се изразувал кај политички ориентисаниот дел на македонската змладина, предводуван од КПЈ.

Сфаќајки доста рано од каде доаѓа отпорот против бугарската денационализаторска и профашистичка политика, бугарската окупациона власт во Македонија побарала од просветните власти да преземат остри мерки против сите непријателски пројави на учениците , посебно против учениците што се пројавувале со комунистички идеи. Ова особено се заострува по 11 октомври 1941 година, кога во редовите на првите партизански одреди во Прилеп и Куманово се нашле и ученици. Министерството за народна просвета со повердиво писмо со обрнало до сите директори, барајки од нив да ја засилат будноста и да преземат ефикасни мерки против комунистичките пројави во училиштата. Според Министерството, бугарските училишта во Македонија биле далеку повеќе изложени на комунистичко влијание отколку тие во Бугарија,"поради незајакнато бугарско национално сознание". Комунистичкото движење се стремело да привлече за својата комунистичка идеологија што повеќе млади луѓе и да ги активира во борбата против бугарската држава, сметајки ја неа како окупатор во Македонија. Констатирајки дека извесен број ученици "лишени од добар надзор" се подале на комунистичко влијание, дури некои од нив станале и "родоотстапници", и бидејки тие ги напуштиле училишта-

та и се објавиле за непријатели и рушители на државниот ред и поредок. Министерството сметало дека треба итно да се преземат конкретни чекори против влијанието на комунизмот во училиштата, а до колку е нужно и вонредни и брзи мерки. Пред училишните власти се поставувало да дејствуваат во две главни насоки: 1/ да ги отстрануваат од училиштата агитаторите на комунизмот и 2/ да ги пазат останатите ученици од комунистичко влијание[105/].

Во рамките на училишната дисциплина училиштата пристапиле кон засилена активност за разубедување на учениците и нивното отргнување од комунистичко влијание. Во секоја прилика се истакнувало дека комунистичката идеологија е непријател на бугарскиот народ и дека комунистите претставувале најлош пример на издајство. Со тоа се настојувало да се предизвика револт против учениците-комунисти и истовремето и презир[106/].

За да ги отргне учениците од влијанието на комунизмот, Министерството за народна просвета им препорачувало на учителите да одржуваат постојани врски и да им укажуваат секакво содејство на сите антикомунистички организации и со нивната помош да ги придобиваат за "новиот ред", кој единствено одговарал на интересите на бугарскиот народ и неговата целост. Учителите се повикувале да ги помагаат разните културно-просветни и политички организации во борбата против комунизмот[107/].

Министерството препорачувало во борбата против комунизмот да бидат ангажирани и учениците, антикомунистички расположени. Тие требало да се групираат околу училишните власти и заедно со нив да организираат акции против кому-

нистичките пројави во училиштата и да придобиваат ученици за фашистичката идеологија, приклучувајки ги кон фашистичката организација "Браник"[108/].

За создавање здрави врски меѓу училиштето и родителите и за координирање на акциите против комунистичкото влијание во училиштата, родителско-учителските средбавања биле планирани најмалку двапати во секое тримесечје, односно во почетокот и на крајот на тримесечјето, а доколку ќе се покажела итна потреба и повеќе пати. Во присуство на сите учители пред родителите и старателите се изнесувале "разни стремежи на злотворни елементи" да ги привлечат учениците кон "пагубните идеи". Родителите биле предупредувани за тешките последици што комунистите можат да им нанесат на нивните деца[109/]. Посебни состаноци се одржувале со оние родители, чии деца се огрешиле со комунистичка дејност. Такви родители биле повикувани да ги сопрат своите деца, доколку не сакаат и самиет да бидат окарактеризирани како непријатели на државата[110/]. На посебни состаноци биле повикувани и оние родители, кои живееле надвор од местото каде што се школувал ученикот, особено родителите од околните села. И тие биле запознавани со дејноста на нивните деца и им се советувало да водат сметка каде учениците ќе ги сместуваат на стан. Директорите и учителскиот персонал ги посетувале повремено селата од кои во училиштето имало поголем број ученици и разговарале со родителите, објаснувајки им каква опасност стои пред нивните деца, доколку не ги почитуваат училишните прописи и наредби и одат по "лоши патишта"[111/].

Во врска со контролата на учениците директорите ба-

рале од класните наставници извештаи и карактеристика за секој ученик. Директорите, со помош на учителите, правеле списоци на сомнителните ученици во гимназијата и барале од класните наставници да водат строга контрола за нивното движење. Класните раководители свикувале периодични собранија со учениците од класот. На такви собранија учествувале и разни претставници на црквата, војската, административната и полициската власт, кои учествувале во дискусија по разни "антидржавни пројави" кај учениците[112/].

Министерството за народна просвета барало од училишните власти да покажат поголема грижа на секакви комунистички пројави кај учениците. Во таа смисла препорачувало организирање специјална организација од учениците антикомунистички расположени, кои ќе имаат за задача да ги следат сомнителните ученици и да ги доставуваат на училишните власти[113/].

На училишните управи им се препорачувало да организираат настојнички институт од осведочени приврзаници на бугарската власт, кој би се занимавал со избор на настојници за ученици што живеат надвор од родителските домови. На овој институт му помагале разни бугарски организации и друштва, службени лица, полицијата и др.[114/]. Настојничкиот институт, заедно со училишните управи водел евиденција на станодавците што примале ученици.

Станодавците биле задолжени да присуствуваат на родителско-учителските средувања, добивале инструкции за водење строга контрола врз движењето на учениците, и им било советувано да им забрануваат на своите станари да собираат во станот групи учиници, да не допуштаат непознати луѓе да престојуваат кај нивните станари, да водат сметка ста-

нарите да не внесуваат во станот забранета литература или забранети предмети[115/].

Во училиштата каде што комунистичко влијание било раширено и каде што имало разни ексцеси, гимназиските управи биле должни да ги откриваат виновниците, без да се чека интервенција од страна на полициските или судските власти. Доколку полициските или судските власти по своја линија ќе откриеле комунистичка дејност кај учениците и преземале мерки, училиштето било должно и по своја линија да се произнесе и да преземе соодветни дисциплински санкции. Таквите ученици обично биле истерувани од училиште[116/].

Гимназиските управи биле должни и во почетокот на секоја учебна година да прават грижливи проверки на учениците и во сите сомнителни случаи да дејствуваат според гимназискиот правилник. Оддалечувајки ги сите сомнителни ученици училишните власти сакале уште во почетокот на годината да го очистат училиштето од ученици, кои поради своите комунистички убедувања можеле да му попречат на училиштето во спроведувањето на "национално-воспитните цели". Доколку класниот наставник во текот на годината ќе се посомневал во сфаќањата и намерите на некој ученик бил должен да побара соделство на училишната власт да го оттргне ученикот, а доколку советувањата не ќе помогнеле, да преземе конкретни мерки за отстранување на таквиот ученик од училиштето. За немарен однос кон комунистички и антидржавни појави на учениците воопшто класниот наставник бил лично одговорен пред училишните власти.

На класните совети Министерството за народна просвета им препорачувало да се свикуваат почесто и да го раз-

гледуваат поведението и држањето на учениците, како и мерките што требало да се преземат против оние ученици што огрешиле во комунистичка или друга антидржавна дејност. Класните совети биле должни да вршат и повремени ревизии на учениците во нивните станови и по обиколен пат да соберат податоци за средината во која се движи секој ученик[117/].

За да се запазат учениците од комунистичко влијание Министерството за народна просвета барало гимназиските управи да направат план на предавања со идеолошко-политички карактер. Притоа тоа ги одредувало и оквирните теми за предавањата како на пример: националниот карактер на бугарската култура; воспитното значење на бугарското народно творештво; основните стремежи во развитокот на бугарскиот народ; Бугарија, нејзините соседи и нејзините сојузници; задачите на бугарската младина во Нова Европа; комунизмот - непријател на прогресот во Бугарија и светот и др.[118/].

# ГЛАВА IV

# ДЕЈНОСТА НА "БРАНИК" И ДРУГИТЕ ФАШИСТИЧКИ И ПРОФАШИСТИЧКИ ОРГАНИЗАЦИИ ВО БУГАРСКИТЕ УЧИЛИШТА ВО МАКЕДОНИЈА

## 1

## Создавањето, идеологијата и структурата на "Браник"

Државната организација под името "Бугарска младинска организација "Бранник" била создадена со посебен указ на царот Борис III од 29 декември 1940 година[1].

Според членот 2 од Указот целта на оваа организација била: да ја организира, воспитува и обучува бугарската младина за верно служење на царот и Бугарија, да им служи на државните и националните бугарски стремежи и да создава кај младината мисла и вера во победа на силите од Оската на чело со Германскиот Рајх[2]. Зборувајќи за целите и задачите на "Бранник", тогашниот бугарски претседател на владата Богдан Филов се искажува дека оваа организација треба да одигра историска улога во Бугарија, да внесе нова струја, нова крв и дух во животот на народот и да го насочи тој живот по пат на ~~кикеми~~ нова голема бугарска преродба. Според него, "Бранник" требало да претставува најсигурна алка што ќе ја поврзе Бугарија со нејзините сојузници во изградбата на Нова Европа[3].

Недвосмислено пред организацијата "Бранник" се поставувале две основни задачи: создавање на државен национо-

нализам и фашизирање на младината.

Бугарскиот национализам, во својата основа содржел реваншизам и големобугаризам. Во бранничката идеологија нашле место оние идејни принципи, што најјасно се истакнати во фашизмот: расизамот и предодреденост од "виша" сила Бугарија да владее на Балканот 4/. Организацијата "Бранник" требало да воспита таква младина, која ќе се бори за создавање на едно големо, општобугарско општество, без да прави во тој однос било какви компромиси. Секој младинец требало да живее со мислата дека сите "бугарски земји", независно од моменталната политичка судбина, му припагаат не само историски и етнографски, туку и по животното право на бугарскиот народ и бугарската држава и дека треба да се бори сѐ дотогаш додека "тржеството на бугарската правда се освети со бугарска крв по западните, северните и јужните граници на Бугарија". Организацијата "Бранник" барала од своите членови да бидат по однос на ширењето на бугарските граници максималисти. Дури таа се одречувала од идеалот за "Санстефанска Бугарија" и барала бугарските граници во "Нова Европа" да се прошират уште повеќе за сметка на соседните народи. "Ние го одречуваме идеалот на Сан-Стефанска Бугарија, ние одиме во чекор со нашето време, кое националниот идеал го смета за вечен и стои надвор од условната зависност од историските дати и меѓународните актови. "Бранник" нема да дозволи на никого да ја запре историската мисија на бугарскиот народ на Балканот... па кога изјавуваме дека Санстефанска Бугарија не го задоволува бугарскиот национален идеал, сметаме дека вистински бугарски национален идеал во моментот ги натфрла сегашните етнички граници на Бугарија. За нас бугарскиот

национален идеал ке биде постигнат само тогаш, кога ке го извојуваме со крв и жртви оној простор што е неопходен за бугарската среќа и еднаш за секогаш ке ја премавнеме постојаната опасност за нашата национална сигурност" - пишувал главниот раководител на "Бранник" Стефан Клечков[5].

Фашистичкиот лик на организацијата "Бранник" се оцртал најјасно во указот за создавање на организацијата. Тој всушност претставува копија на Законот за Хитлеровата младина, издаден во 1936 година. Копирањето на Хитлеровата младина не го криеле и бугарските владеачки кругови. Напротив, во секоја прилика било манифестирано дека "Бранник" претставува составен дел на европската фашистичка младина. Уште од самото создавање организацијата "Бранник" настојувала да се поврзе тесно со Хитлеровата младина. Дури, во таа смисла браничкото списание "Нова Европа" се фалело дека бугарската младина преку организацијата "Бранник" била една од првите земји, која се застапила за идејата на заедничка работа на европската младина во воспоставувањето на нов ред во Европа[6]. Врските на "Бранник" со Хитлеровата младина се огледале и на дело. Воспоставени биле блиски контакти меѓу раководствата, доаѓало до заемни посети, организирани биле разни натпревари, разменувани групи за здобивање на искуства и лично запознавање и др.[7].

Организацијата "Бранник" била типично државна организација, која во своите редови требало да ја прибере школската младина од двата пола. По својата организација таа претставувала типично касарнска школа, слична на Хитлеровата младина, која имала конкретни задачи: а/ да ја подготви бугарската младина за борба за отстранување на фашистичкиот

поредок во Европа и б/ од редовите на организацијата да создава идно државно раководство на Бугарија[8]. Според членот 16, глава II од Законот за организирање на бугарската младина, на чело на организацијата "Бранник" се наоѓал главен раководител[9]. Организацијата имала и свој главен штаб, кој ги проучувал и решавал сите работи, ја водел целата служба на организацијата и вршел надзор на сета младина. Главниот штаб бил составен од началници на службите при организацијата, со учество и на началникот на службата за телесно воспитување при Министерството за народна просвета. Организацијата имала повеќе одделенија: 1/ Организационо одделение, кое имало да решава организациони проблеми и да поставува задачи; 2/ Школско одделение, кое подготвувало членови за раководење со организацијата; 3/ Одделение за одржување врски со други младински фашистички организации; 4/ Спортско одделение, за организирање на разни натпревари; 5/ Здравно одделение, 6/ Финансово одделение, 7/ Социјално одделение, 8/ Домакинско одделение и 9/ Пропагандно одделение.

Главниот раководител се назначувал со указ од Министерскиот совет врз основа на предлогот од претседателот на владата. Главниот раководител му бил директно потчинет на претседателот на владата, а на главниот раководител му биле потчинети сите служби на организацијата "Бранник" и целиот персонален состав на организацијата[10].

Цела Бугарија, вклучувајќи ја тука и Македонија, организационо била разделена на таканаречени војводства. На чело на секое војводство стоел војвода, кој бил одговорен за својата област. Во Македонија биле организирани две војводства - скопско и битолско[11]. Меѓутоа, нешто подоцна,

во јануари 1943 година, двете војводства во Македонија добиле свое централно раководство Македонско војводство. Двете војводства одржувале директни врски со Македонското војводство, а тоа со Главниот штаб на "Бранник" во Софија[12/].

Војводствата се деле[ле] на браннички дружити во кои женските членови се викале бранички венци. Секој поголем град имал браничка дружина, составена од 2 до 3 чети. На чело на секоја дружина стоел командир, кој обично бил учител. Четите имале свој четен командир и тие се делеле на јадра, на чело со челници. Една чета имала обично 30 до 50 браници[13/].

Членовите на организацијата "Бранник" се делеле и според возраста. Од 10 до 14-годишна возраст членовите на се викале "Орлета" и тие претставувале таканаречен прв организационен период на "Бранник". Од 14 до 16-годишна возраст се викале веќе браннici и претставувале втор организационен период. Од 16 до 21 година биле членовите од третиот организационен период[14/]. Според член VI од Законот за основање на "Бранник", во организацијата биле опфатени и лица, што имале и повеќе од 21 година, односно во неа можеле да членуваат лица до 30-годишна возраст, доколку се на школување /заостанати средношколци и студенти /[15/].

Законот предвидувал доброволно членување во организацијата "Бранник"[16/]. Меѓутоа, училишните управи, по сугестија на Министерството за народна просвета, вршеле притисок врз учениците, често обусловувајќи го запишувањето во училиштето. Освен тоа, по силата на член 24 од Законот за организирање на "Бранник" кон оваа организација се приклучувале сите младински организации, кои имале свои приврза-

ници меѓу учениците, без оглед каква цел имале или во каква форма се јавувале[17]. Со своја заповед од 20 септември 1941 година Главниот раководител на организацијата "Бранник" ги задолжува сите самостојни организации, друштва, клубови, сојузи и др., во кои членувале младинци од 10 до 21-годишна возраст, или студенти со 30-годишна возраст, вклучувајки ги и организациите за телесно воспитание и спорт, до 15 октомври 1941 година да се регистрираат кај организацијата "Бранник"[18]. Од своја страна Министерството за внатрешни работи издало заповед до своите органи на теренот да не регистрираат ниедна младинска организација, која не донесе потврда дека е регистрирана кај организацијата "Бранник". Доколку некои организации работат нерегистрирани, потпагале под кривично гонење.[19].

Членувањето во организацијата"Бранник"носело и големи привилегии. Според член 15 од Законот, членовите на организацијата "Бранник" ги имале следниве привилегии пред останатите младинци:

а/ Бесплатни медицински прегледи и бесплатно лекување од сите повреди и болести задобиени во време на членувањето во организацијата; б/ имале предимство при запишување во сите видови училишта; и в/ предимство при добивање служба во државните, општинските и општествените установи; г/ имале привилегии при добивање државни, општински и општествени стипендии; д/ потоа имале предимство при назначување во учителска служба во сите учебни установи и ѓ/ олеснување при служење на војска и примање во Школата за резервни офицери и др.[20].

Како државна организација "Бранник" бил финансиран

од државниот буџет. Централното раководство и разни служби во Централата биле финансирани од буџетот на Министерскиот совет, додека дружините при училиштата биле на терет на буџетот на Министерството за народна просвета. Секоја година буџетот на организацијата се зголемувал[21/].

Освен големите финансиски средства со кои располагала организацијата "Бранник" уживала и редица други привилегии. Пред сѐ таа имала на располагање разни општествени згради, нужни за организациона употреба. Секоја општина била должна да одреди од својот станбен фонд или да отуѓи приватен имот и да му обезбеди на "Бранник" нужни простории, места за игралишта, туристички домови и сл. Имотите со кои располагала организацијата биле ослободени од секакви државни и општински даноци, акцизи, такси и таксени марки[22/]. "Бранник" бил и под покровителството на Министерството за внатрешни работи и народно здравје. Тоа им наредило на сите околиски управители да ја помагаат оваа организација во секој поглед. Покрај Министерството за народна просвета во изградбата на браничките домови помогнало и Министерството за внатрешни работи[23/].

## 2

## Дејноста на "Бранник" во бугарските училишта во Македонија

Уште во почетокот на учебната 1941/1942 година од бугарската влада во Македонија биле испратени специјални инструктори, афирмирани фашисти, со специјална задача: по секој начин да ја популаризираат државната организација "Бранник" и да ја мосивизираат во училиштата. Заедно со училиш-

ните власти[23а] тие преземале разни мерки за да ги вклучат сите ученици во "Бранник", употребувајки притоа и разни заплашувања. Со оглед на тоа дека другите постојни бугарски младински организации успеале уште во летото 1941 година да ја развијат својата дејност меѓу малубројната фашизирана младина во стара Југославија, а од друга страна младинците дојдени од Бугарија со своите родители биле веќе опфатени од разни профашистички организации отпорано, организацијата "Бранник" настојувала првенствено да ги прифати таквите ученици во своите редови. Се разбира, тоа се однесувало само на учениците повозрасни. За придобивање на децата од помала возраст се употребувале други методи. Тука се делувало повеќе врз слабоста на децата кон униформите и разни привилегии, како и со убедување на некои родители, отпорано осведочени бугарофили[24].

По директива на бугарската влада организацијата "Бранник" се обрнала до македонската младина со посебен апел, во кој ја повикувала да се присоедини кон идеите на "Бранник" и преку неа да се вклучи поскоро во животот на Бугарија. Сметајќи дека многу полесно ќе ги придобие за запишување во "Бранник" помладите ученици, идејно неоформени, бугарската влада поставила пред школските власти во прогимназиите запишувањето во училиштето да биде условено со членувањето во ~~xxxxxx~~ организацијата "Бранник". Задолжително членување во "Бранник" важело и за учениците од петтите и шестите класови на гимназиите, додека за седмите и осмите класови во гимназиите членувањето било факултативно. При запишувањето во училиште учениците пополнувале специјален лист за запишување во "Бранник", во спротивно не можеле да се запишат.

Запишувањето во организацијата "Бранник" не станало според предвидувањата на бугарската влада, бидејки имало доста ученици кои не сакале да потпишат пристапници, а многу само формално потпишувале такви пристапници, а после немале никаква врска со организацијата. Затоа се барале најразлични средства да се принудат таквите ученици активно да членуваат во "Бранник". На учениците им биле ветувани разни олеснувања во школувањето, се вршел притисок и врз нивните родители. Имало случаи кога на учениците им било нудено, без оглед на знаењата и способностите, преминување во погорен клас и сл. Изгледа дека донекаде такви привилигеи имале некаков успех, бидејки во организацијата "Бранник" нашле склониште сите неспособни и мрзливи ученици[25/].

Не биле ретки случаи учениците да бидат казнувани со најголеми казни, кога пред школските власти ке изјавувале дека не сакаат да членуваат во организацијата "Бранник". Казните оделе до исклучување од училиште[26/].

Пристапувањето во "Бранник" се изведувало со посебен церемонијал. Во црква се служеле свечени служби и се светеле бранички знамиња. Дружинското знаме им се предавало на специјално одбрани делегати-браници со искажување на пригодни текстови и завети[27/]. Потоа, во браничките простории или во училиштето се пристапувало кон давање клетва, која била составена во духот на големобугаризмот и фашизмот[28/].

Рековме дека организацијата "Бранник" се ограничила да работи само со школската младина[29/], макар што во време на нејзиното основање се сметало да ја опфати целата младина и да биде независна од школството. Сметајки дека по пат на притисок од училишните власти може најлесно да се пробие кај

младината, организацијата "Бранник" целата своја дејност ја концентрирала во училиштата. Всушност "Бранник" како полувојничка организација, слична на Хитлеровата младина, требало да му биде на помош на училиштето во воспитувањето на младината во големобугарскатж и фашистичка идеологија, а училиштето да го помага "Бранник" во создавање на војници за победа на фашизмот. И навистина, заемните обврски и соработката меѓу училишните власти и организацијата "Бранник" до толку се испреплетувале, што целокупната училишна програма била во служба на фашистичката идеологија, и обратно, фашистичката дејност на браничката организација станала верен проводник на воспитувањето што како задача го поставувало училиштето. И училиштето и организацијата "Бранник" се заложувале за големобугарско воспитание на младината, а во исто време за нејзино фашизирање[30/]. Разлика меѓу училиштето и "Бранник" имало само во методите и средствата што биле употребувани[31/]. Затоа, истоветните задачи и на двата фактори довеле дотаму што раководните лица на браничката организација биле вклучени во училиштето како учители обично по телесно воспитување, а учителите бидувале назначувани за командири на браничките дружини[32/].

Министерството за народна просвета спроведувајки ги упатствата на својата влада на организацијата "Бранник" и дало широка и авторитативна задачаxво Македонија, како на институција, која во полна хармонија со целите и задачите на училиштето. По формирањето на организацијата "Бранник" со посебно окружно писмо од 18 септември 1941 година, потцртувајки ја важноста на оваа организација, Министерството им наредило на училишните власти во Македонија, да ги про-

учат правилниците за училиштата и согласно со специфичните задачи на школството во Македонија да ја вклучат и организацијата "Бранник" и да ѝ овозможат да дејствува. Тоа настојувало да се создаде срдечен однос меѓу браничките командири, учителите и граѓанството за да се олесни организацијата при издавање на наредби и др. Со друго писмо од 25 октомври 1942 година тоа препорачувало пласирање на разни публикации на Бранник, наменети за школската младина. Потоа, со редица окружни писма во периодот од 1941 до 1944 г. Министерството ги разработило заемните односи меѓу училиштето и организацијата "Бранник". Според Министерството, организацијата "Бранник" се јавувала како помошна институција на училиштето за ширење на бугаризмот во Македонија и со својата организациона структура и војничка дисциплина како организатор на војничката моќ во Бугарија во борбата за победа на фашизмот во Европа[33/]. Тргнувајќи од објаснувањето дека учениците во минатото биле изложени на штетни влијанија на разни идеологии, кои се во спротивност на интересите на голема Бугарија, Министерството ја сметало организацијата "Бранник" за инструмент, кој ќе го помогне, олесни и дополни националното воспитување на учениците и од нив ќе создаде верни бранители на "обединета "Бугарија и "новиот ред во Европа"[34/].

За да се определи улогата на организацијата "Бранник" во целата школска система, неопходно е да се истакнат оние елементи, кои придонесувале таа да биде авангарда на големобугарската младина. "Бранник" пред сѐ имал задача да ги прибере сите младинци во Македонија, кои биле со неоформен политички мироглед и да ги воспита во фашистички дух, без

кој не можела да опстане голема Бугарија. Со оглед на тоа што македонската школска младина во својот поголем дел била непријателски ориентирана кон бугарската окупациона власт, а според тоа и против организацијата "Бранник" како големобугарска и фашистичка агентура, последнава настојувала да ги придобие политички неориентираните и да не им допушти на комунистите да ги придобијат за себе". Од друга страна, во борба против македонската напредна младина, водена од КПЈ, организацијата ги копирала методите за работа на Хитлеровската младина и употребува севозможни средства да го парализира нејзиниот отпор против денационализацијата и фашизирањето.

Организацијата "Бранник" имала разработено цела система за својата дејност во училиштето. Особено место во образователната система на Бранник имало таканареченото јадро. Тоа претставувало најмал по број, но најважен колектив, врз кој директно требало да се всадува големобугарската и фашистичката идеологија. На него раководителот требало да обрне најголеми внимание , да го воспита и потоа да го активира за ширење на браничката идеологија меѓу другите ученици. Со браничките јадра требало да се работи секојдневно, макар и кратко време. Програмата за секојдневните срекавања на едно јадро, наречени "јадрови собири", била исполнувана со предавања, со изучување на бранички песни и со обични игри. Во такви "јадрови собири", покрај раководителот, кој имал улога на контролор, важна улога имал челникот /проверен ученик / кој се стремел да даде содржина на срекавањето. Тој пред собирот бил подготвуван од раководителот да раководи со работата и потоа се стремел да обезбеди програма и да ги заинтересира браниците.

Друга единица во браничката образовна система били дружинскиот совет, во кој влегувале сите младински раководители. Овој совет требало да претставува школа за создавање на колективен дух и единствен големобугарски и фашистички мироглед кај сите браници. На дружинскиот совет се проучувала програмата за предвидените собири и се обмислувале сите акции, кои сметала дружината да ги преземе. На овие собири главен збор имал командирот, кој воедно бил и учител во училиштето. Тој умешно ги поставувал и толкувал сите акутни проблеми, давал наредби и толкувал разни упатства од повисоките органи на организацијата. Дружинскиот совет бил сметан за "лабораторија" во која се создавал идеален браник и се усвојувала браничката идеологија.

Важен елемент во браничката образовна система била програмата за образовна дејност на "Браник". Таа опфакала разни предавања, пројави, дејности и занимања и била разделена во осум оддела: 1/ Програма за лично усовршување и религиозно-морално воспитување; 2/ Програма за граѓанско воспитување; 3/ Програма за национално воспитување; 4/ Програма за здравствено воспитување; 5/ Програма за организациона подготовка; 6/ Програма за телесно воспитување; 7/ Програма за предвојничка подготовка; 8/ Програма за културни занимања.

Исто така важен елемент на браничката образовна система било создавање та таканаречените "специјални групи". Тие групи постепено се оформувале при секоја дружина и биле составени од група ученици, кои пројавувале интерес кон некаква дејност, кои имале исти сфакања, стремежи и цели. Работата со такви групи се одвивала одделно и надвор од општите собири.

Пропагандата претставувала важен елемент во браничката образовна система. Таа имала најразлични форми и се служела со најразлични средства да придобие за големобугарската и фашистичката идеологија не само ученици, туку и граѓанство.

Едно од средствата за исполнувањето на образовната система на "Бранник" била и браничката униформа, која имала ефект кај учениците, поготово што била многу ефтина или се делела бесплатно. Се сметало дека униформата ја покажува силата и моќта на организацијата "Бранник" и како таква привлекувала младинци, поради "младинската желба да се играат војници[35/].

Присуството на организацијата "Бранник" се наметнувало и во редовната школска програма. Според едно окружно писмо од 16 ноември 1942 година Министерството за народна просвета наредува браничките раководители задолжително да учествуваат во наставничките совети при изработувањето на школската програма, иако тие не биле членови на советот[36/]. Програмата во училиштата се приспособувала да може на браничката организација да и се даде време за работа во самото школо. Некаде во програмите биле оставени и слободни денови, наменети за "Бранник"[37/]. Претставниците на "Бранник" учествувале и во решавањето на други школски проблеми, земале учество во најразлични учителски конференции и поднесувале реферати и сл.[38/]

Организацијата "Бранник" инсистирала училишната програма да се подреди така да биде во полн склад со нејзината дејност. Претседателот на владата Богдан Филов испратил наредба до сите директори и раководители на училиштата да го помагаат создавањето на бранички дружини и да ги прила-

годуваат наставните програми спрема дејноста на училиштето и браничките одделенија. Со окружно писмо од 1 октомври 1943 година Министерството за народна просвета, во врска со усогласувањето на дејноста на училиштата со дејноста на браничките одделенија, издало ред упатства, во кои се настојува да се постигне полна согласност.

1/ Тоа бара неделната расподелба на часовите да се изврши така, да останувааат две слободни попладнина, а исто така да се определи еден цел ден во месецот, што ке се употреб за бранички занимања, согласно со чл. 14 од Законот за организирање на бугарската младина.

Поради тоа што во многу училишта наставата се водела цел ден, а немало други погодни места ниту инвентар за бранички занимања, на директорите на училиштата им се наредувало заедно со браничките раководители да ги ползуваат браничките попладнина така што секој браник и браничка да земе учество во браничкото занимање. Во тие денови сите ученици-браници и небраници не требало да бидат оптоварени со домашни работи, ниту со тешки лекции.

2/ Учениците - браници се ослободувале од задолжително учество во други вонкласни школски задолженија, како вонноставно телесно воспитание и вонкласни општествени прозави, во кои учествувале сите ученици.

3/ Учителите - бранички раководители биле ослободувани од класна настава и водење на други ученички групи. Меѓутоа, програмните попладниања за телесно воспитание биле задолжителни за оние бранички раководители, кои истовремено биле и учетиле по телесно воспитание.

4/ На учителите по телесно воспитание - бранички раководители им се признавале како настава најмалку 4 часа

неделно за водење на браничките одделенија.

5/ При учеството на училиштата во свечености, браниците задолжително учествувале во униформи и во строј напред на колоната. Знамето на браничката дружина се носело паралелно со училишното знаме, а браничкиот раководител се движел пред браничката колона.

Командувањето со општиот строј му било поверено на учителот по телесно воспитание или на браничкиот командир, според тоа како ќе определи директорот на училиштето[39/].

Наставниците по другите учебни предмети биле должни да соработуваат со организацијата "Бранник". Обемот на соработката бил утврден од Министерството за просвета . Оние учители што сакале да организираат ученички кружоци и групи /литературни, научни, театарски, битови и др. / биле должни да го сторат тоа во браничката средина, односно во браничките одделенија. Учителите биле должни да држат предавања пред браниците на теми со национална, научна или друга содржина потенцирајќи ја исправноста на браничката идеологија. Тие им давале предимство на браничките одделенија во однос на другите друштва, доколку ги имало. Заедно со директорот и браничкиот раководител изработувале програма за работа на друштвата во зависност со дејноста на "Бранник". При оценувањето на секој ученик тие ја земале предвид и неговата активност во организацијата "Бранник"[40/]. За активните членови во "Бранник" бил применуван поблаг критериум

Првите раководни кадрови на организацијата "Бранник" биле веќе афирмирани фашисти и приврзаници на режимот. Меѓутоа, наскоро се покажала потреба за системно подготвување на нови сили за раководен кадар. Со помош на Министерството за народна просвета се пристапило кон отворање на специјално

браничко училиште во близината на градот Казанлак, во кое биле примани ученици со завршено прогимназијално образование. Училиштето имало за цел да подготвува предани на државата и воено подготвени млади водачи на браничките дружини[41/]. Во него паралелно со учебната материја се спроведувала и националновоспитна програма која била копија на програмата на школите за раководни кадри на Хитлеровата младина[42/]. Министерството особено настојувало кај училишните управи и браничките дружини во Македонија да обрнат посебно внимание за испраќање на ученици во браничкото училиште имајки ги предвид специфичните задачи на организацијата "Бранник" во "новоослободените земји". Училишните власти требало да водат сметка учениците што ги предлагале за браничкото училиште да имаат не само квалитети и способности, туку да бидат со бугарски национални чувства и да произлегуваат од бугарофилско семејство[43/].

Покрај редовното браничко училиште за идни раководители браничката организација организирала и специјални курсови во Бугарија и Германија. Еден таков курс бил отворен во Скопје, кој траел три месеци и бил посетуван од 20 ученици. На курсовите што биле организирани во Германија биле испраќани и ученици од Македонија. Познато е дека на курсот за бранички раководители во Германија, одржан есента 1941 година , учествувале по еден ученик и една ученичка од Скопје, Битола и Охрид[44/]. За време траењето на курсовите учесниците имале полн пансион и одлични услови за живот и работа[45/]. Ку Курсовите во Германија ги воделе германските управи на школите за младинци и девојки, додека оние во Бугарија ги раководеле штабните раководители и некои командири определени од

Главниот штаб на "Бранник"[46/].

Покрај курсовите за раководители браничката организација организирала и други курсови за браници и бранички што се подготвувале за определени задачи. Најчести биле санитарните курсови. Првиот санитарен курс во Македонија бил отворен кон крајот на мај 1943 година во Скопје и посетуван од 50 бранички од цела Македонија[47/].

Во својата фашистичко-воспитна дејност "Бранник" организирал специјален логорски живот, сличен со логорскиот живот на Хитлеровата младина. Логорите биле организирани на војнички принцип /униформи, војнички живот, војничка команда, хитлеровски поздрав со дигање рака, војничка обука и сл. /. Посебно внимание се посветувало на фашистичко-политичката настава и воспитувањето на браниците[48/].

Организацијата "Бранник" организирала за своите членови и разни маршови и "напади" на градови и села во блиската или подалечна околина. Потоа организирале вежби во полињата, биле одржувани стрелачки натпревари и сл. Во време на такви маршови и вежби биле спазувани војнички прописи: поставање на стражи, логорски оган, дигање на знаме и др.[49/].

Во дејноста на "Бранник" спаѓале и таканаречените летни логори. Такви логори биле организирани на повеќе места и во Македонија, во кои преку лето биле испракани браници на летување. Престојот во логор бил бесплатен, меѓутоа, животот во него бил со определен режим и фашистичко-воспитна програма. Преку летото во 1942 година од Скопската и Битолската област биле испратени на логорување 90 ученици и ученички на возраст од 14 до 18 години.

Со слични цели од страна на браничката организација

биле отворени и разни детски игралишта, кои прифакале деца небраници, а со цел да ги придобиваат по пат на игри и забави за браничката организација. Обично, под контрола на браничкиот раководител и со реквизитите на организацијата се организирале игри, а потоа се прибирале децата на разговор[50/].

Испраќањето на бранички групи по селата на полска работа спагало во дејноста на организацијата за придобивање привразаници по селата[50a/]. Во исполнување на својот план организацијата во летото 1942 година им ги ставила на располагање на земјоделците своите таканаречени трудови јадра во летните месеци. Од своја страна Министерството за внатрешни работи испратило наредба до околиските управители и кметови во Македонија да и укажуваат на организацијата "Бранник" најголема помош и да направат списоци на оние земјоделци што имаат нужда од помош при собирањето на летината[52/]. Согласно со планот на Главниот штаб разработен од браничкото војводство во Македонија, акцијата за помош на земјоделците во полската работа се одвивала во две насоки: 1/ давање на постојана помош на државните стопанства и 2/ помош на селските домаќинства. Во таа смисла биле формирани два вида трудови бранички групи: а/ бранички трудови јадра и б/ подвижни бранички трудови чети[53/].

Всушност толку рекламираната помош на земјоделците не претставувала ништо друго туку само помош на окупаторскиот апарат во реквирирање на земјоделските производи. Кметовите барале од организацијата да им ставаат на располагање бранички јадра за броење снопови по нивите и контролирање на гумната[54/].

Испракањето на браничките јадра по селата станувало и врз база на размена меѓу околии, а најчесто бранички јадра од Бугарија биле испракани во Македонија и обратно. Престојот по селата бил ограничен на 20 дена за една група[55/].

Браничката организација со испракањето на трудови јадра по селата продолжила и во летото 1943 година. Пред да бидат испратени на терен браниците посетувале специјални курсеви, на кои се разгледувале искуствата од поранешната година и давале точни инструкции за должностите при вршењето на контрола. Браничките трудови јадра биле бројно зголемени и изнесувале од 20 до 100 души[56/]. Според непроверените податоци во акција преку летото во 1943 година биле вклучени 7.000 браници во Бугарија Македонија[57/].

Во дејноста на "Бранник" видно место земале акциите за собирање помош за бугарските и германските војници. Одделно од училиштата браничките дружини тргнале по домовите да собираат помош за"заштитниците на Бугарија и борците за новиот ред во светот". Подароци биле собирани: во пари, ракавици, чорапи, шалчиња, кожувчиња, цигари , разни прехранбени артикли, алишта и др. Тие биле предавани на најблиското германско командантство и преку германската командатура во Софија им биле испракани на германските војници[58/].

## 3

## Организацијата "Бранник" во борба против антифашистичката младина во Македонија

Во денационализацијата и фашизирањето на македонската школска младина организацијата "Бранник" наишла на најголем отпор кај антифашиски настроените младинци. Предво-

дени од СКОЈ и партијата тие ја расклинкувале браничката организација пред младината и ѝ пречеле да се развива во масовна фашистичка организација[59/]. Од друга страна, антифаситичката дејност на поголем дел од македонската младина претставувала директна опасност за бугарската држава и окупираните од неа области[60/]. Затоа Министерството за народна просвета во ред поверливи окружни писма испратени до училишните управи во Македонија ѝ давало посебни привилегии на организацијата "Бранник" во училиштата, бидејки сметало дека преку неа ке ја мобилизира македонската младина во борба против комунизмот и против сите антифашистички настроени младинци[61/]. Преку организацијата "Бранник" се сметало "да се отргне македонската младина од влијанието на комунизмот, да се отргне од идејата за македонска самобитност, да работи против својот народ, а за интересите на своите потисници, да ја задуши борбата на својот народ и да ги помага ѕверствата на фашистичките поробители", пишувал своевремено в. "Глас" орган на Прилепската партиска организација[62/].

За фашизирање на македонската младина и борба против антифашистичките сили во Македонија браничката организација делувала во два правци: организирала акции од внатрешно-организационен карактер и акции од општествен карактер. Според ситуацијата и времето акциите биле постојани, периодични и еднократни. Акциите ги спроведувала браничка организација /сите бранички дружини и венци / или одделно од војводствата, дружините и разните бранички одделенија. Акциите спроведувани од целата организација ги раководел и за нив давал инструкции Главниот штаб. Тоа се однесувало и за акциите кои едновремено ги извршувале сите бранички дружини и венци. И месни-

те акции на одделни бранички дружини можело да бидат раководени од главниот раководител. Спроведувањето на секоја акција се состоело од следниве елементи: а/ припремен период, б/ дејство, в/ рамносметка. Поважните акции што требало да ги изведува организацијата биле: 1/ борба со противдржавните елементи, 2/ борба за изградба на здраво национално чувство и здрав национален мироглед.

Како основна задача пред организацијата била борбата против комунизмотт и против сите внатрешни непријатели на Бугарија. Иницијатива за таква борба требало секогаш да доаѓ а од "Бранник", бидејќи комунизмот бил сметан за смртен непријател кој настои да ги разруши националните придобивки на Бугарија. Според списанието "Бранник" борбата против комунизмот треба да биде смела и постојана. Браничката организација треба да биде во постојана акција и да се бори против комунистите не бирајќи средства и начин. Браниците требало секогаш да бидат на фронтот на државата и во услуга на државата, да ја насочуваат својата антикомунистичка дејност за заздравување на државата. Списанието заклучувало: Нека се запамети добро дека една идеја е дотолку силна, до колку се силни нејзините носители да ја заштитуваат. Колку повеќе даваме пламен во душите на нашити браници, колку повеќе од правиме фанатици, толку посилно ќе ја зацврстиме нашата браничка идеја[63/].

Се разбира дека малубројната, организирана предимно од рамнодушен членови, браничка организација во борбата против антифашистичката македонска младина не можела да се бори на идејна основа. Таа се прикрепила кон окупаторскиот државен апарат и ги ставила своите сили на располагање. Оттука браничката организација се нашла како помошен орган на бу-

гарската полиција и учествувала во сите полициски потфати во борба против комунизмот и антифашизмот. Главната задача на "Бранник" во помагањето на бугарската полиција била тајната служба и доставништвото. Покрај платената тајна полиција, браниците требало да прислушкуваат секој речен збор на улицата, да следат комунисти и други антифашисти во нивното движење и акции, да учествуваат во нивното фаќање, интернација, затворање, сведочење при судењето, дури и во нивната ликвидација[64/].

За борба против антифашистичката младина браничката организација започнала да ги наоружува своите членови и да ги обучува за вооружена борба во полицејските участоци во Македонија. Често проверените браници биле повикувани да земат учество во разните полициски акции против антифашистите со мотивација дека учествуваат во "општиот внатрешен фронт на државата" против државните непријатели. Браниците земале активно учество во разни ноќни заседи по македонските градови и заедно со полицијата го чувале "редот и спокојството на граѓаните"[65/].

По сите населени места организацијата "Бранник" организирала специјални групи од избрани лица, кои под раководство на месните полициски или административни органи учествувале во откривањето на антифашистите и комунистите и растурањето на разен антифашистички материјал[66/]. Одделни браници или цели бранички јадра биле ангажирани и за прогон на забегнати партизани или сокриени илегалци[67/]. Тие учествувале и во прогонот на Евреите[68/]. По предлог на браниците биле исклучувани и предавани на полицијата антифашисти и пред сè комунисти. За такви браници државата определувала

специјални награси и ги насрчувала во таква активност[69]. Браниците постепено се претварале во вистинска полиција во борба против антифашистите и комунистите во Македонија. Се почесто се сретнувале разни бранички полициски јадра, кои содејствувале со полицијата и војската во блокадите, правеле претрес по домовите, апселе по улиците и ги приведувале во полицијата, учествувале во разни ограбувачки комисии, соработувале со Гестапо и сами учествувале во мачење на антифашисти и комунисти[70].

Сметајки го комунистичкото движење во Македонија како најопасно за големобугарскиот фашистички поредок, организацијата "Бранник" целиот свој печат го употребила во служба и во борба против комунизмот[71]. Така, органот на организацијата "Бранник" ги повикувал браниците да образуваат внатрешен фронт за разбивање на комунизмот. Борбата требало да се води на живот и смрт, како што се води таа од германската војска против огништето на светскиот комунизам[72].

Државата на организацијата "Бранник" и обезбедила голем број изданија /бранички едиции, списанија, весници и др. /, иако во условите на воената опстановка се пишувала од многу други научни публикации. Освен органот на организацијата, списанието "Бранник" и списанието "Орле", библиотеката "Бранник" издавала "Бранически другар", како и една серија идеолошки брошури за пропагирање на организацијата и фашизмот. Главниот штаб на "Бранник" издавал свој весник - "Победа" кој се застапувал за идејни и општествени позиции на организацијата. Организацијата имала редовна врска со секидневниот печат и седмично еднаш испракала специјален билтен "Новини" за својата дејност. Браничките раководители биле должни да бараат содејство на печатот во сите случаи,

кога требало да се објави некоја браничка иницијатива. При секоја дружина имало дружински дописник, кој бил задолжен да дава статии и соопштенија за месниот печат. На дружините командири им било наложено од време на време да се јавуваат со статии во месниот печат врз делото и идеологијата на "Бранник", да го истакнува значењето и улогата на браниците за "културното" и стопанското издигнување на градот и селото[73/].

Некои поголеми бранички дружини издавале свои весници, во кои била застапена нивната дејност. Во нив сорабетувал како идеен водач командирот, а се јавувале и одделни браници задолжени по разни сектори. Сепак, вакви весници, поради слаба идејност се избегнувале, а се барало од раководителите да го растураат весникот "Победа", како орган на браничката младина, кој претставувал најважен извор за идеолошкото воспитување на браниците[74/].

Целиот бранички печат, централен и локален, како главна тема ја имал борбата против комунизмот[75/].

Во служба на "Бранник" било ставено и радиото. Секоја среда по ручек преку радио-Софија, а секој вторник поручек преку радио-Скопје браниците давале радио-часови за дејноста на организацијата, во кои се величал фашизмот и големобугаризмот и се повикувала младината во борба против антифашистичките сили и комунизмот[76/].

Како средство за пропаганда против антифашизмот и комунизмот биле разни предавања организирани од браничката организација за граѓанството. Браничкото раководство било задолжено да се приближува поодделно кон граѓаните и во обичен разговор да ги запознава со идеите и становиштето на "Бранник" по ред прашања, предупредувајќи ги дека неприја-

телите на браничката организација се истовремено непријатели на државата и ќе бидат од властите преследувани. На раководството му се препорачувало да ги ползува песните, културните, националните и други свечености за да се приближи до населението[77/].

За популаризација на "Бранник" и борба против отпорот што го давала антифашистичката младина на Македонија против големобугаризмот и фашизмот, биле организирани разни манифестации по градовите, во кои се настојувало да се истакне силата на браничката организација. Браничките манифестации по улиците се изведувале во војнички строј, со носење на знаците на германската победа, браничкото и бугарското национално знамење, со извикнување на разни пароли за Голема Бугарија, за тројниот пакт, за германска победа над болшевизмот, за борба против комунистите и други "народни" непријатели во Бугарија и градот. Таквите манифестации обично свршувале со патетични говори на бугарските и германските окупаторски власти[78/]. За борба против комунизмот браничката организација ползувала и разни фаурни денови, панахиди давани во спомен на починати или загинати раководители и војници и др. Разните панахиди биле обрнувани во заканување на комунистите, "виновници" за смртта на војниците на фронтот или загинати во борба со антифашистичките сили[79/].

За пропаганда против комунизмот браничката организација ползувала разни уметнички изработени плакети, картички, карикатури, скулпторски творби и сл. Најчесто организацијата печатела во огромен број примероци разни карикатури, во кои на највулгарен начин ги цртала болшевиците и другите сојузници во војната против фашизмот. Наспроти тоа, германските

како

раководители ги правела гиганти. Такви карикатури браниците ги растурале по улиците и домовите на граѓаните[80/]. За иста цел биле употребувани и филмските извештаи од фронтот, како и уметничките филмови со фашистичка идеологија. На такви филмови по иницијатива на "Бранник" биле водени сите ученици, а потоа браничките раководители давале разни појаснувања за гледаниот филмски журнал или уметнички филм. Прожектирањето нав такви филмови за училишната младина било ослободено од секаква такса, било државна или општинска[81/].

Разни театрални забави, утра, вечеринки, спортски натпревари, организирани од "Бранник", имале за цел по пат на фашистичка содржина да делуваат воспитно на младината. Главниот штаб на "Бранник" назначил специјален театарски инструктор, кој имал за задача да организира театарски групи при секоја дружина и да го состави репертоарот на пиеси со фашистичка и антикомунистичка содржина. При давање на пиеси од браничките театрални групи требало особено да се обрне внимание врз декорот на салата, таа да биде уредена во бранички стил, да биде во зеленина, украсена со бранички знамиња, бранички пароли и други пригодни декорации[82/].

За пропагандна дејност браничката организација уредувала специјални бранички витрини во гимназиите и други градски дукани и приредувале противболшевички изложби[83/]. Во нив се излагале разни пропагандни плакати, печатни изданија, уметнички слики од животот на "Бранник" , карикатури против комунизмот и др. За пропаганда се ползувале и разни афиши и позиви до младината, обично со бранички лозинки, кои биле лепени по ѕидовите и столбовите[84/].

И на крајот, во борбата против "комунистичката опасност" организацијата "Бранник" ја повикала и Бугарската православна црква, која воспоставила своја црковна јурисдикција во окупираните области на Македонија. Браничкото војводство за Македонија во согласност со бугарските владици определило секоја браничка дружина и венец да имаат свој духовен раководител-свештеник, кој требало да се грижи за религиозно-моралното воспитување на браниците во една енорија. Духовните раководители се определувале и назначувале од епархискиот архиереј. Во прво време духовните раководители ја обавувале таа должност преку православно-христијанските друштва, меѓутоа, подоцна била изработена од организацијата "Бранник" специјална програма за религиозно-морално воспитување и борба против атеизмот[85/]. Согласно со Законот за организирање на бугарската младина во организацијата "Бранник" а по постигнатиот спорузам со Бугарската православна црква, сите христијански друштва станале колективни членови на "Бранник". Во таа смисла од црквата биле направени списоци на детските ученичките и студентските православно-христијански друштва и биле доставени до "Бранник"[86/].

## 4

## Дејноста на други младински профашистички организации во бугарските училишта

Воспитувана со децении во духот на големобугаризмот, за остварувањето на големобугарските санстефански идеали бугарската младина се стремела кон реваншизмот. Еден дел од таа младина сметал дека остварувањето на реваншизмот може да се постигне преку фашизмот. Под покровителството на бугар-

ската власт во Бугарија почнале да се појавуваат, особено во 30-те години од овој век, младински организации кои, главно, работеле во средните училишта. Најмаркантни големобугарски младински организации во ова време биле: Бугарската младинска организација "Отец Паисиј", Легионерите и Ратниците /РНБ/.

Идејата за создавање на една општобугарска организација со реваншистички цели започната во 1925 година се остварила во 1927 година со создавањето на "Всебългарски съюз "Отец Паисий". Една од задачите на оваа организација била да создаде единство на мислата и дејството меѓу сите Бугари "каде и да живеат". Таа требало да биде огниште каде што ќе се подготвуваат претставници на сите општествени организации за проповедање на бугарските санстефански идеали. Требало да содејствува за зближување, запознавање и заедничка работа меѓу црквата , касарната и училиштето.

Уште со првите чекори па до крај овој сојуз постојано ги подгрејувал големобугарските стремежи. Особено во периодот пред војната на Германија со Кралството Југославија оваа организација активно се заложувала за реваншизам и ѝ давала полно поткрепа на бугарската влада во нејзиното поврзување со тројниот пакт. Во 1940 година оваа организација, во која членувале најеминентните бугарски историчари, општественици, офицери и црковни големодостојници во повеќе наврати го поставувала прашањето за Македонија, Јужна Србија, Тракија и Северна Добруџа пред Германскиот Рајх и Италија и барале тие да се присоединат кон Бугарија. За цело време од своето постоење Сојузот пишувал меморандуми, илјадници апели на разни јазици, печател книги и издавал весници на англиски, италијански, германски и други јазици и ги растурал по сите земји во светот, во кои се барало присоединување

на Македонија кон Бугарија. Така овој сојуз ја издал книгата "Нојски договор и Бугарија", која била преведена на четири јазици и делена бесплатно на разни државници, општественици, научници, новинари, на библиотеки, универзитети, друштва, институти и др. Овој сојуз издавал свое списание "Отец Паисиј", во кое основно била третирана идејата за голема Бугалија[87/].

Победата на германската војска во Југославија и окупацијата на Македонија од бугарската војска организацијата "Отец Паисиј" ја оценила како исполнување на бугарскиот идеал и ревизија на Нојскиот договор. Таа го повикувала своето членство да биде меѓу првите, кои ќе помагаат за создавањето на "нов ред" во светот. Прва задача на "Отец Паисиј" била да ги впрегне сите сили за духовно обединување на физички обединетите Бугари. Според сојузот, "во границите на обединета Бугарија треба да живее една единствена нација, ослободена од разни влијанија на минатото, ослободена од сепаратистичките стремежи од социјалните пороци и малодушност[88/]. Сојузот си поставил во задача да дејствува пред своите членови да ги бранат границите на државата и да ги "излекуваат новоослободените Бугари од идејата за нивниот самостоен бит и сознание и истовремено ги населат со Бугари од старите предели обезљудените наши краишта во време на несреќните за нас две војни". Овој сојуз, како и другите големобугарски организации, сметал, дека училиштето е најудобно средство за духовно обединување на македонското население во една единствена бугарска нација. "Училиштето преку своја специфична организација и воспитание може да стане прекрасен инструмент за асимилација на други народи, групи или одделни лица" -

пишувало списанието "Отец Паисиј"[89].

Со својата програма и дејност наменети за училиштата бугарскиот сојуз "Отец Паисиј" претставувал особено оп[illegible] [illegible]бар проводник на големобугарската политика на бугарската фашистичка власт во Македонија[90]. Преку најразлични форми и мет[од]и, применувани специјално во Македонија, се заложувал [да] бугаризира македонската младина, да го уништи македонското национално сознание кај неа, да ја насочи кон големобугарските идеали и ја натера судбината на голема Бугарија да ја сврзува со победата на фашизмот во војната. Затоа ги повикувал своите членови да не бираат средства и начини во борба против комунизмот, сметајки го за најголем непријател на Бугарија[91].

Бугарскиот сојуз "Отец Паисиј" уште во почетокот на првата учебна 1941/1942 година ги преплавил бугарските училишта во Македонија со разни свои изданија, како и собрани книги по Бугарија[92]. Така во акцијата направена во 1941 година сојузот успеал да собере и испрати во Македонија, Беломорието и "западните" покраини" /Јужна Србија / 20.000 бугарски книги. Таква акција била спроведена и во 1942 година и собраните книги биле испратени не само на училиштата, туку и по селата, односно до сите лица кои можеле да играат некаква улога на "културни" дејци во своите села[93]. Во акцијата во 1943 година биле собрани и растурени во Македонија 100.000 книги[93а].

За спроведување на своите акции во Македонија, Сеbу[л]гарскиот сојуз организирал посебен сојуз со седиште во Скопје. Претседателот на сојузот во Македонија бил заменико[т] на скопскиот митрополит, архимандритот Стефан. Овој сојуз

во Македонија имал свои претставници, групи и клонови - под-одделенија на Себугарскиот сојуз "Отец Паисиј"[94]. При бугарските училишта сојузот организирал специјални настојателства и контролни комисии, составени од наставници и учители. Такви настојателства имало и за граѓанството и во нив влегувале претставници на државните служби. Тие свикувале месни собранија, конференции и разни собири, на кои се проповедала идејата на големобугаризмот. Со создавање на државната фашистичка организација "Бранник", Себугарскиот сојуз "Отец Паисиј" станал колективен член нејзин[95].

Во есента 1942 година управата на Сојузот "Отец Паисиј" за Македонија презерала обиколка по Македонија и во разни места биле држани предавања за "копнежите, борбите и жртвите на целокупниот бугарски народ за ослободување на македонските Бугари".

Финансирањето на дејноста на Себугарскиот сојуз "Отец Паисиј" паѓало на терет на буџетот на Министерскиот совет. Дејноста во училиштата била финансирана од Министерството за народна просвета, додека дејноста на разни одделенија ја финансирале месните општини[96].

За разлика од Себугарскиот сојуз "Отец Паисиј", кој делувал во училиштата на ширење на големобугарска и фашистичка литература, во Бугарија во 1932 година била создадена уште една организација со име "Отец Паисиј", наречена Бугарски сеопшт сојуз на "Отец Паисиј", позната под скратено име БССОП. Да се разликува од Себугарскиот сојуз "Отец Паисиј", оваа организација во 1933 година ја променила фирмата во "Бугарски младински сојуз "Отец Паисиј". Оваа политичка организација била основана од група младинци и имала задача

да ја организира младината, посебно школската младина. Таа била раководена од средишна управа во Софија, на чело со главен челник и челници на разни одделенија. Одделенијата на организацијата во разни места се викале единици раководени од челници.

Идеологијата на Бугарскиот младински сојуз "Отец Паисиј" е изнесена во "Идејниот законик", кој во основни линии нé запознава и со целите и задачите на организацијата. Тргнувајќи од поставката дека бугарската држава е врховна и единствена организација на животот и идеалите на бугарскиот народ, законикот изрично смета дека таа треба да биде монархија, бидејќи бугарскиот царски трон е историски сврзан со величината на Бугарија и изразувач на бугарските национални идеали. Како и секоја големобугарска организација, Бугарскиот младински сојуз "Отец Паисиј" отворено се заложувал за ревизионизам на Њојскиот договор и присоединување на Македонија кон Бугарија. Значи остваручаве на "санстефанските" идеали. "Обединувањето на бугарскиот народ и земја во границите на бугарската држава е врховна задача на сегашните и идните поколенија - борба за обединета, за силна и Велика Бугарија" - пишува во "Идејниот законик". Се разбира, и оваа организација остварувањето на санстефанскиот идеал го врзувала за победата на фашизмот. Изјавувајќи дека во границите на Бугарија нема место за класна борба, таа била голем непријател на комунизмот и сите свои расположиви сили ги ставила во служба на бугарската власт во борбата против комунистите и други противници на големобугаризмот[97/].

Бугарскиот младински сојуз "Отец Паисиј" не успеал да се омасови и имал мал број членови, главно меѓу средношколската младина и студентите. Меѓутоа, тоа не пречело, по

окупацијата на Македонија од страна на бугарската власт, да настои во создавање на свои приврзаници меѓу македонската младина. Во летото 1941 година оваа организација успеала да се провлече во некои македонски градови /во Скопје,Куманово/ и да организира свои одделенија, составени од по десетина души младинци од редовите на бугарофилски семејства. Меѓу нив имало и млади, неоформени деца, кои биле привлекувани со ветување на разни привилегии, бесплатни екскурзии и сл. Организацијата работела легално и била потпомагана од бугарската власт до есента 1941 година, односно до повикот на бугарската влада сите младински и други организации да преминат во "Бранник". Бидејќи главната управа на Бугарскиот младински сојуз "Отец Паисиј" одбила да се вклучи во организацијата на "Бранник", официјално била растурена , а сите простории со кои располагала ѝ биле одземени. Таа во Македонија полулегално се одржала во првата учебна 1941/1942 година, а потоа нејзините членови постепено преминале во "Бранник" или се откажале од натамошна дејност[98/].

Во времето на легалната дејност Бугарскиот младински сојуз "Отец Паисиј" организирал своја филијала за Македонија во Скопје. Водач на организацијата за Македонија бил некој Ванчо Шалев од Скопје[99/]. Пропаганден материјал за Македонија бил испракан од главната управа во Софија и преку Скопје бил растуран меѓу учениците во гимназиите, но без некаков успех.[100/]

Немајќи поголем успех во масовизирањето на организацијата во Македонија, "паисиевците" во времето на својата легална дејност, па и подоцна, со знаењето на бугарската полиција растурале изобилно печатен пропагандистички материјал, управен против комунистите и антифашистите. Т
ие

повикувале на борба против сите рушители на државата, независно од тоа дали делуваат јасно или тајно, до легални или нелегални средства". Во еден апел упатен до школската младина се барало:

1/ Да се засилат противкомунистичките пројави и да се повика национална општественост во сите населени места за борба против комунизмот, да се приклучат во редовите на паисиевците од каде најорганизирано и најдобро можела да се води борбата.

2/ Бидејки наближувал крајот на учебната година матурантите, кои требало да заминат во бугарска армија се повикувале да започнат организирана борба против комунизмот за да можат подготвени да ја продолжат борбата во армијата.

3/ Се повикувале студентите, кои имале намера да студираат во Софија, да се јават во просториите на организацијата и да станат членови на Бугарскиот младински сојуз "Отец Паисиј", и како такви да добијат задачи за борба против комунизмот,

4/ Оние што ке заминете во армијата се покажувале да бидат секогаш будни и готови да се справат по секаков начин со комунистите[101/].

Бугарскиот младински сојуз "Отец Паисиј", со цел да се популаризира и масовизира во Македонија, пристапил кон организирање на таканаречени трудови јадра, кои биле испракани во македонските села како помош на земјоделците во собирањето на летината. Паисевци од Бугарија во летото 1941 година испратиле свои трудови јадра на број 300 души во Скопско , Штипско, Велешко, Гевгелиско и др., кои на полска работа останувале по 20 дена[102/]. Во замена на тоа едно паисиевско трудово јадро од кумановската единица истата година

било испратено на полска работа во Силистренско /Добруџа /. Паисиевските трудови јадра биле форсирани од државната власт, која им обезбедила бесплатен пат по железниците и извесни финансиски средства за престој. Меѓутоа, својата работа паисиевците ја ползувале за популаризација на својата организација и едновремено за ширење на својата големобугарска и профашистичка идеологија. Обично такви јадра со себе носеле разни бугарски учебници и во слободното време се фаќакале со учењето на децата "кои не го познаваат доволно бугарскиот јазик"[103]. Во слободното време трудовите јадра свикувале општоселски собранија, пред кои челникот на јадрото ги запознавал селаните со "борбите на бугарскиот народ за неговото обединување со моментната положба и значењето на Бугарија во политички и културен однос, и на крајот за идеите и борбите на бугарскиот младински сојуз "Отец Паисиј"[104]. Трудовите јадра со помош на општинските власти организирале разни литературни и музички вечеринки во зависност од своите сили. Такви вечеринки започнувале со пеење на бугарската национална химна, а обично општинскиот кмет официјално ја отварал програмата со пригодни големобугарски говори[105].

Сите паисиевски трудови јадра, што биле на полска работа во Македонија при враќањето се собрани во Скопје и својот престој во главниот град на Македонија го искористувале за пропагандни цели. Тие положиле венец на гробот на полковникот Дрангов, а началникот на паисиевците одржал говор. Потоа во војнички строј со познатите големобугарски војнички песни го посетиле местото каде што загинала Мара Бунева, се упатиле кон воениот клуб, каде биле поздравени од обласниот директор Антон Козаров[106].

Кумановското паисиевско јадро од околу 20 души било комбинирано со бугарски јадра. По свршувањето на работата паисиевците од Куманово била организирана екскурзија, со посета на Варна и други попатни места[107/].

Бугарска фашистичка организација "Легионер" потполно име "Сојузот на бугарските национални легиони" /СБНЛ/ била основана во 1933 година, како копија на италијанскиот фашизам. И оваа организација во основата на својата програма била големобугарска и се застапувала за "Велика обединета Бугарија" и истовремено монархистичка, настапувајки секаде со паролата "За царот и татковината". Таа била против многупартискиот систем и барала едно единствено раководство за целиот бугарски народ, нешто слично како во Италија.

Највисока организациона форма на организацијата била "легија". Главна цел била да се придобиваат учениците во гимназиите и студентите. Инаку имало обиди да навлезе и во селата, како и меѓу работниците во градот, меѓутоа, немала постигнати резултати. Својата активност легионерите особено ја засилиле во 1941 година, кога од Хитлер добиле како помош 500.000 рајхсмарки[108/].

Легионерската организација се јавила како реакција на ширењето на марксистичките идеи во Бугарија. Според програмата, публикувана во 1933 година под име "Нашата програма и нашето движење", таа се борела да ги постигне "заветите на нашите дедовци преку остварувањето на националното единство и обединувањето на сите Бугари под короната на бугарските царови" да всадува љубов кон народот и татковината, да ја пази религијата пред атеизмот, да ја воспитува бугарската младина во духот на "славните традиции", да дава војничко

воспитување и да го подготвува идното поколение за борба против комунизмот. Легионерската организација барала да се изврши реформа и во училиштата и да им се даде на националните предмети предимство, а од учителскиот апарат и другите просветни институти да се отстранат сите луѓе, кои не се чисти Бугари. Таа барала да се забранат сите тајни и јавни организации и групи, "кои убиваат национален дух и традиции и всадуваат меѓународни идеи. Барала да се забрани секаква литература, која ги руши "моралните норми и семејните добродетели". Печатот требало да им служи исклучиво на бугарските државни и национални интереси. Во политичкиот и општествениот живот легионерската организација барала да се реорганизира бугарскиот демократско-буржоаскиот парламент и да се обрне во компетентен претставник исклучиво за Бугари[109/]. Ваквата програма на легионерската организација недвосмислено покажува дека се работи за обична фашистичко-националистичка организација од типот на германската, односно италијанската.

Фашистичката организација "Легионер", откако одбила есента 1941 година да се вклучи во државната органидација "Бранник", продолжила да работи конспиративно. Членовите биле разделени на групи од 4-5 души на чело со водачи. Секој нов член бил должен да положи клетва пред крст и евангелие за верност на фашистичката идеологија.

Организацијата на легионерите навлегла во Македонија вешто подоцна од паисиевците и браниците. Во ноември и декември биле организирани во Скопје два легиони: "Христо Ботев" и "Полковник Борис Дрангов". И двата легиони броеле по дваесетина членови, главно дојдени од Бугарија или бивши припадници на Љотиќевиот "Збор". Главното раководство на

легионотт "Христо Ботев", организиран порано од другиот "Полковник Борис Дрангов", одржувал врски со Софија, преку некој Мицилиев, од кого добивал и директиви. Другиот легион "Полковник Борис Дрангов" бил составен, главно, од ученици од сите училишта, дојдени од Бугарија да го продолжат своето образование во Скопје.

Во легионот "Христо Ботев", се појавила една нова тенденција. Преземајки ја структурата на фашистичката идеоологија и формите за работа на легионерството, овој легион, на чело со некој Димитар Галабов, се поврзал со ванчовистичката ВМРО и за задача си поставил да ги прибере кон себе сите младинци кои се борат за автономна Македонија по идеите на Ванчо Михајлов. Легионерската организација во Македонија требало да претставува во иднина ударна сила на ванчовистичката ВМРО во Македонија. За таа цел ванчовистичката средина од Софија испратила во Скопје некој студент Павлов, по потекло македонец, кој добил специјална задача да организира главно раководство за Македонија и за та цел ги обиколил сите поголеми градови во Македонија.

Тенденцијата на ванчовистичката ВМРО за автономна Македонија под покровителство на Германија и Италија биле опасни за Бугарија и бугарската влада откако ја насетила дејноста на легионот "Христо Ботев" и наредила на својата служба за безбедност да следи будно секаква појава на легионот во таа смисла и да презема остри мерки за запазување општествениот ред преку апсење на компромитираните лица.

Првата активност во Македонија ја појавил легионот "Христо Ботев" на 9 ноември 1941 г. преку растурање на разни позиви во борба против еврејството, комунизмот и западниот

капиталистички свет на скопската главна улица[110/].

Кон средината на триесеттите години од овој век во Софија било основано политичко-општествено движење, познато под името "Ратници", кое си поставило за цел да се бори за напредок на бугарштината. Оваа организација нашла свои привржаници меѓу школската младина. Според идејната платформа на "Ратниците", "Царот на Бугарите е најверниот тумач на стремежите на бугарската нација и врховниот претставник и поглавар на државата", И непријатели на работниот народ се марксистите, демагозите, безделниците... со кои треба непрекидно да се војува за напредок на бугарштината, бидејќи тоа е национален и морален долг на секој Бугарин[111/].

Организацијата "Ратници"ну успеала да се масовизира во Бугарија. Нејзината дејност се сведувала главно на печатење на разни апели и повици за борба против комунизмот и антифашизмот[112/].

Организацијата "Ратници" кон крајот на 1942 година успеала да создаде малубројни привржаници во Скопје, главно, меѓу дојдените од Бугарија чиновници и ученици. Водач на оваа организација станал некој д-р Андонов, кој одржувал директни врски со главниот водач на организацијата "Ратници", проф. Кантарџиев. Организацијата се поврзала тесно со германската командатура во Скопје и била на помош на ГЕСТАПО во борба против комунистите и антифашистите[113/].

"Ратниците" биле разделени на групи или на чело на секоја група се наоѓал групов водач. Две групи чинеле едно јато, две јата орљак, два орљака -ројак, два ројака - орда. Една орда имала отприлика 90-95 членови[114/].

Поради одбивањето на фашистичките организации

/Бугарскиот младински сојуз "Отец Паисиј", Сојузот на бугарските национални легиони /легионерите / и "Ратниците" / да се слеат со државната организација "Бранник", бугарската државна власт неуспехот за масовирање на "Бранник" делумно го префрлувала и врз нив. Лично министерот претседател Богдан Филов заложувајки се за соединување на сите овие организации со "Бранник" истакнува дека тие /организациите / во своите програми проповедаат беспартиен режим, меѓутоа, кога државата ги повикува да се создаде таква државна, беспартијна младинска организација, одбиваат. Тој ја окарактеризира нивната дејност како противна на законите на Бугарија и затоа ја забранува понатамошната работа наредувајки веднаш и конфискација на нивните архиви. Се разбира, фашизираната бугарска влада не била против идејните програми на тие организации, туку настојувала да ги потчини директно под своја власт преку организацијата "Бранник". Тоа се гледа и од следнава изјава на Б.Филов: "Нема сомневање дека начинот на борбата против легионерите , ратниците и паисиевците не може да биде ист со оној што ние го применуваме против другите тајни организации, каква што е, на пример, комунистичка организација. Во случајот ние ке дејствуваме не толку да ги уништиме тие национални групи, колку да ги присоединиме. Во таа насока ке се одвиваат и натаму мерките што владата сака да ги преземе по однос на нив[115].

И навистина, бугарската полиција добила наредба да ја следи дејноста на трите забранети организации, но да не презема против нив никакви санкции. Напротив, во акциите управени против комунистите и антифашистите таа ги користела нивните услуги: посебно шпионските доставувања.[116] Бу-

к

гарската влада преку Министерството за народна просвета бара од директорите на гимназиите да им соопштат на учиниците и на учителите дека се забранува членувањето во други младински организации, освен во организацијата "Бранник". Оние ученици и учители кои ке бидат откриени да членуваат во организациите на "Отец Паисиј", "Легионер" и "Ратници" ке бидат дисциплински казнети[117].

5

## Дејноста на други организации во бугарските училишта

Во рамките на бугарското училиште во Македонија дејствувале и други организации, кои по својата дејност претставувале хумани или спортски организации, но коишто биле ползувани за ширењето на бугарскиот национализам и фашизам. Една од тие организации е меѓународната организација "Црвен крст". Како типично големобугарска организација и колективен член на државната организација "Бранник", во бугарските училишта, спрема тоа и во Македонија, "Црвен Крст" се јавува со својата дејност под името Бугарски младински Црвен Крст.

Бугарскиот младински Црвен Крст си поставил и ред задачи, кои по својата содржина отстапувале од основната задача - хуманост. Црвен Крст се јавувала како санитарна организација, која во време на војна треба исклучиво да биде во служба на бугарската војска и војските на фашистичките ~~хххххх~~ држави. Така уставот на Бугарскиот младински сојуз Црвен Крст меѓу другото предвидува организацијата да изврши ред задачи од извонредно важно државно, национално и

општествено значење[118/].

Дејноста на Бугарскиот младински Црвен Крст била спроведувана преку неговите градски и селски клонови, кои биле организирани во седиштето на секоја општина[119/].

По окупацијата на Македонија, уште во летото во 1941 година биле основани централни комитети на Бугарскиот Црвен Крст за Скопска и Битолска област, со седиште во Скопје и во Битола. За претседател на Црвен Крст во Скопје бил избран заменикот на владиката, архимандритот Стефан, а за претседател во Битолската област, епископот Харитон. Комитетите имале за должност да извршат упис на членови и да го регулираат имотното прашање на бившиот Југословенски Црвен Крст[120/].

По покровителство на Министерството за народна просвета во сите бугарски училишта се пристапило кон запишување членови за Бугарскиот младински Црвен Крст. Запишувањето во оваа организација било задолжително, заедно со запишувањето во училиштето. Од учениците биле формирани таканаречени одреди, кои имале свои раководства[121/].

Најголема пропагандна манифестација извел Бугарскиот младински Црвен Крст кон крајот на февруари 1942 година, по повод прославата на 20-годишнината од основањето на младинскиот Црвен Крст. Со помош на државните и школските власти во текот на една седмица биле организирани разни прослави, манифестации и сл., на кои била изведена однапред приготвена од Министерството за просвета програма. Се разбира прославата била исцело искористувана за пропагирање на големобугаризмот и фашизмот. Апелот што го упатил Бугарскиот младински Црвен Крст до директорите, главните учители и

учители-раководители на одредите на Црвен Крст недвосмислено ги покажува целите на направената прослава. Во апелот меѓу другото стои: "Не треба да заборавиме дека по границите на обединетата наша татковина достојните бугарски синови бдејат деноношно за спокојството на земјата наша и дека ослободителите на досега поробените наши земји - непобедивите војници на Велика Германија и Италија продолжуваат да се борат за изградба на посправедлив ред и посреќна иднина за човештвото... Црвенокрсци, да ги зарадуваме тие самопрегорни борци испраќајки им во знак на признание наши подароци... Бугарскиот Црвен Крст преку своите клонови ќе спроведе една поширока акција по тој случај и ги повикува жителите на сите населени места во земјата да пројават штедрост и да дадат своја поткрепа за војниците подарувајки им разни волнени предмети, ракавици, чорапи, наушници, сапун, прехранителни продукти, цигари и др. Можат да бидат подарени и пари, со кои ќе бидат купени разни војнички потреби[122/].

И другите настапи на Бугарскиот младински Црвен Крст носеле изразито пропаганден карактер. Во секоја прилика се настапувало со палење на големи огнови на плоштадите од населените места и секој оган бил наречен огниште на некој бугарски цар или револуционер. Покрај нив се давале програми, во кои била величана Бугарија и Германскиот Рајх[123/].

Како и другите младински фашистички и профашистички организации, Бугарскиот младински Црвен Крст во Македонија организирал зимска помош за војниците во зимата 1941/1942 година[124/]. Извесен број ученици од Скопје од името на Бугарскиот младински Црвен Крст биле ангажирани во собирање на таква помош во градот. Тие биле водени од таканаречените

инструктори-припадници на бугарската армија. Потоа ја посетиле воjната болница и ги разделиле подароците на ранетите германски воjници[125/]. Во Скопjе била организирана прифатна станица за германските воjници, во коjа Црвен Крст делел медицинска и друга помош. Капацитетот на станицата бил 400 души[126/]. Бугарскиот младински Црвен Крст во текот на две години прибирал помош за источниот фронт. Организациjата "Црвен Крст" во помош на германската санитарна служба организирала една воена болница и еден санитарен воз. Подвижната болница, првенствено хируршка, располагала со неколку стотини легла и била опслужувана од бугарски медицински персонал. Санитарниот воз ги земал ранетите германски воjници од првите борбени линии и ги пренесувал до воjните болници[127/]. "Црвен Крст" во намера да пригтови стручен санитарен персонал за испраќање на источниот фронт во 1943 година пристапил кон организирање на разни санитарни курсови камуфлирани под име "Одреди за давање прва помош при природни несреќи и воздушни напади". Во Скопjе бил организиран таков 5-месечен курс од 200 ученици и ученички. Посетителите биле одведени во црквата "Св. Богородица" да положат клетва за верно служење на бугарската и соjузничките воjски[128/]."

По окупациjата во Македониjа биле организирани и други разни друштва, кои своите членови ги врбувале меѓу учениците. Тоа биле друштвата "Jунак", разни спортски, туристички и други друштва , кои по пат на спортски натпревари и забави требало да привлекуваат младинци. Всушност сите тие друштва требало да одиграат улога на воспитувачи во националистички и големобугарски дух. Сите тие друштва носеле jасно изразени задачи: да внесуваат воинствен и

шовинистички дух мегу младината. Бугарската фашистичка власт настојувала преку такви организации да ја подготви физички и духовно младината за исполнување на нејзините завојувачки планови, да ја подготви за војна против соседните народи и да ги воспита во фашистички дух. Камуфлирајки ги голумобугарските и фашистичките цели со идејата за ослободителни војни и спасување на браќата робови во Македонија, бугарските владеачки кругови преку вакви спортски организации настојувале да подложат под свое влијание поголем дел од младината во Македонија. Заедно со спортските организации бугарските владеачки кругови создавале со помош на црквата и разни христијански младински друштва, кои имале задача да ја отргнат младината од марксизмот и атеизмот. Овие спортски и христијански друштва биле широко пропагандирани и создавани како помошни органи за бугаризирање на македонската младина.

Организацијата "Јунак" можела полесно да се пробие во Македонија поради затечената традиција на бившиот југословенско друштво "Сокол", кое располагало со голем број гимнастички сали по цела Македонија. Друштвото "Јунак" ги преземало тие сали и привлекувало младинци преку организирање на разни фискултурни вежби. Јуначките друштва во Македонија го добиле името "Вардарски Јунак" поради настојувањето да се поврзе со минатото[129/]. Јуначки друштва во Македонија биле организирани веднаш по окупацијата на Македонија. Уште во мај 1941 година од Софија пристигнале бугарски "јунаци" и најсвечено му го предале знамето на "Вардарски Јунак" од 1909 година, чувано дотогаш во Софија[130].

Јуначките друштва во Македонија организирале често

јуначки свечености, во кои настојувале да го покажат бугарскиот карактер на македонската младина. На такви свечености обично учествувале и јуначки друштва од Бугарија за да се покаже единството на младината од "старите предели" и "новоослободените земји"[131/].

"Вардарски јунак" за територијата на Македонија организирал во летото 1941 година специјален главатарски курс за подготвување на раководители на јуначките друштва. Овој курс бил отворен во Скопје[132/]. Главарите и јуначките управи во Македонија биле составени претежно од луѓе дојдени од Бугарија или пројавени бугарофили од Македонија. Најчесто луѓето од управата биле високи државни службеници[133/].

Организацијата "Вардарски Јунак" организирала и други курсови со национално-воспитен и воен карактер. Во текот на 1943 година биле организирани во повеке места во Македонија јуначки курсови по бугарска национална историја и воена подготовка на членовите[135/].

Големобугарскиот и фашистичкиот карактер на организацијата "Јунак" бил осуден и од бугарските напредни снаги уште во 1942 година. Тогашната тајна радиостаница "Христо Ботев", зборувајки за намерите на бугарската фашистичка влада да ги впрегне "јунаците" да му служат на фашизмот , вели дека организацијата "Јунак" била предадена на германците и дека во неа делувале пројавени германски агенти. Радио-станицата ги повикувала членовите на "Вардарски Јунак" во Македонија да се приклучуваат кон југословенските партизански одреди[136/].

Бугарската окупациона власт со помош на просветните власти водела политика на широко распространување на мрежата

КВ

со таканаречените туристички друштва, во кои членувале првенствено ученици. Нивната активност исто така била насочена кон националната пропаганда. Тие требало да ја опфатат македонската младина и да ја воспитуваат по терените на "бугарска" Македонија, да ги водат младинците по местата поврзани со бугарската историја и таму да подигаат разни споменици. Ваквите акции на туристичките друштва требало да ја докажат заинтересираноста на македонската младина за бугарската национална историја, да докажат дека македонската младина "ги пази заветите на славните бугарски херои, кои за слободата на македонското население херојски загинале на македонската земја"[137].

# ГЛАВА V

## КУЛТУРНО-ПРОПАГАНДНА АКТИВНОСТ НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА НИЦОНАЛНА ПРОПАГАНДА ВО ОКУПИРАНА МАКЕДОНИЈА

### 1

### Организација и задачи на Дирекцијата за национална пропаганда во Македонија

Веднаш по окупација на Македонија 1941 година бугарската државна власт организирала Служба за ослободените земји при Дирекцијата за национална пропаганда. Сите видови културно-пропаганадна дејност биле опфатени од оваа служба која имала седиште во Скопје[1/].

Дирекцијата за национална пропаганда била орган на бугарската влада, односно на Министерството за внатрешни работи. Во почетокот на 1944 година Дирекцијата на националната пропаганда потпаднала под Министерството за народна просвета. И во двата случаи Дирекцијата била раководена дирикетно од ресорните министри, во првиот случај Петар Габровски, а во вториот Борис Јоцов[2/].

Службата за национална пропаганда во Македонија била раководена од главен инспектор, а таа функција ја имал Никола Коларов[3/]. Во Битола Националната пропаганда назначила таканаречен главен организатор за Битолската област, кој́ бил потчинет на Службата за "новоослободените"земји. По сите околиски места Националната пропаганда имала свои фиријали - организациони единици[4/].

Службата за новоослободените земји при Дирекци-

јата за национална пропаганда претставувала еден од основните инструменти во рацете на бугарската влада во спроведувањето на денационализаторската и фашистичката политика во Македонија. Таа се јавувала како основен организатор и контролор на сите бројни културно-пропагандни форми, спроведувани од разни културно-пропагандни институти во Македонија. Создавањето на Дирекцијата за национална пропаганда, а посебно на Службата за ослободените земји се правдало со потребата дека "секогаш, во сите времиња пропагандата претставувала насилно оружје за остварување на националните цели", и поради тоа во моментот таа имала огромно значење, бидејќи во новиот политичко-општествен живот требало да раководи со "месијанската задача на бугарскиот народ, да работи за издигнување на националното сознание на македонското население, да создаде тврдина во секоја бугарска душа за бугаризмот, да ја чува бугарската песна, националните традиции и обичаи, бугарскиот јазик, воопшто, да го подготви бугарскиот народ за иднината. На Дирекцијата за националната пропаганда како на институт ѝ се налагало да ги канализира сите акции на културно-пропагандните институти создадени во Македонија да ги спроведува сите иницијативи во живот. Ваков пропаганден институт бил дотолку понужен, што поради долгото оддалечување на Македонија од Бугарија и поради делувањето на "темни" сили за отстранување на бугарскиот дух во македонското население, било нужно да се поврати загубеното во најкус срок. Опишувајќи ги задачите и целите на Националната пропаганда во Македонија еден идеолог на големобугаризмот, Димитар Добрев, меѓу другото пишувал: "Националната пропаганда треба да се развие во нејзината полна ширина и длабочина. Треба да биде канализирана за правилно спроведување

на нашата национална кауза. Институт за тоа постои и нему му се налагаат задачи, кои во крајна линија водат кон изградување на целостен облик на националната култура. Денес националната пропаганда се јавува како животна потреба за обединета Бугарија. Положбата што ја има бугарската држава во изградба на новиот ред во животот на балканските народи налокува македонското население што поскоро да се присоедини кон бугарскиот народ. Треба да се разбере дека националната пропаганда денес е нужна за заштита на слободна и обединета Бугарија, нужна е да ги лекува раните што ги остави непријателската пропаганда на поробителите до вчера"[5].

Се разбира дека своите основни цели - денационализацијата и асимилацијата на македонскиот народ Дирекцијата за национална пропаганда ги прикривала. Негирајки ја таквата своја улога во Македонија, таа настојувала да го убеди македонскиот народ дека по својата суштина се разликува од други слични пропаганди, бидејки нема намера да придобива туѓи народи. Својата делност ја објаснувала како нужда и желба на македонското население, што значело дека таа не била насочена кон никого, бидејќи Бугарија никогаш не сакала туѓо. Националната пропаганда во Македонија била прикажувана како чисто одбрамбена акција и останувала како бугарска внатрешна работа, а нејзините обекти биле од граѓанско-политичка и првенствено културна природа. За неа се вели дека не претставува лична или владина пропаганда, нити им служи на поединци. Таа претставувала едно големо национално дело. Требало да ги прибере сите народни слоеви, категории и краишта и да ги разбие сите туѓински посегнувања[6]. Образложувајки дека по присоединувањето на Македонија кон

Бугарија како прва задача се јавува развивање на бугарски дух меѓу населението, националната пропаганда сметала дека тоа ке се постигне преку запознавање на македонското население со бугарската национална култура, со општествениот и државниот живот на Бугарија. Националната пропаганда им препорачувала на своите органи да внимаваат во изведувањето на таа задача, тактички да се однесуваат спрема населението што не се чувствува за бугарско, и да му ги објаснуваат причините за неговото оддалечување од Бугарија. Националната пропаганда препорачувала насекаде да се направи план за културно приопштување на македонското население и внимателно да се изведува тој план 7/.

На Национален план Службата за новоослободените земји при Дирекцијата за национална пропаганда инсистирала пред своите органи најнапред да го убедуваат македонскиот народ дека претставува дел од бугарскиот народ во сите времиња. Да се докажува дека бугарската државна организација поникнала во Македонија. Во неа започнале сите културно-просветни дејности на бугарскиот народ врз основа на што Македонија претставува "лулка на бугарската државна организација, лулка на бугарската духовна култура". Според националната пропаганда, Аспарух ја создал бугарската држава, [redacted], а Кирил и Методи ја создавале бугарската писменост во Македонија. Преслав во време на Борис и Симеон блескал со својата материјална слава, а Охрид со бугарската духовна култура од каде што ја разнесувал по сите краишта на бугарската држава. Паисиј од Македонија го повикал бугарскиот народ кон бугарштината. Во време кога Бугарија била зафатена од бунтови и востанија против турското ропство, бугарската книга и бу-

кара

гарското училиште го крепеле бугарскиот дух крај Вардар и Струма. Најубавите и големите бугарски манастири се во Македонија и во нив никогаш не изгаснувало бугарското сознание. Затоа Македонија во сознанието на Бугарите останува класична земја на бугарската просвета, на бугарската духовна култура[8].

Излегувајки од вака комбинираната заедничка историја на бугарскиот и македонскиот народ, националната пропаганда препорачувала на сите културно-пропагандни установи дека окупацијата на Македонија треба да ја прикажуваат како ослободување, дека Македонија не ѝ е дадена на Бугарија како поклон од "најблагородниот рицар, водачот на германскиот народ Адолф Хитлер, иако тој негов гест во историјата ќе остане како пример на високоблагородна постапка. Требало да го убедуваат македонскиот народ дека присоединувањето на Македонија кон Бугарија доаѓа по силата на железна неопходност, во која се обединуваат луѓето од бугарска крв. Потребно било македонскиот човек да се убеди дека по вооруженото ослободување треба да се изврши ослободување им и на психата, како што тоа станало и по ослободувањето на Бугарија. Тоа значело дека "ослободувањето" на Македонија не е извршено само со актот од 6 април 1941 година, бидејки вистинската слобода со тоа не е остварена, туку таа ќе се почувствува кога македонскиот човек ќе стане и по чувство Бугарин. Затоа процесот на развивање на бугарскиот дух кај македонското население ќе бара подолго време и ќе се сврши тогаш кога во него ќе заживее верата во "утрешниот ден" и верата во бугарската држава[9].

Спрема горното , првите мерки што требало да се

презимат од страна на бугарскета пропаганда на национален план биле да се задуши националното сознание на македонскиот народ, кое во време на бугарската окупација било веке јасно изразено, да се поколеба верата во неговото национално и социјално ослободување.

Увидувајки преку своите окупаторски власти /војската, полицијата, административниот и културно-просветниот апарат/ дека нема подршка во народот, бугарската влада преку Дирекцијата за национална пропаганда пристапила кон денационализација до сите средства и методи со кои располагала и упорно настојувала да докаже дека македонскиот народ е од бугарско потекло. За оваа цел таа организирала бројни предавања низ сите градови во Македонија. Предавачите биле Бугари. Тие го докажувале "бугарското потекло" на македонскиот народ, дека е тој дел од бугарскиот народ. Од Македонија биле испраќани во Бугарија разни бугарофилски елементи, кои пред бугарскиот народ во разни градови пропагирале дека Македонија е ослободена, дека таа по окупацијата се чувствува среќна, задоволна и ѝ должи благодарност на Бугарија. Со тоа се настојувало да се увери и бугарскиот народ дека во Македонија навистина живеат Бугари и со тоа да ја правдаат окупацијата пред сопствениот народ[10/].

Бугарската национална пропаганда била начисто дека не може да постигне никаков успех на национален план во Македонија, доколку не успее да го фашизира македонскиот народ. За спроведувањето на својата фашистичка политика таа ги користела сите средства, настојувајки да ја убие кај македонскиот народ волјата за сопротива и борбата против фашистичката власт и да создаде исполнители на сите замисли на владеачкиот апарат[11/].

Основната цел на бугарскиот фашизам, спроведуван од националната пропаганда во Македонија, не се разликувала од германскиот и италијанскиот фашизам. Пропагандата настојувала да создаде мисла кај македонскиот народ за предодреденоста на Бугарија да биде хегемон на Балканот. Таа се напнувала да создаде кај македонскиот народ големобугарски мироглед за специјалната мисија на Бугарија на Балканот. Сите тие расни , големобугарски и реакционерни теории националната пропаганда преку својот апарат од универзитетските катедри преку печатот, радиото, киното, театрите, читалиштата, народните универзитет, преку разни фашистички и профашистички организации до касарните и училиштата требало да ги всадува во сознанието на масите. Таа настојувала да создаде омраза и презир кон демократските народи, особено кон СССР и преку измислени информации и измислици да го придобие македонскиот народ за милитаризам[12].

По иницијатива на главниот инспектор на Службата при Дирекцијата на национална пропаганда Н.Коларов во Скопје била одржана конференција на началниците на обласните служби, на која биле разгледани условите за претстојната културно-пропагандна дејност за 1942 година, како и за условите за учество на одделните обласни служби во културно-пропаганден живот во областа. Според Коларов, Службата за национална пропаганда имала за цел пред сѐ да го пропагира боречкото минато на "Бугарите" од Македонија, да им дава помош на одделни институти при исполнувањето на нивната цел и да работи на присоединување на македонското население кон бугарскиот народ. Конференцијата ја истакнала потребата бугарските службеници во Македонија насекаде да се заложат

во исполнувањето на целите на националната пропаганда и да останат "апостоли на нашата државна и национална идеја"[13].

Поставувајки ја културно-пропагандната дејност на најширок план Службата за "новоослободените земји" при Дирекцијата за национална пропаганда ги вклучила во својата активност сите организации, друштва и сојузи што биле основани или создале свои клонови во Македонија. Преку нив требало да дејствува врз масите од најмалата детска возраст до старците. Идејната страна на националната пропаганда ја држела Службата и таа давала тон на целокупната дејност[14].

## 2

## Печатот во служба на бугарската национална пропаганда

За постигнување на своите големобугарски и фашистички цели во Македонија Дирекцијата за национална пропаганда го ползувала и печатот. За докажување на бугарскиот карактер на македонскиот народ и за неговото фашизирање биле повикани во помош бугарските писатели и бугарските научници. Во својот апел до нив Дирекцијата за национална пропаганда истовремено и ги задолжувала во своите работи да ги истакнуваат историските, етнографсике, стопанските и политичките права на Бугарија не само во Македонија, туку и во Јужна Србија /Моравско /. Националната пропаганда барала од писателите и научниците да пишуваат "научни" трудови и да докажуваат од разни аспекти бугарско право врз окупираните области[15].

На услуга на националната пропаганда во Македонија се јавил голем број работници од сите области на науката и културата и за цело време на окупацијата шетале по Македонија

и потоа како очевидци или научни иследувачи пишувале за бугарскиот карактер на Македонија. Некои такви иследувачи дошле во Македонија уште со бугарските војски 1941 г. некои дури и пред тоа, заедно со германските војски. По свршувањето на такви планирани од националната пропаганда обиколки, културните соработници печателе книги, брошури , статии, во кои ги изнесувале своите "забележувања". Се разбира дека нивните забележувања корено се разликувале од забележувањата на бугарските окупациони власти[16/]. Тие во Македонија го констатирале бугарскиот карактер"; бугарска душа и срце" на населението. Според нив секоја легенда, секој историски споменик, секој дар на природата, убавините на пределите, секое населено место, секое катче на Македонија дишело бугарски[17/].

Целокупната активност на бугарските општествени работници во време на окупацијата била ориентирана на обезличување на македонскиот народ, на слабеење на неговото национално сознание. Затоа во сите нивни трудови се негирала секоја македонска особнесот што можела да послужи како елемент за неговата самостојност. Се одречувала секаква самобитна македонска култура, што можела да води кон национална афирмација на македонскиот народ.

Историчарите се заложувале да ја прикажат Македонија како бугарска земја низ историјата. Истакнувајки дека уште во првите векови на Бугарија, уште пред Бориса Бугарите оставиле свои писмени паметници на грчки јазик, дека словенските натписи во време на Самуил зборуваат за бугарскиот карактер на Македонија, дека целата историја на Македонија е бугарска историја. Тие го повикувале македонскиот народ да ја прими бугарската окупација како ослободување[18/].

И токму во времето кога фашизмот ја притиска Европа, кога бугарската власт не се задоволувала со "ослободувањето" на Македонија, Тракија и Моравско, туку бугарските војски окупираат и голем дел ос српски територии, еминентниот големобугураски историчар Михаил Арнаудов пишува дека во Бугарија е свршена епохата на преродбата и обединувањето на бугарскиот народ под скиптарот на "Царот Обединител"[19/].

И поезијата била ставена во служба на бугарската национална пропаганда во Македонија. Уште во 1941 година била издадена антологијата "Македонија во песни" од Лачезар Станчев и Радослав Мутафчиев, во која биле поместени стихотворби на 39 македонски поети, прогласени за бугарски[20/]. Националната пропаганда пристапила кон преиздавањето на песните од старите бугарски поети, кои пишувале за Македонија: Г.С.Раковски, Христо Ботев, Петко Р. Славејков, Иван Вазов, Кирил Христов, П.К. Јаворов, Стилијан Чилингиров и др. Често се практикувало да се прави избор на на такви песни, во кои Македонија, Добруџа, Тракија и Моравско биле прикажувани како бугарски земји[21/]. Се разбира, при изборот се избегнувале оние песни, што не одговарале на моментните потреби, што изразувале презир кон големобугаризмот и шовинизмот. Се избегнувало препечатување на песните во кои поетите пееле за обединувањето на Јужните Словени, за создавање на Балканска федерација, за рамноправност меѓу балканските народи, за слобода на совеста и сл.[22/]

Националната пропаганда ангажирала луѓе и за полемика, во која по "научен" пат требало да се докаже бугарскиот карактер на Македонија. Дури Стилијан Чилингиров во својство претседател на бугарските писатели во она време сметал дека

ии

интернационализмот служел како средство на српската пропаганда во Македонија, а народно-ослободителната борба на македонскиот народ против бугарската окупација и фашизмот како српска идеја за повторно завладување на Македонија. Тој ова го правел под фирмата на научна беспристрасност[23].

За акцијата на писателите во докажувањето на бугарскиот карактер на Македонија биле повикани и жените писатели. И тие требало да ги вложат своите знаења и умеења, способности и дарба за да го привлекуваат народот од "новоослободените" земји поблиску до бугарската култура. Посебен апел од Дирекцијата за национална пропаганда во таа смисла бил упатен до Сојузот на бугарските писателки[24].

Во планот на Дирекцијата за национална пропаганда биле вклучени и научните институти, а посебно Македонскиот научен институт. Списанието на овој Институт "Македонски преглед" уште оппорано било ангажирано за докажување на бугарскиот карактер на Македонија. Од друга страна, Институтот се заложил да преиздаде голем број брошури на странски историчари, кои во минатото Македонија ја третирале како бугарска земја[25]. Управата на Институтот ги повикала своите членови официјално и неофицијално да даваат податоци за Македонија од најразличен карактер. Таа му помагала на бугарскиот окупационен апарат со совети какви методи да употреби за присоединување на македонскиот народ кон бугарската национална култура. Притоа Институтот му ставил на располагање на окупациониот апарат голем број свои изданија. Преку своите членови овој Институт учествувал и во сите акции на Министерството за народна просвета, особено околу одржувањето на таканаречените опреснителни курсови за учителите од Македонија. На

курсистите Институтот им подарил сите свои изданија. Голем број институтски изданија им бил подарен и на читалиштата, отворени од бугарската власт во Македонија.[26]

И другите научни установи биле оставени во служба на националната пропаганда во Македонија. Биле ангажирани многубројни етнолози и маса други стручнаци да докажуваат дека нема никаква битна разлика во битот меѓу бугарското и македонското население. Како доказ за тоа се истакнувале семејните задруги во Македонија, кои се карактеристични и за Бугарија[27]. Бугарскиот етнолог Христо Вакарелски во ред свои работи од областа на материјалната и духовната култура настои особеностите и духот на народниот живот во Македонија да ги прикаже како типично бугарски. Тоа тој го гледа во земјоделскиот карактер на македонскиот човек и го споредува со Бугарија. Сметајки го тој доказ за доволен, Вакарелски, меѓу другото, пишува: "Како во старите предели така и во Македонија овчарството е многу развиено... И македонскиот високопланински овчар како и странџанскиот обрнува посебно внимание на добитокот... Потоа, носење товар на глава е исто заеднички белег на македонскиот Бугарин со оној од старите предели..."[28]

Бугарските лингвисти исто така се ставиле во служба на бугарската национална пропаганда во Македонија. Во настојувањето да го докажат бугарскиот карактер на македонскиот јазик, избирале пат кој го сметале за најрезултатен во моментот. Тие ги искористиле најслабите аргументи на српските буржоаски лингвисти кои се труделе да го покажат српскиот карактер на македонскиот јазик и неговите дијалекти и полемизирајќи со нив докажувале дека е јазикот на Македонците бугарски, одре-

чувајки ја со тоа самостојноста на македонскиот јазик[29/].

Бугарската наука воопшто, во сите области на животот на човекот, во битовите пројави и воспитувањето, во правните науки, во моралот, во религиозното чувство, настојувала да ги открие заедничките белези на македонскиот и бугарскиот народ и да го прикаже заедничкиот развој и на двата народи. Тие свои заклучоци таа настојувала да ги внесе во сознанието на македонскиот народ и со тоа неговата судбина ја поврзе со Бугарија. Институтите за јазик, етнографија и историја биле особено ангажирани со докажувањето на вечниот бугарски карактер на Македонија да нејзиното присоединување кон Бугарија да го прикаже како среќно разрешување на македонското прашање. Според искажувањата на Тодор Павлов, бугарската национална пропаганда гледала на науката како на средство или орудие за закрепување и овековечување на голема Бугарија, на противнародниот, реакционерен и фашистички режим. Особено тоа се забележувало во филозофската, социолошката и историската мисла, која се развивала по линијата на големобугарскиот шовинизам и на борбата против марксизмот и секаква вистински прогресивна и научна мисла[30/].

Широката активност на бугарските писатели и научни работници во докажувањето на бугарскиот карактер на Македонија довела до издавање на огромна литература за кусо време и на брза рака, така што многу такви трудови ќе нанесувале штета и на националната пропаганда. Познатите литературни критичари, историчари и други биле принудени да бараат построга цензура за сите печатени трудови[31/]. Министерството за народна просвета за ширењето на бугарската национална пропаганда во Македонија основало една посебна едиција -

библиотека "Б'лгарска книга". Целта на библиотеката била да ја помогне државата во грижите околу создавање на здраво духовно единство меѓу Македонија и Бугарија, да насадува државно-граѓанско сознание во населението во целокупна Бугарија, да ја изнесе во преден план идејата за нацијата, државата и царот и да култивира висока претстава за бугарскиот народ и за неговата историска мисија. Во таа смисла библиотеката "Б'лгарска книга" се здобила и со еден специјален оддел - "книги по бугарско национално прашање"[32]. Библиотеката "Б'лгарска книга" само во првата половина од 1943 година издала повеќе книги со национално-пропагандна содржина наменети за Македонија[33].

Детската и младинската литература била исто така предмет на разгледување од страна на националната пропаганда. Со указ од јули 1942 година се забранувало издавање на уметнички, научнодостапни или општообразователни, оригинални и преводни книги, периодични изданија и други едиции за децата и младината, доколку имаат противдржавна, противнационална и непријателска содржина и како такви ја подриваат војната моќ на Бугарија, мирогледот на црквата или се против општоприемниот став на бугарската национална историја. Забранети биле книги што ја одречувале љубовта кон татковината и државниот поглавар-царот, семејството, војската, народната вера во добриот морал, бугарскиот бит и што го нарушувале единството на обединета Бугарија. Забранети биле и такви книги кои со својата содржина и пречеле на воспитната работа во училиштата. Во секое литературно-уметничко, научно и општообразователно периодично издание, предназначено за децата или младината, требало повеќе од половината на четивата да бидат од

бугарски автори и со национална содржина, односно да содржат предимно четиво од бугарската литература, од животот и дејноста на историски личности, од борбите за ослободување и обединување на Бугарија, од подвизите на бугарските и германските војници, од бугарската културна историја, уметнички четива, кои зборуваат за битот, верата, обичаите и традициите на бугарскиот народ и бугарското творештво. Кориците на секоја книга наменета за децата и младината требало да биде работа на бугарски уметници. Издавачките куќи биле задолжени да печатат секоја година определен број книги, независно од материјалните трошоци. Секоја издадена книга за децата и младината потпагала под цензура на Дирекцијата за национална пропаганда и Министерството за народна просвета. Надзорни органи на Министерството биле високите чиновници на Одделението за високо образование и народна култура, обласните и околиските училишни инспектори, директорите на гимназиите и главните учители. Органите на Министерството за цензура за детската и младинската литература биле должни да прават повремено ревизија на книжарниците и за секој прекршок на наредбите да го известуваат Министерството за народната просвета. Ниту една печатница не можела да печати изданија наменети за децата и младината, додека не добие одобрение од Министерството за народна просвета[34].

И периодичниот печат бил подложен од страна на државната власт и Дирекцијата на националната пропаганда на строга цензура. Кон крајот на 1943 година бил издаден и посебен закон за периодичниот печат, под кој потпагале околу 700 периодични изданија за наука, литература, уметност и др. Согласно со овој закон периодичните изданија биле под врхо-

вен надзор на Министерството за народна просвета, со исклучок на неколку списанија што ги контролирало Министерството на војската. Секое периодично издание било должно да има редактор, по потекло Бугарин и бугарски поданик и да не е осудуван за антидржавна дејност. Редакторите имале свој сојуз, наречен "Сојуз на редакторите и редактор - издавачите на периодични изданија" и тој имал задача да ги обединува сите редактори во името на народната општост и државното единство, да развива кај своите членови длабоки чувства на приврзаност кон државата[35/].

Министерството за народна просвета издало закон и за учебниците и учебните помагала. Според законот право на издавање на учебници и учебни помагала по сите предмети и за сите видови училишта имало само Министерството[36/].

Цензурата на Министерството за народната просвета и Дирекцијата за национална пропаганда биле заинтересирани и кои книги треба да се пуштаат во Македонија и другите окупирани области од Бугарија, "бидејки книгата престанува веке да е приватно прашање: таа е една од најглавните градивни средства на државата и нацијата". Од друга страна се јавувал и проблем за набавка на литература, која ќе биде испракана во Македонија. Министерството за народна просвета во прво време како најнеопходни книги за Македонија ги сметало учебниците, бидејки тие претставуваат духовно градиво не само за децата, туку и за возрасните. Во втората етапа се предвидувало организирање на училишни библиотеки, кои најнапред требало да бидат снабдени со литература од "бугарознаење". Такви книги требало да бидат распределени по училишните библиотеки во поголемите места.

Паралелно со книгите по "бугарознаење" требало да се испракаат во Македонија и други книги, литературно популарни , научни и стопански, посебно евтини. Се препорачувало испракање на полеѕни речници, а посебно полн бугарски речник, бидејќи населението во Македонија малку го познавало бугарскиот јазик поради "систематската српска пропаганда против бугарштината"[37].

Меѓутоа, не било доволно само да се испратат книгите во Македонија, туку да се води и контрола дали тие доаѓаат во рацете на македонскиот човек и како се читаат. Бугарските органи на теренот констатирале дека "македонското население ги чита книгите како што наога за најдобро и поради тоа паѓа во една бркотница..."Затоа се дошло до заклучок извесен број книги да се печати со поставен акцент на зборовите, како се прави со учебниците по странските јазици[38]. Министерството препорачувало организирање на читачки групи при училиштата, црквите и разни друштва, кои би се одржувале под раководство на лектори по бугарски јазик[39].

Министерството за народна просвета со цел да им олесни на учениците, учителите и граѓаните од Македонија, кои учеле српски книжевен јазик, ја издало книгата "К'м книжовен б'лгарски език-граматика правоговор и правопис" на Ас. Марков и П. Лаков. Оваа книга претставувала полн курс по бугарска граматика, прилагодена за ползување од ученици, учители и граѓани од Македонија, како и за учители од Бугарија, на служба во Македонија[40]. Објаснувајки ја потребата од оваа граматика, авторите велат дека треба да помогне за да се одвикнат некои правописни и говорни навики добиени од месниот дијалект. Исто така требало да се објаснат некои појави и факти, кои не се предвидувале во

наставата во Бугарија. Граматиката започнувала со азбуката и ги содржела сите елементи без кои не може никој да научи туѓ јазик. Содржела појаснувања на јазичните појави и факти, кои обично во другите граматики се испуштаат. Граматиката обрнувала внимание колку на правописот толку и на изговорот. Сите примери, термини и текстови дадени во неа се акцентирани бидејки тоа било неопходно за "македонските Бугари" кои во говорот грешеле[41/].

Меѓу другата основна литература препорачувана од Министерството за народна просвета за Македонија спаѓале букварите и читанките, прилагодени за возрасни[42/].

За неписмените луѓе и младината Министерството за народна просвета препорачувало книга со големобугарска содржина. Тоа им наредило на книгоиздавачките куќи да се поврзат со обласните и околиските управници и општинските кметови и преку нив да ги растураат книгите со намалени цени или бесплатно[43/].

Министерството за народна просвета ја препорачувало во Македонија и библиотеката "Нова Европа". Таа била сметана како најуредена и најефтина идеолошко-политичко-стопанска библиотека. Всушност библиотеката "Нова Европа" била под покровителство на фашистичка Германија и од неа финансирана. Библиотеката во текот на 1941 година издала шест книги, кои топло ги препорачувало Министерството за народна просвета на Бугарија[44/].

Дирекцијата за национална пропаганда посебно ја препорачувала библиотеката на Институтот за воjно-историски науки, и посебно изданието на оваа библиотека "Зошто е гордост да си Бугарин". Во препораката меѓу другото стои: "Во

денешните исклучителни времиња, кога заинтересирани лица се стремат да ја убијат верата на бугарскиот народ за среќната иднина, книгата ќе придонесе мошне многу за зацврстувањето на моралните и отпорните сили на нашиот народ во одбрана на Велика Бугарија и новиот ред во Европа". Дирекцијата за национална пропаганда откупила голем број примероци од оваа книга и ги разделила бесплатно меѓу учениците и граѓанството во Македонија[45].

За испраќањето што поголем број книги во Македонија Дирекцијата за национална пропаганда, со помош на Министерството за народна просвета, организирало собирна акција во Бугарија. Министерството за народна просвета најнапред направило список кои книги треба да се испракаат во Македонија и во другите окупирани области и барало собраните книги да се доставуваат до Културното одделение при Министерството[46].

Министерството покрај тоа располагало и со буџетски средства отпуштени специјално за купување на ваков вид книги, а коишто требало да се испраќаат во Македонија[47].

Акцијата за собирање на книги во Бугарија успеала, бидејќи сите училишни и градски библиотеки се лишиле од своите фондови за да испратат пропагандна литература во Македонија и другите окупирани области. Книгите што пристигнувале во Министерството за народна просвета биле прегледувани од неколку чиновници и потоа распределувани по разни градови на Македонија, Тракија и Моравско[48]. Издавачката куќа Хр. Г. Данов подарила 150 пакети по 100 книги како подарок на основаните читалишта во окупираните области[49]. Студентските академски друштва купиле и му предале на Врховниот читалишен сојуз книги во вредност од 15.000 лева, пак наме-

нети за новите читалишта во окупираните области. Младинското туристичко друштво "Кнез Симеон Трновски" од Мездра и учителскиот совет од Ботевградската гимназија испратиле 20.000 лева за купување книги за Македонија[50/]. До 26 август 1941 година во Министерството за народна просвета пристигнале во вид на подароци за окупираните области околу 25.000 книги и учебници[51/]. Акцијата за собирање и испраќање на книги во Македонија, Тракија и Моравско продолжила и во 1942 година. По повод годишнината од присоединувањето на тие области кон Бугарија Военото училиште од Софија и испратило 80 тома литературно-историски дела на Битолската гимназија[52/]. Министерството од своја страна купило книги за 25.000 лева и им ги подарило на училишните библиотеки во Македонија и Беломорието[53/]. Директорот на весникот "Зора" Данаил Крапчев испратил за Прилепското читалиште 4000 лева за купување книги од бугарски автори[54/]. Варненското друштво "Илинден" испратило во Македонија 2000 примероци од книгата "Илинденско востание"[55/].

Во акцијата за испраќање на книги во Македонија зел учество и Германскиот Рајх. Германското конзулство во Скопје на општинската библиотека во градот и подарило 400 тома книги претежно фашистичка литература од областа на историјата, стопанството и политиката[56/].

За популаризирање на бугарската книга во Македонија се организирале седмици на книгата. Во отворањето на "седмицата на книгата" учествувале сите културни и просветни работници и сите претставници на административните и воени власти. Такви "седмици" на книгата" биле организирани во сите македонски градови и поголеми села[57/].

Дирекцијата за национална пропаганда организирала и повремени изложби на бугарски книги во Македонија. Отворањето на такви изложби станувало во присуство на највисоки претставници на власта и црквата и со учество на хорови и разни културно-пропагандни организации. На присутните граѓани им биле делени бесплатно книги од бугарски автори. На првата изложба на бугарската книга во Скопје, отворено на 1 јуни 1941 година, биле застапени сите бугарски издавачки куќи, Македонскиот научен институт, Себугарскиот сојуз "Отец Паисиј", Академија на науките, Државниот универзитет и др. Истата изложба по една седмица била префрлена во Битола, а по 15 дена во Охрид[58/]. Во поголем број македонски градови во текот на 1942 година биле организирани изложби на бугарскиот периодичен печат. Тие изложби биле подвижни и минувале од еден во друг град. Биле изложувани најразлични списанија што излегувале во Бугарија[59/]. Во време на изложбите групи од бугарски писатели држеле разни предавања или читале фрагменти од свои творби[60/].

Акција за собирање на книги и друг историски материјал била организирана и во Македонија. Меѓутоа, целта на оваа собирачка акција се разликувала од првата. Во случајов се работело за собирање на стари книги, кои по некаков начин се запазиле од време на турското ропство и со коишто требало да се докажува дека бугарската култура отсекогаш постоела во Македонија. Дирекцијата за национална пропаганда организирала при редакцијата на весникот "Целокупна Бугарија" архив за собирање на такви книги и материјали. Истовремено весникот бил должен покарактеристичните материјали да ги објавува.

Од материјалите биле собирани главно фотографии на македонски револуционери, прогласувани за бугарски на црковни високодостојници, на бугарски културни дејци и др. Фотографиите придружувани со пригодни текстови биле објавувани во весникот "Целокупна Бугарија". Акцијата опфакала потоа архиви и одделни писма што можеле да се употребат за докажување на бугарскиот карактер на Македонија, стари ракописни книги, разни организациони устави на организациите во Македонија во турско време, коишто носеле бугарско име, разни печати, значиња, облека , оружје и други предмети , и најпосле документи од српски и грчки установи и службени лица во врска со ослободителната борба на македонскиот народ[61].

Во врска со книгата треба да се одбележи уште една акција што ја организирало Дирекцијата за национална пропаганда - уништувањето на сите српски книги, затечени во Македонија. Дирекцијата преку бугарските административни власти наредила ситу луѓе што располагале со книги и архивски материјал на српски јазик во срок од 15 дена /заклучно со 1 септември 1941 година / да им ги предадат на најблиските административни власти. Оние лица што не ја почитувале односната наредба биле земани на одговорност и казнувани[62].

Во врска со српските книги се занимавало и Министерството за внатрешни работи. Тоа наредило да се соберат сите затечени српски книги и архивски материјали и тие што имаат извесна стојност да се префрлат во Бугарија, а другите да му се предадат на Комесарството за снабдувањето за преработка во хартија[63].

Во наредбата на Министерството за трговија стои:

1/ Сите книги и архиви на бившите српски државни, општински и автономни установи да не се уништуваат, туку да се чуваат

цели за преработка од фабриките за хартија. 2/ Старите архиви на државните установи, со исклучок на архивите на Министерството за правосудство, Министерството на железниците, Главната дирекција на поштите и телеграфите, Министерството за надворешни работи и Министерството за внатрешни работи, да се предаваат направо во хартиено-мукавните фабрики[64/]."

Собирањето и уништувањето на српските книги се ползувало и за пропагандни цели. Собраните српски учебници се изнесувале на празен простор и пред учениците се гореле. За тоа време се исполнувала бугарската национала химна и други воjно-реваншистички маршови, а по изгорувањето на книгите на секоj ученик му се давале како подарок бугарски учебници[65/].

Дирекциjата за национална пропаганда веднаш по окупациjата на Македониjа пристапила кон издавање на бугарскиот дневен весник "Целокупна Б'лгариjа" во Скопjе. Главен и одговорен редактор на весникот станал главниот инспектор на Службата за национална пропаганда, Никола Коларов. Самото име на весникот jасно го определувало и неговиот лик. Покраj давање на политичко-идеолошки информации во духот на фашизмот, весникот печател редовно статии за успехот на бугарската културно-просветната пропаганда во Македониjа, имал постоjана рубрика за бугарското далечно и блиско минато во Македониjа и др. Меѓутоа, треба да се нагласи дека весникот имал многу малку или готово немал соработници од Македониjа. Соработниците биле, главно, бугарски новинари или луѓе од редовите на старата македонска емиграциjа во Бугариjа[66/].

Во Скопје освен весникот "Целокупна Б'лгарија" во време на окупацијата на Македонија почнало да излегува и списанието "Македонија". Всушност ова списание како месечник почнало да излегува уште со навлегувањето на германските војски во Македонија. Меѓутоа, по излегувањето на првиот број тоа престанало да излегува, отстапувајки го своето место на "Целокупна Б'лгарија". Повторно Службата за национална пропаганда во Скопје го покренала списанието "Македонија" во јануари 1943 година, кога излегува како прв број и прва година. И ова списание имало фашистички и големобугарски лик и со својата содржина служело за докажување на бугарскиот карактер на Македонија[67/].

Како годишник на Скопскиот народен музеј, под редакторство на директорот на музејот, Христо Вакарелски, во Скопје излегле два броја на списанието "Б'лгарски народ"[68/]. Во истата /943/ година се појавил во Скопје и специјален број на весникот "Ба'лгарски журналист". Весникот донесол разни министерски изјави врз клучните проблеми на времето. Весникот бил посветен на двегодишнината од окупацијата на Македонија[69/].

Свој печат имал и градот Битола. Од 1 јануари 1942 година таму почнал да излегува седмичниот весник "Пелистерско ехо" во редакција на Георги Василев, родум од Пловдив. Редакцијата на весникот ја сочинувале: обласниот директор Христо Гуцов, обласниот административен инспектор Петар Фалтонџиев, кметот на градот Илија Ненчев, обласниот училишен инспектор К. Црнушанов, околискиот училишен инспектор Никола Митев, обласниот комесар за снабдување Љубен Петров и претседателот на градскиот национален клуб Б.Све-

тиев[70]. И овој весник, како и сите останати бугарски весници служел за ширењето на фашизмот и големобугаризмот во Македонија. Меѓутоа, пласманот на весникот "Пелистерско ехо" бил многу мал, макар што се растурал бесплатно. За да се одржи по секоја цена овој весник, Битолската обласна дирекција им наредила на сите државни, општински и други установи и на службениците во градот да се претплатат на весникот. Општините биле задолжени да [illegible] предвидат во својот буџет и средство за помагање на весникот. Но и покрај оваа наредба весникот едвај собрал околу 1500 абоненти, и тие биле луѓе службено задолжени да се претплатат[71].

Под контролата на Дирекцијата за национална пропаганда биле и сите печатници како во Бугарија така и во Македонија. За печатење на бугарска пропагандна литература била оспособена една бивша југословенска печатница во Скопје, која го добила името "Бугарско дело"[72]. Оваа печатница, како и други такви во другите македонски градови, била контролирана од органите на полицијата, односно од органите на одделението "Г", кои правеле изненадни проверки дали сè што се печати е одобрено од страна на Дирекцијата за национална пропаганда[73]. За секој случај од постојните печатници во Македонија биле одземани специфичните српски букви[74].

## 3

## Културно-просветни установи во служба на големобугаризмот и фашизмот

Во рамките на културно-пропагандна дејност во Македонија и другите окупирани области Службата при Дирекцијата за национална пропаганда се зафатила со формирање на разни

културни комитети по македонските градови кои требало да прераснат во народни универзитети. Комитетите претставувале всушност иницијативни одбори за организирање на народни универзитети, створање на вечерни курсови за неписмени и сл. Културните комитети биле составени, главно, од претставници на административните, црковните и војните власти.

Културните комитети набргу станале постојани тела при областите, околиите и општините во Македонија добивајки го името "културни клубови". Централниот културен клуб бил во Скопје. Според уставот на централниот "Културен клуб Св. Климент Охридски" во Скопје целта на клубовите била: 1/ да ги обединуваат сите заинтересирани сили за зајакнување на бугарштината кај македонското население; 2/ да создаваат меѓу широките народни маси длабока сознателност за бугарската држава, царот и татковината; 3/ да работат на обединувањето на сите Бугари за да се создаде Велика Бугарија во нејзините етнички, историски и органски граници; 4/ да работат за оформување на совршено сознание на Бугаринот во Македонија и да ја воспитуваат младината во едно здраво бугарско национално чувство; 5/ да работат за брзото издигнување на народот на културно, просветно и стопанско поле; 6/ да се грижат за брзото приклучување на Македонија кон Бугарија во секој однос, со љубов и без потреси; 7/ да работат на обединувањето на сите класи во едно национално и стопанско цело; 8/ да развиваат љубов кон сè што е бугарско: кон бугарската национална историја, кон бугарското национално творештво, кон запазување на народните обичаи и народниот бит и др.

Културните клубови имале повеќе секции, и тоа: 1/ за култура и просвета, 2/ за стопанско издигнување на народот 3/ за сестрано издигнување на селото, 4/ за народно здравје, 5/ за државно-правни и политички прашања, 6/ за организирање на младината, 7/ за физичко воспитување, спорт и туризам, 8/ за проучување на народната култура, чување на национални споменици и за почит кон националните херои.

Член на такви клубови можел да биде секој Бугарин што имал завршено средно или високо образование[75/].

Дирекцијата за национална пропаганда пристапила и кон организирање на чисто фашистички клубови, наречени обично Германско-бугарски културни клубови. Овие клубови биле основани за постигнување на двојни цели: а/ да го запознаваат народот преку предавања и литература со фашистичката култура на Германскиот Рајх; б/ да организираат фашистички одделенија за тајна служба на ГЕСТАПО и бугарската полиција.

Германско-бугарскиот културен клуб во Скопје бил основан на 15 јуни 1941 година во присуство на еден германски генерал, германски офицери, командантот на бугарските војски во Македонија и највисоки функционери на бугарските административни власти. За претседател на клубот бил избран помошникот-кмет на Скопската општина д-р Благој Панчев, а членови на Управниот совет станале: д-р Железаров, д-р Андонов, д-р Христов, Спиро Китинчев и д-р Хирш.

Дејноста што ја развил овој клуб се сведувала на ширење на фашистичка литература, на одржување разни предавања и свечености, на кои се "објаснувале виновниците за војната" и се правдало замешувањето на Бугарија во војната. Ду-

р

ри бил поканет и еден германски професор кој држел предавање "за културните односи меѓу Германците и македонските Бугари од IX до XIV век", повикувајќи го македонското население да вложи напори за победата на Германија и Бугарија. Според овој професор врските меѓу Македонија и Германија биле доста стари и сега бил моментот да се обноват, доколку ќе бидат победени силите што го пречат тоа. Борејќи се за западноевропската култура Германија се борела и за запазувањето на бугаромакедонската култура. Бугаро-македонската култура требало да одигра важна улога во иднината на Нова Европа, за која Германија пролевала крв на своите синови. Клубот често поканувал германски научници, новинари , музичари , сликари и др., кои освен во Скопје оделе и во други македонски градови и го докажувале предимството на фашизмот. Овој клуб контактирал со разни германски видни раководители што минувале низ Македонија а посебно пројавил активност во прифаќање на разбиените остатоци од Сталинградската битка, таканаречените сталингарски херои. За нив биле обезбедувани станови по приватни куќи и собирана помош. Организирал и разни прослави во чест на германскиот Рајх и особено свечено го прославула родениот ден на својот покровител Хитлер[76/].

Германско-бугарските културни клубови биле организирани и во други македонски градови како пропагандни центри за ширење на фашизмот преку изучувањето на германско-фашиската култура, а истовремено тие служеле и како шпиунски центри на германската тајна служба ГЕСТАПО. По таква своја шпиунска дејност познат е германско-бугарскиот културен клуб во Велес, чиј претседател бил д-р Јордан Попѓоров. Тој бил поврзан со гестаповецот Пушман. Во клубот членувале главно луѓе дојде

ни од Бугарија и некои фашизирани велешани[77/].

Нешто подоцна, во 1942 година, дошло до основање ики и на јапонско-бугарско културно друштво во Скопје. За почесен претседател на ова друштво бил избран јапонскиот полномоштен министер во Софија Јамаџи. Претседател на друштвото станал кметот на Скопската општина Спиро Китинчев. Друштвотоимало слични задачи како и германско-бугарскиот културен клуб, меѓутоа, тоа пројавило послаба дејност[78/].

Друга културно-пропагандна активност на Дирекцијата за национална пропаганда била основањето на народни универзитети. Уште во 1941 година биле основани такви универзитети во сите македонски градови и во поголеми села во Македонија. Обично тие биле ставани под покровителство на читалиштата, црковната организација, училиштата и др. Организирани биле разни национално-пропагандни предавања што ги вршеле најеминентни бугарски општествени работници, публицисти, историчари и др. Овие универзитети во многу места биле помагани од клоновите на Себугарскиот сојуз "Отец Паисиј"[79/]. Истакнувајќи ги целите и задачите на народните универзитети Дирекцијата за национална пропаганда сметала дека тие ќе можат да го запознаат македонското население со сите постигнувања на Бугарија од општествен, стопански и културно-просветен карактер."По таков начин - пишувал Н.Коларов - во македонското народносно сознание ќе се зацврстат новите национални, стопански и социјални мисли, кои ги наложува обединета Бугарија и новото време. "Според Коларов, "таа задача натаму требало да биде исполнувана од бугарската интелигенција ангажирана во државниот апарат, како што се учителите, лекарите, агрономите, кметовите и др. Тие ќе можат

преку народните универзитети да пројават полн замав на културно-пропагандната творечка сила, којашто ќе донесе свои плодови за славата на Голема Бугарија[80].

Во рамките на културно-просветната пропаганда во повеќе места во Македонија биле основани таканаречени Домови на уметноста и печатот. Централен Дом на уметноста и печатот бил основан во Скопје со цел да ги групира што побрзо околу себе сите сили во областа на уметноста и журналистиката. Во овие домови членувале сите дојдени од Бугарија писатели, музичари, ликовни сликари, артисти, журналисти и културни работници. Пред нив националната пропаганда поставувала задача да се стават во служба во ред општествени дејности. Секоја сабота во овие домови за уметноста и печатот се одржувале бесплатни предавања од страна на членовите по прашања за уметноста, културата, науката, општествениот живот или одржувале литературни читања, концерти и сл. Тие уредувале и разни утра, на кои месните писатели, музичарите и други исполнувале свои творби. Организирани биле и разни сликарски изложби, чии експонати претставувале секогаш определена големобугарска и фашистичка тенденција[81]. Домовите на уметноста и печатот биле посетувани и од разни оркестри од Бугарија. Познато е гостувањето на царскиот симфониски оркестар и игроорни групи по сите македонски градови преку летото во 1942 година. Потоа културните домови биле посетувани од разни бугарски артисти-оперски певачи и виолинисти. Посетувани биле и селата од групи и поединци, кои пред селаните изнесувале разни програми[82].

Сметајќи го Скопје за културен центар на Македонија, Дирекцијата за национална пропаганда организирала во овој град отворање на една централна библиотека. Министерот-

претседател, кој бил воедно и министер за народна просвета, Богдан Филов, потпишал заповед /од 1 септември 1941 година/ да се отвори во Скопје Народна библиотека со две одделенија: за бугарска и странска литература. Во 1942 година Библиотеката добила уште едно одделение - архивско. Таа била сместена во зградата на бившиот Филозофскиот факултет во Скопје којашто за таа цел била реновирана и преуредена.

Скопската народна библиотека требало да претставува по своето значење и големина трета библиотека во Бугарија, односно да биде веднаш по Народната и Универзитетската библиотека во Софија[83/].

Библиотечниот фонд, којшто располагал со повеќе од 200.000 книги, го сочинувале затечените публикации од стара Југославија и голем број книги и публикации донесени од Бугарија. Како основа за странска литература послужил фондот на бившиот Историско-филозофскиот факултет во Скопје и библиотеката на бившото Скопско научно друштво, особено Одделението за периодични списанија. Научното одделение било пополнето подоцна и со литература испратена од Македонскиот научен институт во Софија, Бугарскиот археолошки институт, Народниот Етнографски музеј, Државниот универзитет "Св.Климент Охридски", Бугарската академија на науките, Министерството за народна просвета и др.

Веќе во 1942 година при Народната библиотека во Скопје бил создаден специјален фонд на детска литература, под име Детска библиотека[84/].

Народната библиотека во Скопје располагала со повеќе читални, посетувани главно од студентите и школската младина. При Библиотеката била отворена печатница и работилница за подврзување на книги. Тие вршеле печатарски и

подврзувачки работи исклучиво за потребите на библиотеката. Со отворањето на Универзитетот во Скопје библиотечната печатница ги печатела сите трудови и периодика на Универзитетот.

По извршената собирачка акција на архивски и други материјали во Македонија Библиотеката го збогатила и архивското одделение со многу стари ракописни црковни книги и други архивски материјали[85/].

Освен Скопската народна библиотека во Скопје и другите македонски градови биле отворени на ист принцип и градски библиотеки. Во помалите места и во селата биле отворени општински библиотеки. Сите тие имале во своите простории и посебни читални. Во училиштата освен училишните библиотеки постоеле и учителски библиотеки, во кои членувале учителите од односното училиште[86/].

Сепак една од најглавните задачи на Дирекцијата за национална пропаганда во Македонија била отворањето на читалишта во сите населени места. Додека првата година пред бугарската национална пропаганда стоела задача да отвори насекаде бугарски училишта, во 1942 година вниманието било свртено кон отворање на читалишта. Министерството за народна просвета поставило и рок за привршување на таа задача /1 март 1943 година /. Во изведувањето на таа задача бил предвиден подготвителен период. Потребно било најнапред да се дејствува на сознанието на граѓанството, посебно на селаните за потребата од читалиште како училиште за возрасни. Во таа смисла Министерството за народна просвета наредува: 1/ Да се организираат читалишни комитети, во кои ќе влезат: главниот учител, кметот или кметскиот намесник, свештеникот и

еден селанец, пројавен бугарофил. 2/ Читалишниот комитет да направи план за работа во кој да бидат опфатени вечерни и неделни курсови за описменување, литературни читања, предавања, одржување на свечености, радио-часови, основање на селски библиотеки и др.[87/]

Во припремниот период требало да му се зборува на граѓанството и селаните дека читалиштата имаат свои прогресивни и творечки корени во турско време. Всушност, замислата на националната пропаганда со отворање на читалиштата била да ги претвори нив во инструмент за ефикасна борба против македонската нација, во средство за денационализација на македонскиот народ и посебно младината, и тие да послужат како место за фашистичка и големобугарска пропаганда.

Сите форми, предвидувани како дејност на читалиштата, воделе кон една цел: од Македонецот да се направи Бугарин и од слободољубив човек - фашист. Формално пак задачите на бугарското читалиште во Македонија биле формулирани, како што видовме, поинаку: културно-просветно пробудување на македонскиот народ, негово избавување од туѓинските влијанија, кои биле причина за негово оддалечување од бугарскиот народ.

За разрешување на тие задачи читалиштата требало да ги вршат следниве основни дејности: да организираат библиотеки и читални, јавни предавања, да развиваат уметничка самодејност, да ја шират просветата, особено селско-стопанската просвета и др.[88/] Врховниот читалишен сојуз од своја страна дал конкретни упатства за формирање на читалишта во Македонија. Според упатството требало да се формира читалиште во едно делиште, ако го посакаат тоа 20 души. Под прет-

седателство на највозрасен и писмен граѓанец било свикувано собрание, се создавал основачки протокол и била избирана управа од 7 души и надзорна комисија од 3 души. Избраната управа ги распоредувало должностите: претседател, потпретседател, секретар, касиер, библиотекар и членови-советници. Се составувал списокот на членството и целиот материјал се доставувал до општинската управа за одобрување[89/].

Во текот на 1942 и 1943 година биле основани читалишта во сите македонски градови и поголеми села. Во помалите села, каде што немало услови за отворање на читалишта, биле создадени библиотечни комитети и биле организирани мали библиотеки при училиштата. Во околиските центри кон училиштата биле придодадени народните универзитети[90/].

Министерството за народна просвета издало Правилник за прилагање на законот за народните читалишта во Македонија ~~во македонија~~ и другите окупирани области. Според Правилникот народните читалишта во Македонија се сметале како правни лица и биле под врховен надзор на Министерството за народна просвета. Надзорот Министерството го спроведувало преку своите органи. Секое читалиште имало свој типов устав, согласно со законот за народните читалишта, а потврден од Министерството за просвета и Министерството за внатрешни работи.

Според правилникот секое населено место до 20.000 жители својата културно-просветна дејност требало да ја изведува преку читалиштето или со негова помош. Во такви места со одобрение на Министерството за народна просвета можеле да се создаваат театрални групи во кругот на читалиштето. Населените места над 100.000 души да имаат повеке

читалишта, во секој кварт од 20.000 души население. Во градовите со повеке од едно народно читалиште општинскиот совет и училишната управа прогласувале едно од читалиштата за централно. При повеке читалишта во еден град се создавал и централен градски читалишен совет.

Член на едно читалиште можел да биде секој полнолетен "Бугарин", бугарски поданик, не лишуван од граѓански и политички права. Примањето во членство станувало врз основа на исказите на двајца активни членови на читалиштето. Избраните лица за членови на управата потпишувале декларација дека одговараат на условите предвидени во законот. Доколку би дошло до спор околу квалитетот на некој член, решавал Врховниот читалишен сојуз врз основа на мислењето на околискиот читалишен сојуз и околиската полициска власт.

При читалиштата можеле да се создадат младински групи од членовите на читалиштето, неопфатени од редовните училишта. Меѓутоа, тие работеле под непосредно раководство, надзор и одговорност на читалишната управа.

Читалиштата немале право да набавуваат книги неодобрени од Министерството за народна просвета, дури ако такви книги биле добивани и како подароци.

Секоја читалишна управа била должна до 1 март секоја година да испраќа заверен препис од својот годишен извештај како и да испраќа извештај до обласниот и околискиот училишен инспектор, како и до Врховниот читалишен сојуз, а на Министерството за народна просвета и на Врховниот читалишен сојуз во Софија се испраќале и други податоци што се барале.

Забавите, театарските и биоскопските претстави и

други приредби што ги организирало читалиштето биле ослободени од даноци, таксени марки, акцизи и други давачки.

Секоја околија, која на својата територија имала повеке од 10 читалишта, била должна да создаде Околиски читалишен сојуз. Тие сојузи се управувале од управно тело, составено од 12 души, од кои осум избрани од сојузот, а четири назначени од Министерството за просвета. Околиските сојузи одговарале за својата дејност пред Врховниот читалишен сојуз во Софија и Министерството за народна просвета[91/].

Библиотеките и читалните биле една од основните дејности на читалиштата. Читалишните управи воделе грижа да ги снабдат со литература, предимно со големобугарска и фашистичка. За изборот на литература се грижеле библиотекари, кои поминале низ специјални курсови каде што биле упатувани со какви фондови од книги да ги снабдуваат библиотеките и читалните. Тие биле должни да ѝ даваат точен извештај на управата кои книги се набавени во еден период, кои книги најмногу се читаат, колкав е бројот на читателите и др.[92/].

Читалиштата организирале многубројни јавни предавања за народот. Обично предавачите биле поканувани отстрана или биле од редовите на административната, просветната и црковната власт во градот. Тенденцијата на такви предавања била да создаваат фашистичка и големобугарска култура во македонскиот народ, да го превоспитаат него во големобугарски и фашистички сух и побрзо да го вклучат во доостварувањето на идеалот за Велика Бугарија. Притоа од предавачите се барало да не бидат само обични популаризатори, туку активни противници против секакви појави што не се во склад со

големобугарската идеологија. Затоа околиските и училишни центри однапред ги определувале предавачите , кои биле должни своите испишани предавања да ѝ ги достават на центарот[93].

Во рамките на читалишната дејност работеле разни уметнички и театрални групи, хорови, индивидуални уметници /декламатори, пеачи, музичари и др. /. Овие уметнички групи изведувале големобугарски и фашистички програми сакајки да придонесат во општите напори за бугаризирање и фашизирање на македонското население, а пред сѐ на македонската младина. Уметничките групи при читалиштата биле сметани за посебно успешна форма на работа, бидејќи поради својата интересност привлекувале публика. Овие уметнички групи особено биле форсирани во селските училишта. Со уметничките групи работеле специјално избрани луѓе, кои биле повикувани на разни курсови и советодавни конференции.

Дејствувањето на уметничките групи се изразувало низ најразлични форми. Биле организирани разни културно-натпреварувачки вечери, настапи на повеќе уметнички групи, разни вечеринки, концерти, утра, забави, прослави на верски празници, панаѓури и сл.[94].

Голема активност читалиштата развиле преку таканаречената народна просвета, која се состоела од разни литературни читања, прослави на познати историски личности и настани, организирање на курсови за описменување на неписмените, читалишни седенки, групно слушање на радио-вестите, групни посети на разни уметнички галерии, групно учење на германскиот јазик и др.[95].

Посебно е за одбележување дејноста на одделот за народна просвета во организирањето на разни прослави во

чест на историски личности и настани. Претходно бил правен план за прославата и се определувала конкретна работа и одговорност на читалишното раководство во организирањето и спроведувањето на прославата. Секоја прослава била директно раководена од органите на националната пропаганда со учество на претставници од сите служби на окупаторската власт, вклучувајки ја и Бугарската православна црква.

Организираните курсови за описменување всушност претставувале часови за изучување на бугарскиот јазик, бугарската историја и географија, а најмалку за вистинско описменување на неписмените.

Националната пропаганда преку читалиштата ги ползувала и вообичаените народни седенки /калапење на тутун, предење на волна, лепење пченка и др. / каде што биле испраќани луѓе, кои зборувале за некој политички настан. Со тоа се целело и друго - да се оневозможат младинците да ги ползуваат овие собири за ширење на антибугарска и антифашистичка идеологија[96/].

За спроведување на поставените задачи, за унапредување и засилување на читалишните форми за работа, за одбележување на постигнатите резултати , кои секогаш биле преувеличувани на читалиштата им помагал и дневниот печат. Секоја и најмала активност на читалиштата била нотирана. Весникот "Целокупна Бъларија" имал и постојана рубрика за пропагирањето на читалиштата. Од страна на националната пропаганда била создадена густа мрежа на читалишни кореспонденти обично учителите, кои биле задолжени редовно да го величаат успехот на читалиштата[97/].

И на крајот, меѓу културно-просветните установи, кои ги основала Дирекцијата за национална пропаганда за ширење на големобугаризмот и фашизмот во Македонија, треба да се спомнат и музеите.

Под мотивација дека на македонското младо поколение му недостига просвета по однос на народниот бит, Дирекцијата за национална пропаганда пристапила кон отворање на музеи во некои македонски градови. Целта на овие музеи била да вршат проучувања на народни старини во Македонија. Министерството за народна просвета изработило план кај секоја област, богата со археолошки материјали и битови стојности, требало да добие свој музеј. Такви музеи требало да бидат потпомогнати од централната музејска власт. Министерството препорачувало да се отворат музеи во градовите: Скопје, Битола, Охрид, Прилеп, Штип, Струмица, Велес, Куманово /односно манастирот во Старо Нагоричане / и др.[98/] Овие општински музеи требало да ги имаат следните одделенија: а/ ликовно, во кое ке бидат поместени слики на градот и неговиот многустранен живот, б/ историски - за експонати, документи, географски карти, цртежи и други работи што ја изобразуваат историјата на градот, како и неговата улога во историјата на Бугарија, в/ битово - за етнографија, занаетчиство, општо стопанство, г/ архивски и документациони одделение за политички настани, прослави, посети, писма, ракописи, материјали за животот на видни политички и стопански дејатели од градот, судски дела и сл.; д/ одделение за историјата на самата општина за архиви, летопис, договори, процеси, историја на одделни служби; е/ фототека - за собирање, опис и систематизација на слики од дејноста на општи-

ната и животот на градот за набавка на стари снимки за чуване /фотокопирање / на оригинали и др. и ж/ одделение за изградба на градот - момевти и цртежи на градот во минатото, сегашнината и иднината на еден град и неговата улога во изградбата на бугарската држава и нејзината иднина[99/].

Во Скопје како културен центар за Македонија, бил создаден Народен музеј со одделенијата: етнографско, античко и средновековно. Во него работеле шест стручни лица, од кои тројца етнолози. За директор на музејот бил назначен Христо Вакарелски. До уништувањето на музејот од Германците во 1914 година Музејот собрал 949 етнографски предмети. Тој располагал со посебни кабинети за изучување на извесни области од науката. Музејските збирки биле обработувани и изнесувани од Македонија, како што е случајот со Самуиловота плоча од Преспа, Охридскиот печат од 1516 година и ред други предмети, однесени во Софија[100/].

Народниот музеј во Скопје во текот на 1942 година организирал и посебен Природно-историски музеј, кој претставувал клон на Царскиот природонаучен институт во Софија. Овој музеј имал во задача да ги проучува природните богатства-флората, фауната и минералите во Македонија[101/].

Министерството за народна просвета отпуштило средства за издавање на еден зборник на скопскиот Народен музеј, во кој биле изнесени резултатите од работата на музејот[102/]. Зборникот бил издаден во 500 примероци[103/].

Меѓу останатите дејности на Скопскиот народен музеј да го спомененеме организирањето на музејската библиотека со стручна литература од историско-филолошки и етнографски карактер. За таа цел Бугарската академија на науките ги испра

тила бесплатно сите изданија на бившото Бугарско книжовно друштво и изданијата на БАН. Создавањето на оваа библиотека било потребно "за редовна работа на музејот во разобличување на многуте тенденциозни сложени тврдења на српската наука за македонската земја"[104/].

За пропагандни цели Скопскиот народен музеј организирал изложби на експонати и самостојно учествувал на разни изложби во Германија[105/].

4

Бугарската пропагандна активност преку радиото, театрите и кинематографијата

Бугарската национална пропаганда во Македонија за денационализацијата и асимилацијата на македонскиот народ особено го користела радиото. Карактерот на радиото овозможувал сите видови дејности најбргу и најнепосредно да се доближат до македонскиот човек. Почнувајќи од музиката, преку големобугарските и фашистичките предавања, до разни стручни часови за катадневните потреби на луѓето преку радио-емисиите непосредно влијаеле врз масите. Програмите на радиото требало да ги сумираат сите пропагандни дејности и да ги предаваат од еден центар[106/].

Радио-Скопје започнало со работа уште на 11 април 1941 г.[107/]. Програмата што почнала да се предава била подбор од програмата на Радио-Софија, односно оној дел од таа програма кој можел воспитно да делува во всадувањето на големобугарскиот и фашистичкиот дух кај македонскиот народ. Земани биле мерки за изготвување на програми што нај-

многу ќе одговараат за потребите на македонското население. Биле емитувани сите прослави и предавања од "општобугарски" интерес. Во радио-програмите нашле место бугарските општественици и артисти кои преку радиото можеле да бидат слушани од најголем број слушатели. Радио-Скопје опфакало во својата програма народна и класична музика, литературно творештво, стопански проблеми, историја и моментните интереси на Бугарија. Посебно Радио-Скопје ги третирало месните, македонските проблеми што биле од интерес за бугарската држава.

За исполнување на така широки и одговорни пред националната пропаганда задачи Радио-Скопје имало свој постојанен уредувачко-административен персонал. За прв началник на Радио-Скопје бил назначен Е.Везенков. Од јуни 1942 година функцијата началник ја презел Димитар Ѓузелев[108/]. Со доаѓањето на Ѓузелев за началник програмата на Радио-Скопје станала прилично независна од програмата на Радио-Софија. Почнале да се уредуваат специјални часови за селото, за детето, часови за организацијата "Труд и радост". Специјални часови биле посветени на бугарска национална култура, државата, битот и на бугарскиот јазик, биле давани емисии за национално-ослободителното движење во Македонија, обоени големобугарски, а движењата претставувани како борба за обединување на Македонија со Бугарија. Заслужува да се одбележи дека за една година, односно од 1 јуни 1942 до 1 јуни 1943 година по Радио-Скопје биле одржани 235 предавања од национално-револуционерното движење на Македонија, 33 часа билеи посветени на "земја, бит и јазик на Бугарите", 32 часа на борбите за ослободувањето и обединувањето на бу-

гарскиот народ, 31 час "Бугарска национална култура", 51 час за селото, 18 часа за "труд и радост" и 39 часа за детето. Освен тоа, биле исполнети 223 народни песни од Македонија и 184 рецитации, а со помош на оркестрите биле исполнети вкупно 1215 народни песни од Бугарија. Радио-Скопје му посветило извесен број часови и на бугарското царско семејство, Германскиот Ракх, на Адолф Хитлер и фашизмот[109/].

Радио-Скопје организирало специјален час по бугарска национална култура. Во секој петок се држеле предавања по бугарска литература. Предавањата биле комбинирани со народни песни, стихотворби и четива. Овој курс по историја на бугарската литература траел полни осум месеци и опфакал повеке тели кои биле распределени по месеци[110/].

Радио-Скопје уредувало осуммесечни предавања и по други национално-пропагандни дисциплини. Во секој понеделник се емитувани предавања за државното устројство на Бугарија; во вторник се давала емисијата борба за ослободување и обединување на бугарскиот народ; во четврток - земја, бит и език на Бугарите; и во петок - бугарската национална култура[111/].

Со пропагањето на стара Југославија и театарското дело, колку што го имало во Македонија, било наполно ликвидирано. Бугарските окупациони власти ги ликвидирале и сите театарски секции и групи, кои работеле во провинцијата[112/]. Меѓутоа, бугарската фашистичка власт не задоцнила да пристапи кон отворање на бугарски театри во Македонија. Изнесувајки ја улогата на театарот како воспитно средство, Министерството за народна просвета сметало дека веднаш во Македонија треба да се почне со отворање на театри, бидејки

на македонското население му престои "постепено да се сродува со животот и со традициите на Бугарите од слободниот дел на нашата општа татковина", а бугарскиот театар бил силен фактор за дејствување на масите и традиционален воспитен институт. Според Министерството, длабоките национални интереси наложувале државата да помогне во осмислувањето и хармонизирањето на работата на сите театарски работници, кои ќе се зафатат со театралното дело во Македонија и ќе ги упати кон општите интереси на бугарската нација, откако ќе се создаде план за работа специфичен за територијата на Македонија. Специфичноста на програмата за Македонија произлегувала од другите услови под кои се развивало македонското население и неговите посебни нужди. "Тоа, што може да претставува интерес во Софија, Пловдив, Варна, Русе, не може да пробудува интерес и ќе има друг ефект за публиката во Македонија" стои во еден акт на Министерството[113/]. Репертоарот на театрите во Македонија требало да биде чисто национален, составен исклучиво од дела на бугарски автори, По можност тој требало да се сврти кон македонска проблематика што е тесно поврзана со бугарската национална култура[114].

Уште во почетокот на мај 1941 година Министерството за народна просвета го испратила во Скопје техничкиот директор на Софискиот народен театар, Тодор Јорданов, да ја проучи положбата за отворање на театри во Македонија. Во Скопје зградата на театарот била додека на располагање на привремена театарска управа, а истовремено од страна на општината била назначена комисија што требала да изврши организациони работи за отворање на театарот.

Техничкиот директор на Софискиот народен театар заминал за Штип, Велес, Прилеп и Битола со цел да ги разгледа можностите за создавање на театри[115].

Меѓувремено, додека се вршеле подготовки за отворање на Скопскиот народен Театар, на 1 јуни 1941 година на скопската сцена била прикажана пиесата "Димитрови кули" од Д.Н. Бдинец, во изведба на војници на окупационата војска[116].

На 24 јуни 1941 година министерот-претседател, односно министерот за народна просвета Богдан Филов потпишал заповед за организирање на Скопскиот народен театар како државен театар. За директор на театарот со царски указ бил назначен Стоил Стоилов[117]. Веднаш се пристапило кон избор на театарскиот персонал и репертоарот. Неколку дена по потпишувањето на заповедта за отворање на Скопскиот театар Министерството за просвета издало декрети за назначување режисери, артисти и друг технички персонал. Во репертоарот за 1941/1942 година биле предвидени пиеси од бугарските класичари. Освен тоа било предвидено секој понеделник да бидат организирани литературни читања и музички вечери, на кои се бидат рецитирани текстови на бугарските класични писатели и исполнувани бугарски композиции[118]. Според изјавата на новиот директор на Скопскиот театар, со оглед на специфичноста на македонското подрачје, биле ангажирани најдобрите артисти, со кои распорагала Бугарија вон од Софискиот народен театар. Персоналот на Скопскиот театар бил удвоен за да може да изведе повеќе претстави. За некои од нив се предвидувало да бидат поканети најдобрите режисери и артисти од Софискиот народен театар[119]. Управата предвидувала отворањето на театарот да се изврши на 3 октомври

1941 година и до крајот на мај 1942 година да даде околу 200 претстави, од кои 20 драми од бугарски автори, при пиеси од германски автори, една од италијански и една од унгарски автор. Се предвидувала и една специјална пиеса за младината, во која би била опфатена целата бугарска историја. Во репертоарот биле предвидени и повеке детски пиеси од бугарски автори со воспитно забавен карактер.

Освен давање на пиеси, било предвидено еднаш седмично да се приредуваат вечери на бугарската литература, писменост и музика. За таа цел се предвидувало повикување на бугарски писатели и композитори, кои ќе изведуваат свои или туѓи творби.

Периодот од 1 јуни до 15 јули 1942 година бил предвиден за посета на сите градови и поголеми села во Македонија за кои претставите ќе бидат давани на отворен простор[120]. Главната цел на такви претстави била да се запознаваат широките маси со бугарскиот јазик. Главниот инспектор на службата на Дирекцијата за национална пропаганда во Македонија Никола Коларов, учењето на бугарски јазик од македонското население го правдал со познатата теорија дека македонскиот јазик е едно од четирите бугарски наречја. Бидејќи сите наречја се сливаат во еден литературен заеднички јазик, во случајов бугарскиот литературен јазик, тогаш се јавувала потреба македонското население да го научи тој литературен јазик, неопходен за културното издигнување на народот. Според него артистите од театарот се служат со таков јазик, зошто "ако ние во Бугарија не бевме го примиле нашиот литературен јазик како најкултурен од сите наречја, меѓу нас немаше да постои денешната култура и национална врска и никогаш немаше да бидеме под еден покрив". Продолжувајќи ја таа мисла, тој

се обрнува кон артистите во Македонија и бара да водат сметка за чистотата на јазикот, бидејки "тој /јазикот / треба да ни е скап и најнеопходен белег дека Македонија е бугарска земја". Според Коларов, мегутоа, јазикот не можел да биде усвоен преку ноќ, затоа "во почетокот е доволно да биде бугарскиот јазик разбран од македонското население, и тоа да сфати дека и ние го разбираме нивното наречје[121/].

Откривањето на Скопскиот народен театар станало на 3 октомври 1941 година во присуство на претставници на бугарската влада и највисоките окупациони власти. Првата драма, со која била отворена театарска сезона, била "Борислав" од Иван Вазов. Веднаш потоа биле поставени неколку драми од понови бугарски автори, чија содржина зборува за "единството на борбата на македонското и бугарското население". За таа цел била вклучена во репертоарот драмата во три чина "Милена" од Стефан Савов, во која се зборува за борбата на Скопјани за бугарската црква и училиште. Поставена била и драмата "Хъшове" од Иван Вазов поради личноста на Македонски, кој во случајов ја претставува Македонија во борбата на ослободување на "целокупниот бугарски народ". Поставувањето на вакви драми, според директорот на Скопскиот театар, имало хипнотично дејство врз душите и срцата на гледачите.

Меѓу другите работи што ги поставил Скопскиот театар во својата програма за одбележување се "Камбаните на Свети Климент " од Димо Серов, со која сцената на Скопскиот театар била "претворена во училиште за всадување на родољубиви, граѓански, морални и политички проблеми". Потоа пиесата на Цанко Бакалов "Халосник", која му дава можност

на македонското население да се приопшти кон карактерните пројави на битот во бугарските села, да ја прифака неговата духовна структура и етнографија[122].

По свршувањето на првата сезона 1941/1942 година, Министерството за народна просвета свикало специјарна конференција во Скопје со директорите на сите театри во Бугарија и окупираните области, на која меѓу другото било донесено решение за обрнување поголемо внимание врз репертоарската политика на театрите во Македонија. Министерството ги известило директорите дека тоа организирало специјална служба, која ќе се занима со разгледување на нови драмски творби и ќе им ги препорачува на театрите. Исто така кон инспекторатот за театрите при Министерството за народна просвета била создадена државна драматургија, која правела планови за конкретни драми за секој театар[123].

Управата на Скопскиот театар и во сезоната 1942/1943 година решила да продолжи со веќе употребените форми за работа, односно да не се ограничува само на давање пиеси, туку ја шири својата дејност и во сите други културно-пропагандни насоки. Затоа уште со правење на новата програма биле предвидени разни литературни вечери. За особено важно се сметало Македонците да добијат макар и општи познавања за литературниот бугарски живот, општеството, бугарската наука, музика и за животот на бугарските раководители. Предавањата и беседите што биле изнесени во втората театарска сезона на тие уметничко-литературни вечери не се ограничувале само на нужното запознавање на слушателите со материјата, туку се настојувало да се истакне историскиот момент што го преживува Бугарија со моментната политичко-општествена

положба на Бугарија во време на војната, како и со фашистичката идеологија, која единствено е гаранција за сочувување на Голема Бугарија. Освен тоа литературните вечери се занимавале посебно со прашањата на бугарската народност во Македонија, со историското минато и непријателската активност на некои групации во Македонија кои шират "комунистичко сепаратистички" идеи[124/].

Во втората сезона Скопскиот театар се вклучил во програмата на Радио-Скопје, односно артистите на театарот земале редовно учество во програмите на радиото - за детето, за војниците, за селото и др. Освен тоа, од страна на артистите од Скопскиот театар преку радиото биле уредени 17 часа посветени на бугарската уметничка литература. Управата на театарот го сосредоточила своето внимание и врз музичките концерти за да му ги покаже на македонскиот народ бугарските музички достигнувања. За втората сезона биле ангажирани највидни бугарски оперски певачи од Софиската опера. Потоа биле организирани разни утра, на кои биле изнесувани национално-пропагандни теми, а посебно теми од серијата "Стара и Нова Европа", на која разни политичари, социолози и економисти правеле споредба мегу западната демократија и фашизмот[125/].

За втората сезона се предвидувале заемни гостувања на артисти од Софија и Скопје. Истовремено Скопскиот театар предвидувал создавање на еден подвижен театар, кој требало да ги опслужува градовите во Македонија што немале постојанен театар. Овој театар требало да биде и организатор за создавање на аматерски театарски групи. Ансамблот на Скопскиот театар предвидувал обиколка низ Македонија со пиеси од својот репертоар, "кои на најопределен начин можеле

да ѝ ка внушат на публиката бугарската слава и величина". Требало да бидат посетени градовите: Куманово, Штип, Кочани, Гевгелија, Велес, Прилеп, Битола и Охрид[126/]. Предвидената обиколка била извршена во текот на мај 1943 година[127/].

Во втората сезона Скопскиот театар дал 14 нови пиеси, од кои 12 за возрасни и две за деца. Пиесите се играни 235 пати и биле посетени од 116.492 души, односно на секоја претстава средно по 632 души. Во истиот период театарот организирал 19 уметничко-литературни вечери, повеќе концерти и литературни читања[128/]. Театарот организирал за втората сезона бесплатен курс за артисти, кој требало да подготвува млади месни театарски сили[129/].

Третата и последната сезона Скопскиот театар ја започнал со извесни измени во персоналот. За асистент-режисер бил назначен д-р Љубомир Ошанов, кој завршил театарска академија во Берлин. Предвидено било пошироко гостување на режисери и артисти од Софискиот народен театар. Посебно внимание се обрнувало врз националното воспитание на младите и за таа цел се подготвувала пиесата "Јас сум Бугарче". За работниците, селаните, војниците и учениците била разработена програма за голем број литературни вечери со бесплатен влез[130/]. Сезоната била отворена на 1 октомври со пиесата "Симеон"[131/].

Најбитната организациона измена на Скопскиот театар станала во тоа што тој бил разделен на две групи, од кои поголемата останала со седиштето во Скопје, а втората се префрлила со седиште во Крива Паланка. Втората група во својата програма предвидувала давање на едночинки /драми и комедии/, разни рецитации на бугарски стихотворби, литера-

турни читања и предавања. Тоа била, всушност, подвижна група, која ги обиколувала градиштата и селата на Скопската област[13].

Втор по значење отворен театар во Македонија бил Битолскиот областен театар. Овој театар бил отворен официјално во септември 1943 година. Неофицијално започнал со работа на 11 јуни 1943 г. Ансамблот на овој театар бил составен од редовите на учителството и работниците од организацијата "Труд и радост"[133/]. Издршката на Битолскиот обласен театар пагала врз државата од специјално предвидените средства. Привремено театарот бил сместен во салата на тогашниот кино "Балкан". Веќе во октомври 1943 година ансамблот добил 20 артисти-професионалци, кои претставувале јатка, додека другите артисти останале аматери. Во својата програма театарот вклучил и други дејности, како и Скопскиот народен театар, и бил наменет не само за градот, туку за целата Битолска област[134/]. Прва претстава на театарот била драматизираната поема "Бесмртниот цар" која е давана на 28 ноември. Веќе на 1 декември истата година била прикажана драмата "Татковци и синови"[135/].

Освен двата државни театри во Скопје и Битола и општинските театри во другите македонски градови, националната пропаганда во Македонија пристапила кон образување на разни театарски групи во сите места, каде што имало училишта и повеќе учители. Последниве биле задолжени да подготвуваат претстави за учениците и граѓанството[136/]. Министерството за народна просвета во согласност со Министерството на трудот им препорачувало на комитетите на организацијата "Труд и радост" за нивна сметка да формираат во своите места театрални, оркестарски и игроорни групи, кои требало да

организираат соодветни забави во местото и околијата[137].

И на крајот треба да се спомнат и војничките театри, односно војничките театарски групи, создадени при окупационите гарнизони. Тие давале свои театарски претстави пред граѓанството и ги обиколувале и околните села. Обично на отворено биле правени сцени, на кои покрај кратките пиеси се исполнувале и други разнообразни програми коишто завршувале со заеднички ора[138].

Бугарската окупациона власт, а посебно Службата при Дирекцијата на национална пропаганда за Македонија не биле многу заинтересирани за отворање на кина. Со оглед на тоа дека бугарската филмска индустрија била слаба и не располагала со свои филмови, кои можеле поволно да влијаат врз македонското население по однос на големобугарските цели, Дирекцијата за национална пропаганда се ограничила на отворање на постојни кина. Филмовите што биле во нив прожектирани биле од фашистичките земји и со фашистичка содржина.

Меѓутоа, засилена била контролата врз кинематографијата за да не се допуштат филмови кои не им одговараат на големобугарските и фашистичките потреби и коишто ќе би им го одвлекувале вниманието на луѓето врз други проблеми. Дирекцијата за национална пропаганда уште во почетокот на август 1941 година ги предупредила сите околиски управители и училишни инспектори да внимаваат за репертоарот на кината, бидејќи во некои кина во Македонија се давале филмови, кои по својата содржина влијаеле штетно врз населението. По тој повод Дирекцијата пишува: "Прожектирането на таков род филмови пред населението на тие краишта и тоа во почетокот на неговото ослободување, може да се одрази крајно штетно врз

моралот и националните чувства кај народот. Од друга страна може да се создаде и многу лош впечаток за културата на Бугарија"[139]. Дирекцијата за национална пропаганда само неколку дена потоа повторно се обрнала до окупационите административни власти во Македонија, изјавувајки дека имала сведенија, оти во овие краишта се давале грчки и српски натписи на филмовите, забранети од комисиите за кинематографија. Било наредено на кино-сопствениците кои прожектирале филмови со туѓи натписи и без одобрение на надзорниот орган да им се запленуваат филмовите им и да се испракаат до Дирекцијата, и откако тие ќе бидат казнети, кината да им се затвораат[140].

Во врска со кината и прикажувањето на филмови во нив Министерскиот совет издал посебен Закон за кинематографиите во Македонија. Член 9 од Законот предвидува филмовите што се внесуваат од надвор или што се произведуваат во Бугарија да не се прожектираат јавно без претходен преглед и без одобрение на Комисијата за кинематографите. Кино-сопствениците биле должни пред прожектирањето на еден филм да бараат писмено одобрение и да го покажуваат на надзорните органи. Тие биле должни да бараат дозвола и за отворање на кина од Дирекцијата за национална пропаганда[141].

Министерството за народна просвета од своја страна правела строги ограничувања за учениците по однос на посетувањето на кинопретставите. Без одобрение и препорака на Министерството на учениците им било строго забрането да ги посетуваат кината[142]. Се одобрувале колективни посети на кината во присуство на школските власти, доколку се работело за некој филм што имал национално-воспитен карактер[143].

5

## Професионални организации во служба на Националната организација

Дирекцијата за национална пропаганда за својата културно-просветна дејност во Македонија ги вклучила и сите постојани професионални и други организации. Претседателот на владата Богдан Филов за вклучувањето на таквите организации во култ.просв. пропаганда во Македонија меѓу другото изјавил: "Граѓанското и национ. воспитување на широка општествена средина во Македонија да се постигне преку изградувањето на раководството на професионалните организации, сојузи на резервните офицери и на општествените организации, преку кои да се засили учество на народот во општествениот и политичкиот живот во Македонија. Владата преку Дирекцијата за национална пропаганда ќе води контрола за нивната културно-просветна дејност, бидејки преку неа ќе дојде до отстранувањето на туѓинските елементи на Бугарија разни меѓународни и домашни организации, здруженија и групи, кои се туѓи на интересите на бугарскиот народи и неговата самобитност[144/]. Според политиката на бугарската влада сите централи на такви организации требало да го активираат своето членство, кое со својата дејност ќе ја надополни културно-просветната дејност што ја развиваат одговорните за тоа органи[145/].

Согласно со упатствата на Дирекцијата за национална пропаганда во Македонија разни културно-просветни, национални, професионални и други организации, разни друштва и сојузи пристапиле кон организирање на свои клонови. Главно тие можат да се поделат во четири групи: 1/ културно-прос-

ветни, 2/ спортско-туристички, 3/ трговско-професионални и 4/ разни. Кон првите спаѓале сите културно-просветни и добротворни друштва, разни комитети, дружби, родителско-учителски друштва и др. Кон вторите припаѓале разни спортски ~~фудбалски фискултурни~~ друштва, аеро и други клубови. Кон третите спаѓале сите трговски, индустриски, занаетчиски, работнички друштва и организации. И кон четвртата група - сите останати друштва. Вкупниот број на тие друштва изнесувал околу 70, со околу 700 регистрации при полицијата во разни македонски градови[146/].

На чело на разните организации, сојузи и друштва обично застанувале високи претставници на окупаторската власт, воени лица, високи црковни функционери, шефови на националната пропаганда[147/].

Бугарската национална пропаганда преку Дирекцијата на професиите во Софија инсистирала да бидат опфатени во нејзината културно-просветна активност сите слоеви на трудбениците во Македонија, кои ќе бидат зачленети во соодветни професионални организации. Според една изјава на Никола Коларов главните задачи на такви професионални организации биле: 1/ да работат за национално воспитување на своите членови; 2/ да бидат органи и помошници на државната управа при спроведувањето на државно-стопанската и социјалната политика; 3/ да се грижат за своите професионални интереси[148/].

Всушност бугарската влада организирањето на трудбениците во Македонија во професионални организации го наредила и со законски прописи од 27 мај 1941 година. Со тој пропис такви професионални организации станале фашизирани

професионални союзи, прикрепени и придодадени кон државната машина и контролирани од нејзините органи. Раководствата на тие професионални организации союзи биле утврдувани од министер-претседателот или од назначени од него високи чиновници, а владата ја определувала програмата и ја насочувала нивната дејност. По таков начин бугарската монархофашистичка влада се стремела да ги копира фашистичките земји, Германија и Италија, кои имале такви работнички и професионални организации, и преку нив да ја спроведува својата големобугарска и фашистичка политика[149/].

Преку заплашување работниците биле вклучувани во државните "работнички союзи", од државната власт биле прогласувани за мобилизирани и биле потчинети на војна дисциплина. Огромниот полициски апарат се јавувал како диелошки воспитувач за работниците, настојувајќи по секоја цена да ги приклучи кон таканаречена "нова "Бугарија и "новиот ред" во светот, кој се изградувал по образец на Хитлера[150/].

Бугарската државна власт преку своите органи во Македонија наредила сите службени лица да им даваат полна помош на раководните тела на професионалните союзи, здруженија и организации при спроведувањето на нивната дејност. На членовите од професионалните союзи им се давале привилегии и биле претпочитани во работата пред другите трудбеници. Со тоа се настојувало сите трудбеници да се зачленат во соодветни професионални организации[151/].

Сите тие организации, союзи и друштва многу малку во својата програма се занимавале со прашањата поради кои се создадени, а повеќе со културно-просветната пропаганда, ползувајќи притоа најцелисходни форми. Во тој однос посебна

улога имала организацијата "Труд и радост", која успеала во многу места во Македонија да создаде свои клонови.

Идејата за создавање на организацијата "Труд и радост" не била бугарска. Оваа организацијата била всушност копија на фашистичките организации, во Италија "Дополваро" и Германија на сила преку радост. Создавач на ова организација во Бугарија, односно и во Македонија бил познатиот фашистички идеолог д-р Роберт Лај, основач и на германската работничка организација[152/].

Организацијата имала за цел да ги организира работниците во свои редови и да ги воспитува во фашистички дух, односно во духот на национал-социјалистичката идеологија. Организацијата се наоѓала под раководство на Министерството за индустрија и труд и на Министерството на трговијата. Задачите кои влегувале во опсегот на оваа организација можат да се разделат во три групи: 1/ мерки за подобрување на здравствените и други услови во работните простории; 2/ мерки за подобрувањето на општествените простории во селото, мерки за подобрување на животните услови во селските куќи и корисната употреба на времето во време на зимните месеци; 3/ мерки за уметничко-државно граѓанско и телесно воспитување на лица зафатени во земјоделското производство, индустријата и занаетчиството.

Општи задачи на организацијата "Труд и радост" биле: 1/ да дава свое мислење пред државата по прашања околу воспитувањето на трудбениците; 2/ да предлага по својата иницијатива на државата мерки по однос на трудбеничките прашања; 3/ да изработува заедно со инспекторите при Дирекцијата за организација и контрола на професиите технички

и финансиски планови за спроведување на програмата на организацијата "Труд и радост"[153].

По окупацијата на Македонија организацијата "Труд и радост" започнала веднаш со организирање на свои клонови по македонските градови и поголеми села. По пат на принудно членување во оваа организација од страна на административните власти или управници на разни претпријатија /особено тутуновите комбинати /, биле запишувани работниците и селаните. Организацијата притоа настапувала со привлечна програма со организирање на разни излети во природата или во други населени места. Во таа смисла бугарската влада издала и посебна наредба[154], со која ги регулирала излетите на организацијата "Турд и радост", објаснувајќи дека тие треба да се изведуваат групно ~~или~~ во природата или близу населените места со цел да се засилат кај трудбениците чувствата на љубов кон Бугарија. Под мотивација да се исполни корисно слободното време на трудбениците, организацијата "Труд и радост" пристапила кон создавање на свои секции: народен универзитет, оркестри, хорови, театри, спортски игри и др. Овие секции со својата делност требало да придонесат за идеолошко и национално соединување на трудбениците. Од друга страна, просториите и надворешните манифестации на организацијата "Труд и радост" како целина требало да бидат снабдени со такви национални и фашистички белези, кои воспитно ќе делуваат кон оформувањето на националното и фашистичко сознание на секој трудбеник. Според правилникот на организацијата "Труд и радост" се барало и од сите установи и претпријатија, каде што работеле повеќе трудбеници, да се снабдат со повеќе бугарски знамиња во поголеми размери,

со кои да се украсуваат нивните згради во време на празниците и разни прослави. Се барало да се истакнуваат слики на царот и царското семејство на највидни места; да се истакнува картата на "обединета" Бугарија со јасно оцртаните граници на териториите на кои Бугарија полага "историско" право, потоа симболите на фашистичката победа, а посебно знакот "V", дијаграми за историскиот развој на Бугарија, портрети на знаменити Бугари, ликови на бугарските цареви од првото и второто бугарско царство, историски слики од разни настани, слики на фашистичките раководители /Хитлер, Мусолини, јапонскиот цар и др. /, икони и кандила и др.[155/].

Истакнувајќи ја културно просветната пропаганда во Македонија како една од најважните задачи Дирекцијата на организацијата "Труд и радост" преку своето одделение "Професионална просвета" на 1 јуни 1942 година објавила упатства за работаа во таа смисла: 1/ Да се проучат најтемелно условите на теренот, особено во поголемите градови, паланки и села, за да се овозможи работата на разните секции на организацијата. Слични проучувања се препорачувале за индустриските претпријатија, фабрики и други поголеми работилници, каде што можеле да бидат и да работат во помали размери такви културно-просветни секции. 2/ Составите на такви новоформирани секции требало да бидат добро проверувани пред да бидат испратени списоците на одобрение до Дирекцијата на професиите. 3/ Раководителите на такви секции требало да бидат избрани така што да можат да одговорат на xxxxxx xxxxxxxxx поставените задачи. Сите состави на секциите требало да бидат врбувани од средината на трудбениците, макар што не се исклучувало да учествуваат и други проверени

луѓе, познати со својата активност во организацијата "Труд и радост". 5/ Репертоарот на сите секции требало да биде одобрен однапред од Дирекцијата на професиите или земен направо од списокот на препорачаните од неа програми[156].

Бугарската национална пропаганда настојувала со својата национално-пропагандна дејност да ги опфати и македонските жени. Зборувајќи за потребата да се создаде бугарско национално чувство кај македонските жени, Никола Коларов пишува: "Навистина културно-просветното издигнување на македонската Бугаржка го врши училиштето и создава утрешни бугарски мајки и граѓанки, меѓутоа, тоа не е доволно. Во Македонија, која во моментот се преродува во вистинска бугарска земја, на жената ѝ претстои да игра голема културна улога... Затоа е потребно од неа да се направи добра Бугарка, а тоа може да се постигне преку организирана и системна дејност"[157].

Посебно внимание бугарската национална пропаганда обрнувала врз жените во селата. Воспитувањето на селските жени во Македонија, главно, било претставено на просветните органи. Со посебно окружно писмо им било наредено на околиските училишни инспектори да направат план за културно-просветна дејност меѓу жените по селата. Министерството за народна просвета препорачувало да се проучат грижливо сите обичаи и битови пројави во македонските села, кои давале можност за работа со селските жени и да се изнајдат соодветни форми за здружување на селските жени и за колективно работење со нив[158].

Уште во првите месеци по окупацијата во сите македонски градови биле организирани женски друштва, кои влегу-

вале како членови на Бугарскиот женски сојуз[159/]. Сите такви друштва носеле имиња на женските членови на царското семејство: "Царица Јоана", "Марија Лујза" или пак на разни бугарски херои од типот на Мара Бунева, Екатерина Симитчиева и др. Така уште во 1941 година во Скопје било создадено женско друштво "Марија Лујза", кое во своите редови ги примило жените на бугарските административни органи и жените на осведочените бугарофили[160/]. Во Куманово таа година било организирано Женско просветно благотворително дружество "Царица Јоана", во кое се учлениле 130 жени, главно од редовите на бугарските чиновници[161/]. Во Прилеп било организирано женско друштво "Љубов кон родината"[162/]. Женски друштва биле организирани и во останатите градови во Македонија: Велес, Кавадарци, Неготино, Гевгели, Струмица, Штип, Битола, Охрид, Кочани, Свети Николе, Кратово; Крива Паланка, Радовиш, Берово, дури и во поголемите села, како во Драчево, Ново Село /Струмичко/, Богданци, Стојаково, Гавато, Демир Капија и др.[163/]

Женските просветни друштва во Македонија својата активност ја вршеле преку разни секции или како друштво во целина. Целокупната дејност водела кон една единствена цел - од македонската жена да се направи добра Бугарка, "готова на саможртва за обединета Бугарија". Формите за работа биле скоро исти како и кај останатите слични организации и друштва: да организираат разни културно-забавни вечеринки исполнети со големобугарска содржина, да учествуваат на разни манифестации и прослави, да организираат собирачки акции за германските болници на фронтот, да организираат предавања, да издаваат разни женски списанија, да изведуваат екс

курзии и сл.[164/].

Меѓу другите организации и друштва, кои работеле и на културно-пропаганден план, треба да се спомнат и македонските културно-просветни и благотворителни братства, кои членувале во Сојузот на македонските братства. Овие братства биле формирани од македонската емиграција во Бугарија уште во периодот на турското ропство и се залагале за присоединување на Македонија кон Бугарија. Својата големобугарска активност ја засилиле меѓу двете световни војни. Окупацијата на Македонија од страна на Бугарија ја прифатиле како ослободување на Македонија и се ставиле на располагање на бугарската држава во бугаризирањето на македонскиот народ. Наречени по имињата на македонските градови, од кои припаѓале, во секој бугарски град имало повеќе такви братства. Само во Софија имало околу 40 македонски братства[165/].

Македонските братства се ангажирале во помагање на бугарската пропаганда преку испраќање на разни апели до своите сограѓани во Македонија, во собирање и испраќање на бугарски книги, во организирање на разни забави и сл.[166/]

Сојузот на македонските братства во Софија по директива на Дирекцијата за национална пропаганда пристапил кон основање на македонски братства и во Скопје. Такви братства биле основани од месните бугарофили. Организирани биле со задача да ги собираат околу себе сите луѓе од одделни градови кои живеат во Скопје. Преку братствата требало да работат за создавање на бугарски дух кај своите сограѓани и да ја помагаат државната власт во нејзините настојувања да го превоспита македонското население во бугарски дух. Всушност, организирањето на такви македонски братства во Скопје

имале друга, поважна цел - да се залагаат за присоединување кон Бугарија и на другите области од Македонија, кои останале под германска, односно италијанско-албанска окупација. Затоа и организираните братства биле од луѓе, кои избегале во Скопје пред теророт на фашизмот и теророт на Албанците. Во Скопје биле познати: Тетовско-гостиварското, Галичко-дебарското и Струшкото братство. На чело на овие братства застанале познатите активисти од Ванчовистичката ВМРО, како Борис Бунев /братот на Мара Бунева /, Стамат Дуковски и др.[167]

## 6

## Културно-пропагандната дејност на Бугарската православна црква

Бугарската влада во своите денационализаторски и асимилаторски настојувања во Македонија и давала значајно место на Бугарската православна црква и нејзиниот административно-верски апарат. Колку бугарската влада сметала на црквата може да се заклучи од изјавата на заменикот на владиката во Скопје, архимандритот Стефан, кој, меѓу другото, вели дека бугарската црква како секогаш низ историјата, така и во моментот стои на преден план и како верна стража бдее за создавањето и издигнувањето на бугарскиот дух во Македонија[168].

Уште во првите месеци на окупацијата на Македонија Бугарската православна црква заедно со Министерството за внатрешни работи изработила план за уредување на црковното прашање во окупираните области. Паралелно со тоа Бугарската православна црква во тие области го вовела својот устав и врз основа на него назначила свој административно-црковен

апарат и парохиски свештеници[169]. Според официјалните податоци, во Македонија биле испратени околу 280 свештеници од сите краишта на Бугарија.[170]. За малубројните затечени свештеници - Македонци биле организирани уште во летото 1941 година специјални курсови за нивното оспособување да и служат на Бугарската православна црква. Од страна на Бугарскиот синод биле повикани сите ученици од српските богословии да го продолжат образованието во бугарските богословии. Притоа се водело сметка за бугарското потекло" и "благонадежноста" на учениците, кои биле должни да доставаат такви уверенија од месните црковни власти[171].

Бугарската православна црква по своја линија создала целосен план за работа, преку кој требала да дејствува во рамките на националната пропаганда во Македонија. Ставајки се наполно во служба на државата, таа сметала дека во извесна мера може да постигне големи резултати отколку другите пропагандни институции. Позната е од тоа време изјавата на Црквата: "Со крст Бугарската православна црква повеќе ќе ги постигне целите и ќе го разреши македонското национално прашање во полза на Бугарија отколку сите други; таа ќе го избистри народносниот амалгам во Македонија".[172] Зборувајќи за улогата на Бугарската православна црква во Македонија, архимандритот Стефан, меѓу другото, изјавува: "И денес како и вчера Бугарската црква игра голема историска улога за народното обединување. Денес бугарскиот духовник ги вложува сите свои сили и им се спротиставува на сите, кои го рушат бугарскиот морал и ја обезвреднуваат бугарската душа. Сите сили на црквата се насочени кон религиозно-национално воспитување, кон духовно и сестрано издигнување на бугарскиот народ во Македонија"[173].

Една од првите мерки што во таа смисла ги преземала црквата била широката акција за ликвидирање на сите траги на културата во црквите и манастирите во Македонија, кои немале бугарско потекло. За брзото и целосно изведување на таа замисла била ангажирана бугарската црковна власт во Македонија, биле организирани и специјални комисии, кои веднаш преземале мерки за заличување на такви траги[174/].

Црквата наредила во црковната администрација да се употребува бугарскиот јазик, посебно нагласувајќи дека треба најстрого да се води сметка за евентуалната употреба на македонските "наречја" од страна на месните свештеници[175/]. Во таа смисла црквата се обрнала до сите свои органи на теренот, од кои барала да не примаат писма, рапорти и други административни акти, кои не се напишани на бугарски јазик[176/].

Бугарскиот синод издал наредба до митрополитите во Македонија со која барал сите богослужбени книги по црквите на српски или други јазици да се заменат со бугарски[177/]. Исто така Синодот наредува без оглед на праксата во словенските цркви богослужбите да се изведуваат на црковнословенски јазик, поради специфичноста на македонското подрачје, дел од таквите служби да се изведуваат на бугарски - јазик. За неисполнување на таа наредба архиерејските намесници биле земани на одговорност[178/].

За ширењето на големобугарската пропаганда во Македонија Бугарската православна црква го користела и црковниот амвон. Свештениците биле задолжени да држат редовно проповеди и помени, на кои се славела бугарската историја и проповедала иднината на Голема Бугарија. Верските и другите

национални празници црквата ги користела за големобугарски манифестации, повикувајки ги претставниците на власта, членовите на разните братства и друштва, високите и претставници на бугарската наука и други, кои во крилото на црквата држеле разни предавања. Црквата и традиционалните верски обичаи во Македонија во време на црковните празници ги изврттувала или занемарувала, а на нивно место воведувала типично бугарски обичаи, сметајки дека со нивното повторување ќе ги направи традиционални. Македонските обичаи најчесто се објаснувале како туѓински, односно српски, упатувајќи ги кон бугарските како домородни[179].

Својата национално-пропагандна дејност црквата ја проширила и надвор од храмовите. Црковните претставници биле должни да се стават на услуга во организирање, програмирање и спроведување на програми на разни сојузи, друштва и организации. Во таа смисла нејзините органи земале најактивно учество во работата на народните универзитети, библиотеките, читалиштата, прославите и др. Црквата била директно вклучена и во работата на бугарските училишта. Нејзините претставници задолжително учествувале во планирањето и програмирањето на училишната настава[180]. Црковни службеници и свештеници биле назначувани и како наставници и учители на слободните учителски места со одобрение на Министерството за народна просвета и на црковните власти. Црквата организирала и широка мрежа на организации друштва, во кои настојувала да ги опфати учениците и да ги воспитува во религиозно-национален дух. Таа пристапила кон организирање на ученички христијански друштва во сите видови училишта[181].

Тие братства претставувале основни ќелии на црковното воспитување на младината[182].

Ученичките христијански друштва биле форсирани и од страна на бугарската просветна власт. Министерството за народна просвета им наредила на сите учители во градовите и селата да се поврзат со свештениците и да направат заедничка програма во врска со религиозното воспитување на младината.[183] Во таа смисла било наредено да се создаваат ученички христијански друштва при секое училиште, кое ќе имаат за цел да всадуваат љубов и приврзаност на учениците кон Бугарската православна црква и Бугарија и да ги бранат учениците од лошите идеологии. При училиштата имало четири вида христијански друштва: детски, ученички, младински и студентски. Сите тие во ноември 1941 година станале колективни членови на "Бранник"[184].

Ученичките христијански друштва имале како задача да уредуваат разни предавања, прослави , да издаваат свои брошури и списанија, да организираат екскурзии, да учествуваат во црковните хорови и сл. На чело на овие друштва стоеле учители, кои одржувале тесни врски со црковните власти и со нивна помош ја изведувале својата пропагандна програма[185].

Големата ангажираност на учителот-раководител на едно ученичко христијанско друштво се сведувала, главно, на следното: 1/ Во текот на една учебна година барем еднаш во седмицата да одржи предавање пред членовите; 2/ да ја организира прославата на празникот на христијанските друштва; 3/ да организираат прослава на патронниот празник на друштвото; 4/ да организира друштвени средби од повеќе соседни училишта, на кои ќе се изнесуваат песни, беседи, рецитации, и др.; 5/ да организираат екскурзии до околните манастири и

историски цркви; 6/ да се ~~по~~ погрижи за здобивање знаме на друштвото; 7/ да им дели награди на активните членови на друштвото итн. Учителот се грижел и за редовно посетување на црквата од учениците. За отсуство од црква и од други свечености биле пишувани неоправдани изостаноци ученикот како да одсаствувал од наставата.[186]

Специјални ревизиони комисии при црквата се грижеле да добиваат од школските власти точни извештаи за исполнување на религиозната програма да контролираат дали учениците редовно во неделни и празнични денови одат в црква, дали има основани Христијански друштва и трпезарии и дали свештениците земаат учество во работата на трпезариите и забавачниците[187].

Државните власти ја повикувале црквата на содејство и во работата на библиотеките и читалиштата. Бугарскиот синод во едно свое окружно писмо констатира дека 65% од свештениците се активно вклучени во тие установи, повикувајки ги да работат за приклучување на вонучилишната младина кон Читалишниот союз. Од свештениците се барало: 1/ да се поврзат со месните читалишта и да соработуваат во нивната културно-просветна дејност; 2/ да земаат учество како лектори во уредувањето на литературни читања и конференции; 3/ да се кандидираат за претседатели на читалиштата[188].

По однос на библиотеките и читалиштата Бугарската црква пројавувала и друга дејност. Таа ги испракала до нив како подарок своите црковни изданија и учествувала во доброволни акции за собирање на книги во Бугарија, кои ги испракала во Македонија. Се разбира дека сите тие книги биле со религиозна или големобугарска содржина, бидејки нивната намена била "да го подигнат кај читателите бугарскиот дух",

преку книгите "да пламне верата во светлата иднина на бугарската татковина и да создадат едно вистинско национално бугарско воспитување[189/].

Бугарската црква била активна и на идеолошко-воспитен план и тесно била поврзана со фашистичката идеологија. Таа ниту во еден момент не се колебала сите ученички и други христијански друштва и братства да ги стави под раководство на фашистичката организација "Бранник". Освен тоа, свештениците ангажирани околу христијанските друштва биле ангажирани во браничката организација. Бугарскиот синод како најголема инстанца на црквата барал и добил одобрение во секоја браничка дружина да има по еден свештеник, кој бил задолжен "да се грижи за религиозното и моралното воспитување на браниците и да работи по специјална програма во таа смисла[190/].

Високи црковни сановници и свештеници учествувале активно на разни фашистички митинзи и конференции, а често на нив биле претседавачи. Давале предлози за борба со партизанските одреди во Македонија и гонење на секаква македонска национална пројава[191/]. Црквата барала од своите органи - свештениците да се стават исцело во служба на фашизмот. Во тоа црквата била потттрекнувана и од бугарската држава. Така Бугарското народно собрание и дало директива на Бугарската православна црква "... духовенството да се вклучи во борбата против комунизмот, борба којашто претставува не само лична заштита, не само придонес кон општата борба што ја води државата, но пред сè освестување на заблудените[192/].

И црковните хорови служеле како ефикасно средство на Бугарската црква во спроведувањето на големобугарска

политика. Создадени со мотивација да ги красат богослужбите, хоровите биле користени за учење на разни големобугарски и фашистички песни[193/], што биле исполнувани при разни приредби и турнеи.

Радио-Скопје во својата програма доста време и посветувало на црквата. Вршело пренос на црковните богослужби, црковните проповеди, песни и др.[194/].

Црковно-пропагандната програма на Бугарската црква во Македонија предвидувала изведување на голем број екскурзии за учениците. Тие биле водени во разни бугарски градови, каде што имало цркви, историски места и споменици. Покрај тоа, били изведувани и таканаречени "поклонички патувања" што имале за цел учениците да се поклонат пред гробовите на разни бугарски дејатели[195/]. Црквата организирала и детски летовалишта, во кои учениците го минувале летниот распуст под контрола и грижа на црквата. Во секое такво летовалиште се назначувало по едно духовно лице за управител, кој, меѓу другото, се грижел "секоја недела и празничен ден да се врши богослужба, на која присуствувале учениците, да се грижи за набавување на литература која учениците ќе ја читаат, да организира црковен хор, кој ќе пее на богослужбите и сл.[196/]

Претставниците на Бугарската црква биле членови, а често и раководители при изведувањето на разни прослави[197]. Учествувале при осветувањето на знамињата, просториите и други реликвии на разни културно-просветни, политички и професионални организации[198/]. Всушност немало некаква големобугарска и фашистичка активност на бугарската национална пропаганда, каде што црквата не била замешана[199].

# ГЛАВА VI

# НЕУСПЕХ НА БУГАРСКАТА КУЛТУРНО-ПРОСВЕТНАТА ПРОПАГАНДА ВО МАКЕДОНИЈА

## 1

## Првите манифестации на отпор против бугарската културно-просветната пропаганда

Широката мрежа на културно-просветните институции бугарската влада успеала да ја воспостави во Македонијаползувајки ја силата на својот окупационен апарат. Таа по силата но своите законски одредби и наредби мобилизирала и широка мрежа од луге, кои биле задолжени во изведувањето на денационализаторската и асимилаторска програма во Македонија, давајки им на располагање големи материјални средства. И навистина, одбраниот културно-просветен апарат се заложи сесрдно да ги исполни поставените задачи и развил дејност на широка основа. Меѓутоа, објектот за денационализацијата и асимилацијата, македонскиот народ, пред сѐ македонската младина, не останал пасивен и во границите на постојните услови пружал отпор.

Масите на македонскиот народ бугарската окупација ја примиле непријателски. Непријателскиот однос кон неа кај одделните народни слоеви се јавувал од разни причини, формирани како мироглед уште во време на стара Југославија. Еден дел од носителите на политичкиот мироглед - македонската интелигенција, припаѓал на комунистичкото движење, односно членувала или ја симпатизирала КПЈ. Тој дел од интелигенцијата во бугарската окупација гледал национален и фашистич-

ки поробител. Една мала група комунисти, под влијание на поранешната бугарска пропаганда, непријателскиот однос кон бугарската окупација го сведувала на отпор против фашистичкиот бугарски апарат, додека македонското национално прашање го сметала за разрешено со приклучувањето на Македонија кон Бугарија. Голем дел од македонската интелигенција непријателски ја дочекал окупацијата од национални причини, бидејки првите срекавања со бугарскиот окупационен апарат јасно му покажувале дека една туѓа власт, по јазик и по нарав, по обичаи и култура, настојува да го денационализира и асимилира македонскиот народ. Сосема мал дел од интелигенцијата, задоен со фашистичка идеологија уште во време на стара Југославија, научен да ги ползува привилегиите што ги пружа власта, бугарската окупација ја примил како нужност за свој сопствен опстанок и се ставил на располагање на окупациониот апарат и неговите културно-пропагандни институции.

Македонското граѓанство, во поголем дел македонската чаршија, бугарската окупација ја примило непријателски поради засегнатите свои сопствени интереси. Окупацијата и војната, грабежите од окупациониот апарат и намалувањето на трговијата и занаетчиството поради недостиг на стока и суровини ја припишувало на окупацијата. Специјално лошиот однос на бугарскиот окупационен апарат кон македонско население довел до таму што и поранешните бугарофили од македонското граѓанство се разочарале во Бугарија.

Работничката класа во Македонија, потлачена уште од времето на стара Југославија, била веќе идејно определена и главно приклучена кон КПЈ. Условите во време на бугарската окупација, во кои се нашла, биле далеку потешки

отколку порано, а од друга страна, фашизмот се нафрлил најнапред врз неа со сите возможни репресивни мерки. Затоа таа непријателски била настроена кон окупацијата и била готова да даде организиран отпор против бугаризмот и фашизмот.

Селските маси биле запоставени и страдале најмногу од сите други слоеви уште во време на стара Југосравија. Бугарската окупација им донесла далеку потешки услови за живот. Разните реквизии, грабежи и корупција од страна на окупаторскиот апарат предизвикале револт, кој се обрнувал во отворен отпор.

Отпорот на македонскиот народ на културно-просветен и пропаганден план на бугарската држава се јавувал според моментните услови во различни форми. Во првите денови по окупацијата доагало до спонтан отпор на македонскиот човек во срекавањата со окупационата власт по прашањето за јазикот. Бугарските окупациони власти, воспитувани во големобугарски дух, очекувале дека во Македонија ќе најдат население, кое зборува бугарски. Откако констатирале дека со населението можат тешко да се разберат, луѓето ги прогласувале за "србомани", кои ја изневериле бугарштината и барале од нив да научат што поскоро бугарски јазик. Тоа, природно, предизвикало кај македонскиот народ чувство на омраза кон окупаторските власти и отпор кон учењето на туѓинскиот јазик[1/].

До сличен отпор дошло и во отворените училишта во првите месеци од окупацијата. Отворените курсови за ученици, на кои се изучувал бугарскиот јазик, бугарската историја и географија и курсовите за изведување на матурските испити, нерадо биле прифаќани од учениците. Доколку тие биле

биле принудени поради продолжувањето или оформувањето на образованието да ги посетуваат тие курсови, го правеле нередовно или пасивно седеле на часовите, неразбирајќи го говорот на преподавателите. Затоа бугарските просветни власти биле принудени, констатирајќи ја положбата, да отстапат од поставениот критериум во оценувањето и да ги пуштат сите матуранти, без да го постигнат нивото на знаењата предвидени по програмата[2/].

И затечените учители - Македонци ѝ давале своевиден отпор на бугарската културно-просветна пропаганда. Познато е дека Министерството за народна просвета им наредило на своите просветни власти во Македонија да состават списоци на затечените учители на 6 април 1941 година, со цел да ги вклучи и нив во бугарскиот просветен апарат[3/]. Се забележуваат многу случаи, без оглед на неизвесноста за материјалниот опстанок во иднината, учителите да не им се пријавиле на просветните власти, бидејќи не сакале да стапуваат на служба во бугарскиот просветен апарат, кој бил сметан како авангарда за бугаризирање и фашизација на македонскиот народ. Тие често изнаоѓале разни изговори за да ги избегнат репресалиите што ги вршеле врз нив бугарските власти[4/].

И учителите Македонци, опфатени во курсовите за оспособување за бугарски учители, не покажале некакви резултати во совладувањето на бугарскиот јазик, ниту се здобиле со доверба кај бугарските власти како "благонадежни". Затоа бил усвоен принципот учителите Македонци да се назначуваат во Бугарија, каде што во допир со бугарското население ќе имаат повеќе можности да го научат бугарскиот јазик, и едновремено ќе бидат оневозможени негативно да влијаат врз ма-

кедонското население[5]. Против таа одлука учителите Македонци од Скопска околија направиле колективен протест, во кој изјавиле дека не сакаат да одат во Бугарија за учители. Протестот бил потписан од 60 учители[6].

По одбивањето на учителите да службуваат во Бугарија, бугарските власти во извесни случаи попуштиле. Меѓутоа, учителите Македонци назначени во Македонија биле под строга контрола на бугарските окупациони власти, особено оние кои биле маркирани како левичари. Имало случаи кога учители од Македонија назначени во Бугарија се откажувале одпучителска служба. Оние пак што биле принудени да службуваат во Бугарија биле пасивни или вршеле опструкција спрема бугарската просветна политика[7].

Македонските студенти својот непријателски однос кон бугарската окупациона власт и бугарската просветна политика во првите денови на окупацијата го изразувале на севозможни начини. Пред сè, многу од студентите затечени од стара Југославија не сакале да ги продолжат студиите во Софија. Бугарските власти правеле напори да ги соберати студентите и да ги исползуваат за пропагандни цели, организирајки разни екскурзии во Бугарија. Меѓутоа, студентите организирано се противставувале и против овие акции[8].

Македонското граѓанство во првите месеци по окупацијата покажувало незаинтересираност и апатија кон сите акции што ги преземала бугарската окупациона власт во Македонија по однос на културно-просветната пропаганда. Разните културно-пропагандни институции основани од бугарските окупациони власти ги сочинувале во големо мнозинство луѓе од административниот и друг окупационен апарат, со учество

на многу мал број Македонци, главно фашизирани бугарофили. Ваквиот однос на македонското граѓанство било принудено да го признае и Министерството за народна просвета, изјавувајќи во едно поверливо окружно писмо дека се забележуваат кај граѓаните од Македонија појави што не ги задоволуваат наполно очекувањата и советува да се изнајдат форми да се исправат или да се отстранат во иднина, бидејќи слабиот одзив во културно-националните манифестации дава тон на отпор. Во таа смисла им препорачувале на просветните органи "во својата дејност да ги имаат како раководство следниве задачи: да ја отстранат апатијата и малодушноста кај граѓанството и да работат за подигање на бугарскиот дух и покрај сите пречки и незгоди"[9/].

И македонското село со недоверба ги примило испратените просветни органи и во границите на своите можности избегнувало да ги исполнува задолженијата наложени од окупационите власти. Министерството за народна просвета барало селаните да се грижат за сместувањето и прехраната на учителите по селата. Меѓутоа, чести биле случаи кога селаните одбивале да им издаваат станови на учителите , кои немале каде да живеат. Во таков случај окупационите власти овој проблем го решавале со реквирирање на станови[10/]. Селаните одбивале или пасивно се однесувале кон сите акции за организирање на културно-просветни и пропагандни институции, посетување на разни курсови и сл. Мнозина од учителите забележуваат дека селаните не се заинтересирани ни за бугарско училиште. Кога учителите се обрнувале кон селаните со заплашување дека доколку нема да ги помагаат, Министерството за народна просвета ќе биде принудено да ги затвори училиштата, тие /селаните/ им одговарале дека нивните деца и инаку

не ги разбираат и не ќе можат ништо да научат[11/].

И селата од Битолската област кон окупаторските просветни власти се однесувале исто така непријателски. Настрана од општото незадоволство кон окупаторската власт воопшто, тие во просветните власти и учителите гледале непријатели. Во еден поверлив извештај на Битолската обласна дирекција до Министерството за внатрешни работи меѓу другото стои: "Населението од оваа област во сите свои пројави е крајно воздржано и прикриено. Се забележува дека кај селското население бугарската власт се чувствува како ненародна... Критички се однесува кон бугарските закони. Често не се приклонува кон нив, а кога ги прави тоа, тоа го прави од страв, а не искрено и од душа... Не сака доброволно да ги праќа децата во училиште, бидејќи се пронесува слух меѓу селаните дека набрзо Бугарија ќе си оди. Не сакаат да ги праќаат учениците да ги посетуваат курсовите. Едвам 1/3 од учениците се собрани во училиштата, бидејќи нивните татковци не ги пуштаат."[12/] Селското население, кое во минатото било опфатено од српската пропаганда, далеку поголем и постворен отпор им давало на бугарските просветни власти. Така, според еден извештај од директорот на Богомилското средишно училиште, во кој ја изнесува карактеристиката за населението во окупацијата во која служел, се гледа дека селаните отворено истапиле против бугарската окупација, не ги пуштале децата да ги посетуваат курсовите, не сакале да им купуваат учебници и отворено изјавувале дека бугарската власт е краткотрајна[13/].

Отпорот што го пружале разни народни слоеви против бугарската окупација, а посебно против бугарската културно-просветната пропаганда, бил во [illegible] поголем број

случаи спонтан. Меѓутоа, свесната и организираната борба против германските и бугарските окупатори, против фашизмот и големобугаризмот уште од самиот почеток на окупацијата ја водат организираните сили на Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија и СКОЈ за Македонија. Против добро организираната бугарска културно-просветна пропаганда во Македонија уште во првите месеци од окупацијата одговориле организирано македонската средношколска и студентска комунистичка младина. Не заблудувајќи се ниту во еден момент во суштината на бугарската окупација и нејзиниот фашистички карактер, македонската младина низ разни форми негодувала, протестирала и отворено се противставувала против големобугарската и фашистичката политика на окупационите власти. Борбата против окупацијата започнала пред да бидат официјално отворени вратите на бугарските училишта, пред почетокот на првата учебна година. Комунистичката младина, која околу себе ги прибирала и другите здрави македонски национални снаги, го започнала својот отпор против окупацијата и бугарската културно-просветна пропаганда преку бојкотирање на сите акции што ги преземала окупационата власт. Особено биле бојкотирани разни дочеци на видни бугарски и германски личности, бидејќи комунистичката младина вршела агитација кај народот да не излегува на митинзите[14/].

Голема прекретница во отпорот што го пружала комунистичката младина во Македонија против окупаторите настанала по објавувањето на војната од страна на Германскиот Рајх против Советскиот Сојуз. Комунистичката партија на Југославија го повикала народот во борба за истерување на окупаторите и за ослободување од фашизмот. Македонскиот народ, кој веќе ги почувствувал благодетите на окупацијата, за-

почнал на широк фронт и на разни начини да се спротивставува на поробувачката и денационализаторската политика на окупаторот. Овој отпор на широките народни маси доведувал и до поголеми судири со окупаторот, изразувани во протести, штрајкови, демонстрации итн.[15]. Комунистите, во прв ред македонската комунистичка младина, прифаќајки го повикот на КПЈ за борба, започнале да вршат припреми за вооружена борба со окупаторите[16]. Комунистичката младина во Македонија си поставила пред себе и задачи по однос на бугарските училишта. Со оглед на главната цел, истерување на окупаторите преку вооружена борба, таа поставила пред младината задача не да се стреми кон совладувањето на големобугарските дисциплини во наставата, туку да стане заштитница на својот народ од денационализација и фашизирање. Во повикот до младината се вели дека секоја пасивност значи и потпомагање на непријателот[17].

И покрај строгата цензура и забраната на секаква дејност која не била во склад со државната политика, комунистичката младина наоѓала начини и патишта за раскринкување на големобугаризмот и фашизмот и за разобличување на нивните теории и погледи. Комунистичката младина во Македонија успешно го раскривала класниот и реакционерниот карактер на големобугарското и фашистичко воспитување и ги масовизирала постепено своите редови[18], а истовремено ја зацврстувала својата врска со КПЈ, од која добивала конкретни задачи во борба со окупаторите[19] Консолидирањето на СКОЈ во Македонија неговото организационо зацврстување довело до создавање на нови скоевски групи, а воедно и умешност во водењето на борбата при отежнати илегални услови во окупацијата. За тоа помогнало и навременото сметување на некои неактивни

раководители со нови, кои ја воделе борбата посмело[20].

Започнувањето на учебната 1941/1942 година довело до помасовни акции на комунистичката младина против бугарската просветна политика и школскиот режим. Скоевските организации, кои уште првите денови на окупацијата преземале извесни акции против окупаторската просветна политика, есента 1941 година доста омасовени и следени и од мнозинството на школската младина го прифатиле и почнале да ги спроведуваат во дело акциите, кои како системен работен план ги примиле од ПК на КПЈ за Македонија, како и од месните комитети на Партијата и СКОЈ, кој главно се состоел во попречување и компромитирање на сите преземани акции на бугарските школски власти. Во таа смисла се развила широка и разновидна политичка активност во школите, и веќе во првото тримесечје на учебната година се забележуваат покрупни протесртни акции на учениците[21].

Од страна на школската младина, водена од СКОЈ, била започната акција за незапишување во бугарските средни училишта и факултети. Меѓутоа, наскоро се согледала апсурдноста во тоа пешение, бидејки и таа одлука била изменета, а акцијата против бугарскиот школски систем добила нова содржина, имено: 1/ Да не се посетуваат никакви манифестации, свечености, курсови и други акции на бугарските културно-просветни институции; 2/ да се даде отворен отпор против организирањето на разни културно-просветни организации и институции читалишта, библиотеки, разни театарски и литературни дружини; 3/ најостро да се истапува против училишниот правилник за носење на ученички униформи и други белези; 4/ да се оневозможи организирањето и дејствувањето на фашис-

тичките и профашистички организации: Бранник, Отец Паисиј, Легионери, Ратници и др.[22/].

Наспроти бугарските културно-просветни институции СКОЈ-евските организации правеле обиди да организираат на своја иницијатива разни литературни, театарски и други друштва, да организираат дури и јавни ученички настапи со нагласен антибугарски и антифашистички карактер. Меѓутоа, бугарските школски власти со помош на полициските власти спречувале секаква дејност надвор од нивната контрола. Затоа организирањето на разни ученички журови се покажало како одлична форма на зближување и договарање на младината.

Уште во првите денови во учебната 1941/1942 година се појавиле во училиштата и на јавните места антифашистички пароли, фрлани антифашистички и антибугарски летоци, во кои се раскринкувала окупацијата.

Во низа разновидни акции на отпор што ги организирала училишната младина против политиката на бугарските просветни власти, значајно место земале ученичките штрајкови. Тие претставувале најмасовни и најотворени протести против бугарското школство и бугарската окупација во целост.

Штрајкови се забележени речиси во сите средни училишта во сите македонски градови. Општо земено, такви ученички штрајкови имало во целиот период на окупацијата, меѓутоа, по својата јачина најсилни биле во првото тримесечје на учебната 1941/1942 година. Тоа доаѓало оттаму, што ~~ќе~~ со разгорот на НОБ во Македонија се менувале и формите на отпорот и тие земале се повеќе оружен карактер.

~~Меѓу~~ Во летните месеци на 1941 година, пред самиот почеток на учебната година , штрајкувале скопските ученици,

кои не сакаледа да ги посетуваат организираните курсови за подучување на бугарскиот јазик и бугарската национална историја. Учениците се побуниле и против методите и јазикот на изведуваната програма на курсовите. Школските власти биле принудени да преземаат поостри мерки за спречувањето на штрајкот. Нешто подоцна, со паролата против високите такси при упишувањето во училиште и задолжителното носење на бугарските ученички униформи, бил спроведен масовен и успешен штрајк во скопската гимназија. Штрајкот бил однапред организиран и подготвен. Таква оценка за штрајкот дале и бугарските школски власти. Во таа смисла професорот по бугарски јазик Мутафчиев одржал протестен говор против штрајкот. Меѓу другото тој нагласил дека "протестот не е само еден занесењачки отпор против таксите и униформите, како што некои сакаат да го прикажат, туку тоа е делување на подземни непријатели"22а/.

Меѓу ученичките штрајкови заслужува внимание штрајкот на кумановската гимназија. Уште во септември 1941 година бил одржан состанок на месното раководство на СКОЈ, на кој била донесена одлука за организирање на штрајк при прв погоден случај. Во првите денови на октомври решението за штрајк било исполнето. Штрајкот бил добро организиран и масовен. Бил раководен од штрајкачки одбор, кој во својата програма имал изразито политички карактер23/. Учениците-штрајкачи на кумановската гимназија напишале една заедничка резолуција, во која јасно ги формулисале своите барања од школските власти. Во 15 точки од резолуцијата биле поставени, меѓу другите барања и укинувањето на школските такси, на носење на ученички униформи, наставата да се изведува

на македонски, а не на бугарски јазик, и др. Масовноста на штрајкот ја сопрела редовната школска настава. Не биле доволни ни строгите наредби на школските власти да ги вратат учениците во школото. Дури по интервенција на бугарската полиција биле растурени штрајкачите. Еден леток на ПК КПЈ за Македонија, објавен во деновите на штрајкот на кумановската гимназија, настаните ги карактеризира како јасен израз на несогласување на македонската младина со бугарската окупација на Македонија. Меѓу другото во летокот стои: "Бугарската власт не е наша власт, народот на Македонија не се согласува со политиката на бугарските окупатори и како израз на тоа неслагање дојде до штрајкот на кумановската гимназија"[24].

Во почетокот на 1941 година на неколку пати отворено се штрајкувало и во битолската гимназија. И тука бил организиран штрајк наводно против високата школарина и ученичките униформи. Најкомпактен бил во штрајкот V-б клас од кој сите ученици се спротиставиле против назначувањето на професорот од Бугарија, барајќи тие /професорите/ да бидат Македонци. Бидејќи такви барања на учениците не биле исполнети, тоа ја комплицирало положбата на школските власти. Целата учебна година била проследена со непрекинати бојкоти на мерките што ги преземале школските власти за зајакнување на дисциплината[25].

Во месец декември 1941 година во прилепската гимназија бил организиран бојкот на школската настава, кој ги загрижил и сплашил школските власти. Под раководството на месниот комитет на Партијата и СКОЈ учениците ги напуштиле предавањата, а во знак на протест против бугарските окупаторски власти учениците од ѕидовите на училиштата ги симна-

ле, кинеле и газеле сликите на бугарскиот цар и царското семејство. По тој повод од гимназијата биле исклучени четири ученици со забрана на школување во сите бугарски училишта. Исклучувањето на учениците предизвикало немир во целата гимназија, а тоа довело и до општ ученички штрајк. Поради учество на огромно мнозинство на ученици во штрајкот наставата била прекината неколку дена. Штрајкачите од прилепската гимназија поставувале слични барања како и учениците од скопската и кумановската гимназија: укинување на школарината, укинување на ученичките униформи, да се вратат истераните ученици и др. Во просториите на училиштето и на јавни места биле испишувани паролите: "Да живее слободна Македонија", "Да живее СССР", "Смрт на германскиот и бугарскиот окупатор" и др. За ефикасно пресметнување со учениците и во тој случај штрајкот бил задушен од бугарската полиција, а барањата на учениците отфрлени. Повеќе ученици биле затворени и подложени на физичко мачење[26/].

Есента 1941 година биле организирани успешни штрајкачки акции на ученици и во другите македонски градови, како во Велес, Кавадарци, Струмица, Охрид и др.[27/]. Во Охрид, каде што бугарската окупаторска власт најмногу полагала на бугарштината поради историското значење на градот, бугарските просветни власти доживеале фијаско, бидејќи ниту еден матурант не се јавил да полага бугарска матура[28/]. Во Велес како повод за штрајкот послужило насилното зачленување на учениците во организацијата "Бранник"[29/].

Слични биле причините и резултатите на штрајкачките акции и во другите градови на Македонија. Овие форми на отпор продолжувале и во следните години на окупацијата, а истовремето се барале и нови форми преку проникнувањето и презе-

мањето на разните бугарски културно-просветни институции и организации и нивното искористување за свои цели.

## 2

## Ширењето на отпорот на македонскиот народ против бугарската културно-просветна пропаганда

Пресвртница во отпорот на македонскиот народ против окупаторите претставувало започнувањето на вооруженото востание на 11 октомври 1941 година. Во првите партизански одреди се нашол и извесен број ученици, кои го напуштиле училиштето и зеле активно учество во НОБ. Партиските организации во поодделни македонски градови активно работеле со училишната младина и ја подготвувале за легална и илегална борба во гимназијата и надвор од неа. Легалната борба се одвивала во бојкотирањето на разни бугарски фашистички и профашистички организации, кои делувале во училиштето и надвор од него во неучествување во акции што ги преземала националната пропаганда, потоа во спорење и полемика со професорите по однос на големобугаризмот и фашизмот[30].

Во легална активност против бугарската културно-просветна пропаганда спаѓало и искористувањето на разни акции и манифестации, организирани од бугарските власти, за борба против фашизмот и големобугаризмот. Една таква акција искористиле македонските матуранти во 1942 година. Дирекцијата за националната пропаганда организирала една екскурзија за матуранти. На екскурзијата заминале сите скоевци. Уште во возот тие избрале свое /скоевско/ раководство од претставниците на сите гимназии, учесници на екскурзи-

јата. Помогнати од некои професори Македонци, кои ја воделе таа екскурзија, матурантите под раководство на скоевците организирале низа истапувања против големобугаризмот. На својот пат низ бугарските градови скоевците пееле македонски револуционерни песни, кои биле прифаќани од сите ученици. И на крајот, кога бугарската полиција во Софија затворила еден скоевец, пред участокот на полицијата сите ученици направиле демонстрација, барајќи да се пушти ученикот, бидејќи никој нема да стане од местото[31/].

Екскурзиите, а посебно излетите се покажале како многу добро средство за легални состаноци на скоевците, а истовремено и за придобивање на останатите младинци, неопфатени од бугарските фашистички организации[32/].

Во легални форми на отпор спагало и незборувањето на бугарски јазик за време на наставата или при контакти со бугарските власти. Таа акција добила широки размери и била прифатена од мнозинството средношколци[33/]. Потоа биле организирани масовни протести против секаков обид на бугарските просветни власти да им забранат на учениците да зборуваат македонски или да манифестираат македонски појави[34/]. Бојкотирани биле сите наредби и настојувања на училишните власти учениците да им се ставаат на располагање во летните месеци на реквизиционите власти, особено во акциите за собирање на житото по селата во 1942 година. Меѓутоа, во 1943 година скоевците ја прифатиле акцијата, бидејќи неа ја искористиле за потпомагање на селаните да го скриваат житото и со тоа тие повеќе придонесувале за смалувањето на бугарскиот , и особено на германскиот воен потенцијал[35/]. Во легален отпор може да се земе и формирањето на драмски секции,

преку кои биле организирани разни приредби за младината и граѓанството. Обично се избирале пиеси од напредни писатели и биле преведени на национален јазик, наводно поради непознавањето на бугарскиот јазик. Приредбите служеле и за прибирање на материјални средства за организацијата. За илустрација на таков вид работа - преку приредбите ќе приведеме само неколку примера. По повод на прославата на Илинден 1941 година под раководството на скоевците во Велес била организирано забава, ххххххх која била масовно посетена од граѓанството. Поради напредната програма бугарскиот началник во знак на протест ја напуштил забавата[36/]. По повод завршувањето на учебната 1941/1942 година напредните ученици во Велес ја презеле организацијата на приредбата и протуриле своја програма. Меѓу другите точки била исполнета песната "Развило бајрак село Баница", потоа биле рецитирани песни од современи македонски поети, пишувани на македонски јазик и со напредна содржина[37/]. Во Охрид, по повод изведувањето на првата бугарска матура во мај 1942 година, во присуство на сите највисоки окупаторски власти, веднаш по пеењето на бугарската химна била исполнета и македонската "химна" "Изгреј зора на слободата", која во програмата воопшто не била предвидена. Под притисок на граѓанството кое стоело за време на пеењето на македонската химна биле принудени да станат и бугарските претставници на власта[38/]. Во Гевгелија имало уште пред војната повеќе дилетантски групи во кои учествувале напредни младинци. Тие успеале во време на окупацијата да се приклучат кон бугарското читалиште, чија управа била во рацете на македонската прогресивна интелигенција. Репертоарот на

дилетанската група бил составен, главно од дела на напредни писатели. Биле давани пиеси што на некаков начин можеле да се искористуваат и за определени цели, иако нивната содржина се однесувала за друго, како на пример "Х шове" од Иван Вазов. Оваа пиеса била поставена само затоа што во неа се споменуваат зборовите <u>комуна, комунари</u>. Меѓутоа, полицијата при цензурата ги избришала речениците каде што се споменуваат тие зборови. Изведувачите, без оглед на забраната, за време на претставата со посебна нагласеност извикнале: "Да живее комуната, да живеат комунарите, смрт на господарите". Граѓанството со одушевен аплауз ги поздравило изречените пароли. Бугарската полиција, се разбира, повела постапка за отстапувањето од дозволата на цензурата[39].

Сите акции на напредната младина биле претходно обмислувани и дискутирани на скоевските состаноци. Однапред биле приготвувани и одговорите пред бугарските власти, доколку тие ќе интервенирале против изведената програма. Обично се барале наивни одговори, како, на пример, непознавањето на бугарските закони, несогледување дека поставената програма не е во склад со бугарските интенции и сл.[40]. Пиесата "Х шове" била изведена и од драмската секција при читалиштето во Велес, со таа разлика што била внесена една реплика, искажана со посебна модулација на гласот - "Од Србија ќе дојдеме во Македонија" - алудирајќи за среќавањето на српските и македонските партизани. Граѓанството ја сфатило тенденцијата и ракоплескало, но тенденцијата ја сфатила и власта, која го затворила секретарот на секцијата, а драмската секција била забранета[41].

Напредната македонска младина полесно можела да

организира отпор преку разни музички групи. За време на окупацијата биле основани повеќе музички друштва и хорови, во кои излегувале напредни младинци. Обично репертоарот бил составен од стари револуционерни македонски песни, мело-декламации и сл., кои повикувале на борба[42/].

Во легален отпор против големобугаризмот во средните училишта спаѓало бојкотирањето или молчењето на учениците при извикување на разни пароли. На разни државни празници учениците наместо бугарското "Ура" извикувале "Уа", што како збор има спротивно значење. Се случувало учениците на повик да извикуваат пароли за Бугарија да молчат[43/]. По прашањето за молчење интересен е случајот во битолската гимназија. На повик да извикуваат учениците: "За Бугарија, ура" тие сите молчеле. На прашање зошто молчат, еден од учениците прашал, зошто еднаш да не се извика "Ура" и за Македонија[44/]. При исполнувањето на бугарски и германски маршови напредните младинци често ја извртувале смислата на маршовите[45/]. Истите примери на отпор се јавувале и во велешката гимназија[46/].

И организирањето на излети и журови од учениците - скоевци може да се земе во легална активност, бидејќи тие се изведувани јавно, иако се ползувани за илегални состаноци. На излетите покрај учениците учествувале и други младинци. Обично на такви излети се правеле програми и планови за легална и илегална дејност на напредните младинци[47/], се пееле револуционерни песни[48/], се рецитирале стихови од македонски револуционери и др.[49/].

Журовите биле ползувани исто така како форма на активност. На журовите се читала литература, се зборувало за

македонската национална историја[50], биле читани политички реферати и се зборувало за НОБ[51], се пееле напредни песни, биле давани разни забавно-политички програми, "врапчиња" "расипан телефон", "рапорти", во кои биле жигосувани окупаторите[52]. Преку журовите биле опфаќани повеќе младинци, кои биле вклучувани во отпорот против окупаторот[53].

Малубројната студентска младина на Македонија во своите редови имала сосема мал број луѓе кои ја прифатиле бугарската окупација како ослободување на Македонија. Тоа биле, главно, фашизирани младинци уште во време на стара Југославија. Мнозинството од студентите донесле одлука уште во мај 1941 година да не се запишуваат на бугарските факултети во Софија. Такви директиви добиле од повеќе месни комитети на Партијата. Меѓутоа, бугарските воени власти биле готови да ги земат во бугарската армија сите студенти, кои не се на редовно школување. Поради тоа директивата била изменета и се побарало од студентите да се запишат сите на соодветните факултети[54].

Македонските студенти во Софија не допуштале никаков компромис по однос на македонската националност и при сите случаи настојувале да потцртаат дека Македонија не е бугарска земја и дека е таа поробена од Бугарите. По пат на отворени истапи пред највисоките претставници на бугарската власт тие ја искажувале својата омраза кон окупаторот. За илустрација да се спомне случајот во врска со познатиот фашист д-р Александар Станишев. Тој повикал на ручек група на поистакнати македонски студенти, меѓу кои се наоѓале и подоцнешните народни херои Кузман Јосифовски-Питу и Мирче Ацев. Наместо да одат на ручек кај Станишев, сите студенти заминале

на Витоша, каде што организирале јавни демонстрации, извикувајќи пароли за Македонија. Македонските студенти организирале демонстрации и во градот Софија, поради што биле упрекнувани од Партијата, бидејќи непотребно се излагале на опасност[55/]. По неколкудневен престој во Софија извесен број студенти, главно скоевци, не се запишале на Универзитетот и се вратиле по домовите со цел да се вклучат во НОВ[56/]. Незапишувањето на универзитет на голем број македонски студенти и паднало в очи и на бугарската окупаторска власт. Сметајќи дека причините за тоа се од економски карактер, таа за македонските студенти отпуштиле повеќе стипендии. Меѓутоа, во овој поглед не дале резултат ни стипендиите. Многу од студентите ги одбивале понудените стипендии и привремено се запослувале во разни установи. Властите меѓутоа, анализирајќи ги вистинските причини на овој отпор на студентите донеле решение да не ги запослуваат на работа[57/].

Поголемиот дел од активноста на македонската младина се одвивал илегално, а често во најголема конспирација. Секако на прво место треба да се истакне издавањето и ширењето на партискиот печат. Скоро во сите македонски градови средношколската младина издавала по некој хектографиран или на рака пишуван весник. Партиската техника била прилично развиена, а печатењето станувало во полна илегалност[58/].

Создавањето на младинските илегални библиотеки и ширењето на национална и марксистичка литература меѓу младината претставувале средство за отпор против денационализацијата на македонската младина, што го вршел бугарскиот културно-просветен пропаганден апарат во Македонија. Акцијата за збогатување на вакви илегални библиотеки особено се

засилила во 1942 година[59/].

Младината пристапила и кон печатење на разни летоци или добиените летоци од Партијата ги растурала во македонските градови. Во нив граѓанството било повикувано да се спротистави против окупаторите, против големобугарската тенденција да го денационализира македонскиот народ, против лажните информации за положбата на фронтовите и сл.[60/] Често се прибегнувало и кон испишувањето на пароли по ѕидовите на градските улици, особено во време на некое судење на напредни луѓе или младинци[61/].

Напредната македонска младина, а посебно скоевците, во знак на отпор против денационализацијата и фашизирањето на народот и младината прибегнувала кон акции за уништување на пропагандниот материјал и на разни летоци, што ги ширел бугарскиот културно-просветен апарат и разни фашистички и профашистички организации. Биле создавани посебни групи од по 3-4 ученици, кои исклучиво биле задолжени да ја уништуваат окупаторската литература, афиши, летоци и сл. Тие биле обично кинети ноќно време, кога будноста на окупаторските власти била помала[62/]. Особено настојчиво се кинеле летоците и позивите на браничката организација и на организацијата "Отец Паисиј"[63/].

За илегални состаноци, за чување на илегален материјал и оружје скоевците користеле најчесто куќи, кои не биле сомнителни пред бугарските власти. Меѓутоа, не биле ретки случаи за такви состаноци да се ползувале бугарските културни институции, особено читалиштата. Бугарските читалишта по селата се претворале во собиралишта на напредната младина, каде што најсигурно се чувале и се скривале илегалних

ните материјали, посебно илегалната литература. Во читалиштата, коишто биле поштедени од разни претреси на полицијата, најлесно биле отпечатувани радиопаратите и се слушале тајно радио-станиците од СССР и други[64/].

Покрај многуте форми за парализирање на бугарската културно-просветната пропаганда во Македонија и фашизирање на македонскиот народ, напредната македонска младина, водена од Партијата и СКОЈ, прибегнувала и кон физички отпор против членовите на фашистичките и профашистичките организации. Освен предвидениот ~~ххх~~ бојкот против таквите организации, а посебно против организацијата "Бранник", доаѓало често и до физичко пресметнување со поактивните членови на тие организации[65/]. Обично пред тоа браниците биле предупредувани дека ќе дојде до физичко пресметнување, доколку тие и натаму ќе учествуваат во акциите на полицијата при откривање на напредни младинци[66/].

За борба против фашистичките и профашистичките организации, посебно против организацијата "Бранник", се практикувало и уфрлување на напредни младинци во тие организации. Крсте Црвенковски , пишувајќи до ПК СКОЈ за Македонија, меѓу другото дава и директива, доколку месните организации на фашистичките организации не можат да се разбијат со други средства, да се разбиваат однатре, по пат на уфрлување на скоевци[67/]. Скоевците им се приближувале на младинците , кои станале случајни бранници , и ги повикувале да ја напуштат организацијата. По таков начин бил забележан приличен успех, бидејќи извесен дел младинци го напуштале "Бранник"[68/].

Со растењето на вооружениот отпор на македонскиот народ и разгорувањето на НОБ во Македонија се проширувале и нормите на отпорот против окупаторите. Ползувајќи ги сите

форми на легална и илегална дејност против културно-просветната пропаганда на бугарските институции, напредната македонска младина сѐ повеќе се вклучувала и во физичкиот отпор против окупаторите, што довело до создавање на диверзантски групи од напредните ученици, кои вршеле атентати на бугарските полициски агенти[69]. Една диверзантска група, како освета за убивањето на народниот херој Цветан Димов, во една од скопските улици го убила бугарскиот полициски агент Мане Мачков[70].

Приклучувањето на напредните младинци, во прв ред на скоевците во НОБ во Македонија претставувало највисока фаза на отпор на македонската младина против фашистичките окупатори. Младинците уште со започнувањето на вооруженото востание на македонскиот народ на 11 октомври 1941 година масовно се јавувале да заминат со првите партизански одреди. Пред сѐ, тие земале и активно учество во подготовките на вооруженото востание, а по исфрлувањето на првите партизански одреди еден дел од првите партизани биле учениците[71]. Сите пријавени ученици не можеле да бидат вклучени во партизанските одреди поради ред објективни причини во врска со несоздадените услови за масовност на востанието. Затоа пак во текот на 1942 година, а особено во 1943-та голем број младинци ги напуштиле дефинитивно училиштата и се приклучиле во НОБ. Меѓутоа, добар дел од младинците бил задржан по градовите, каде што бил ангажиран за специјални задачи во заднината, како диверзанти, за врски, за криење на илегалци, за организирање на бази и др.[72] Сепак, најмасовен прилив на средношколци во партизанските одреди се јавил во почетокот на 1944 година, кога НОБ во Македонија се

наогал во најголем разгор, а вооружената борба на македонскиот станала основна форма за отпор и истерувањето на окупаторите од Македонија, а во врска со тоа и ликвидација на големобугарската и фашистичката културно-просветна пропаганда[73/].

На крајот, во рамките на отпорот што го давала македонската интелигенција, а посебно македонскиот просветен кадар опфатен во бугарските училишта, треба да се спомне и улогата на македонските учители и наставници во школите. Од материјалите со кои располагаме може да се извлече еден општ заклучок: дека наставниците и учителите Македонци по однос на легалната и илегалната активност на учениците биле на нивна страна. Тие, со извесни исклучоци на лица опфатени од Партијата, не биле вклучени во организираниот отпор против окупаторите и нивната културно-просветна пропаганда, меѓутоа, со симпатии гледале на дејноста на напредните ученици коишто ги бранеле пред училишните совети[74/]. Кон некои неорганизирани учители напредните младинци настапувале слободно, а имало случаи кога ним им се давала и илегална литература за да бидат однапред запознаени со изведувањето на разни антибугарски акции и за определено време да се оддалечуваат од местото[75/]. Потпомагањето на напредните младинци од страна на извесни учители Македонци било често и согледувано од бугарските просветни власти и против нив преземале извесни репресалии или заштитни мерки. Во таков случај напредните младинци организирале демонстрации и протести за задржувањето на таквите учители во училиштата[76/].

3

## Распаѓање на бугарската просветна мрежа во селата поради вооружениот отпор на македонскиот народ

Бугарската просветна власт, бугарските училишта и другите просветни институции ги задржала во целост во првата учебна 1941/1942 година, бидејќи формите на отпорот што ги давал македонскиот народ, и посебно македонската младина, имале подруг карактер. Меѓутоа, со разгорувањето на НОБ во Македонија и со дејствувањето на партизанските одреди по селата, во голема мерка окупаторската школска мрежа била дезорганизирана. Уште во летото, односно кон крајот на август и во почетокот на септември 1942 година се засилиле акциите на партизанските одреди. Тие вршеле напади доста често на општините во поодделните села и тоа внесувало смут кај претставниците на окупаторската власт на теренот. Поради стравот од партизаните еден дел од окупаторското чиновништво почувствувал несигурност за својот опстанок и почнал да одбива да ја врши поверената служба. Особено партизанските акции се одразиле врз бугарското учителство, кое почнало да ја прекратува наставата и да ги напушта училиштата. Од документацијата, која се однесува на септември 1942 година, може да се согледа степенот на дезориентацијата на окупаторскиот културно-просветен апарат. Учителите се жалеле кај повисоките просветни власти дека во нивната близина се движат партизани, кои организирано напаѓаат врз административната власт и учителството, забележувајќи при тоа дека нападите некаде биле придружени со убиства над претставниците на бугарската власт, или со одвле-

чување на кметовите и учителите. Од учителите било посочувано дека партизаните настојувале кај фатените учители да ги напуштаат училиштата и да си заминат во Бугарија. Со оглед на таквата положба околиските инспектори биле принудени да предлагаат затварање на бугарските училишта во реоните, каде што се движеле партизански одреди. Обласните директори, битолскиот и скопскиот, во придружба на министерот на внатрешните работи Петар Габровски лично тргнале на советување со околиските инспектори и настојувале бугарските училишта да се задржат по секоја цена. Меѓутоа,пред огромниот страв на бугарските учители во подрачјата каде што се движеле партизанските одреди, инспекторите продолжиле со молби за затворање на одреден број селски училишта. За пример ќе ја изнесеме дезорганизацијата на школството во Велешката околија. Велешкиот училишен инспектор го моли обласниот училишен инспектор да се заложи кај Министерството за народна просвета привремено да бидат затворени училиштата во Богомилската општина и тоа: во с. Ораов Дол, Бистрица, Орешје, Папрадиште, Нежилово, Прешево, Мокрени и Согле; во Долно-Чичевската општина во с. Подлес; во Изворската општина во селата: Владиловци, Попадија, Мартолци, Оморани, Степанци и Долно Врановци; во Отовичката општина: во Иванковци, Лугинци и Рудник; во Лисичката општина во селата: Горно Врановци и Дреново; во Раштанската општина во с. Ср́п; во Згрополската општина во с. Д. Каласлари; и во општината Чашка во селата Крива Круша и Мелница. Во извесен број не се предвидувало затворање на училиштата, бидејќи во нив имало полициски сили или биле штитени од војската. Од вкупниот број 49 училишта во Велешко, со 138 учители, се предвидува-

ло затворање на 25 училишта со 50 учители[77]. Обласниот училишен инспектор не се согласил со предложениот број училиштата за затворање и одобрил да се затворат само 9 училишта, а учителите да се разместат по другите училишта во околијата[78]. Како што се гледа од документацијата, успешните акции на Велешкиот партизански одред го приморале окупаторот да затвори еден број села во Велешката околија уште во почетокот на септември 1942 година. Тоа покажува дека окупаторот не можел да ја задржи својата просветна власт во голем број села, иако испраќал засилувања на полициските одреди и војската, со што ја признавал и силата на вооружениот отпор на македонскиот народ.

Меѓутоа, проширувањето на НОБ во Македонија и успешните акции за уништување на окупаторскиот државен апарат, за спречување на културно-просветната пропаганда и денационализација на македонскиот народ, за спречувањето на присилната реквизиција на прехранбените продукти од селаните, од ден на ден се распространувале и се пренесувале скоро во сите околии. Во Велешката околија за која располагаме со извесна документација партизанскиот одред во септември 1942 година нараснал и се разделил во неколку чети, кои извршиле повеќе акции. Особено биле успешни акциите на одредот од десната страна на Вардар на теренот на Велешката околија. Нападнати биле повеќе селски општини, а службениците од окупаторскиот апарат биле протерани. Таквата состојба предизвикала паника кај учителите кои откажувале да одат во местата на службувањето. Поради тоа биле затворени повеќе училишта, а учителите останале да скитаат по Велес[79]. Затоа околискиот училишен инспектор уште еднаш се заложил да биде прекратена

наставата во сите училишта во Околијата, со исклучок на градот[80/]. Окупаторската власт не можела така лесно да капитулира пред Велешкиот партизански одред и одговорила со масовен терор и ѕверства над селанското население. Во тоа време извршени се убиства на група селани од с. Рудник во месноста "Пуста Кула". Во Околијата биле испратени зајакнувања на полициските участоци, а исто така и војска и контрачетници. Со тоа се сметало дека ќе бидат запрени акциите на одредот, поради што не било одобрено затворање на селските училишта. Меѓутоа, состојбата останала иста и покрај преземените мерки од окупаторот. Затоа сите учители по селата, кои се вртеле во градот, испратиле "Изложение" преку Околискиот училишен инспектор до Обласниот училишен инспектор во Скопје, во кое ја изнесуваат положбата и бараат службено отсуство "до воспоставувањето на редот и спокојството во околијата", и за тоа време да се вратат во Бугарија, "каде, при поспокојна обстановка, ќе се ослободиме од особената психоза на несигурност и ужас што не обзела , па потоа ободрени и при воспоставен ред ќе се вратиме и ќе ставиме одново во служба на родината.."[81/] Писмото било потпишано од 20 учители. Околискиот училишет инспектор го поткрепил "изложението" на учителите и на крајот изјавил дека "при таквата положба на сила ги задржувам учителите по местата каде што служат, но тие ќе ги напуштат местата и покрај нашата наредба да седат таму"[82/]. Меѓутоа, причината за затворањето на бугарските училишта по селата на Велешката околија не била само во акциите на партизаните. Според признанието на Околискиот училишен енспектор, во многу села родителите јавно се противеле против учителите и нивната учителска работа, не им

купувале на децата помагала, ниту ги пуштале на училиште. На учителите не им давале храна, не им продавале продукти. Откажувале да им дадат и станови. Тоа јасно се гледа и од писмото на инспекторот: "Учителите немаат кон кого да се обрнат за соработка и содејство било за сопствените нужди, било за организирање и опремање на училиштата. Скоро сите учители ноќе не спијат или скоро не спијат. Тие очекуваат секој момент да бидат нападнати од страна на илегалците и се чудат како да си го запазат животот. "Според инспекторот, доколку и натаму ќе се настојувало да опстанат училиштата тоа можело да се изведе само со услов ако се замени бугарскиот јазик со македонскиот и ако се предава македонска наместо бугарска историја, бидејќи партизаните биле согласни учителите да ја продолжат работата само под такви погодби"[383/].

Горното писмо на околискиот училишен инспектор недвосмислено покажува дека македонскиот народ давал секаков отпор на окупаторот, а посебно на учителите да ја спроведуваат нивната денационализаторска пропаганда во Македонија. Јасно ја покажува и борбата на македонскиот народ за национална афирмација. Окупаторската власт е принудена да го признае неуспехот на својата политика во Македонија, како и да биде готова да се откажува од поверената работа.

Во почетокот на 1943 година, како што е познато, доаѓа до проширување на НОБ во Македонија, а во врска со тоа и до рушењето на окупаторскиот апарат, посебно на неговата школска мрежа. Напуштањето на училиштата од страна на бугарските учители од страв од партизанските одреди и затворањето на училиштата, наводно како привремена мерка додека не се заведе "ред и спокојство" во реоните на де-

јствата на одредите, ја загрижувало централната просветна власт во Бугарија и таа по секоја цена настојува да ја сочува школската мрежа по селата. Од учителите се барало без оглед на опасностите на кои биле изложени да останат во местата на службувањето, да продолжат со наставата во училиштата и со одржувањето на курсовите, да отвораат библиотеки, читалишта, трпезарии и др.[84/]. По таков начин се дошло до една апсурдна ситуација. Училиштата и натаму се воделе како отворени, додека голем дел од учителите живееле во градовите и само повремено оделе до местото на службувањето[85/]. Тие ги посетувале обично кога големи одреди полиција или војска оделе за расчистување на теренот и за вршење на репресалии врз населението. Меѓутоа, со напуштањето на војно-полициските формации бегале и учителите во градовите[86/].

Ненормалната положба на учителите по селата била предмет на разгледување од страна на највисоките просветни власти и натаму. Учителите упорно барале да бидат повлечени во Бугарија, бидејќи не биле во состојба да ја продолжат работата во училиштата во Македонија. Тие барале создавање на комисии што ќе ги разгледаат условите за работа. Барањето на учителите обично биле прифаќани од околиските училишни инспектори, кои биле запознаени со ситуацијата на теренот, и тие настојувале кај повисоките власти и околиските просветни здруженија таквите комисии да бидат образувани[87/]. Просветните власти, меѓутоа, не се сложувале учителите да се вратат во Бугарија поради нивната несигурност во местото на службувањето, но само допуштале преместувања по здравствени причини. По таков начин се јавил огромен број учи-

тели, кои се жалеле на разни заболувања.

Меѓутоа, овие нови махинации на учителите за да се здобијат со право на преместување од Македонија не останале непознати на одговорните власти. Заради тоа Министерството на народната просвета со окружно писмо од март 1943 година наредило да се води строг надзор за спречување на истите. Во окружното писмо меѓу другото се наредувало да се организираат строги лекарски комисии кои да бидат единствено компетентни за прегледот и оцената на здравствената положба на прегледаните учители. Резултатите од прегледите требало да се испраќаат директно во Министерството, на која основа донесувало одлуки[88/].

Лекарските комисии кај поголем број на веќе пријавените "болни" учители ја утврдувале вистината па затоа за ретко кој од нив биле давани предлози за преместување во Бугарија[89/], па биле приморани и понатаму да останат на своите места.

Во меѓувреме Министерството за народна просвета веќе размислувало за сменување на учителите во Македонија, односно за испраќање на други учители, кои не биле добро запознаени со положбата во Македонија. Уште во март 1943 година тоа направило нов распоред и објавило нови правила за служење во "новоослободените земји". Во една наредба, сите редовни учители, со исключок на учителите од Добруџа и Родопскиот крај, независно од тоа дали биле постојани во местата и без оглед на полот, биле предвидени како кандидати за испраќање во "новоослободените земји". Во списокот биле предвидени и учителите што служеле само една година во тие краишта, освен оние, кои во моментот се наоѓале таму. Обласните училишни

инспектори биле должни бараните списоци да му ги испратат на Министерството за народна просвета до 15 мај 1943 година[90/]. Во едно друго окружно писмо, испратено до просветните власти во Македонија, Министерството ги известува сите учители дека ќе бидат преместени во своите поранешни места во учебната 1943/1944 година, доколку не сакаат да останат доброволно и натаму. Меѓутоа, тие биле истовремено предупредени дека во учебната 1944/1945 година повторно ќе бидат вратени во Македонија на служба за да ги заменат оние учители што ќе бидат мобилизирани за 1943/1944 година[91/].

Отвореното негодување на учителите и несакање да одат во Македонија било всушност признавање за непожелноста на бугарскиот окупационен апарат во Македонија. По директива на Министерството за просвета со едно протестно писмо се јавила група бугарски учители од македонските градови, изјавувајќи дека со чудење го прочитале во печатот окружното писмо на Министерството за народна просвета за враќањето на командированите учители во Македонија, кои останале таму само една учебна година. "Ние сметаме - пишувале градските учители - дека Министерството за народна просвета добро ги познава условите во кои работиме тука. Нужно е да останеме барем две години во новоослободените земји, поради што бараме да се измени окружното писмо"[92/]. Меѓутоа, потоа веднаш се јавиле селските учители кои ги обвиниле своите колеги во градовите дека не водат сметка за несигурноста на учителувањето по македонските села и барале окружното писмо на Министерството да остане во сила, без оглед на тоа што само една учебна година биле на служба во Македонија. Тие, меѓу другото пишуваат: "Ние сметаме дека Министерството за

за народна просвета најдобро ги познава условите под кои работиме: недостиг на прехранбени продукти, недостиг на станови, несигурност на учителите итн. Имајќи го горното предвид, ние бараме да не се корегира и да не се менува окружното за рекомандирувањето на учителите"93/. Жалби на учителите од селата за тешките услови за работа и за личната несигурност постојано биле испраќани до повисоките просветни органи. За илустрација на положбата на бугарските училишта во пролетта 1943 година ќе посочиме неколку карактеристични писма на учители од Велешко. На 22 април 1943 година група учители од Богомилската средишна училишна општина испратиле писмо до претседателот на Просветниот сојуз во Софија, во кое опишува состојбата на училиштата во општината. Во писмото се вели дека во шест села во општината училиштата /со 12 учители / не работела, поради дејствувањето на "нелегални групи". И учителите во училиштата кои уште работеле биле готови да избегаат пред опасноста од напад, бидејќи војската и полицијата не биле во состојба да ги заштитат селата. Тие сметаат [illegible] дека не заслужуваат да бидат оставени на произвол на партизаните поготово што сите учители во таа општина дошле доброволно94/. Испратената училишна инспекција да ја провери фактичката положба во Велешката околија констатирала дека во почетокот на учебната 1942/1943 учебна година во Околијата и во градот биле отворени 45 училишта. Во текот на учебната година поради партизанските напади биле затворени 23 училишта по селата, а останале да работат нередовно 22 училишта, со 77 основни и 18 прогимназијални учители. Избеганите учи-

тели, според инспекцијата, откако извесно време се вртеле по градот, биле вратени во Бугарија или приклучени кон другите училишта во Околијата[95].

Општо земено, Министерството за народна просвета било принудено пред притисокот на НОБ во Македонија во свршувањето на учебната 1942/1943 година да врати во Бугарија а 625 учители и 160 учителки /од кои 75 прогимназијални / од скопската област и 344 учители и учителки /од кои 36 прогимназијални / од Битолската област. Потоа биле направени внатрешни разместувања на учителскиот персонал во Македонија. Од едно место во друго биле разместени повеќе учители. Такви внатрешни разместувања имало и во Скопската и во Битолската област, и тоа во првата биле разместени 96 учители и учителки, а во Битолската област 34. На новоназначените учители за Македонија им било наредено да се јават на работните места на 15 септември 1943 година. Преместувањето на олкав број учители се правдало со ред причини, како здравствени, семејните и др., без да се спомнува вистинската причина - несигурноста за учителствувањето во Македонија[96]. Меѓутоа, голем број учители ја разбрале вистинската положба во Македонија и настојувале по секаков начин да останат во Бугарија. Министерството останало доследно во спроведувањето на својот план и барало од учителите да направат усилби за прибирање во училиштата на сите деца и за таа цел да ги употребат сите средства што им стоеле на располагање: совети, ветувања, казни и др. Имајќи ја предвид положбата во пролетта 1943 година, најстрого им се забранувало на учителите да ги напуштаат училиштата или да отсуствуваат подолго време од наставата, ако за тоа не добијат одобрение. Во молбите за отсуство биле должни да ги наведат конкретно и точно причините за ба-

раве отсуство, а главните учители и директорите можеле да даваат отсуство само ако причините се од семеен карактер или по болест врз основа на медицинско уверение издадено од лекарска комисија. Учителот бил должен да го назначи местото каде ќе го мине отсуството, а училишната управа требало целиот елаборат за отсуство да го достави на контрола во Министерството за народна просвета. На учителите им било забрането за време на националните празници и во време на вонредни распусти да ги напуштаат местата на службувањето. При посета на градот по било какви причини биле должни да се јавуваат во училишната инспекција[97].

Ни строгите наредби на Министерството за народната просвета и просветните власти на теренот не можеле да го спорат бегањето на учителите од местото на службувањето, бидејќи пред засиленото партизанско движење и партизанските акции не можеле да опстанат по селата. Во ноември 1943 година Министерството повторно се обрнало со категорична заповед до учителите да не ги напуштаат местата на службувањето[98]. Меѓутоа, и натаму учителите ги напуштале училиштата и бегале во градовите, без да добијат дозвола од околиските училишни власти. Затоа се предупредувале просветните власти да постапуваат најстрого со такви учители, да ги земаат на одговорност и да се сметаат како лица кои се скриваат[99]. При таква строга наредба учителите биле принудени да се вратат на старото опробано средство - отсуствување од училиштата по "болест". Притоа тие не се јавувале на лекарските комисии во соседните градови, знаејќи дека нема да добијат отсуство и направо заминувале во Бугарија, праќајќи оттаму молби за отсуство придружени со лекарски уверенија од приватни лекари или други, коишто немале врска со училиштата. Во врска

со тоа Министерството им наредило на обласните училишни инспекции да ги предупредат учителите дека оние што ке ги напуштат училиштата без одобрење ке се сметаат за бегунци[100]. Обласните училишни инспекции биле принудени да преземаат најстроги мерки спрема таквите учители, лишувајки ги од плата. За да направат крај на таквата состојба обласните дирекции наредиле: 1/ Сите учители да бидат предупредени дека никакви лекарски уверенија нема да се признаваат, доколку не се издадени од училишните лекарски комисии во околијата; 2/ напуштањето на местослужбувањето може да станува само со посебна дозвола на лекарската комисија; 3/ бидејќи некои учители, што добиле дозвола да заминат за Бугарија, боледувањето го продолжувале со лекарско уверение од друг лекар, им било наредено да се вратат во местослужбувањето и повторно да се јавуват на својата лекарска комисија[101].

Во почетокот на 1944 година Народноослободителната борба во Македонија уште повеќе се засилува. Опасноста за окупаторските сили била зголемена и со бомбардирањето на градовите од сојузничките сили. Министерството за народна просвета веќе не можело и натаму да се оглушува од барањата на учителите да се признае нивната невозможна положба во селата. Затоа на 2 февруари 1944 година тоа им наредило на обласните училишни инспектори и во Скопската и Битолската област сите учители назначени во Македонија да се јават веднаш во Дирекцијата. Учителите од западните места биле распределени ~~кжде~~ во местата , каде што бугарските окупаторски власти ги држела позициите во свои раце. На учителите во градовите им било дозволено, доколку односниот град биде бомбардиран, да се стават на располагање на селските

училишта, во кои не дејствувале партизани[102/]. Бидејќи некои училишта под притисок на партизанските дејства биле затворени наполно, Министерството им наредило на просветните власти да ги преземат сите нужни мерки да го повлечат училишниот инвентар во соседните градови за да не падне во рацете на "непријателот"[103/].

Учителите во таа хаотична ситуација ги напуштале своите работни места и без да им се јават на околиските просветни власти бегале во Бугарија. Спроведувајќи ја наредбата на Министерството за народна просвета, просветните власти во Македонија побарале од директорите и главните учители списоци на оние учители кои до 1 март не им се јавиле на своите власти за нов распоред, туку избегале во Бугарија. Истовремено тие побарале на избеганите учители да им се запре исплатувањето на платата[104/].

Министерството за просвета и натаму настојувало да се задржи во Македонија што поголем број учители, барем во оние места што се наоѓале под контрола на бугарските воени и полициски сили. Затоа биле преземени мерки против оние учители што своеволно ја напуштиле Македонија. Заминување во Бугарија им било одобрувано само на болните учители[105/].

Ете во такви услови завршила учебната 1943/1944 година. Може со право да се констатира дека бугарската училишна мрежа во Македонија во оваа учебна година била наполно дезорганизирана. Поредовна настава се одвивала само во еден број бугарски училишта по градовите и блиските со нив села, додека на ослободените територии од НОБ работеле веќе македонски народни училишта. Со тоа македонскиот народ јасно покажал дека сите настојувања на бугарската денационализаторска политика останале безуспешни, а бугарската окупа-

торска власт се кршела пред ударите на НОВ на Македонија.

4

## Мерки против напредните учители и ангажирање на сите службеници во служба на полицијата

Бугарското учителство во своето мнозинство совесно ги исполнувало поставените задачи на своите просветни власти и ги влокувале сите сили да ја исполнат денационализаторската мисија. Меѓутоа, извесен број учители дојдени од Бугарија биле уште таму антифашистички настроени, така што нивната дејност во Македонија била во голема мерка контролирана. Сепак, нивното спротиставување против бугарската културно-просветна пропаганда се изразувало во отпорот против фашизирањето на младината, додека по однос на денационализацијата биле на исто становиште со бугарската окупаторска власт. Отпор против денационализацијата на македонската младина давале единствено учителите Македонци, односно еден поголем дел од нив.

Министерството за народна просвета, и покрај тоа што строго внимавало при изборот на учителите, претполагало дека ќе има учители кои не се сложуваат со фашистичката културно-просветна политика на бугарските владеачки кругови. Затоа уште пред да пристапи кон распределувањето на учителските снаги во Македонија, Министерството испратило поверливо окружно писмо во кое се барало директорите да испраќаат извештаи за дејноста по однос на нивната воспитна работа, за секој учител поодделно. Директорите биле должни во извештаите да даваат и полни карактеристики за учителите и да се наведе нивната народна и политичка воспитна дејност

по однос на целокупниот училишен и вонучилишен живот. Кон писмото бил приложен формулар со прашањата, во кои биле опфатени сите елементи за сликање на личноста[106/].

Со почнувањето на првата учебна 1941/1942 година Министерот донесол посебно поверливо упатство за начинот како да се врши проверка на учителите во Македонија, по член 20 од Законот за заштита на државата. Според тоа упатство контрола на директорите и главните инспектори на учебните комитети при Министерството вршел главниот секретар на Министерството. Директорите при Министерството им вршеле контрола на началниците на одделите во соодветните дирекции и на директорите на разни академии, музеи, театри и други културни установи. Обласните училишни инспектори им вршеле контрола на околиските инспектори на директорите на гимназиите и гимназијалните клонови. Околиските училишни инспектори ги контролирале средишните директори, директорите на прогимназиите и основните училишта, главните учители и воопшто учителите. Директорите на институтите, на гимназиите и гимназијалните клонови ги контролирале гимназиските професори. Сите тие лица биле должни своите извештаи да ги доставуваат до Министерството директно и тајно и да обрнуваат посебно внимание на политичката исправност на својот потчинет персонал и да пазат на сите пројави против државната политика[107/]. Нешто подоцна, во мај 1942 година Министерството конкретизира што стои зад државната политика, обрнувајки им внимание на своите просветни власти да ги следат учителите во сите нивни пројави и посебно да внимаваат дали тие ги примаат идеите на современата бугарска држава во новиот поредок. Истовремено им се забранувало на учителите да членуваат во организациите што не биле дозволени од државата[108/]. Со оглед на тоа дека биле

забележени извесни негативни пројави кај некои учители, особено кај оние родум од Македонија, во 1942 година Министерството побарало до 15 август да му бидат доставени податоци за таквите учители за да бидат преземени нужни мерки[109/]. Министерството испратило особено на податоци во врска со политичките погледи и пројави на учителите[110/].

Во почетокот на 1943 година мнозина учители домородци на народноослободителните сили им давале подршка и со тоа уште повеќе ја засилиле недовербата на окупаторската власт спрема нив. Во таа смисла и Министерството за народна просвета ја засилило контролата врз дејноста на таквите учители. На училишните инспекции им било наредено да го следат сѐ она што е поврзано со животот на училиштата и да преземаат најостри мерки против учителите, кои ќе пројават антибугарска дејност[111/]. Истовремено, Министерството за внатрешни работи ги предупредило полициските власти да ги следат домородните учители, како и учителите од Бугарија, кои се регистрирани како антидржавни елементи[112/].

Првите извештаи кои пристигнале во Министерството за народна просвета кон крајот на февруари биле песимистички. Така Обласната училишна инспекција во Битола јавува дека не само меѓу домородните, туку и меѓу учителите од Бугарија се наоѓаат некои коишто наместо да го зацврстуваат бугарскиот дух меѓу македонската младина, тие се јавуваат како носители на комунизмот и сејачи на недоверба кон бугарската власт и иднината на Бугарија. Понатаму инспекцијата соопштува дека имало и такви учители коишто се колебале во држањето спрема власта и ослободителното движење во Македонија и тој нивни став внесувал колебање и меѓу населението. И најпосле

таа зема обврска дека таквите намерни или ненамерни пројави на учителите ќе ги гони и против тие учители кои ги наречува "гробокапачи на народносната...сопротива" ќе презема најостри мерки. Дирекцијата соопштува дека ги повикала учителите националисти да соработуваат во откривањето на учителите непријатели да и помогнат во нивното отстранување[113/]. Сличен извештај пристигнал и од Скопската обласна училишна инспекција. Во него се набројуваат непријателските пројави на домородните учители спрема бугарската власт, а посебно се обвинувале што уште не го совладале бугарскиот јазик[114/].

Министерството за народна просвета повторно се обрнало до училишните инспекции и побарало точни податоци за домородните учители кои не го совладале бугарскиот јазик и коишто имале непријателски однос кон бугарската држава. Ова барање било сврзано со распоредот на учителите во Македонија во следната 1943/1944 година[115/]. Министерството имало намера учителите Македонци да ги премести во Бугарија, наводно да го научат добро бугарскиот јазик, а истовремено да бидат одвоени од лошите влијанија на средината. Во таа смисла тоа побарало и податоци за оние учители Македонци, кои поради доброто држење можеле да бидат оставени на работа во родните места[116/]. Околиските училишни инспектори преку обласните инспектори му ги доставиле на Министерството бараните податоци до крајот на месец април со забелешка дека ниту еден учител Македонец нема да се согласи да замине на служба во Бугарија[117/].

Независно од предвидуваните мерки за преместување на учителите домородци Министерството за народна просвета во согласност со Министерството за внатрешни работи настојувало

да ја сопре непријателската дејност на учителите. Министерот за народна просвета Борис Јопов најнапред се обрнал преку еден напис во весникот "Зора" до сите просветни работници во Македонија и другите окупирани области и ги повикал во борба против секаква непријателска дејност во училиштата и надвор од нив[118/]. На кои непријатели мислело Министерството јасно било искажано во едно окружно писмо, во кое меѓу другото стои дека домородните учители во Македонија по една или друга причина работат несовесно во училиштата, а често и активно ги помагаат безредниците во училиштата. Тоа наредува да се направи сè што е потребно таквите учители да се оттргнат од непријателската дејност или во поинаков случај да бидат најстрого казнувани од страна на полициските власти[119/]. По однос на учителите кои покажувале извесна пасивност во работата, сметајки ги во крајна линија за потајни непријатели, Министерството за народна просвета наредува тие да се поканат да бидат поактивни во спроведувањето на бугарската просветна политика во Македонија, а доколку и понатаму ќе стојат пострана против нив да се преземат казнени мерки[120/].

Ползувајки го летниот распуст 1943 година, Министерството за народна просвета настојувало да има во следната учебна 1943/1944 година чиста ситуација по однос на учителскиот персонал во Македонија. Тоа со поверлив акт побарало училишната инспекција да направи строга проценка на дејноста на сите учители, имајки ги предвид оние учители кои се пројавиле во противдржавна дејност, како и учителите што ги прифакале нивните идеи. Министерството барало таквите учители веднаш да бидат отпуштени од служба. Потоа се барале списоци на

сомнителните учители, за кои имало извесни индикации дека се привразаници на противдржавните движења или се задоени со противдржавни идеи. Таквите учители требало да бидат повикани од директорите и од околиските инспектори и да се натераат да дадат оставка од работа во срок од 10 дена предупредувајки ги дека по тој срок можат да бидат отпуштени од работа по чл. 20 од Законот за заштита на државата. Инспекторите биле задолжени по истечување на тој срок веднаш да ги отпуштат од работа. Неактивнитехучители, кои не се пројавувале како родољуби и не земале учество во борбата против "комунизмот, анархизмот и други рушители", требало да бидат предупредени лично и доколку не се активираат во таа смисла ке бидат отпуштени од работа. Списоците на сите спомнати категории учители биле испратени до Министерството за народна просвета до крајот на месец јули[121/].

Започнувањето на новата учебна 1943/1944 година било пропратено со давање на разни правилници и наредби за да се запази редот и дисциплината во училиштата во градовите и блиските села. Веке кон средината на август 1943 година Министерството издало Правилник за назначување и преместување на учителите во Македонија и останатите окупирани области[122/]. Врз основа на добиените податоци од училишната инспекција Министерството за народна просвета ги итпуштило од служба сите учители маркирани како "антидржавни" елементи[123/].Но Министерството сметало дека има уште неоткриени учители кои непријателски делуваат во училиштата и повторно инсистирало кај кај просветните власти да обрнат внимание на сомнителните учители, особено на оние што пројавувале симпатии спрема комунизмот. Министерството посебно го интересирало дали има учители што шират меѓу учениците комунистич-

ки идеи, коишто шират левичарска и воопшто антибугарска литература, кои покажуваат македонско-национални пројави или коишто соработуваат со илегалните групи и ослободителното движење во Македонија[124/].

Но и покрај преземањето на вакви мерки, бугарските просветни власти не биле во состојба да ја зацврстат дисциплината во училиштата. Во учебната 1943/1944 година во училиштата во Македонија се јавиле истите проблеми како во претподната година иако Министерството сега уште повеќе го користело Законот за заштита на државата. Дисциплината била толку намалена што не помогнале веќе никакви санкции. Тоа јасно се гледа и од еден распис на Министерството за просвета датиран со 18.X.1943 г., во кој се набројуваат сите дејности што паѓале под удар на Законот за заштита на државата, како што се, на пример, ширење на противдржавни идеи во училиштето, ширење на литература со антидржавна содржина и др. Од овој Закон не биле поштедени ни учениците. Посебно во тој распис бил интерпретиран чл. 1 од Законот за заштита на државата, кој бил дополнет на 12 ноември 1941 година и којшто предвидувал забранување на секаква организација или група што проповеда или подбудува насилно измена на државниот и општествениот строј, или преземање на власта, а се служи со вооружени акции, насилство или терор. Забраната се однесувала и за организации и поединци кои со пари или други средства ги потпомагаат спомнатите антидржавни организации и групи. Според истиот член се забранувало создавање на ученички кружоци во училиштата, кои по својата суштина биле маркирани како антидржавни без оглед во каква форма се јавувале. Секој што би направил обид за создавање на такви

групи во училиштата според Законот се казнувал и тоа основачите и организаторите со строг затвор не помалку од 10 години и парична казна од 50.000 до 500.000 лева, а членовите на групата со строг затвор од 5 до 10 години и парична казна од 50.000 до 200.000 лева. Укажувајки на Законот за државна заштита, Министерството за народна просвета ги предупредувало и учителите и учениците да ги избегнуваат сите дејности оквалификувани како антидржавни[125]. Да ги запази учителите од евентуални ненамерни "грешки", Министерството есента 1943 година издало еден специјален зборник на закони и наредби, во кој биле опфатени сите дотогаш излезени смерници на бугарската културно-просветна политика во Македонија и другите окупирани области, за да не можат учителите да се правдаат со непознавање на законите и наредбите[126].

Без оглед на острите санкции кои се предвидувале за учителите, што биле замешани по некаков начин во општиот отпор на македонскиот народ против фашизмот и големобугаризмот, просветните власти согледувале дека извесен број учители ползувале најразлични форми за својата дејност, меѓу кои и посетување на македонски семејства, осведочени противници на бугарската окупација. Сомневајки се дека зад такви посети се крие непријателска дејност, Министерството за народна просвета преку обласните дирекции наредува учителите во Македонија да не смеат да се дружат со семејствата регистрирани како "неблагонадежни", ниту да ги посетуваат нивните домови[127]. Со друго окружно писмо /од февруари 1944 година / на учителите им се забранувало да учествуваат и во разни фискултурни друштва, бидејки се констатирало дека зад таа дејност се кријат непријателски елементи[128].

Поради ненормалната ситуација во Македонија и во другите окупирани области и очекуваниот отпор на населението против сите мерки што ги преземал окупаторскиот апарат, бугарската влада на своите службеници доведени во Македонија, без оглед на низната професионална дејност им налагала да го потпомагаат окупаторскиот воен и полициски апарат во одржување на окупацијата. Таа улога на врбување службеници за работа во полицијата ја имало бугарското Министерство за внатрешни работи во полна согласност со другите министерства, посебно со Министерството за народна просвета. Уште во август 1941 година Министерството за внатрешни работи упатило поверлив распис до полициските началства во Македонија да пристапат кон врбување на службеници и учители во служба на полицијата. Притоа се напомнувало дека оние службеници и учители, кои даваат отпор да бидат на помош на полицијата, да се сметаат за сомнителни[129/]. Се разбира дека извесен број учители, посебно учителите Македонци, отказале таква соработка со полицијата. Во резултат на такво откажување дошло до првото отпуштање и преместување на учители под мотивација за "неземање активно учество во запазување силата и моќта на Бугарија и непројавување интерес кон службата[130/].

Министерството за внатрешните работи барало од просветните власти и по службена должност извештаи за сите непријателски пројави или нередовности во училишниот живот[131/]. Во таа смисла биле одржувани чести учителски конференции заедно со високите претставници на административната и полициската власт, на кои им било советувано на учителите да им даваат помош на властите за да се сочува редот во "новоослободените" области[132/].

Со раздвижувањето на партизанските одреди во 1942 година ангажирањето на учителите како доставувачи на полицијата

и војската било засилено. Учителите биле задолжени да прибираат тајно податоци за активноста и движењето на легалните и илегалните ~~податоци~~ активисти ~~за активноста и движењето на легалните и илегалните~~ активисти против Бугарија и тие податоци во вид на редовни извештаи ги доставувале до најблиската полиција или воен одред.[133/]. Во замена на тоа тие учители од Министерството за внатрешни работи добивале посебни парични награди. Такви награди добивале и од Министерството за народна просвета. Карактеристичен во таа смисла е еден извештај на Обласната училишна инспекција во Скопје од декември 1942 година, со кој се предлагаат известен број учители за награда поради услугите направени на бугарската власт во борбата со "разбојничките" напади на илегалци во Македонија, без оглед што тие примиле соодветни награди и од полицијата[134/]. Веке во почетокот на 1943 година полицијата во Македонија имала постојани агенти меѓу учителите, додека сите останати учители биле должни по службена должност и под пресија на одговорност да бидат доставувачи на полицијата. Училишнета власти поднесувале редовни 15-дневни извештаи до полицијата за сите забележени негативни пројави во училиштата[135/].

Министерството за народна просвета, од своја страна, инсистирало кај учителите да и помагаат на полицијата и другата административна и војна власт во откривање на сите антибугарски настроени луѓе, а во прв ред младината. Во почетокот на април 1943 година тоа се обратило до учителите и преку дневниот печат, истакнувајќи дека секој учител е должен да му служи на царот, државата и народот преку помагањето на повиканите органи за чување ред и мир во "новоослободените земји"[136/].

За уништување на НОБ во Македонија бугарскиот воен и

полициски апарат преземал широки репресивни акции во Македонија Во тие акции бил вклучуван и учителдкиот персонал. Преземајки големи и широки истребувачки акции против партизаните во Македонија во првата половина на април 1943 година, Министерството за внатрешни работи им препорачало на директорите на полицијата, на обласните директори, обласните полициски началници и околиските управители во Македонија да ги вклучат сите органи на бугарската окупаторска власт против "разбојничките банди". Меѓу другите мерки се предвидувало и учество на просветните работници како тајни агенти или активни учесници во борбата со партизаните. Според упатството, секој учител кој би откажал да земе активно учество во полициските и воените акции требало да се смета за непријател и човек кој не ги исполнува своите граѓански должности. Такви учители требало да бидат веднаш отстранети од загрозените места[137/]. Ваквото барање Министерството за внатрешни работи го правдало со Законот за општа администрација /Чл. чл. 2 и 3/, кој предвидувал дека се учителите должни да се занимаат со разузнувачка и известувачка служба, а по потреба да се ставаат на располагање и за вооружена борба против државните непријатели[138/].

Извештаите што ги доставувале учителите до полицијата биле определени од страна на полицијата со извесни рамки да не се пропуштат сите дејности што се во доменот на државната сигурност. Во еден таков потсетник фигурираат следниве прашања: 1/ Како се примаат од учениците и населението мерките што ги презема Министерството за народна просвета? 2/ Дали населението е приврзано кон владата и државната власт, дали е доволно или недоволно од нив? 3/ Дали во населеното место се забележува комунистичко или македонистичко влијание и каков е одзивот на луѓето кон нив? 4/ Каков е интересот на населе-

нието кон светските настани и дали верува во победата на бугарските сојузници? 5/ Какво е настроението на месната интелигенција и дали пројавува непријателски однос спрема бугарската власт? 6/ За што во моментот населението најмногу се интересира? 7/ Каков е духот кај учителите и како се однесува кон државната власт? 8/ Се забележуваат ли пројави и движења во народот управени против бугарската власт? 9/ Колкав е бројот на илегалците кои дејствуваат во односната околија? 10/ Какви мерки треба да се преземат за расчистување на теренот? 11/ Кои се јатаците на нелегалните луѓе? 12/ Каква е положбата во училиштето и кои ученици се опфатени од антибугарското движење? 13/ Кои учители ги потпомагаат таквите ученици и има ли освен учителите и некој друг што делува меѓу нив?

Вакви редовни извештаи учителите, агенти на полицијата и училишните власти по службена линија ги доставувале во дупликат, едниот примерок на месната полициска служба, а другиот директно до Министерството за народна просвета[139].

Ситуацијата на бугарската окупаторска власт во 1944 година со оглед на постепеното рушење под ударите на НОВ во Македонија станувала се потешка. И покрај ангажирањето на сите расположиви сили, таа трпела постојано удари, а ослободената територија се зголемувала. Просветните власти успеале да ги одржат свои училишта во градовите и некои села, меѓутоа, тие биле одвнатре поткопувани од страна на македонската училишна младина, со помош на извесен број учители, предимно по потекло Македонци. Разни санкции што се преземале против напредните учители и врбувањето на фашизирани учители за соработка со полицијата не донесувале никакви резултати, бидејки движечката сила на отпорот имала широка потпора во македонскиот народ.

5.

## Санкции против напредната ~~ученичка~~ младина во Македонија во 1943/1944 година

За антибугарска и антифашистичка дејност учениците од средните училишта во првата учебна година 1941/1942 учебна година биле казнувани по дисциплинскиот правилник на училиштата Тоа, главно, биле казни со намалување на поведението, без да бидат оддалечувани од училиштата. Исклучок се правел за учениците, кои поради својата комунистичка дејност попаднале во бугарските затвори. Меѓутоа, доколку тие не биле судени, а пуштени по извршената истрага, повторно биле примани во училиштата. Ваквиот релативно благ однос на бугарските просветни власти кон учениците пројавени во антибугарска и комунистичка дејност бил повеќе од тактички причини. Да не навлекуваат врз себе револт на учениците и населението, сметајќи ја својата власт за доволно силна да се справи со такви пројави, просветните власти ги окарактеризирале тие ученици за заблудени од туѓинската пропаганда[140/]. Каква всушност била таа туѓинска пропаганда покажува една изјава во книгата "Македонски Бугари" издадена во 1942 година. Нагласувајќи дека непријателската пропаганда труби: Бугари, напуштете ја Македонија, оставетеја и приберете се во Бугарија - во книгата се истакнува дека таа пропаганда се стреми да ги убеди и самите Бугари оти "новоослободените земји", а особено Македонија, се нешто одделно од Бугарија по историската судбина, култура јазик и крв, па затоа било потребно да се преземат мерки македонската младина да се корегира и да се врати кон изворот на бугарската историска национална битност-бугарштината[141/].

Бугарската државна власт сметала дека такви младинци,

без да се преземаат поострi санкции, ќе можат да се превоспитаат. Во бугарското Народно собрание била искажана мислата дека "процесот на преработување на македонската младина и нејзиното присоединување кон моралот на нацијата не е така лесен". Младината требало да се подложи "на решителни мерки под бугарското национално влијание", поради што било неопходно "Македонија да се издвои како одделна административна единица, во која сите државни службеници да бидат потчинети на еден управител или директор за да може поцелосно и похармонично да се спроведат сите мерки ~~жххдахжхкххнкнкнкнкк~~ за превоспитување на македонското население, а предимно младината"[142/].

Меѓутоа, колку што се засилувала бугарската културно-просветната пропаганда во училиштата, толку и отпорот против неа земал пошироки размери. Скоро во сите гимназии учениците организирале отпор против бугаризирањето, употребувајки разни форми. Во повеќе гимназии се појавиле покани во кои се повикувале учениците да се противставуваат на бугаризирањето, бидејки тие се припадници на одделен народ, македонскиот. Карактеристичен во таа смисла бил позивот од напредните ученици во Битолската гимназија, со кој биле повикувани сите ученици да одговараат во време на наставата на македонски јазик. Позивот бил фатен од органите на полицијата ~~иж~~ и испратен до школските власти за да преземат мерки. Управата на гимназијата се ограничила само на тоа да ги предупреди учениците за тешките последици од таква активност, посочувајки им ги санкциите предвидени во окружното писмо на Министерството за народна просвета бр.13207 од 28 октомври 1941 година, не давајки им можност на учениците "да се изјаснат во една или друга смисла врз неговата содржина"[143/]. Една од формите на отпорот против бугаризирањето на училишната младина била и бојкотирањето на оние ученици што ја

прифатиле окупацијата како ослободување. Просветните власти се заложувале да ги парализираат напредните младинци преку создавање на посебни комисии, кои имале задача да ги "регистрираат носителите на антибугарските идеи и стремежи, т.е. оние коишто се застапувале за посебна македонска држава", потоа да ги советуваат пред да се земат против нив остри санкции[144/]. Училишните управи го засилувале надзорот врз учениците и преку цензурирање на писма, бидејки се констатирало дека разни апели и позиви со антибугарска содржина се упатувале до учениците. Класните наставници биле должни при предавањето на писмата да ја проверат нивната содржина, а за откриена непријателска содржина да ги известуваат школските власти за преземање санкции[145/]. Санкциите, како што беше и порано речено, се состоеле во намалување на поведението. Меѓутоа, само за неполни четири месеци од започнувањето на учебната година било констатирано дека цели класови во училиштата биле со намалено поведение пред исклучување, што за Министерството за народна просвета бил јасен знак дека такви дисциплински мерки не биле доволни за заведување на ред во училиштата. Министерството ги анализирало и престапите на учениците и заклучило дека тиек се најмногубројни на часовите по бугарски јазик и бугарска историја, како и во време кога се чита молитвата. "Секако - заклучува Министерството - тоа значи свесен отпор против бугарштината и религијата и удира во најосетливите места на нашата програма за превоспитувањето на младината. Затоа препорачувало да се заострат санкциите за такви ученици[146/].

До крајот на првата учебна година репресивните мерки против антибугарски и комунистички настроените ученици се заострил, макар што бугарската просветна власт и натаму настојувала да ја зајакне училишната дисциплина по пат на ограничување движењето на учениците, за да не им даде можност за

антидржавна дејност. Особено се држело на ученичките часови, на групно собирање на младината, контрола на движењето и сл.[147/]
Скоро сите окружни писма на Министерството се однесувале за зајакнувањето на училишната дисциплина, и се давала сугестија "учителите да ги стегнат уште повеќе учениците"[148/]. Меѓутоа, престапите на учениците веќе не биле третирани како младински заблуди и повеќе немало место за дисциплински казни. Таквите ученици биле предавани на полициските власти, биле затворани суденi и осудувани од воените судови или испраќани во концентрациони логори во Бугарија[149/].

Учебната 1942/1943 година се карактеризирала со зајакнување на полицискиот надзор на учениците. Биле преземани остри мерки од страна на полициските и судските власти против антибугарската и комунистичката дејност на учениците во средните школи. Полициските власти започнале отворено да влегуваат во училиштата и да водат разни истраги против учениците. Агентите на државната сигурност ги земале учениците од класовите и ги воделе во истражен затвор. Учениците биле давани на суд и осудувани со тешки казни, од лишување на слобода до најстрогата смртна казна. Тешки временски казни им се изречувале и на оние ученици, кои биле запознаени со антибугарската и комунистичката дејност на своите другари а не ги пријавиле на полицијата.[150/] Училишните власти од своја страна, врз основа на извршените истраги во полицијата, ги исклучувале таквите ученици засекогаш од сите бугарски училишта. Карактеристично е едно такво исклучување на ученици во битолската гимназија "Дамјан Груев" во почетокот на декември 1942 година. Група ученици од горните класови биле затворени уште на 17 август таа година, поради создавање на комунистичка група ирастурање

позиви со антибугарска содржина и од страна на Скопскиот военополев суд биле осудени на 5 години затвор. Наставничкиот совет врз основа на добиената пресуда ги исклучил од гимназијата дури на 1 декември 1942 година иако тие не биле всушност ни запишани како редовни ученици во новата учебна година[151/].

Зголемената антибугарска и комунистичка дејност на учениците во врска со разгорувањето на НОБ во Македонија во почетокот на 1943 година го загрижила Министерството за внатрешни работи. Со едно поверливо писмо од 22 јануари 1943 година тоа се обрнало до околиските управители и селските кметови истакнувајки дека е констатирано оти бројот на учениците од средните училишта и курсистите од учителските институти што пројавуваат антидржавна дејност се зголемил и како причина се наведува засилената активност на партизаните и "пакосната дејност на студентите од разни факултети". За да се направи крај на антидржавната дејност Министерството за внатрешните работи барало од своите органи да ја зголемат будноста и безмилосно да се пресметуваат со сите лица што ке пројават непријателска дејност.[152/] Министерството за народна просвета независно од полициската контрола им наредило на своите просветни власти да преземаат и по своја иницијатива мерки за отстранување на непожелни ученици, без оглед дали против нив е поведена кривична постапка или не. Веке во март 1943 година биле поведени постапки против извесен број ученици за кои се утврдило дека пројавиле антидржавна дејност и коишто одржувале врска со илегални лица.[153/] Истовремено се пристапило кон исклучување на ученици кои веке биле затворени и осудени од страна на воено-полевите судови. Исклучувањето се вршело врз основа на член 260, буквата "П" од Дисциплинските правилници за средните училишта. Само од Битолската гимназија во март

1943 година биле исклучени 31 ученик поради одржување на илегален состанок во месноста "Каркардаш"[154].

Од страна на Министерството за народна просвета било испратено поверително окружно писмо до обласните училишни инспектори од кои се барало преку поверливи лица да собираат податоци за минатото на секој ученик и за моментните гледања на бугарската власт. Тоа важело и за ученичките родители и нивните пошироки семејства. Собраните податоци се барале најдоцна до јуни 1943 година за да можат навреме да се преземат мерки против сомнителните ученици во следната учебна 1943/1944 година[155]. Со друго поверливо окружно писмо се барало во текот на летните месеци да се следат учениците и сите нивни непријателски дејности и истапи да се регистрираат[156].

Затворањето на учениците од страна на полициските власти продолжило и во летните месеци на 1943 година. Истовремено заседавале учителските совети кои ги исклучувале затворените ученици[157]. Министерството за внатрешни работи како дополнение на поранешните наредби, кон крајот на јули донесло нова наредба, според која околиските управители, обласните директори и директорите на полицијата биле должни да поднесуваат месечни извештаи за сите прояви на школската и воншколската младина и да даваат сугестии какви административни и полициски мерки се нужни да се преземат за ликвидација на непријателската дејност на учениците.[158]

Новата учебна 1943/44 година во училиштата кои се уште можеле да работат, започнала во знак на засилена активност на комунистичката младина. За да го запре влијанието на комунистите врз неопфатената од нив младина, Министерството ги предупредило учителите да го следат будно држењето на учениците во училиштето и надвор од него и да не допуштаат тие

да се мешаат со луѓе непријателски расположени кон државата.[159] Во октомври 1943 година Министерството со строго поверливо писмо се обрнало ~~до директорите~~ до директорите на учителските институти и гимназиите изнесувајќи ја тешката ситуација пред која се нашла бугарската власт во Македонија. Тоа барало да се дејствува со сите возможни средства за да се оневозможи активноста на државните непријатели, кои настојуваат "да го расколебаат државниот и општествениот живот на државата и нацијата, да го расколебаат духот на населението". Бидејќи во активноста на нелегалните групи учествувале и ученици се наредувало да се засили надзорот и да се применуваат ефикасни санкции против таквите ученици и да се предаваат на полициските власти[160]. Истиот месец со ново окружно писмо Министерството повторно им обрнувало внимание на просветните власти во Македонија да преземаат остри мерки во согласност со Законот за заштита на државата против сите лица /ученици и учители/ што пројавувале антидржавна дејност[161].

Бугарската окупаторска власт била принудена да истапува и јавно, преку печатот и да го предупредува населението за сите непријателски пројави спрема државата. Весникот Целокупна Бугарија го пренесол говорот на Скопскиот областен директор Раев, одржан пред учениците во Велес и Кавадарци. Констатирајќи дека извесен број ученици потпаднале под непријателската пропаганда, Раев ги повикува останатите ученици да им се придружат на бугарските власти во гонењето на непријателските елементи[162]. Слични говори Раев одржал и во другите гимназии во Македонија: во Скопје, Прилеп, Битола, Охрид, Штип и Куманово. Во сите места бил придружуван и поддржан од македонскиот предавник Коста Ципушев[163]. Повеќе предавања пред учениците биле одржани и од школските власти и на тие

предавања биле изнесувани тешките последици за учениците, до колку некои од нив продолжат со непријателска дејност.[164]

Неуспехот на сите преземени акции за сопирање на активноста на македонската младина против окупацијата бил проследен со ново строго поверливо окружно писмо на Министерството за народна просвета во ноември 1943 година. Со него Министерството им наредува на директорите на гимназиите, во врска со строгите мерки преземани од војската и полицијата против нелегалните лица, да им забранат на сите ученици од гимназиите, кои во неделните и празничните денови оделе надвор од градот во посета на своите домови или блиски, да не ги напуштаат градовите, да си набават храна и за тие денови. Доколку некои ученици ќе одат надвор од градот без знаење на полицијата и војската, ќе се сметаат за илегални и како такви ќе бидат третирани од воено половите судови, до колку на лице место не бидат убиени[165/]. До колку пак некои од учениците со дозвола замине дома во некое село, месните училишни власти биле должни да ги известат гимназиските власти во градот за движењето и поведението на односниот ученик, дали тој се сретнувал со сомнителни луѓе, какво држање има кон бугарската власт, дали ја посетува Црквата и сл.[166/].

Контролата врз движењето и дејноста на учениците била поверувана и на фашизирани ученици, кои биле во служба на полицијата без знаење на училишните власти. Овие ученици, наречени од полицијата секретни /тајни собаротници/, доставувале до полицијата извештаи за дејноста не само на учениците, туку и на учителите. Меѓутоа, во стремежот да бидат плодни во својата доставувачка дејност, тие често инсценирале разни акции или шреле материјал со комунистичка содржина, што сами го составувале и потоа обвинувале напредни ученици за неприја-

телска дејност, со што ја дезориентирале училишната власт. Се случувало учителските совети , откако ќе откријат некаква антидржавна дејност, незнаејки дека се работи за провокација во согласност со полицијата, ги казнувале понекогаш и со исклучување "секретните соработници", што доведувало подоцна до компромитација на училишните власти. За да се избегнат во иднина такви неспоразуми меѓу полициските и училишните власти, а од друга страна да не им се дава можност на "противдржавните" елементи во училиштата да ја развиваат својата дејност, Министерството за народна просвета барало од Министерството за внатрешни работи да се известуваат директорите на гимназиите кои ученици соработуваат со полицијата. Откривањето на такви соработници пред директорите не пречело, бидејки и директорите како државни органи биле повикани да се борат против комунизмот, а тоа значи и да соработуваат со полицијата при откривање на комунисти. Бидејки дотогаш полициската присмотра на учениците од гимназијата се спроведувала во голема мерка само самостојно, без учество и помош на директорите, нужно било да им се нареди на полициските власти да ги вклучат и директорите во своите акции во училиштата, прогласувајки ги за свои секретни соработници.[167/]

Сите преземани репресивни мерки против учениците, обвинети за антибугарска и комунистичка дејност, немале резултати, бидејки бројот на такви ученици се зголемувал, така што постоела веќе опасност за затворање на училиштата, доколку би се гонеле сите непријателски појави. Затоа бугарската влада често ги помилувала учениците обвинети за противдржавна дејност. Тие помилувања се однесувале дури и за ученици кои заминале во партизанските одреди. Повеќ специјално

решение на бугарскиот министерски совет од 18.IX.1943 Министерството за народна просвета испратило окружно писмо во кое се барало на сите казнети ученици , обвинети за противдржавна дејност, да им се простат казните и да им се одобри да го продолжат школувањето, доколку ќе се вратат од илегалство. Учениците што биле истерани , а не ја завршиле учебната година, им се признавал класот[168/]. Се разбира , ова помилување не се однесувала и на затворените ученици, кои издржувале казни во бугарските затвори. Тоа покажувало дека малку можело да им се верува на ветувањата, кои биле само мамец да се добере полицијата до оние ученици што отишле во илегалство.

Маневарот на бугарската влада немал никаков успех, бидејќи ниту еден илегалец не и се пријавил на власта. Министерството за народна просвета го повторило апелот за враќање на илегалците и во ноември 1943 година. Изнесувајќи го "историскиот момент" во кој се наоѓала Бугарија, а со цел да се запази бугарското училиште од штетните и опасните противдржавни влијанија и пројави во иднината, Министерството се обраќало до сите ученици и курсисти, кои биле обвинети за дејност против државниот ред, да се вратат по домовите, зашто во обратен случај врз нив ќе се прилагаат со крајна строгост сите законски мерки предвидени во Законот за заштитата на државата. Министерството ги канело директорите да дадат широка гласност на тоа окружно писмо и да им го соопштат и на родителите на избеганите ученици. Меѓутоа, Министерството не заборавило да им соопшти на директорите дека вратените од илегалство ученици треба да бидат следени, бидејќи преку нив можело да бидат откриени и другите ученици илегалци[169/].

Дадената амнестија за учениците - илегалци не предизвикала очекуван ефект, поради што бугарската окупаторска власт

продолжила со најостри санкции против сите сомнителни ученици во училиштата. Во таа смисла се јавило и Министерството на народна просвета изјавувајки дека наредбите за помилување на учениците илегалци биле дадени од Министерскиот совет со цел да се престане еднаш со антидржавната дејност во училиштата. Меѓутоа, "државата не ја давала таа милост" со намера да ја сопре борбата против антидржавните елементи. Таа ќе продолжела борбата уште со поголема строгост и решителност, особено по однос на оние ученици , кои продолжувале со таква непријателска дејност[170/]. Истовремено Министерството за народна просвета ги известило директорите на гимназиите дека бил постигнат спораѕум со Министерството за внатрешни работи по однос на нивното вклучување во работата на полицијата. Дирекцијата на полицијата, оддел на државната сигурност, веќе испратила наредби до полициските органи да ги координираат акциите и соработката со нив. На директорите им се препорачувало да стапат во контакт со бугарската државна сигурност и заеднички да направат план за генерална чистка на сомнителните ученици во гимназиите[171/].

Почетокот на 1944 година не донесол никакви промени во полза на бугарската окупаторска власт. Напротив, разгорувањето на Народноослободителната борба во Македонија довела до рушење на окупаторската власт на широки територии, а во врска со тоа и до ликвидација на културно-просветната пропаганда на ослободените територии. Одржувањето на разни културно-пропагандни и просветни институции во градовите и на тесните селски подрачја околу градовите можело да стане само со помош на јаки воени полициски сили, меѓутоа, без некакво учество на македонскиот народ. Бугарските средни училишта и натаму биле центри за антибугарска и комунистичка дејност без оглед

на преземените санкции од страна на државните и училишните власти. Министерството за народна просвета како највисока просветна власт било принудено скоро целата своја дејност да ја концентрира на барање средства и методи за одржување на школската мрежа во Македонија и за борба против антибугарската и комунистичката дејност на мнозинството од средношколската младина. Постојано контактирало со своите просветни органи на кои им давало совети и наредби за водење на таа борба, заборавајки често за исполнувањето на поставените културно-просветни пропагандни програми. Макар што се назирал крајот на бугарската окупација во Македонија и дефинитивното пропагање на фашизмот под ударите на антифашистичките сили, Министерството инсистирало кај своите органи да стават крај на антибугарското и комунистичко движење, како тоа да зависело од директорите и полицијата. Така, во март 1944 година тоа упатило строго поверително писмо до директорите на гимназиите, во кое инсистира да се преземат секакви мерки за ликвидација на илегалците и учениците кои се присоединуваат кон илегалците.[172/] Во мај истата година Министерството побарало од просветните валсти во Македонија: 1/ обласните училишни инспектори да го организираат завршувањето на учебната година што посвечено, како да е сѐ во најдобар ред, 2/ со оглед на тоа што учебната година поминала под ненормални услови, учениците да не се оценуваат, 3/ по свршувањето на учебната година учителите да не ги напуштаат местата на служењето, за да не се добие впечаток оти бугарската власт се чувствува несигурна. 4/ Учителите за време на летниот распуст во соработка со останатите државни власти да водат контрола за движењето на учениците.[173/]

Летниот распуст во 1944 година бил исполнет со масовни исклучувања и затворања на напредните ученици во сите гимназии

во Македонија. При гимназиите постојано работеле комисии, кои доставувале материјал до учителските совети за исклучување на ученици, обвинувани за антидржавна дејност. Битолската гимназија "Дамјан Груев" во јуни 1944 година исклучила 15 ученици од погорните класови согласно со член 260, буква"П" од Правилникот за гимназиите[174/]. Кумановската гимназија за антидржавна дејност според истиот член и буква исклучила 12 ученици од погорните класови на гимназијата[175/]. Кон крајот на јуни од Битолската гимназија биле исклучени уште 6 ученика[176]. Во Охрид од гимназијата биле исклучени кон крајот на јуни 7 ученици од горните класови, бидејки нешто порано биле затворени од полицијата[177/]. Од 21 до 27 јули од Прилепската гимназија за антидржавна дејност биле исклучени 5 ученици[178/]. На 27 јули од Охридската гимназија биле исклучени уште 3 ученици[179]. Од Велешката гимназија на 28 јули биле исклучени 8 ученици[180/], од Струмичката гимназија 3 ученици[181/], од Скопската машка гимназија 5 и од Женската гимназија 3 ученици,[182] итн. Покрај исклучените ученици за солидарност со учениците обвинети за антидржавна дејност биле условно исклучени од сите гимназии поголем број ученици и ученички[183/].

Преземените репресивни мерки против македонската прогресивна младина не донесле средување на школските прилики нити го сопреле распаѓањето на школскиот систем во Македонија. Напротив, училишните власти не се чувствувале сигурни и во самите училишта, бидејки постоел оправдан страв од напад. Од друга страна , учениците прибегнувале и кон други средства за оневозможување на редовен живот во училиштата. Организирани биле кражби на училишните печати, радио-апарати, училишниот инвентар, библиотеките и др. Да се обезбеди од евентуални

напади на училиштата и кражби на инвентарот, Министерството на внатрешни работи во согласност со Министерството за народна просвета при секое училиште обезбедило полициски пазачи кои имале овластувања да пукаат во секое сомнително лице , коешто без дозвола ноќно време ќе направи обид да влезе в училиште[184/].

Растројството на бугарската училишна мрежа и другите културно-просветни институции продолжило до 9 септември, кога во Бугарија ја презема власта Отечествениот фронт , а од Македонија бугарскиот окупаторски апарат под ударите на НОВ во безредие се повлекува во Бугарија. Оттогаш официјално престанува бугарската окупација во Македонија, а со тоа се прекратува и културно-просветната пропаганда.

## З а к л у ч о к

Македонија била окупирана од фашистичка Бугарија во втората половина на месец април 1941 година. Преземањето на власта на македонската територија од страна на административно-полициските органи станало брзу. Устројството на системот на власта во окупирана Македонија, како и територијалната поделба била извршена со јасно одредена цел: избегнување да се создаде посебен окупационен режим во Македонија за да се обезбеди нејзиното цврсто поврзување со Бугарија.

Со самото организирање на административно-политичкиот апарат во Македонија, бугарската влада настојувала да ја прикаже окупацијата на Македонија како природно проширување на бугарската територија, како преземање на својата национална територија. Во тој правец бугарската влада направила големи напори и преземала далекосежни мерки. Таа во Македонија создала силен пропаганден апарат , со задача тој да го земе врз себе

спроведувањето на значајните мерки за остварувањето на политиката на освојување туги територии, а притоа окупацијата да добие лик на ослободувањето на македонскиот народ. Затоа, уште во прво време на окупацијата националната пропаганда во Македонија го добила централното место. Доделувањето на такво место на националната пропаганда станало паралелно со донесениот акт од страна на бугарската влада за промена на националноста на македонското население.

За да го оправда тој акт и да го образложи не само пред својата јавност туку и пред своите сојузници, бугарската влада преземала низа акции својата агресорска политика да ја прикаже како ослободување на "браќата" во Македонија. Во таа смисла била спроведена и идеолошката агресија, во која учествувале многубројни културно-просветни институции. Целокупниот училишен систем бил така подреден што во целина бил прилагоден за пропагандни акции и во својата суштина претставувал најрафиниран дел на пропагандата на фашистичка Бугарија во спроведувањето на окупациониот систем во Македонија и останатите окупирани територии.

Познавајки ги културно-просветните прилики во Македонија мегу двете војни, кога големосрпската буржоазија водела политика на културно-просветно запоставување на македонскиот народ за полесно да ја спроведува својата денационализаторска или експлоататорска политика во Македонија, бугарските владеачки кругови избрале поинакви патишта за спроведување на својата политика во Македонија. Создавајки широка школска мрежа дури и во најмалите села , оснивајки разни културно-пропагандни клубови , читалишта, библиотеки, народни универзитети и др., тие истапувале пред македонскиот народ под маска дека сакаат

да го надоместат она што го загубил народот во минатото под големосрбизмот.

За да ја одиграат училиштата својата улога што им била возложена од бугарските владеачки кругови во окупирана Македонија нужен бил таков просветен кадар, кој ќе служи исклучиво на големобугаризмот и фашизмот, без кои не можела да се одржи физичката окупација на Македонија. Затоа тие поголемиот дел од учителскиот и воопшто просветниот апарат го довеле од Бугарија, подлагајќи го претходно на посебна проверка.

Просветните работници биле избирани на специјален начин за работа во Македонија, бидејќи требало да бидат носители на идеолошката агресија во спроведувањето на денационализаторската политика. Во замена на тоа , поради непогодноста и недовербата кон просветните работници од Македонија, под разни изговори, домородните учители биле упатувани на работа во Бугарија.

Бугарските училишта добиле и специјална наставна програма за училиштата во Македонија. Таканаречената морално-воспитна програма требало да обезбеди што побрза и попотполна денационализација на македонската младина. Слични програми , методи и форми се применувале и во работата со вонучилишната младина, така што и таа била подложена на процесот на денационализацијата.

Наставата во училиштата требало да обезбеди продирање на бугарскиот дух меѓу учениците и зацврстување на идеолошкото сфаќање за неминовноста од создавањето на фашистичкиот поредок во светот. Наставата била така подредена што во неа челното место го заземале националните предмети: бугарски јазик и бугарска национална историја. Тоа станувало со одредена денационализаторска цел, односно денационализацијата и асимилацијата

на македонскиот народ. На таа единствена цел служеле и останатите предмети во наставата, а посебно физичкото воспитување на училишната младина, преку кое требало да се развие стремеж за исполнувањето на бугарските национални идеали и да се приготви младината за подвизи и дела за одбрана на голема Бугарија.

Не запоставувајќи ја фашистичката идеологија и верноста кон своите фашистички сојузници, бугарските владеечки кругови настојувале преку создавање на една државна фашистичка организација,"Бранник" којашто требало да ги обедини и останатите фашистички и профашистички младински и други организации во Бугарија, да ја воспита македонската младина во фашистички дух. За да ја привлечат македонската младина во редовите на таа фашистичка организација, бугарските владеачки кругови им давале на учениците што членувале во неа разни привилегии. Оценката за наклоност кон режимот зависела од тоа , дали некој ученик бил член на некоја од фашистичките организации, особено на организацијата "Бранник".

Останатите културно-пропагандни институти, друштва, клубови и организации преку нивните програми и дејности,исто така имале задача да го воспитуваат македонското население во големобугарски и фашистички дух. Во своето настојување да продре во широките слоеви на македонското население, државата ги ангажира сите органи на власта, а пред сè просветните органи.

Меѓутоа, создадените културно-просветни установи и училишта во Македонија се покажале неспособни да ја исполнат својата задача поради отпорот на македонскиот народ,а посебно поради револуционерниот дух на македонската младина. Затоа училишните органи врз основа на посебни упатства од Мини-

стерството за народна просвета преземале и други разновидни мерки, со кои се ограничувала слободната работа на xxxxxxxxx младината и се подложувала на контрола на училишните и полициските власти и надвор од училиштата.

Со ширењето на НОБ во Македонија растел и отпорот на училиштата и вонуxxxxшната младина и воопшто отпорот на македонското население против окупацијата, а посебно против окупаторската културно-просветна пропаганда. Имало многубројни и разновидни демонстрации против формите на денационализацијата и присилното запишување на македонската младина во фашистичката организација "Бранник", како и во другите политички и културно-порапагандни институти и друштва. Отпорот бил проширен и во селата, каде што селаните јасно се спротиставувале на работата на културно-просветните агитатори. Отворено се поставувало барање да се замени бугарскиот со македонски јазик, бидејќи родителите одбивале да ги испраќаат децата во училиштата.

Учителите наспоредно со задачата да ја спроведуваат денационализацијата, поради сѐ посилниот отпор на младината, добиле и задача да ја известуваат полицијата за антидржавни пројави на учениците а подобна тие земале и активно учество во гонењето на илегалците. По таков начин учителскиот кадар дојден од Бугарија станал дел од административниот и полицискиот апарат во целокупниот склоп на окупаторскиот систем и во целост му бил подреден. Учителите кои давале отпор на ваква активност со посебна постапка биле отстранувани од должност.

Со разгорувањето на НОБ во Македонија во 1943 и 1944 година се јавил и масовен отпор против бугарската денационализаторска и фашистичка политика во училиштата , кој отпор после

се обрнал во јавно спротиставување на училишниот систем. Извесен дел од училишната младина ги напушта училиштата и се приклучува кон партизанските одреди,а дел од напредната младина бил вклучен во позадинска работа на НОБ. Од друга страна поради дејствувањето на партизанските одреди, поголем дел од селските бугарски училишта престанале со работа. Таквата положба ги принудила бугарските фашистички власти да преземат најостри санкции против сите младинци коишто по некаков начин пречеле за исполнувањето на денационализаторската програма, пресметувајки се со нив на најдрастичен начин. Меѓутоа, сите применети средства и методи за задушување на НОБ во Македонија и за сопирање активноста на македонската младина управена против окупаторскиот режим останале без успех. По таков начин, уште пред да ја напуштат окупацијата на Македонија во септември 1944 година бугарските окупаторски власти претрпеле полн неуспех, а нивната идеолошка агресија, спроведувана од страна на "културни"и други институции, била разбиена наполно.

## Белешки кон уводот

1. Лазо Мојсов, Околу прашањето на македонското национално малцинство во Грција, Скопје, 1954, стр. 38.
2. Драганов, Общий этнографический очерк Македонской провинции, Извѣстия Санкт-Петербургского славянского благотворителбного общества, № 11-12, 1887, стр.601.
3. "Македонскии Голосъ" - С. Петербург, бр. 1 од 9.VI.1913, стр. 8.
4. Мојсов Лазо, цит. дело, стр. 55
5. М. Апостолски, А. Христов, Р. Терзиоски, Положај окупиране Македоније у Другом светском рату /1941-1944/, Југословенски историски часопис, Београд, бр. 3/63, стр.43
6. Никола Ланков, Създаването на Федеративна Народна Република Югославия, Исторически преглес, IV, София, 1948, кн. 4-5, стр. 116-117.
7. Народен съд, София, 18.XII.1944.
8. М. Апостолски, А. Христов, Р. Терзиоски, цит.статија, стр. 46-47.
9. Митровски Боро, Поважни настани во Народноослободителната борба во Западна Македонија, Гласник на Институтот за национална историја, Скопје, III, 1959, бр. 1, стр. 7.
10. Блински. Национални въпрос на Балканите, Македонска мисъл, София, 1946, кн. 9-10, стр. 154.
11. Види опширно кај М. Апостолски, А. Христов, Р.Терзиоски, цит. статија, стр. 19-22.

12. Давид Б. Коен, Ограбление болгарского народного хазайства и Гитлеровскими окупантами его растроиство в период 1941-1944 г. /реферат одржан на Конгресот на историчарите во Карлови Вари 1963 г. Ракопис во Архивот на Институтот за национална историја во Скопје, инв.бр. 436/.

13. М.Апостолски, А. Христов, Р. Терзиоски, цит. статија, стр. 22-29.

## Белешки кон Глава I

1. Државен вестник, София, 63, 1941, бр. 284, стр. 2-4, Запов д, № 5302.
2. Целокупна България, Скопие, I, 1941, бр. 18, стр. 4.
3. Държавен вестник, 63, 1941, бр. 284, стр. 4-6. Запов д, № 5306.
4. Целокупна България, I, 1941, бр. 28, стр. 2.
5. Меѓутоа, во јуни 1941 г. Министерството за народна просвета испратило во разни градови на Македонија учители, кои требало да подготват ученици од осмите класови по предметите: бугарски јазик со литература, бугарска национална историја и географија. Со министерска заповед биле испратени следниве учители по бугарски јазик: во Скопје - Николај К'нев, Стефана Слаткарева, во Прилеп - Иван Крстев, во Штип - Николај Николов, во Битола - Радивој Дичов, во Велес - Л зан Нидолов, во Охрид - Асен Младенов, во Куманово - Иван Кожухаров; по бугарска историја: во Скопје - Георги Велев и Ружа Иванова, во Велес - Ганчо Петков, во Прилеп - Стефан Стефанов, во Битола - Туше Влахов, во Штип - Илија Иванов, во Куманово - Стојан Атанасов; по географија: во Скопје - Благој Манолов и Горан Георгиев, во Велес - Велчо Велев, во Прилеп - Стефан Русев, во Битола - Стојан Ставрев, во Штип - Никола Корчев, во Куманово - Добри Попов. /Д ржавен вестник, 63, 1941, бр. 284, стр. 6-8. Запов.д № 5309.
6. Целокупна България, I, 1941, бр. 53, стр. 3.
7. Целокупна България, I, бр. 69, стр. 1 и 3.

8. Стенографски бележки, XXV. Обикновено народно сѣбрание, III редов. сеси , кн. I, Софи , 1941, стр. 111.

9. Целокупна Бѣлгари?, I, 1941, бр. 59, стр. 3.

10. Дѣржавен вестник, 63, 1943, бр. 284, стр. 9-12, Запов д, № 6007.

11. Исто.

12. Целокупна Бѣлгари?, I, 1941, бр. 79, стр. 4.

13. Сборник с отбрани окрѣ жни от освобождението до кра? на 1942, Том III. Окр жно на Мин. на нар. просв щение от 3.VI.1941.

14. Целокупна Бѣлгария, I, 1941, бр. 35, стр. 5.

15. Дѣржавен вестник, 63, 1941, бр. 284, стр. 14, Заповед, № 6009.

16. Целокупна Бѣлгария, I, 1941, бр. 14, стр. 5.

17. Во времето на полагањето на матурските испити се покажало дека некои ученици имале преку годината повеќе слаби оценки и според поранешната наредба на Министерството за просвета тие требало да бидат одбиени. Меѓутоа, Министерството телеграфски ги допуштило и нив за испит. /Сборник с отбрани окр жни , том II, Окр. од 12.VII. 1941 /.

18. Целокупна Бѣлгария, I, 1941, бр. 75, стр. 4.

19. Целокупна Бѣлгария, I, 1941, бр. 80, стр. 3.

20. Целокупна Бѣлгария, I, 1941, бр. 81, стр. 6.

21. Околиски историски архив, Битола, Фонд: Битолска гимназија 1921-1949, Протокол № 22 од 17.IX, 1941 г.

22. Целокупна Бѣлгария, I, 1941 , бр. 18, стр. 3.

23. Сборник с отбрани окрѣ жни... Том III, Окр. од 15.VII.1941.

24. Исто, Окр. од 16. VII. 1941.

25. Стенографски бележки, XXV, Обикновено народно с брание,

III Ред. сеси , кн. I Софи , 1941, стр. 116.

26. Сборник с отбрани окръжни..., Том II, Окр. од 3.VI.1941.

27. Целокупна Българи9, I, 1941, бр. 6, стр. 6.

28. Сборник с отбрани окръжни..., Том III, Окр. од 12.V.1941.

29. Исто, Окр. од 14.VI.1941.

30. Целокупна Българи9, I, 1941, бр. 32, стр. 1.

31. Целокупна Българи9, I, 1941, бр. 41, стр. 5.

32. Целокупна Българи9, I, 1941, бр. 50, стр. 3 - и Отчет на управителни с вет за 1941 год., Софи , 1942, стр. 6 /Отчет на Уп. совет на Макед. нац. институт /.

33. Целокупна Българи9, I, 1941, бр. 51, стр. 3.

34. Така, од името на 600 души "македонски бугари" се протестирало против изјавите на англиското Министер за надворешни работи Антони Идн, искажани против окупирањето на Македонија од страна на бугарските војски /Целокупна Българи9, I, 1941, бр. 67, стр. 1 /.

35. Во салата на Воениот клуб од името на македонските учители било организирано бесплатно "утро" по повод 30-годишнината од Илинденското востание, кое еден скопски учител [redacted] било третирано како востание на Македонците за присоединување кон Бугарија /Целокупна Българи9, I, 1941, бр. 55, стр. 3 /.

36. Целокупна Българи9, I, 1941, бр. 74, стр. 3.

37. Просветно единство, Софи9, VII/26.VIII.1941.

38. Целокупна Българи9, I, 1941, бр. 76, стр. 1.

39. Бюджет на Мин. на нар. просв. за 1941 б джетска година. /Само за служебно ползване / Софи , 1944.

40. М. Апостолски, А. Христов, Р. Терзиоски: Положај окупиране Македоније у Другом светском рату /1941-1944 /, Југословенски историски часопис, стр. 6.

41. Исто, стр. 9.

42. Сборник с отбрани окръжни... Том II, Окр жно, №,15-68, од 2.V.1941 г.

43. Во моментот бугарската окупаторска власт распалагала со 462 затечени училишни зграци, од кои 157 биле со повеќе од 2 соби, 230 имале по две соби, и 106 по една соба. /Целокупна България, III, 1943, бл. 621 /.

44. Зора, София, XXIII, бр. 6798, стр. 2.

45. Х.В., Преглед на културния живот в Македония, Македония, I, Скопие 1943.

46. Целокупна България, II, 1942, бр. 360, стр. 3, III, ~~x@xxx~~ 10.VIII.1943, бр. 651.

47. Държавен вестник, 54/1941, бр. 80, стр. 6-7: Запов д, № 1247; ~~xxxx~~ Държавен вестник , 64, 1942 бр. 52,стр.6; Държавен вестник, 64,1942,бр. 267, стр. 6-7; Държавен вестник 64, 1942, бр. 288, стр. 2-4; види и: Окол.истор. архив - Битола. Фонд: Гимназија 1921-1949, кн.36,стр. 3-5.

48. Архив на Основното училиште во с. Солнени /Прилепско /. Околиски училишен инспектор № 447, од 7.XII.1941 г.

49. Х.В., Преглед на културни живот в Македони , Македони , I, 1943.

50. Сборник с отбрани окръжни... Том II, Окр., №,16-32 од 13.VI.1941.

51. Целокупна България, III, 1943, бр. 480, стр. 1.

52. Г. Константинов, Културният облик на България през 25-годишното царуване на Цар Борис III, Отец Паисий, София, XVI. 1943, кн. VIII - IX, стр. 272.

53. Целокупна Българи , I, 1941, бр. 98, стр. 3.

54. Държавен вестник, 74, 1941, бр. 81, стр. 7-8: Заповед на Мин. на нар. просв., # 1354.

55. Исто, стр. 11: Запов д, # 1358.

56. Целокупна България, I, 1941, бр. 73, стр. 3.

57. Македони , I, 1943, стр. 26.

58. Целокупна България, I, 1941, бр. 95, стр. 6.

59. Сборник с отбрани скр..., Том II, Скр. стр. 451-452.

60. Исто, стр. 453.

61. Целокупна България, I, 1941, бр. 127, стр. 2.

62. Во 1941 г. во стопанството Демир Капија било отворено специјално лозарско-винарско и градинарско училиште. Практично земјоделски училишта биле створени и во Куманово /за машки и женски /, Прешево, Прилеп и Штип. Овие училишта биле на пансионска основа. Дополнителни земјоделски училишта биле отворени во Радовиш, Ресен, Виница, Злетово, Кривогаштани, Царево Село /денес Делчево/ и Берово. Земјоделски курсови биле организирани во селата: Дихово, Папари, Гавато, Лорварди, Бистрица, Велушина /Битолска област / и Виница /два курса /, Мацари, Зрновци, Драчево, Злетово, Валандово и Берово /Скопска област /Сборник на с отбрани скр жни... Том II, стр. 444-445 /.

Веке во 1942 г. овој број на земјоделски училишта се зголемил со уште шест нови месечни дополнителни земјодулски курсови за селата, каде што се предвидувало отворање на редовни дополнителни училишта. Тие биле во Неготино и Св. Николе по два курса. Во овие училишта се примале ученици со основно образование. Учењето

било бесплатно, а учениците се ползувале и со бесплатна храна, стан, отопление, и осветление, а на ученичките им се давал по ниска цена и штоф за униформи. Практичните училишта траеле две години, а дополнителните само две зимски сезони /Сборник с отбрани окр жни ... , Том II, стр. 678-679 /.

63. Целокупна Бългрия, II, 1942, бр. 404, стр. 3.

64. Държавен вестник,63, 1941, бр. 285, стр. 12, Запов д, № 6311.

65. Сборник с отбрани окръжни..., Том II, стр. 446-447.

66. Целокупна Българи, II, 1942, бр. 255, стр. 4.

67. Македония, I, 1943, стр. 26.

68. Архив на основното училиште во с. Долнени /Прилепско /. Окол. учил. инспектор. Окр. на Мин. за нар. просв. № 7666 од 1.X.1942.

69. Целокупна Българи, III, 1943, 18.III.

70. Слични германски училишта биле створени од германските власти и во Егејска Македонија, во градовите Енице Вардар, Воден и Лерин /Целокупна България, II, 1942, бр. 441, стр. 3 /.

71. Целокупна България, III, 1943, бр. 708, стр. 3.

72. Държавен вестник, 64, 1942, бр. 7, стр. 1-2.

73. Карл Зеелингер, Германското училиште в Скопие, Македония, I, стр. 41-42.

74. Околиски ист. архив, Титов Велес, Фонд окол. училишна инспекција, гр. Т Велес, Архива № 10 за 1942-43, пг. 104.

75. Сборник с отбрани окръжни .., Том II, стр. 461-462.

76. Околиски историски архив - Куманово, фас. Кумановско околиско управление /3000-4000/ 1942. Окол. управител до Обласнист директор бр. 3159 од 5.V.1942 г.
77. Целокупна България, III, 1943, бр. 708, стр. 3.
78. Държавен вестник, 65/1943, бр. 12, стр. 6.
79. Целокупна България, II, 1942, бр. 195, стр. 1 и 3.
80. Македония, I, 1943, кн. I, стр. 7. Врз основа на тоа решение на 4 јуни 1941 г. било организирано свечено пресретнување во Софија на 150 студенти од Македонија и Моравско и потоа на сите им биле официјално заверени семестрите на соодветните факултети./Целокупна България, I, 5.VI и 19.VI.
81. Стенографски бележки, XXV Обикновено народно събрание, III ред. сеси , кн. I, София, 1941, стр. 119.
82. Просветно единство, София, VIII, 1941, бр. 7, стр. 5.
83. Проф. Михаил Арнаудов застапувајќи се за отворање на некои групи од Философски факултет во Охрид меѓу другото вели: "Отворањето на факултетот ќе го забрза присоединувањето на новоослободените краишта кои изволуваната веќе бугарска култура..." /Просветно единство, VIII, 1941, бр. 9./.
84. Исто, стр. 11.
85. Държавен вестник, 65, 1943, бр. 4.
86. Целокупна България, III, 1943, бр. 479, стр. 1.
87. Просветно единство, X, 1944, бр. 323, стр. 10.
88. Бюджети на Мин. на народното просвещение за 1944 бюджетска година /Само за служебно ползване/. София 1944.
89. Програма за вечерните курсове при народните училища в Битолската учебна област, Битола, стр. 5.

90. Околиски историски архив - Битола. Фонд: Гимназија 1921-1949, кн. 36. Протокол № 1 од 11.VII. 1941 г.

91. Околиски историски архив - Битола. Фонд: Средишно нар. училиште с. Буково. Окръжни 1941/1942, № 34 од 4.II. 1943.

92. Целокупна България, II, 1942, бр. 277, стр. 4.

93. Целокупна България, I, 1941, бр. 118, стр. 3.

94. Целокупна България, III, 1943, бр. 589, стр. 4.

95. Просветно единство, VIII, 1941, бр. 7, стр. 5.

96. Целокупна България, II, 1942, бр. 465, стр. 4.

97. Целокупна България, II, 1942, бр. 440, стр. 4.

98. Целокупна България, I, 1941, бр. 82, стр. 4.

99. Сборник с отбрани окръжни..., Том I, 1943, стр.463-464.

100.-Х.В.,Преглед на културния живот в Македония, Македония, I, 1943, кн. I.

101. Околиски историски архив - Куманово. Фас.: Кумановско окол. управление за 1942 /3000-4000/. Дирекция на общините и общинските грижи, № 3981 од 30.VI.1941.

102. Целокупна България, 1942, бр. 236, стр. 3.

103. Целокупна България, III, 1943, бр. 746, стр. 3.

104. Сборник с отбрани окръжни.., Том I, стр. 463-464.

105. Целокупна България, III, 1943, бр. 512, стр. 3.

106. Зора, XXIV, 1943, бр. 7036, стр. 6.

107. Целокупна България, II, 1942, бр. 264, стр. 4.

108. Целокупна България, III, 1943, бр. 541, стр. 4.

109. Околиски историски архив - Куманово. Фонд: Кумановско околиско управление за 1942 /3000-4000/. Дирекция на общините, № 3981 /, 30.IV.1942.

110. Целокупна Бъlгариѧ, IV, 1944, бр. 803, стр. 4.

111. Целокупна Бъlгариѧ, I, 1941, бр. 62, стр. 4 и в. "Зора", XXIV, 1943, бр. 7093 стр. 5.

112. Целокупна Бъlгариѧ, II, 43, бр. 234, стр. 2.

113. Целокупна Бъlгариѧ, III, 43, бр. 528, стр. 3.

114. Види чл. 32, 33 и 34 од т.н. Закон за б лгарската младеж - Држ.весник, бр. 18, 25,I.1941.

125. Целокупна Бъlгариѧ, I, 1941, бр. 117, стр. 4.

116. Исто.

117. "Бранник", Софиѧ, I, 1942, кн. 6, стр. 14-15.

118. Исто

119. "Пелистерско ехо" 18.I,1944, бр. 99, стр. 4.

120. Целокупна Бъlгариѧ, III, 1943, бр. 591, стр. 3.

121. Целокупна Бъlгариѧ, II, 1942, бр. 321, стр. 4.

122. Целокупна Бъlгариѧ, II, 1942, бр. 332, стр. 3.

123. Државен архив на СРМ. Фонд: Филозофски факултет, Скопје 1921-1944 / Мин. за нар. просв. № 179 од 13.VI.1944.

125. Сп. Македониѧ, I, 1943, кн.I.

125. Целокупна Бъlгариѧ, 1942, бр. 277, стр. 4.

126. Целокупна Бъlгариѧ, IV, 1944; бр. 514, стр. 4.

127. Целокупна Бъlгариѧ, II, 1942, бр. 247, стр. 4; Целокупна Бъlгариѧ, II, 42, бр.243, стр. 4.м

128. Околиски историски архив - Битола. Фонд: Гимназија - Битола 1921-1949, кн. 36. Протокол на учит. совет на Смес. гимн.бр. 10 од 13.XII.1941, т.6.

129. Динеков Кирил, Борба за ликвидиране на неграмотноста, Училищен преглед, год. 48, 1949, кн. 2-3.

130. Само групата на агентот Гелев успеала да префрли во периодот 1941-1944 година од Лерин во Битола над 300 ученици /Информативен билтен, Скопје, 21.XI,1959 г.

131. Околиски историски архив - Битола. Фонд: Гимназија Битола 1921-1949. кн. 36.

132. Целокупна България, I, 1941, бр. 23, стр. 3.

133. Месечни известия на Главната дирекция на статистиката, София, 1941, бр. 11.

134. Околиски историски архив, Битола, фонд: Гимназија Битола, 1921-1949, кн. 36.

135. Целокупна България, 1941, бр. 110, стр. 1.

136. Околиски историски архив - Битола. Фонд: Средишно училише с. Буково, Окръжни за 1941-1944. Окръжно № 11827 од 24.IX.1941.

137. Државен архив на СРМ - Скопје. Фонд: Народен музеј - Скопје /1941,1942,1943 - преписи / Мин. за нар. просв. Бджето-контролно отделение № 1524 од 27.VIII.1941.

138. Целокупна България, I, 1941, бр. 107, стр. 6. Или: Окол. ист. архив Битола. Фонд: Гимназија - Битола 1921-1949, кн. 36, Протокол № 3 /7.X.41/.

139. Архив на Училиштето во с. Долнени /Прилепско /. Преписка през 1941/1942. Окол. учил. инспектор до Општинскиот кмет, №, 132 / 22.V.1942.

140. Държавен весник, 1942, бр. 156.

141. Христо В. Савов, 1942/43 образователна година, "Училищен преглед, 62, 1943, кн. 6, стр. 710; Целокупна България, III, 1943, бр. 673, стр. 4.

142. Целокупна България, III, 1943, бр. 665, стр. 4.

143. Целокупна България, III, 1943, бр. 637, стр. 4.

144. Архив на училиштето во с. Долнени /Прилепско /. № 412 од 24.XI.1941 до средишниот директор во с. Долнени - Прилепско.

145. Архив на училиштето во с. Долнени, Протокол № 3, 5.XII, 1941 г.

146. Целокупна България, III, 1943, бр. 633, стр. 4.

147. Околиски архив - Битола, Фонд: Гимназија Битола, 1921-1949, кн. 36.

148. Целокупна България, III, 1943, бр. 490, стр. 4.

149. Целокупна България, I, 1941, бр. 107, стр. 6; Целокупна България, I, 1941, бр. 173, стр. 5 и др.

150. Целокупна България, II, 1942, бр. 442, стр. 3.

151. Целокупна България, II, 1942, бр. 218, стр. 1-2.

152. Целокупна България, II, 1942, бр. 240, стр. 3.

153. Околиски историски архив - Куманово. Фонд: Околиско полициско управленеи /1-400/. Окръжно на МНП, бр. 1243. 17.VIII.1941.

154. Исто, Окръжно на МНП, бр. 1251/19.VIII.1941.

155. Целокупна България, I, 1941, бр. 133, стр. 4.

156. Целокупна България, I, 1941, бр. 139, стр. 4.

157. Училищен преглед, 41, 1941, бр. 9, стр. 1221.

158. Исто, стр. 1223.

159. Во окружното писмо меѓу другото стои: Кога вршите ревизија на учителите - домородци без оглед кој предмет предаваат да обрнете внимание и на тоа, со каков јазик се служат и каква претпазливост пројавуваат кон јазичниот израз на своите ученици. На соодветно место во ревизиониот лист да се одбележува и проценката во тој однос". /Училищен преглед, 41, 1941, бр. 11-12. Окръжно на МНП бр. 10.831/12.XI.1941 /.

160. Целокупна България, I, 1941, бр. 3. стр. 6.

161. Просветно единство, VI, 1941, бр. 34, стр. 3.

162. Во текот на 1942 година биле извршени извесни промени. За директор на I Машка гимназија во Скопје бил назначен Христо Зографов; во II Машка гимназија Христо Еман. Чучков; во Женска гимназија Георги Киселинов. Во Штип директор станал Петар Х. Панзов, во Берово - Ценко Ценев, во Гевгели-Асен Дим. Ковачев, во Кратово-Крум Ст. Бајтошев во Радовиш - Атанас В́лков Димитров, во Ресен - Љубомир Д.Марков, во Битола - Илија Николов Динев, во Велес - Рајчо Тодоров Тодоров, во Кавадарци - Иван Илиев, во Куманово - Цено Трифунов Дилов, во Охрид - Већо Велев, во Прилеп - Георги Пејков, во Струмица - Асен Христов Партениев.

163. Целокупна България, I, 1941, бр. 35, стр. 4.

164. Целокупна България, I, 1941, бр. 33, стр. 3.

165. Просветно единство, VII, 1941, бр. 34, стр. 8.

166. Учител. Софи , VI, 1945, кн. 6.

167. Архив - Долнени: Фонд: "Средишно осн. училиште" /1941/1942 Окр. № 3889, Прот. № 156/19.VIII.1941 г.

168. Исто, Окр. на МНП № 15010, од 20.XI.1941 г.

169. Училищен преглед, 42, 1942, бр.3.

170. Х.В., Преглед на културний живот в Македония, Македония, I, 1943, I, стр. 70.

171. Просветно единство, VIII, 1941, бр. 6, стр. 2-3. Меѓутоа, во следната учебна година со своја Заповед № 4218 од 17.IV.1942 г. Министерствотоза народна просвета ја продолжило командировката на 2 години, /Окол. истор. архив -Битола: Фонд "Сред. учил. Буково /Окружни за 1941/42/ освен за семејни учители со деца /Архив-Долнени, исто-Окол. учил. инспектор № 611 од 23.V.1942./.

172. Училищен преглед, 41, 1941, бр. 11, стр. 1652.

173. Целокупна България, III, 1943, бр. 575, стр. 4.

174. Целокупна България, III, 1943, бр. 621, стр. 4.

175. Целокупна България, III, 1943, бр. 664, стр. 4.

176. Целокупна България, II, 1942, бр. 442, стр. 3.

177. Учител. VI, 1941, кн. 2 и 3.

178. Училищен преглед, 44, 1945, кн. 5, и 6, стр. 367.

179. Държавен вестник, 64/1942, бр. 42, стр. 1-1.

180. Државен архив на СРМ, Скопје, Фонд: Народен Музеј - Скопје /1941-1943/ Решение на Върховна сметна палата на № I-341-41673/1941.

181. Държавен вестник, 63/1941, бр. 154, стр. 3-4.

182. Целокупна България, II, 1942, бр. 219, стр. 2.

183. Целокупна България, II, 1941, бр. 88, стр. 1.

184. Целокупна България, I, 1941, бр. 88, стр. 1.

185. Државен архив на СРМ, Скопје, Фонд: "Народен Музеј", Окр. на Министерството за финансиите /Дирекция на държавен бюджет и отчетност / бр. 9869 од 20.XI.1941.

186. Окол. истор. архив - Куманово, Фонд: Кумановско окол. управление

187. Целокупна България, I, 1941, бл. 178, стр. 3.

188. Архив - Долнени --- Окр. на МНП, Служба "Т.М." бр. 609, од 2.X.1941.

189. Просветно единство, VIII, 1942, бр. 13, стр. 5.

190. Целокупна България, II, 1942, бр. 218, стр. 1.

191. Целокупна България, II, 1942, бр. 219, стр. 2.

192. Архив Долнени.. Окр. на МНП, № 1959 од 15.XI.1943.

193. Целокупна България, III, 1943, бр. 758, стр. 1.

194. Целта на тоа олеснување била учетилети да се врзат за

ххх
пост

постојани учители во "новоослободените земји". Меѓутоа, голем број од учителите ја ползувале привилегијата и купувале за безначајно мали суми куки, потоа ги демонтирале и го продавале материјалот за далеку поголеми суми од платените. /Окол. истори архив - Куманово, фонд: Полиц. управление /1-400/. Пов. извештај бр. 872/1.IV.1944 /.

195. Архив - Долнени... Окр. на МНП, бр. 2143/17.V.1944.

196. Исто, Окружно на МНП бр. 3219 од 15.VII.1944

## Белешки кон Глава II.


1. Просветно единство, VIII, 1941, бр. 312, стр. 12-16.
2. Архив Долнени... Окр. на МНП, № 1492 од 20.IX.1941.
3. Архив - Долнени... Окр. на МНП, № 1533 од 29.IX.1941.
4. Архив - Долнени... Окр. на МНП № 1543 од 29.IX.1941.
5. Околиски историски архив - Битола: Фонд "Гимназија" /1921-1949/, кн. 36, Окр. на МНП бр. 13.558 од 3.IX.1941.
6. Исто. Окр. на МНП, бр. 13,591 од 6.IX.1941.
7. Учител, VI, 1941, кн. 1, стр. 15-16.
8. Околиски историски архив - Битола, Окр. на МНП № 1682 од 14.X.1941.
9. Околиски историски архив - Битола.. Окр. на МНП № 1199 од 16.X.1941.
10. Околиски историски архив - Битола... Окр. на МНП № 1213 од 21. 21.X.1941.
11. Целокупна България, II, 1942, бр. 217, стр. 1.
12. Учител, VII, 1942, стр. 2-4.
13. Общи напътствия за служащите под ведомството на Министерството за народно просвещение, София 1942.
14. Училищен преглед, 42, 1942, бр. 5, стр. 318.
15. Училищен преглед, 42, 1942, бр. 5, стр. 372.
16. Околиски историски архив - Битола... Окр. № 15109 од 25.IX.1942.
17. Училищен преглед, 56, 1947, кн. 1 и 2, стр. 9.
18. А. Каралийчев, Зидари на нова България, Учител, IV, кн. 1.
19. Т. Самодумов, Реакционни възгледи в педагогиката, Училищен преглед, 46, 1947, кн. 1 и 2.
20. "Войната и училището", Учител, IV, кн. 1.
21. Д. Аджарски, Политика и образование, Учител, IV, кн. 2.

22. Атанас Илиев, Национално съзнание, Библеотека "Български учител" кн. I, стр. 9.

23. Коста Црамолин: Духът на нашето време, Учител, III, кн.18.

